Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје
Филозофски факултет
Институт за психологија

# ХОФСТЕДОВИОТ МОДЕЛ НА ДИМЕНЗИИ НА КУЛТУРАТА: МОЖНОСТИ ЗА МЕРЕЊЕ ВО ГРУПЕН И ИНДИВИДУАЛЕН КОНТЕКСТ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Кандидатка:
**м-р Николина Кениг**

Менторка:
**д-р Виолета Петроска-Бешка**

Скопје, 2006

# Содржина

*Вовед* 7
**Предмет на истражувањето** 8
**Теориска рамка на истражувањето**
Крос-културни истражувања: епистемолошки прашања 10
Карактеристики на методот на крос-културната психологија 12
Ниво на анализа: може ли психологијата без поединецот? 13
Примерок: кој ја претставува културата? 16
Извори на културна пристрасност: анализа на еквивалентност на значењата 17
Нивоа на заклучување 19
Видови истражувачки нацрти во крос-културната психологија 20
**Дефинирање на поимите**
Што е култура? 22
Културата од гледна точка на антропологијата 24
Културата од гледна точка на социологијата 26
Културата од гледна точка на психологијата 26
Кому му припаѓа културата? 29
Култура наспроти идентитет 34
**Таксономии на културите**
Теориски засновани класификации на културните димензии 37
Емпириски истражувања на културните димензии 40
**Моделот на Hofstede: пет димензии на културите**
Истражувачкиот метод на Hofstede: еколошка анализа 43
Димензија *разлики во моќ* 48
Дефиниција 49
Потекло на димензијата 50
Релевантни емпириски истражувања 51
Димензија *избегнување неизвесност* 55
Дефиниција 56
Потекло на димензијата 57
Релевантни емпириски истражувања 58
Димензија *индивидуализам-колективизам* 63
Дефиниција 64
Потекло на димензијата 65
Релевантни емпириски истражувања 66
Димензија *маскулиност-фемининост* 75
Дефиниција 76
Потекло на димензијата 78
Релевантни емпириски истражувања 78
Димензија *краткорочна ориентација-долгорочна ориентација* 87
Дефиниција 88
Потекло на димензијата 88
Релевантни емпириски истражувања 89
Стабилност на димензиите и промена на културите 90
Употреба на сознанијата за димензиите 93
Културни димензии наспроти од нив произлезени персонални карактеристики 94

Мерење на персоналните карактеристики произлезени од културните димензии - досегашни искуства 98

*Студија 1* *104*

**Цели** **105**

**Метод на истражувањето**

**Инструменти за одредување на димензиите на културата** **106**

VSM-94 – верзија за вработени 107

VSM-94/VSM-82 – верзија за студенти 107

**Субјекти**

Субјекти-вработени 108

Субјекти-студенти 108

**Тек на испитувањето** **112**

**Резултати** **114**

**Дискусија** **120**

VSM-94 наспроти VSM-82 мерки 131

Предизвици и проблеми на моделот на мерење на Hofstede 133

Ограничувања и недостатоци на студија 1 **146**

**Заклучоци** **147**

*Студија 2* *149*

**Цели** **150**

**Метод**

**Составување на ајтемите врз основа на терискиот модел** **150**

**Развивање ајтеми од индикаторите** **152**

**Субјекти** **160**

**Тек на испитувањето** **162**

**Резултати**

Ајтем - анализа 163

Дискриминативност на тестовите 176

Релијабилност на тестовите 179

Валидност на тестовите

Интерна структура на тестовите 181

Проверка на моделот- факторска анализа на ајтемите 188

Разлики помеѓу специфични групи 207

Врски на тестовите со постоечки инструменти 212

Испитаници 218

Тек на испитаувањето 218

Резултати од факторската анализа 218

Интерпретација на факторите во функција на докажување конструкт-валидност на тестовите 226

**Дискусија** **228**

Ограничувања и недостатоци 233

Можности за употреба на инструментите за персонална ориентација во однос на културните димензи 233

**Додатоци** **236**

*Додатοк 1:* Индекс скорови и рангови за димензиите на култура на земјите и регионите 237

*Додатοк 1:* Графици на кластери на културите според димензиите на култура 240

*Додатοк 3:* Прашалник за вредности на работното место - *The Values Survey Module (VSM 94)* – верзија на македонски јазик 243

*Додатοк 4:* Прашалник за вредности на работносто место -*TheValues Survey Module (VSM 94)* – верзија на албански јазик 247

*Додатοк 5* Прашања од IBM прашалникот за испитување на ставови на вработените - *Разлики во моќ* 251

*Додатοк 6:* Прашања од IBM прашалникот за испитување на ставови на вработените - *Избегнување неизвесност* 252

*Додатοк 7:* Прашања од IBM прашалникот за испитување на ставови на вработените- *Индивидуализам/колективизам и Маскулиност/фемининост* 253

*Додатοк 8:* Формули за пресметување на индексите на димензиите 254

*Додатοк 9:* VSM - верзија за студенти на хрватски јазик 255

*Додатοк 10:* VSM - верзија за студенти на македонски јазик 258

*Додатοк 11:* VSM - верзија за студенти на албански јазик 261

*Додатοк 12:* Табели на фреквенција на позитивни и негативни одговори во горната и долната група испитаници: проверка на дискриминативноста на ајтемите на тестот *Ориентација кон разлики во моќ* 264

*Додатοк 13:* Табели на фреквенција на позитивни и негативни одговори во горната и долната група испитаници: проверка на дискриминативноста на ајтемите на тестот *Ориентација кон извесност* 270

*Додатοк 14:* Табели на фреквенција на позитивни и негативни одговори во горната и долната група испитаници: проверка на дискриминативноста на ајтемите на тестот *Ориентација кон колективизам* 276

*Додатοк 15:* Карактеристични криви на ајтемите (ККА) од тестот *Ориентација конразлики во моќ* 282

*Додатοк 16:* Карактеристични криви на ајтемите (ККА) од тестот *Ориентација кон извесност* 292

*Додатοк 17:* Карактеристични криви на ајтемите (ККА) од тестот *Ориентација кон колективизам* 303

*Додатοк 18:* Мерни инструменти користени при конструкт-валидационата постапка 315

*Додатοк 19*: Дел од *INDCOL* скалата 330

*Додатοк 20:* Дистрибуција на добиени и очекувани фреквенции на тестовите 331

**Литература** **334**



***Психолозите се заинтересирани за податоците во врска со културите само тогаш кога наидуваат на проблем со толкувањето на нивните наоди.***

*Triandis, 2001*

Истражувањето е финансиски потпомогнато од *Центарот за човекови права и разрешување конфликти* при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, бидејќи добиените резултати ќе се користат за потреби на *Центарот*.

# Вовед

Во кој и да е контакт помеѓу различни култури,
секогаш постои искушение припадникот на другата култура да се доживее
како некој со лош карактер или зли намери, наместо да се разбере
дека се работи за однесување водено од различни правила.
*G. Hofstede*

Иако со сигурност може да се каже дека глобализацијата претставува дневна тема на новиот милениум, уште посигурно може да се воочи масовната тенденција која инсистира на културна фрагментација, изразена низ движења кои варираат од барања за културна или локална автономија до меѓуетнички војни. Продукцијата на теории и визии за иднината на светот се движи по две генерални линии - додека едната го следи дискурсот на крајот на историјата, другата предвидува враќање кон националните и субнационалните ривалства и судири. Меѓу мноштвото верзии на иднината на меѓугрупните односи, којашто во себе обединува елементи од двете стојалишта, ставајќи ја токму културата во центарот на идните меѓународни војни, е Huntington-овото предвидување за меѓународната сцена како арена на антагонизми и насилство меѓу цивилизациите. Според неа, културите генерираат разлики коишто нема наскоро да исчезнат, а кои се "*далеку пофундаментални од разликите помеѓу политичките идеологии и политичките режими*"(Huntington, 1993, стр. 25).

Прогресивниот раст на интересирањето за феноменот *култура*, којшто според бројни теоретичари придонесе за "реформулирање на нашето разбирање на животот во современиот свет" (Chaney, 1994, стр.1), обезбеди релевантно место на проучувањата на културниот фактор надвор од рамките на антропологијата. Во социологијата, политичките науки, родовите студии и останатите хуманистички дисциплини жестоко се наметна императивот на преиспитување на дотогашното толкување на културниот феномен.

Гледиштето за тоа дека социјалното однесување во голема мерка е одредено од доминантните вредности на конкретната култура, како и

опасноста од етноцентрични интерпретации на психолошките податоци[1], не се новина за академската психологија. Областа на испитување на културно-споделените и културно-специфичните особини е сé поатрактивен домен на работа на истражувачите[2], а се навестува и можноста за постепена ревизија на бројни психолошки теории низ културно посензитивна призма. Дисциплината во рамките на која се проучуваат варијациите на однесувањето на луѓето под дејство на различните културни контексти - крос-културната психологија- неретко се третира како мост помеѓу психологијата, којашто традиционално е ориентирана кон истражување на индивидуално ниво, и научните дисциплини ориентирани кон истражување на ниво на колективитети (социологија, антроплогија, биологија, лингвистика).

## *Предмеш на исшражувањешо*

Во оваа студија е втемелен еден личен став на авторот, којшто во контраст на растечките тензии на меѓуетнички спротивставености може да прозвучи прилично анахроно. Тој став би можел да се сведе на уверувањето дека ако изолираноста, фрагментираноста, или индиферентноста во односите

[1] Студијата на Amir & Sharon (1987) на репликација на резултатите од 6 класични социјално-психолошки истражувања во култура различна од онаа на испитаниците во оригиналната судија (Израел наспроти САД), покажала дека од вкупно 64 резултати, само 25% од наодите се репликабилни, 53% воопшто не се повторуваат, а останатите се повторуваат делумно, и тоа само како главни ефекти (според Wagner & Yamori, 1999). Со оглед на тоа дека овие две групи испитаници сепак се културно блиски, интересно е да се замисли што би се случило во понатамошни обиди за репликација. Мета-анализата на истражувањата од областа на социјалната психологија покажува дека некои законитости коишто се многу пати емпириски потврдени, не може да се генерализираат во средини кои се битно различни од западната култура, од каде и потекнуваат истражувањата (Smith, 2002a).

[2] На веб-страницата на Американската психолошка асоцијација - PsychINFO (http://www.apa.org/psychinfo/) може да се види со каква брзина расте корпусот истражувања подведени под областа *крос-кулшурна йсихологија*: од 1094 записи во периодот од 1971-1975, во осумдесетите бројот се зголемува на 2093 (или во просек 35 на еден месец), за да во периодот од 1996-2000 дојде до 6380 или 107 месечно. Денес, постојат автори (Easton, 1991; Featherman, 1993; според Singelis, 2000, Gudykunst & Bond, 1997) кои тврдат дека токму рапидниот развој на крос-културните истражувања ќе придонесе за децентрализација (пред сé) на социјалната психологија од доминантните западни концепти и ќе ја отвори кон интеграција на нови, како на пример меѓуповрзаност, автономно-релационен селф и други, на западната традиција несвојствени конструкти и начини на размислување.

помеѓу заедниците кои се идентификуваат како културно посебни го поплочуваат најкусиот пат до предрасудите и заемното непријателство, тогаш контактот, знаењето и инволвираноста веројатно се првиот чекор во надминување на така создадените непомирливости.

Првиот дел на овој труд претставува емпириско утврдување на можните разлики во изразеноста на културните димензии на македонската и албанската етничка заедница во Република Македонија, дефинирани преку нивните вредносни системи. Но, истражувањето е фокусирано кон проверка на предностите и проблемите на мерните инструменти и начините на мерење предложени од Hofstede. Одлуката интересирањето да се задржи токму на овие две етнички групи, се должи од една страна на практичните потешкотии да се обезбедат адекватни примероци од испитаници кои припаѓаат на други етнички групи, а од друга, на историјата на тензиии помеѓу двете заедници која во 2001 година кулминира како оружен судир, за да продолжи во разни облици и по склучувањето на мировниот договор. Увидот во разликите и/или сличностите во културните обрасци може да се третира како појдовна основа за креирање соодветни пристапи во артикулирање и организирање на што е можно постабилно и повитално општеството. Освен тоа, заради компарабилноста која ја овозможува користењето на методологијата со помош на која веќе се испитани преку 60 земји, добиените резултати ќе обезбедат и увид во изразеноста на димензиите на култуата на овие две заедници во најширок меѓународен контекст.

Врз основа на теориски изведените модели за тоа кои се консеквенците од различниот степен на изразеност на одделните димензии на културата врз однесувањето на поединецот, во втората студија е прикажан процесот на конструирање инструменти со чија помош можат да се утврдат индивидуалните разлики во однос на изразеноста на персоналните ориентации долж три од културните димензии.

# *Теориска рамка на истражувањето*

## *Крос-културни истражувања: епистемолошки прашања*

Базичниот пристап на крос-културните (cross-cultural) истражувања во психологијата се состои во *споредување* на најмалку две различни *култури*. Низ историјата на студирање на културите се провлекуваат два експлицитно спротивставени става во врска со генералната истражувачка стратегија. Едниот, којшто всушност ја поставува платформата на културниот релативизам, е дека културите се единствени и неповторливи, па со тоа и нивното споредување е логички апсурдно. Другото гледиште, поткрепувано со позицијата на културниот универзализам, за суштински предизвик го смета токму изнаоѓањето на компарабилни параметри кои се релевантни за сите култури, но се разликуваат од еден во друг случај.

Овој епистемолошки спор, чија разрешница во психологијата може да се препознае низ Windelband-овата дихотомизација на идиографски и номотетски пристап во истражувањето (Lamiell, 1997), во крос-културната психологија резултира со воведување на аналогна дистинкција, именувана со терминологија позајмена од лингвистиката[3]: емички (*emic*) наспроти етички (*etic*) пристап. Додека емичко е сé она што е специфично за дадена култура, етичкото се однесува на универзалните обрасци. Етичкиот пристап се стреми да развие дескриптивни системи што ќе овозможат компарации помеѓу културите (Leung & Bond, 1989). Овие споредби понатаму се ставаат во функција на објаснување на разликите на однесувањата помеѓу индивидуи од различни култури, односно служат за утврдување на степенот до кој резултатите од психолошките истражувања можат да се генерализираат од една до друга културна средина (Helfrich, 1999). Наспроти тоа, приврзаниците на емичкиот пристап тврдат дека културата не може да се третира како

[3] Во лингвистиката, се разликуваат фон*емичка* и фон*етичка* класификација на гласовите - фонетиката е научна дисциплина која се однесува на гласовите воопшто, додека фонеми се гласови што се користат само во конкретен јазик и во соодветни комбинации се носители на значење. Суфиксите од овие два називи се усвоени како независни термини кои се однесуваат на дистинкцијата **општо** наспроти **специфично** за дадената култура (Hofstede, 2001; Weinreich, 1988).

екстерна (стимулусна) варијабла, туку како организмена, односно како интегрален дел на индивидуата која е свесна и самодетрминирана. Во таа смисла, тие тврдат дека културните фактори мораат да се испитуваат низ призмата на тоа што значат за поединецот, а не како објективни двигатели на човековото однесување.

Не е тешко да се заклучи дека доведен до крајна инстанца, и едниот и другиот пристап, иако по различни патишта, водат кон сознаен ќорсокак. Етичкиот пристап лесно може да доведе до т.н. наметнат етноцентризам: студиите во коишто се компарираат неколку култури се прават од позиција надвор од системот на проучуваните ентитети а структурата ја дава самиот истражувач. Изборот на појавите коишто ќе се споредуваат и интерпретацијата на наодите се елементите врз основа на коишто се поставува прашањето на неутралноста. Затоа, често се наведува тврдењето дека барем во првата фаза, сите етички истражувања се "псеудо-етички" бидејќи нужно минуваат низ филтерот на културни норми на самиот истражувач. Емичкото гледиште пак, кое проучува само една култура низ призмата на системот на самата култура, неизбежно е оптоварено со субјективност и критериуми коишто се однесуваат исклучиво на дадената структура. Бидејќи компарациите се неизводливи, емичкиот пристап може лесно да колабира во солипсизам и неможност да се направат било какви генерализации за човековото однесување и доживување.

Спротиставеностите на овие пристапи се помирени во моделот на Berry (1969), кој предлага обединување на општите и специфичните прашања во крос-културните истражувања. Тој смета дека во раните фази, неопходно е појдовно третирање на концептите кои се истражуваат како етички (општи) барем онаму каде постои претпоставена функционална еднаквост во однесувањата манифестирани во испитуваните култури, за да подоцна се премине во толкување на концептите од перспектива на културата и инсистирање на нивното емичко значење. Во третата фаза, може да се премине на градење на нови, валидни општи категории од оние концепти

помеѓу кои ќе се утврди сличност[4]. Така, културните компарации претпоставуваат постоење на појдовна универзална платформа, што не значи дека не можат да се фокусираат и на специфичностите.

## *Карактеристики на методот на крос-културната психологија*

Потрагата по систематски врски помеѓу социолошките и антрополошките податоци од една страна и психолошките механизми од друга, ја наметнува потребата од изнаоѓање на соодветен методолошки пристап којшто ќе кореспондира на двете различни нивоа на анализа. Кусата историја на развој на крос-културната психологија, може да се опише низ две водечки тенденции: огромен ентузијазам за добивање што е можно повеќе податоци коишто се однесуваат на влијанието на културниот контекст врз бројни психолошки феномени, но и растечки интензитет на дебатата околу нејзините методолошки можности и ограничувања. Посебноста на методолошките рутини на крос-културната психологија се огледува и во фактот дека честопати, наспроти вообичаената практика на дефинирање на научните дисциплини според предметот на изучување (содржината), многу автори ја дефинираат крос-културната психологија токму преку нејзиниот метод на истражување (Berry, 1974).

Иако клучната карактеристика на методолошкиот пристап на крос-културната психологија може да се лоцира во одредувањето на *единицата на анализа*, методологијата на крос-културните истражувања се судира со низа други, само за неа специфични проблеми како што се: обезбедување функционална еквивалентност на варијаблите, адекватен (еквивалентен) превод на инструментите, заштита од етноцентричност во опсервацијата и во

[4] Една многу успешна стратегија во која се обединети етичкиот и емичкиот пристап во крос-културните истражувања е развиен од страна на Weinreich (1986, 1988), кој е автор на ISA (identity structure analysis) метатеоретската рамка за утврдување на аспекти на идентитетот на групи и поединци. Најпрво се идентификувани универзалните (етички) процеси на идентификација (како емпатиска, идеалистична идентификација, контраидентификација и сл.) и обезбеден е начин на кој се квантификуваат. Но, конструктите преку кои се мерат универзалните процеси, ги креираат експерти од конкретното културно милје, со цел да ги земаат во предвид карактеристиките на специфичната култура (емичка компонента).

толкувањето на наодите, како и изнаоѓање на нови статистички решенија кои оперираат на ниво на мали примероци.

**Ниво на анализа: може ли психологијата без поединецот?**

Психолошките дисциплини без исклучок се фокусирани на откривање на варијации во рамки на популации кои се збир од *индивидуи;* истражувачите, и тогаш кога споредуваат просечни вредности на групи коишто потекнуваат од две различни популации, како и кога се заинтересирани за варијациите на мерките кои се однесуваат на респонденти од иста популација, располагаат со податоци што се однесуваат на поединци.

Во крос-културната психологија, клучен предмет на интересирање (единица на анализа) е **културата.** Културата, по дефиниција не може да припаѓа на еден поединец, односно да се сведе на засебна индивидуа (Smith, 2002a), бидејќи е производ на типичните однесувања, вредности и норми на *збир* од индививидуи. Иако културата во рамките на која се социјализирани поединци не е имуна на влијанија од нив самите (бидејќи и тие се менуваат под дејство на промена на индивидуите кои ја сочинуваат), јасно е дека влијанието долж правецот од културата кон поединецот е многу помоќно отколку долж правецот индивидуа-култура. Значи, постојат два аргументи (Berry et al., 2002) кои говорат во прилог на оправданоста на претпоставката дека културата оперира и на ниво кое е надиндивидуално. Прво, во временска смисла, културите се поотпорни на промени отколку индивидуите: наспроти промените во "членството" индивидуи од генерација во генерација, културите и нивните институции остануваат релативно стабилни. Со други зборови, културите не зависат директно од одредени индивидуи, туку имаат своја егзистенција на колективно ниво. Вториот, уште поочигледен аргумент е дека ниту еден поединец не ги поседува сите карактеристики кои ја одбележуваат културата, односно не може да ја репрезентира целата култура без остаток.

Сепак, во крос-културните истражувања, процесот на прибирање податоци се сведува на директно испитување индивидуи за кои се смета дака припаѓаат на различни култури, за да потоа нивните групни просеци бидат третирани

како наоди кои се однесуваат на културата[5]. Едно логично прашање кое се наметнува од изнесеното е која е разликата помеѓу овие две нивоа на анализа (индивидуално наспроти супраиндивидуално), кога наодите за културата и онака се добиваат од поединци. Одговорот на ова прашање е дека податоците добиваат поинаков третман во понатамошната анализа, односно во процесот на заклучување за врските помеѓу варијаблите врз основа на добиените резултати. Кога се испитува односот помеѓу две варијабли, не може однапред да се претпостави дали постои коинциденција во односот помеѓу нив и на двете нивоа на анализа. На пример, Diener & Diener (1995) и Diener & Oishi (2000), Oishi (2000), наоѓаат дека кога анализата се прави на ниво на култури, постои изразено висока корелација помеѓу психолошката добросостојба (задоволство од животот и самодоверба) и животниот стандард. Со други зборови, најбогатите нации се оние каде постои најизразен степен на лична среќа. Но, кога се споредуваат поединци во рамки на една култура (односно кога ќе се премине на индивидуално ниво на истражување) животниот стандард станува добар предиктор за задоволството од животот во одредени средини, а во други не. Истражувањата направени во САД, не откриваат врска помеѓу овие две варијабли, т.е не постои тенденција побогатите луѓе да манифестираат поголемо задоволство од животот. Од друга страна пак, корелацијата меѓу истите варијабли е значајна во посиромашните земји. Слично, на еколошко (супраиндивидуално) ниво, постои позитивна поврзаност помеѓу степенот на индивидуализам со кој се карактеризира културата и задоволството од работата (Hofstede, 2001). На индивидуално ниво, истата врска не важи секаде - Hui, Triandis и Yee (1995) откриваaат дека во Хонг Конг, лицата со изразено интернализирана колективистичка ориентација се позадоволни од работата отколку оние кои се повеќе индивидуалистички ориентирани.

[5] За илустрација, во студијата на Hofstede od 1980 година, (Hofstede, 2001), податоците се собирани од над 117000 индивидуи кои живеат во 55 земји и региони. Анализата на податоците е направена преку агрегација на резултатите на испитаниците во просечни вредности коишто се репрезенти на конкретните земји, такашто бројот на случаи за споредба всушност е 55. Со тоа, наодите повеќе не се однесуваат на групите индивидуи, туку на карактеристиките на културите деривирани од нивните одговори.

Ова не значи дека одредени ефекти не може да се идентични на двете нивоа на анализа. Allik & McCrae (2004) наоѓаат дека *Big five* моделот на персонални црти, којшто е типична мерка за индивидуално ниво, се реплицира и на национално ниво, односно дека врските помеѓу варијаблите воспоставени на индивидуално ниво може да се третираат како важечки и на еколошко ниво.

Неопходноста од проверка на односот помеѓу варијаблите и на еколошко и на индивидуално ниво произлегува од фактот дека не постои *логичка* причина заради којашто може да се предвиди однапред за тоа во кои случаи ќе постои поклопување, а во кои не. Феноменот на несовпаѓање се јавува тогаш кога на двете нивоа, иста зависна варијабла се менува под влијание на различни фактори. Во споменатото истражување за задоволството од работата, врската помеѓу оваа варијабла и колективизмот/индивидуализмот на општествената заедница, во најголем дел ја одредува факторот национално богатство. Бидејќи индивидуалистичките средини се истовремено и најбогатите, јасно е дека токму таму ќе се манифестира најголемо задоволство од работата поради висината на платата, можноста за вработување и поголемата сигурност во врска со вработувањето. Но, кога од еколошко ниво фокусот ќе се премести на индивидуално, односно споредбите се прават само помеѓу различни индивидуи, задоволството од работата многу помалку може да варира како резултат на споменатите фактори од едноставна причина што нивниот варијабилитет во една иста средина е стеснет. На тоа ниво, како релевантни детерминанти се јавуваат други фактори. Во споменатиот случај со Хонг Конг, таков релевантен фактор претставува персоналната колективистичка ориентација, бидејќи работниот контекст во оваа земја е така дефиниран што хармоничните меѓучовечки односи, исклучително важни за колективистички ориентираните поединци, претставуваат императив за успех во работењето.

За жал, честопати наодите од двете нивоа изгледаат атрактивни за автоматско генарализирање од едно во друго. Ова, во најмала мера предизвикува серија на контрадикторности во повторуваните студии. Hofstede (2001), заклучувањето од повисокото (културно) кон понското (индивидуално) ниво го нарекува *еколошка грешка* (ecological fallacy), додека пак обратниот процес - изведување на заклучоци за поврзаноста на варијаблите на културно

ниво врз основа на тоа како тие се поврзани на индивидуално - *обратна еколошка грешка* (reverse ecological fallacy).

**Примерок: кој ја претставува културата?**

Најопшт проблем во врска со одредувањето на примерокот во крос-културните истражувања се однесува на тоа како да се одредат границите на тоа што е посебна култура. Најголемиот број истражувачи (на пр. Hofstede, Shwartz) ова прашање го решаваат со изедначување на границите на културата со националните граници, а овие пак со државните, занемарувајќи ја реалноста на современиот културен плурализам. Тоа не значи дека нивната стратегија е универзално прифатена. Наспроти ова решение, неколку автори жестоко се спротиставуваат на поедноставувањето (Realo & Allik, 2002; Triandis, 1995) и тврдат дека во мултикултурните општества може да се очекува припадници на посебни етно-културни групи да имаат различни карактеристики. Водени од овој став, Kagitçibasi (1994), Markus & Kitayama (1991), Kemmelmeier & Coon, (2001), во независни истражувања покажуваат по емпириски пат дека во одредени општествени околности, постојат колективитети кои се прилично резистентни на акултурација и се разликуваат долж испитуваните културни димензии од мнозинското население. Сосема спротивна загрижа, предизвикана од истата крајно редукционистичка равенка "нација=култра", се препознава во критиките на Voronov & Singer (2002, стр.476) кои тврдат дека "*во денешната, без историски преседан богата размена на информации помеќу земјите и континентите, не може повеќе да се претостави кореподенција помеѓу географските и културните граници, без претходна анализа на влијанието на глобализацијата врз локалните култури и обратно*".

Згора на тоа, одередувањето примерок за нацртите во кои се прави компарација помеѓу различни култури, треба да го реши и проблемот на максимално изедначување на групите за споредба, пришто се води сметка за тоа на кои субкултури тие припаѓаат. Најкрутите скептици дури тврдат дека е невозможно да се направат изедначени примероци во различни општествени заедници бидејќи едначењето по една релевантна варијабла речиси секогаш ќе повлече нееднаквост во однос на друга. Draguns (1982; според Berry et al., 2002) оваа појава ја илустрира со следниот пример. Ако истражувачот сака да

споредува група луѓе во Африка и САД, а при тоа тие да бидат изедначени во однос на степенот на образование, ќе треба да се соочи со тоа дека кој и да е поединец со завршено високо образование во Африка има далеку повисок социо-економски статус (во конкретната референтна социо-културна рамка), веројатно е многу помалку традиционалист и најверојатно има подобра слика за себе си отколку испитаник со ист степен на образование во САД.

Најнакрај, иако процедурата за случаен избор на поединци во рамки на културата важи и за крос-културната психологија, изгледа дека во и онака сложените околности на истражување (спроведување во повеќе земји, превод, координација помеѓу истражувачите), таа прилично се занемарува. Тоа не би му штетело на истражувањето доколку варијансата во групите е незначителна во споредба со варијансата меѓу групите, но, иако на прв поглед изгледа дека групите со различни културни обележја се многу различни, кога се во прашање психолошките варијабли, тоа не е секогаш случај (Poortinga & Van Hemert, 2001).

**Извори на културна пристрасност: анализа на еквивалентност на значењата**

Она што во една култура се третира како непотизам, за друга може има значење на одговорност кон групата, а пак во трета - криминално однесување. Компарабилноста на скоровите добиени од културно различни популации директно зависи од тоа дали е обезбедена еквиваленција на значењата, и тоа како во поглед на вербализацијата на ставките во мерните инструменти, така и во поглед на конструктите коишто се мерат.

Истражувачите соопштуваат два вида стратегии што ги преземаат во врска со ова прашање. Почесто користениот метод се состои во проценување на еквивалентноста во преводот од страна на тим составен од експерти за двете култури и анализа на степенот на нивното согласување. За жал, честопати се случува (Tittle, 1982; според Berry, 2002), експертската согласност да биде производ на нивните заеднички образовни или професионални искуства, бидејќи анализите покажуват дека е многу тешко емпириски да се потврдат предвидувањата на правецот во кој ќе се движат скоровите на одредени групи од популацијата во услови на некоја конкретна вербализација на ајтемите.

Кај вториот метод, првиот чекор којшто рутински се презема во врска со еднаквоста на значењата на стимулусите (ајтемите) во мерните инструменти, е правење на вратен[6] превод од страна на двајца независни преведувачи и тоа по можност, билингвални. Понекогаш, преведувањето бара многу висок степен на децентрирање, бидејќи постојат фрази или цели ситуации кои се бесмислени или имаат потполно поинаква смисла во различни култури[7]. Идеалот за адекватен превод подразбира разликите меѓу двете верзии да бидат сосем занемарливи. Бидејќи не постои одреден критериум за тоа колку големи разлики воопшто може да се толерираат, се препорачува задавање на двете различни верзии на инструментот на јазикот од којшто се врши преводот на една иста група испитаници, за да се утврди дали разликите генерираат систематско поместување на скоровите (Brislin, 1986; според Berry et al, 2002).

Финалната проверка на еквивалентноста подразбира задавање на двете верзии (преведена и оригинална) на група билингвални испитаници и утврдување на можните разлики во одговарањето Ho, Bond (1983) забележува дека треба да се биде многу претпазлив кога вака се докажува еквивалентноста бидејќи постојат анализи кои укажуваат на несвесната тенденција на билингвалните субјекти да ги адаптираат своите одговори на стереотипот за групата на чиј јазик е зададен инструментот. Оваа процедура, колку и да е сложена и непрактична (од аспект на тоа дека понекогаш е многу тешко да се обезбедат билингвални лица), сепак не го заштитува преводот од друг вид на грешка. Често се случува, инструментот којшто е развиен во една културна средина, да вгради во себе облици на однесување што се индикатор

[6] Кај вратениот превод, најпрво еден преведувач преведува од оригиналниот јазик на вториот, а потоа тој превод се дава на друг преведувач, за да го "врати" на оригиналниот јазик.

[7] Во лонгитудиналната студија за ставовите на младите кон здравјето (Ќостарова-Унковска, Кениг и Наумовска, 2002) едно прашање во интернационалниот прашалник се однесува на тоа дали семејството поседува возило. Наизглед јасното прашање, бараше дополнителна анализа поради необичниот наод добиен во нашата земја, дека во селските средини, децата соопштуваат просечно многу поголем број возила отколку во градските. Анализата покажа дека прашањето е двоструко културно пристрасно: додека во градските средини под *семејство* се подразбира нуклеарното семејство, во руралните често под овој поим се вклучуваат и роднините до трето колено со кои се живее под ист покрив. Освен тоа, за руралните средини, *возило* значи и трактор, или комбе (средства за работа), а не само автомобил кој се користи како превозно средство.

на конкретна варијабла во една средина, а во друга не се. Ваквата ситуација тешко може да се разреши само со промена на вербалниот израз и најчесто бара исфрлање на проблематичните ајтеми од оригиналната верзија на прашалникот.

Претпазливите методолози укажуваат на тоа дека доколку ваквата појава се регистрира за повеќе од еден до два ајтеми, многу е умесно да се постави прашањето дали воопшто инструментот се однесува на идентична и споредлива појава во двете култури, односно дали рефлектира истоветен концепт (конструкт) во дадените култури. Van de Vijver & Poortinga (2002) предлагаат неколку статистички постапки (од кои наједноставна е факторската анализа) за проверка на структурната еквивалентност на обрасците во одговарање. Критичарите на квантитаивните пристапи во културната психологија со право укажуваат на тоа дека сличната кoралациска матрица може да укаже на квалитативната сличност на концептот, но нема моќ да докаже дали обрасците во одговарање се квантитативно истоветни. На пример, ако на едната група скорови и се додаде константна вредност, а другата остане непроменета, корелациите ќе останат исти (квалитативна структурна еквивалентност), но тоа не гарантира истовремено метриска еквивалентност, односно истоветност на нултата точка и разликите од еден до друг интервал на скалата. Последните два услови пак, се претпоставка за компарација на групите којашто воопшто има некаква смисла. За жал, само неколку студии од понов датум обезбедуваат анализа на метриската еднаквост.

Во врска со метриската еквивалентност на инструментот се и прашањата за различната социјална пожелност на ајтемите во две различни култури, како и различната фамилијарност на испитаниците со одредени видови ајтеми, што најчесто се решава со проверка на коресподенцијата на одговорите на два испитаника од различна популација но со ист вкупен скор. Ајтемите за кои ќе се утврдат разлики, подлегнуваат на прилагодување или исфрлување.

**Нивоа на заклучување**

Проблемите со обезбедување на еквивалентност и репрезентативни примероци, го иницираат прашањето за валидноста на заклучоците од областа на крос-културните компарации. Може да се каже дека генерализациите во

оваа област се позиционирани на континуум кој почнува од точка на отворена можност за емпириска контрола, а завршува со точка каде контролата речиси не може да се изведе. Наодите од истражувањата во кои може да се најдат аргументи за совпаѓање на концептот што се изучува во двете споредувани култури (на пример, идентични ситуации предизвикуваат идентична состојба), а инструментите дозволуваат обезбедување адекватна содржинска валидност, се третираат како интерпретации од ниско ниво (low-level inferences) за кои докажувањето на валидност е најмалку спорно. За жал, инструментите кои се репрезентативен примерок на дефиниран универзум на можни ајтеми се ограничени на тестови на знаења и евентуално, скали на ставови.

Средното ниво на изведување заклучоци (medium-level infereneces) бара многу поголемо внимание во врска со внесувањето на културна пристрасност, пред сé поради тешкотијата да се донесе одлука за тоа дали сферите на однесување произлезени од концептот се идентични за двете култури. Опасноста ајтемите кои ја опфаќаат суштината на еден конструкт во конкретна култура, во друга да бидат помалку релевантни, може да се претпостави за секое конкретно истражување, но многу е тешко да се изнајдат објективни показатели дали е тоа така или не. Единствен начин да се заштити валидноста на заклучувањето на ова ниво, е да се биде многу претпазлив во изборот на културите за споредување; доколку постојат видливи разлики во опсервабилните репертоари на однесувањето, веројатно е дека постои несовпаѓање на обрасците на манифестација на конструктот (Berry et al, 2002).

На нивото на заклучување од висок ред (high- level), валидноста е прилично спорна, бидејќи наодите се однесуваат на концепти коишто се многу тешко психометриски мерливи. Најчесто, тоа се истражувања во кои агрегати од видливи разлики помеѓу културните групи се објаснуваат низ post hoc психолошки интерпретации. Интересно е дека водечките класификации на културите коишто обезбедуваат рамка на толкување на крос-културните истражувања се токму истражувања што може да се класифицираат на ова ниво.

Најнакрај, останува да се забележи дека генерално, проблемите на квантитативниот метод кои се карактеристични за другите психолошки дисциплини не се разликуваат во суштина од тие на крос-културната

психологија. Но, извесно е дека втората е оптоварена со дополнителни извори на пристрасност за коишто е потребно огромен напор да се надминат.

### *Видови истражувачки нацрти во крос-културната психологија*

Истражувачките стратегии во крос-културната психологија може да се класифицираат долж три критериуми (van de Vijver, 2002). Првиот критериум се однесува на тоа дали во истражувањето се вклучуваат додатни контекстуални фактори, без разлика дали тие се однесуваат на поединците од кои се земаат податоци за варијаблата (социо-економски статус, образование и тн.) или на регионот (географска ширина, бруто национален приход, закони исл.). Тогаш кога голем број култури само се компарираат според степенот на изразеност на варијаблите кои се проучувааат, вообичаено е да се занемарат контекстуалните фактори. Но, тие се неизбежни во студиите кои вклучуваат две или три намерно одбрани култури помеѓу кои врз основа на теориски претпоставки се очекува да постојат разлики во однос на испитуваните варијабли. Во тој случај, контекстуалните фактори се земаат во предвид како можно алтернативно објаснение на разликите, пред да се заклучи дека тие се инхерентни на културата.

Втората линија на разлика помеѓу истражувачките нацрти се однесува на тоа дали се експлоративни, односно ориентирани кон опишување на културните разлики (без при тоа да се објасни експлицитно дали разликите воопшто се очекуваат и во кој правец се движат), или пак се експланаторни. Експлораторните студии се типични за почетните стадиуми на истражување, и неретко, отвореноста којашто претставува нивна главна предност, се претвора во пристап познат како "ловење" податоци кои имаат некаква смисла. Експланаторните студии се врзани за специфични хипотези кои произлегуваат од одредени теориски системи и поседуваат далеку повисок степен на структура и статистичка ригорозност.

Третиот критериум за поделба е според тоа дали истражувачкото прашање се однесува на откривање на степенот на разлики во истражуваната варијабла или на разликите во структурата на варијаблата во дадените култури. Еден класичен пример за првиот тип истражувања, е интересирањето

за тоа дали постојат квантитативни разлики во спацијалните способности кај припадници на различни култури. Доколку прашањето се насочи кон квалитативните разлики, односно начините на кои се манифестира способноста, истражувањето би припаѓало на вториот тип. Можните типови на студии се прикажани во Табела 1.

Табела 1. Видови истражувачки нацрти во крос-културната психологија

| *Контекстуални фактори* | *Експлоративни* | *Експланаторни* |
|---|---|---|
| | **Ориентирани кон структура (квалитативни)** | |
| Не | Квалитативни, психолошки разлики | Квалитативни, генерализации |
| Да | Квалитативни, еколошка поврзаност | Квалитативни, контекстуална теорија |
| | **Ориентирани кон степен (квантитативни)** | |
| Не | Квантитативни, психолошки разлики | Квантитативни, генерализации |
| Да | Квантитативни, еколошка поврзаност | Квантитативни, контекстуална теорија |

според Van de Vijver, 2002

Студиите на споредување на димензиите на културата се типично експлоративни и ориентирани кон регистрирање на степенот на разлики во варијаблите помеѓу културите. Првиот дел од ова истражување, како екстензија на Hofstede-овата емпириска класификација на културите долж димензиите најдени со неговата студија, припаѓа на истиот тип.

## *Дефинирање на поимите*

### *Што е култура?*

Колоквијалната употреба на општопознатите термини кои се и клучни поими на оваа студија (*култура, етничка група, национален идентитет*) продуцира нивно широко конотативно значење и отпор во прифаќањето на потесните одредби. Нарекувајќи ја оваа појава (типична за поимите со кои оперираат општествените науки) "двојна херменевтика", Giddens (1976) забележува дека еднаш влезени од ненаучниот дискурс во научната сфера,

кога ќе се вратат повторно во ненаучниот, генерален дискурс, овие термини имаат изменето значење и од првата и од втората фаза. Како последица на тоа, општествените научни дисциплини секогаш треба да сметаат на ризикот на споделена компетенција со секојдневниот дискурс и да ги земат предвид и тие значења на концептите.

Неопходноста за експлицитно дефинирање на овие поими не се наметнува само поради фактот дека тие се во широка употреба надвор од академската психологија. Императивот за одредување на концептите произлегува и од тоа што тие се предмет на проучување на неколку научни дисциплини (антропологија, социологија, социјална психологија, етнологија, филозофија и политикологија) коишто имаат свои специфични агли на гледање.

Секојдневната употреба на терминот **култура** гравитира околу следниве значења: 1. вреднување на нечие однесување (не-културно, односно нерафинирано наспроти културно), 2. синоним за цивилизација (на пр. грчка култура) и 3. фолклорна продукција на заедниците (како музика, литература и слично).

Дефинициите на културата во рамки на научните дисциплини се разликуваат од аспект на тоа како ја сфаќаат генезата на културата и нејзината функција, како и од аспект на тоа кои елементи се подведуваат под тој поим[8]. Во поглед на првата дистинкција, може да се издвојат две генерални гледишта: *социобиолошкото*, кое културата ја третира како резултат на задоволувањето на програмираните биолошки потреби, а чувството на културен идентитет и припадност како исход на задоволувањето на неурофизиолошките импулси (Goldschmidt, 1990) и *психоаналитичкото*, според кое културата е во директна опозиција на биолошките импулси бидејќи нејзината основна функција е токму нивното канализирање. Од перспектива на функцијата, постојат неколку интерпретации: (1) класичната Durkheim-ова теза

[8] Berry и соработниците (2002) наведуваат дека во својата класична студија на дефинициите на културата, Kroeber и Kluckhohn (1952) идентификуваат 6 различни класи на дефиниции: 1) дескриптивнии, во кои се набројува кои се елементите на културата; 2) историски, кои ја третираат како наследство од претците; 3) нормативни, кои се задржуваат на објективно споделените правила на една заедница; 4) психолошки, кои ја одредуваат како ментален склоп на група луѓе; 5) структурни, кои се задржуваат на обрасците на организација на културите и 6) генерички, коишто го истакнуваат потеклото на културните обрасци.

дека културата обезбедува групен идентитет неопходен за воспоставување социјален ред, (2) марксистичкото уверување дека културата е агенс преку кој доминантни општествени групи воспоставуваат поредок на субординација врз останатите, (3) феноменолошки дискурс, според кој културата е филтер низ кој се обликуваат човековите доживувања и (4) постмодернистички сфаќања кои ја третираат културата како конструкт којшто не може да се подведе под апсолутни дефиниции а уште помалку објективно да се осознае (Kidd, 2002).

Во однос пак на вклучените елементи, дефинициите варираат од најшироки, кадешто културата е целосен синоним на цивилизација, до потесни, кои се фокусираат само на одредени сегменти (материјални продукти, обрасци на однесување или споделени вредности).

**Културата од гледна точка на антропологијата**

За да ја диференцираат антропологијата како нова академска дисциплина, основачите на антроплогијата ја одредуваат токму *кул̄ура̄а* како директен предмет на проучување на социјалната односно културната антропологија, бидејќи на неа гледаат како на сé што е суштински човечко, а различно и непостоечко кај останатиот жив свет. Следејќи ја традицијата на западноевропската парадигма на размислување долж линии на меѓусебно исклучиви поларизации, антрополозите пионери ги посматраат културните појави токму како *о̄озиција* на природните (Papić, 1997), креирајќи ја дихотомијата *кул̄урно* наспроти *̄риродно.* Првата експлицитна антрополошка дефиниција на културата (прозлезена од еволуционистичка рамка на размислување според која природните закони ги детерминираат и општествените промени), станува темел на дуалистичкото спротиставување помеѓу природата и културата. За Tylor, нејзиниот автор, "*кул̄ура̄а, или цивилизација̄а во најширока̄а е̄ногрaфска смисла, е ком̄лексна целина којаш̄о вклучува знаења, верувања, морал, закони, обичаи и било кои дрӯи с̄особнос̄и и навики с̄екна̄и од човеко̄ како дел од о̄ш̄ес̄тво̄о*"(Tylor, 1903, стр. 1; цит. според Berry *et al.*, 2002, стр. 226). Ваквиот пристап на третирање на културата како супраорганска, доминира во антропологијата на дваесетиот век, пред сé поради потребата за етаблирање на

предметот на изучување како домен којшто во реалноста оперира на ниво независно од биологијата и психологијата.

Критиката на ова стојалиште е фокусирана околу аргументите за парадоксалноста на третирање на културата како екстернализирана од човекот, кој истовремено е и биолошко суштество, за да на крај кулминира во иделошка расправа околу етноцентричноста на пристапот којшто имлицитно ги вреднува заедниците според степенот на "цивилизираност". Аналогно на промената на фокусот на интерес за културата како дистинктивен човечки феномен, во културната антропологија започнува доминацијата на дефинициите каде културата не е повеќе термин во еднина туку во *множина.* Културата почнува да се дефинира како нешто што ѝ припаѓа, односно ѝ дава печат на одредена заедница - оттука, исто како и групите, културите се секогаш повеќе од една (Sokefeld, 1998). Оваа теориска платформа ја отфрла парадигмата на одредување на еволуцискиот развој на културата наспроти т.н. примитивен стадиум, и го промовира културниот релативизам, според кој ниту една култура не може да биде споредувана и вреднувана според стандардите на друга. Плурализацијата на терминот доведува и до историска партикуларазација, бидејќи ги претставува културите како категории коишто имаат јасни граници, хетерогенизирајќи ги однадвор, а хомогенизирајќи ги одвнатре.

Современите концептуализации на поимот култура, нагласуваат дека таа во најголема мера е конструкт на процесот на сознание, бидејќи истата не само што се опишува и дискутира туку и се *создава* низ процесот на истражување. На културата не се гледа само како на контекст кој ги обликува поединците туку и како на објект кој трпи промени низ активноста на индивидуите (Barth, 1989). Најнакрај, опредметувањето на културата карактеристична за културниот релативизам, се избегнува со сé поретко користење на поимот. Така, најчесто наместо во именската форма, тој се користи како придавка (на пр. културен идентитет или културни норми) за да се нагласи дека станува збор пред сé за квалитет наспроти супстанцијалност.

**Културата од гледна точка на социологијата**

Во рамките на социолошкиот дискурс за културата, една добро елаборирана дефиниција се среќава во работата на Kroeber и Parsons кои сметаат дека културата е "*пренесувана и креирана содржина на обрасци од вредности, идеи и други системи на симболички значења како фактори кои го обликуваат човековото однесување, и артефакти продуцирани преку однесувањето*" (Kroeber & Parsons 1958, стр. 583). Слично на оваа дефиниција, Giddens (1993) препознава три елементи кои ја сочинуваат културата: споделените вредности на групата, нормите кон кои се придржуваат нејзините членови и материјалните добра кои тие ги креираат. Fiske ја дефинира културата како "*социјално пренесувана и социјално конструирана констелација којашто се состои од однесувања, компетенции, идеи, шеми, симболи и вредности, норми, институции, цели, правила, артефакти и модификации на физичката средина*" (Fiske, 2002, стр. 85). При тоа, тој нагласува дека секој истражувач во областа на културата, мора да води сметка дека овие компоненти може, но не мора да бидат хомологни и во таа смисла да кореспондираат едни на други - на пример, симболите да произлегуваат од нормите или артефактите - степенот и природата на врските помеѓу компонентите сеуште се дискутабилни и недоволно познати.

**Културата од гледна точка на психологијата**

За психологијата, културата е интересна од неколку аспекти. Развојната психологија и психологијата на личност ја изучуваат културата како контекст во кој се одвива социјализацијата на поединецот и кој наметнува одредени типични однесувања, вредности или црти (фенотип). Социјалната психологија пак, ја студира како извор на групен идентитет и фактор што ги детерминира интерперсоналните и интергрупните односи, додека клиничката психологија ги проучува феномените на интраиндивидуалните конфликти настанати под влијание на културата (алиенација, негативен идентитет, културен шок, акултурација) и потребата за културно специфичен пристап во психотерапијата.

Во седумдесетите години, почнува да се осамостојува нова област на проучување, наречена **крос-културна психологија** (cross-cultural psychology). Во

својот приказ на развојот на крос-културната психологија, коментирајќи ја ситуацијата во врска со дефиницијата на поимот "култура", Price-Williams започнува со изјавата дека "*навистина е засрамувачки да се признае недостатокот на прецизност во самиот темел на конструкцијата [на крос-културната психологија], но во суштина, со тоа навистина се соочуваме во сферата на овој дискурс*"(Price-Williams, 1969, стр. 994). Иако Kroeber и Kluckhohn успеваат да соберат 164 различни дефиниции на културата (Kroeber & Kluckhohn 1952, според Kidd, 2002), останува фактот дека во бројни истражувања нејзиното одредување е оставено на ниво на интуиција.

Една еклектичка дефиниција на Kroeber и Kluckhohn останува засега најупотребуваната концептуална дефиниција во крос-културната психологија: "*Културата се состои од експлицитни или имплицитни обрасци, стекнати преку и заради однесувањето, пренесувани преку симболи, а сочинети од посебни постигнувања на човечки групи, вклучувајќи ги и различните артефакти; суштината на културата се состои од традиционални (т.е историски изведени и селектирани) идеи, а особено од вредностите кои нив ги придружуваат; културните системи можат од една страна да бидат третирани како продукти на активноста а од друга, како детерминанти за идните активности*" (Kroeber & Kluckhohn, 1952, стр. 180; цит. според Berry et.al., 2002, стр. 227).

Очигледната предност на оваа одредба е што културата се лоцира и *надвор* од субјектот, во облик на опсервабилни објективни активности и артефакти, но и *во* субјектите или *помеѓу* нив, за време на меѓусебните социјални интеракции. Токму вториот аспект на културата станува релевантен за истражувањата на крос-културната психологија, особено по храброто инсистирање на Geertz дека културата е пред сé во главата на луѓето (Geertz, 1973)[9].

---

[9] Иако постмодернистичките и деконструктивистичките гледања на културата сериозно го доведуваат во прашање позитивистичкото одредување на културата во смисла на тоа дека е премногу статично и слепо за индивидуалните агенси во конструирањето на секојдневните културни интеракции, може да се прифати констатацијата на Shweder (2000; според Berry et al., 2002) дека засега, тој концепт е сеуште прилично корисен начин за справување со повеќедимензионални податоци кои се одесуваат на човековите поведенија. Наспроти бесконечната варијабилност на феномените, сепак може да се опсервира нишка на сличност - бихејвиорална или симболичка - која ја препознаваме како карактеристична култура.

За Triandis (1972), важна е дистинкцијата помеѓу *субјективна* и *објективна* култура. Втората се однесува на продуктите на една конкретна човечка заедница, додека првата, која е непосредено интересна за психологијата, претставува за групата карактеристичен начин на перцепирање на истите тие продукти.

Во дефиницијата на Hall (1976), на културата се гледа како на механизам преку кој се управува однесувањето на индивидуата, без при тоа таа воопшто да биде свесна за тоа, освен во ситуации на експонирање на друг културен контекст. Важен елемент на неговото гледање на културата е експлицитното укажување на моќта на културата да им даде облик и значење на однесувањата но и на настаните: "*Културата отсекогаш диктирала каде да се постави линијата на раздвојување на еден настан од друг. Овие линии се арбитрарни, но кога еднаш ќе се усвојат, се третираат како вистински. Така, додека во западниот свет постои граница помеѓу нормален сексулен однос и силување, во арапскиот свет, заради низа причини, многу потешко може да се разделат овие две појави*" (Hall, 1976, стр. 230).

Во ова истражување, усвоена е Hofstede-овата дефиниција на културата која е ограничена исклучиво на психолошко ниво, а гласи (Hofstede, 2001, стр. 9):

***"културата е колективно програмирање на умот кое ги разликува припадниците на една група или категорија од припадниците на други".***

При тоа, "умот"(mind) е репрезент на конитивно-емоционалните и бихејвиоралните процеси, кои имаат последици во сферата на верувањата, ставовите и вештините. Програмирањето се одвива по пат на рано вградување вредности низ социјализацијата. Вредностите пак, се "*широка тенденција да се преферираат одредени состојби пред останатите*" (Hofstede, 2001, стр. 5), несвесно усвоени од поголема група индивидуи. Тие имаат дирекција (позитивна или негативна) и интензитет (релевантност) и претставуваат мерлива страна на културата, онака како што е дефинирана од страна на споменатиот автор.

Вредностите се најмалку видливиот и најдлабокиот слој на културата. Непосредно над слојот од вредности, се наоѓа полесно мерливиот и повидлив слој на ритуали и норми кои произлегуваат од вредностите, за да над нив се напластуваат културните херои околу кои се гради културниот идентитет. Последниот слој на културата го сочинуваат симболи (зборови и материјални артефакти). Сите четири слоја продуцираат одреден вид однесувања кои во основа повторно мораат да ги содржат културно-доминантните вредности.

## *Кому му припаѓа културата?*

Културата неретко се изедначува потполно со нацијата или етничката група. Дури, во крос-културната психологија, нашироко е усвоена практиката на интерпретирање на групните скорови (кои што би требало да ја опишуваат културата) преку употребата на името на земјата од која се изведени. Авторите кои го користат ваквиот пристап, најчесто предупредуваат на опасноста од подведување на овие два концепта на исто рамниште, бидејќи употребата на името на нацијата не е супститут за објаснување на потенцијалните културни варијабли на групата, коишто пак ги објаснуваат варијациите во психолошките варијабли (Georgas et. al, 2004; Hofstede, 1980).

Културата за групата/категоријата претставува она што за поединецот е личноста. Ако културата се сфати како агрегат од вредности (и на нив напластени ритуали и симболи) кои го структурираат однесувањето на дадена категорија или заедница (група), автоматски се наметнува прашањето за тоа како да се операционализира поимот група или категорија. Односно, дали тоа значи дека кај сите видови социјални групи може да се идентификува посебна култура? Најдобриот одговорот на последното прашање гласи "и да и не". Афирмативниот аспект се однесува на тоа дека дури и формалните и вештачки (експериментално) создадени групи развиваат одреден вид на "групен идентитет" (Myers, 1983), којшто подразбира експлицитен или имплицитен систем на вредности, додека пак негацијата се однесува на логичната претпоставка дека е тешко да се формираат битно различни вредносни обрасци помеѓу помали колективитети чии припадници се социјализирани во сличен вредносен контекст.

Во периодот на започнување на дебатата за вредносна неутралност на културите и потребата за избегнување на идеолошката стапица на еволуционизмот од чиј аспект културите може да се рангираат според степенот на развој, настанува и"несреќниот брак" помеѓу културата и нациите. Политички одредените национални граници почнуват да се третираат како граници коишто се совпаѓаат и со споделената култура на заедницата, а културното единство станува нов "лепак" со кој се продуцира хомогеноста во рамките на државите. Дури, во националистичките дискурси културата не само што станува свесен феномен, туку и намерно се фиксира со низа институционални и вонинституционални мерки и се брани нејзината посебност (Gellner, 1996; според Hall, 1998). На пример, една типична мерка којашто се презема е стандардизацијата на јазикот, за да паралелно следи потврдувањето и "патентирањето" на низа обичаи и материјални творби како типични токму за таа нација. Од прилично небулозна основа која се третира како препозиција на националната заедница, културата со текот на времето станува исто толку и нејзин производ.

Различни автори укажуваат на тоа дека во одредени временски периоди терминот култура е практично замена за терминот раса, врз основа на кој се стереотипизира и се врши хетерогенизација од оние кои не припаѓаат на групата (Bausinger, 1986, Silverman, 1991: според Sokefeld, 1998). Во политичките дебати во последните дваесетина години, најчестата употреба на терминот култура се среќава во контекст на меѓугрупните конфликти. Станува доминантно и гледиштето[10] за непомирливоста помеѓу различните култури на кои им е инхерентно да се во постојан конфликт. Правилото се презентира речиси аналогно на физичкиот закон дека ист простор не може да биде заземен од две тела истовремено - така, симултаното присуство на две култури се посматра apriori како проблем, било на ниво на една ограничена територија или на индивидуално ниво.

Во крос-културната психологија, повеќе од практични отколку од било кои други причини, културните разлики се "*резервирани за ойшйесйваша,*

[10] Кулминација на оваа идеја е споменатата теза на Huntington дека во отсуство на јасна опозиција помеѓу западниот и источниот блок после крајот на Ладната војна, дезинтеграцијата и оружените судири ќе се одвиваат на линија на конфликт помеѓу културите, особено христијанската наспроти исламската.

*оӣерационализирани како нации или еӣнички или реīионални īруӣи во или меѓу нациите*" (Hofstede, 2001, стр. 10).

*Но дали може лесно да се оӣерационализира ӣерминоӣ нација или еӣничка īруӣа?* Во научните кругови циркулираат термините како *народи, нации, националносӣи, малцински насӣроӣи мнозински īруӣи, народносӣи, раси, еӣнички īруӣи,* за да се означи групната припадност на индивидуите врз основа на споделената култура (јазик, обичаи), територија или дистинктивни физички карактеристики. Некои од овие називи се фокусираат на постоењето на заедничка матична држава како битна одредница (нација, народ), а други на фенотипски разлики (раса). Следствено, термините имаат и посебно значење.

(1) Терминот народ, којшто многупати се користи како еквивалент за голема група луѓе, прилично е неодреден и не укажува на структурата на групата или на заедничките цели на нејзините припадници (Putinja & Stref-Fernar, 1997). Тој исто така најчесто не упатува на постоење на споделени дистинктивни карактеристики, како на пример заедничка култура или историја, па затоа речиси и да не се употребува во крос-културната психологија како термин кој означува носител на посебна култура.

(2) Во основата на концептот означен како раса, е верувањето дека постојат генотипски разлики помеѓу различни групи луѓе, поради кои тие автоматски припаѓаат на некоја од конвенционално именуваните три-четири човечки раси. Од тие разлики би требало да произлегуваат неменливи карактеристики кои се обележја на расата. Деталните испитувања на современата хумана генетика недвосмислено ја побива биолошката реалност на овие претпоставки. Во современите теории за расите, доминира ставот дека иако во основа се социјален конструкт, тие добиваат значење на нешто што има вистинска егзистенција пред сé поради тоа што во одреден период од историјата се користени како политички инструмент (Eriksen, 1997). Постојат неколку гледишта за позицијата на расата и етничките, односно, националните групи: (а) етничките и националните групи се поткатегории на расите, (б) расните групи се типови на етнички и национални групи и (в) тие се различни видови групи и не треба да се подведуваат една под друга (Jaret, 1995).

(3) Се смета дека изворното значење на терминот нација (хебрејски збор кој за првпат се појавува во едно издание на Библијата од XV век) е "претци-и-наследници-по раѓање". Во средниот век се трансформира во назив за група студенти на ист универзитет, а во XIX век, паралелно со процутот на државниот суверенитет како начин на организација на меѓународната заедница, станува термин за означување на група луѓе кои живеат во една иста држава, имаат заеднички претци и духовно-морални начела (Salazar, 1998). Поимот нација, и останатите од него изведени стануваат проблематични во современите околности заради претпоставените услови на споделена заедничка суверена територија, бидејќи сосема е јасно дека поделеноста на светската заедница во самостојни држави ни оддалеку не кореспондира со бројот на групи кои сметаат дека имаат посебен културен идентитет.

(4) Терминот етницитет (етничка група) има долга историја. Споменуван е уште во антички текстови, како доминантен назив за паганските племиња во периодот на V век п.н.е. Приближно слично значење на современото, терминот добива многу покасно, и тоа во делата на Hobbes, Weber и Dirkheim. Во академските кругови станува многу популарен во периодот на постколонијализмот и интензивната миграција на популации од неразвиениот свет кон северната хемисфера. Иако сеуште не постои единствен став за тоа како да се дефинира концептот етничка група, она што денес најголемиот број автори го подразбираат под тој термин, најдобро кореспондира со Weber-овата ([1922]1997) дефиниција според која етничките групи се оние човечки заедници за кои е карактеристично субјективното уверување во нивните заеднички корени (претци), поради сличностите во физичката типологија и/или обичаите, или поради споделените сеќавања за колонизација или миграција.

Предноста на оваа дефиниција е тоа што не претпоставува нужност од организирање на етничките групи во посебни суверени територијални единици. Тоа се разбира, добро ја одразува реалноста на плурализмот на современата светска заедница наспроти ограничениот број на национални држави. Понатаму, таа прави разлика помеѓу групите засновани на биолошка основа (за какви во одредени кругови се сметаат расите), бидејќи како клучна карактеристика на етницитетот го воведува психолошкото доживување, односно субјективната перцепција на сличност и заедништво.

Бидејќи степенот на културна хомогеност варира од една до друга национална заедница, сфатена како гео-политички ентитет, особено во општествата каде различни етнички групи инсистираат на признавање и промоција на нивната културна посебност, фокусот на ова истражување е поставен токму на разликите, односно сличностите на две етнички заедници кои живеат во рамки на едно општество: заедницата на етнички Македонци и заедницата етнички Албанци во Република Македонија.

Овој пристап го предлагаат и други автори кои го користат методот на Hofstede, тврдејќи дека културните димензии во мултикултурните општества (особено пост-колонијалните и пост-комунистичките, каде признавањето на културната посебност доби интензивна психолошка релевантност), не значат ништо доколку не се земат предвид особеностите на посебните етно-културни групи[11] (Realo & Allik, 2002; Triandis, 1995). Сличен став заземаат и други автори покажувајќи по емпириски пат дека во одредени општествени околности, постојат колективитети кои се прилично резистентни на акултурација и се разликуваат во поглед на културните димензии од мнозинското население (Kagitcibasi, 1994; Markus & Kitayama, 1991, Kemmelmeier & Coon, 2001).

Во студијата на Hofstede, на којашто во најголема мера се темели ова истражување, единиците на анализа се дефинирани како *национални групи*, при што како нација се третира популацијата која живее во една конкретна држава. Надвор од секакво сомнение е дека авторот е потполно свесен за робустноста на вака дефинираните единици, особено за подрачја како што се на пример САД, Индија или цели региони како западна Африка. Треба да се земе предвид дека целиот негов потфат вклучува многу голем број земји, што ја прави суптилната поделба на ентитетите практично невозможна. Но, интересно е дека во последното мерење на пример, направено по разединувањето на Југославија, тој соопштува посебни наоди за Србија, Хрватска и Словенија, иако во претходните мерења резултатите се однесуваат на цела Југославија. Исто така, за Швајцарија и Белгија, скоровите се

[11] Triandis, за да укаже на тоа дека наодите се однесуваат на помали колективитети во рамките на една нација, инсистира на правење посуптилна методолошка дистинкција. Освен двете базични нивоа - *еколошко* (национално) и *индивидуално*, инсистира да се воведе и *демографското* ниво кое се однесува на посебни групи во рамките на една држава. Сепак, еколошкото и демографското ниво немаат суштински разлики, освен што првото е поробустно (Ratzlaff et al, 2000).

соопштени за секоја јазична група посебно. Иако го брани ставот дека луѓето кои споделуваат ист географски простор воглавно споделуваат и слична култура, односно дека разликите во идентитетот не треба да се изедначуват со разлики во вредностите од кои се сочинети културните карактеристики, Hofstede всушност имплицитно ја прифаќа идејата дека границите на државата не се истовремено и граници на културата.

## *Култура наспроти идентитет*

Културата на групата и групниот идентитет се блиски но не и идентични поими. На индивидуално ниво, идентитетот се однесува на личното чувство на припадност кон некоја група, а пак културата се однесува на споделените вредности. Иденитетот е далеку поеластичен и подложен на контекстуални влијанија. Фрагментацијата на групни идентитети може, но не мора да произлегува од различни култури; групи на луѓе со de facto споделен систем на вредности може да се доживуваат како outgroups и обратно - во даден контекст групи со различни вредносни програми може да имаат чувство дека припаѓаат на иста група.

Како да се дефинира врската меѓу групниот идентитет и културата? Еден прилично распространет став е дека посебните заедници одржуваат и своја посебна култура - дури, врз основа на претходната дискусија за конструкција на групниот идентитет може да се каже и дека самата егзистенција на групата како посебна се аргументира токму со упатување кон нејзината културна посебност. На разновидноста на културите пак, често се гледа како на природна последица на географската и социјалната изолација[12] помеѓу групите. Меѓутоа, емпириските податоци укажуваат дека таквото гледање, иако звучи здраворазумски, прилично е наивно.

Пред сé, постојат етнички групи кои живеат на огромни територии, па следствено на тоа, развиваат различни начини на адаптација на различни еколошки фактори. Исто така, не е ретко, манифестни културни форми да бидат споделени од заедници кои се доживуваат како посебни и меѓусебно различни.

[12] Тезата за изолација ја толкува посебноста на културата како исход на неможност една култура да влијае врз друга заради отсуство на мобилност на населението.

Метатеориската рамка на ова истражување е концепцијата која групниот идентитет го третира како конструкт кој произлегува од социјалните интеракции (Андерсон, 1998; Barth, 1969, и др.)[13]. Следствено, идентетот на големите групи (нации, етнички заедници, племиња) се третира како резултат на континуирано дистанцирање меѓу членовите на групата кои се перцепираат како припадници на истата (*in-groups*) наспроти тие кои не ѝ припаѓаат (out-groups). Споделената култура на групите, не е ниту иманентен ниту првичен фактор за поделба, туку повеќе *резултат* на поделбата. Во многу случаи, културните посебности не настануваат како резултат на изолација, туку напротив, *се генерираат низ контактот* за да послужат како *граници на идентитетот.* Етничките категории не се стабилни ентитети кои стануваат релевантни во оној момент кога ќе настапи спонтана или насилна акултурација, туку се последица на интеракциите. Со зборовите на еден од пионерите на овој став, "*етничките категории прават организациона лушпа во која можат да бидат ставени различни содржини.. коишто може но не мора да бидат значајни за однесувањето...какви и да се манифестните разлики во однесувањето меѓу членовите на групата, ништо не може да се смени - ако тие велат дека припаѓаат на групата А, наспроти некоја група Б од ист ред, тоа значи дека ја манифестираат својата лојалност на културата која мислат дека ја делат со останатите членови на групата А.*" (Barth, 1969, цит. според Putinja и Stref-Fenar, 1997, стр. 221-2).

Но, категоризацијата имплицира дека се очекува индивидуите кои се идентификуваат како припадници на една група да споделуваат слични критериуми за евалуација на стварноста, исто како што се очекува разбирањето со "другите" да биде ограничено и со разлики во критериумите на проценка и расудување. Тој процес најнакрај доведува до тоа културата да служи како граница. Бидејќи пак вредносните ориентации кои се во основа на културата се препознаваат како маркери на идентитетот, однесувањата кои не се во склад со дадените вредносни ориентации го доведуваат во прашање идентитетот и најчесто (ако припадноста е дефинирана како социјално релевантна) се санкционираат.

[13] Поопширна дискусија на останатите сфаќања види: Putinja и Stref-Fernar, 1997; или Кениг, 2000.

Уште еднаш, примарноста, централноста и стабилноста на врската помеѓу културата и етничките групи може сериозно да се доведе во прашање, бидејќи фактот што припадниците на една етничка група воглавно споделуваат иста или многу слична култура треба да биде посматрано повеќе како *последица* отколку како причина за етничката идентификација. Манифестната култура (или, со терминологијата на Triandis, објективната култура) најчесто произлегува од еколошкото окружување, па затоа често се случува културните сличности кај две етнички групи кои делат истоветен географски простор да бидат поголеми отколку кај припадници на иста група што населуваат битно различни географски територии.

Најнакрај, но не најмалку важно е секогаш да се има предвид дека културата не е еднослоен ентитет. Веќе споменатата теза на Fiske (2002) укажува на тоа дека кога зборуваме за културата, мислиме на сложена композиција којашто се состои од норми, однесувања, компетенции, симболи и продукти коишто може но, не мора да бидат хомологни. Во таа смисла, кога се споредуваат различни групи во однос на културата, може да наидеме на прилично сложена слика во поглед на разлики или сличности за секој поодделен слој којшто припаѓа на општиот поим култура. Ова истражување, се однесува исклучиво на разликите или сличностите на културните димензии кои произлегуваат од емпириски деривирани централни вредности дефинирани во рамките на заедниците.

## *Таксономии на културите*

Групирањето на културите може да се изведе врз основа на споредување на социјалните системи со еден конкретен прототип, преку утврдување на сличностите и разликите со него. Во тој случај, таксономијата продуцира *типологии*, како што е на пример поделбата на земјите во оние од прв, втор или трет свет, или пак нешто пософистицираните типологии како оние на Huntington (1993), кој го дели глобусот на осум цивилизациски зони според религиско-идеолошкото наследство, односно на Todd (1983, според Hofstede, 2001), кој ги класифицира заедниците според доминантната организациска

структура на семејствата. Иако се прилично атрактивни, бидејќи се засноваат на лесно воочливи разлики, типологиите многу лесно колабираат при обидите за емпириската верификација на соодветноста на припадноста на случаите во одделните категории.

Наспроти тоа, *димензискиѿе модели* се базираат на емпириско утврдување на разликите пред да се изврши категоризацијата. Овој пристап е многу помалку арбитрарен, бидејќи секоја земја се категоризира според емпириски утврден скор, но затоа пак кластеризацијата на културите, иако е недвосмислена во метриска смисла, многу потешко се интерпретира.

## *Теориски засновани класификации на кулѿурниѿе димензии*

Теориски заснованите таксономии на културите почиваат на најмалку еден критериум на класификација по кој се споредуваат различните општествени заедници. Бројноста на критериумите е практично неограничена, особено ако се земе предвид дека таксономиите се правени од аголот на различни научни дисциплини, секоја од сопствената перспектива заинтерсирана за начините според кои културите може да се групираат.

Теоријата на Stewart (Stewart & Benett, 1991), во таква позиција на "сидро" за споредба со останатите, ја става евро-американската култура на средната класа и со неа ги компарира останатите светски култури во однос на (1) активноста, (2) социјалните релации, (3) односот кон себе, и (4) односот кон светот. *Ориенѿацијаѿа кон акѿивносѿ* се однесува на културно дефинираниот начин на перцепирање на активностите и изразувањето на селфот низ активноста. Додека во евро-американската култура под активност се подразбира правење нешто (doing), притоа се очекува селфот да врши некакво дејство врз околината и да ја контролира, за повеќето јужно-американски народи менувањето, настанувањето (becoming) и заемната врска со околината се сметаат за вистинска активност. На спротивниот крај од континуумот се културите (на пр. хинду и африканските) кои го вреднуваат прифаќањето на нештата такви какви што се и за кои бивствувањето (being) значи живеење според уверувањето дека нештата се предодредени и неменливи. Последица на разликите во овие генерални вредности се и

разликите во културните решенија во врска со важноста на времето и точноста, темпото на живеење, очекувањата во врска со исполнувањето на обврски и решавањето на проблеми, и важноста на играта наспроти работата. *Ориентацијата кон социјалните релации* ги дели културите според начинот на кој ја одредуваат социјалната хиерархија (според раѓање, материјални богатства или добри дела), колку е таа крута или еластична и какви очекувања во однесувањето и улогите произлегуваат од неа.

Авторите понатаму тврдат дека долж линиите на *ориентацијата на селфот*, културите може да се позиционираат на континуум со два пола: од лоцирање на селфот во индивидуата (евро-американски култури) до негово дефинирање како неразделив дел од некоја група[14] (јужно-американски култури, култури на Далечен Исток). Разлики постојат и во дефинирањето на можноста селфот да се менува, но и во третманот на мотивирачките сили и одговорноста на поединецот. Културите негуваат различни парадигми и за ситуираноста на човекот во универзумот, врската помеѓу материјалниот и духовниот свет и взаемната поврзаност на живите суштества, кои ја одредуваат димензијата *ориентација кон светот*. Во африканските, афро-американските и индијанските заедници, се негува верувањето дека луѓето живеат во хармонична интеракција со природниот и спиритуалниот свет - позиција од која поаѓа гледиштето и на јужно-американските култури, со таа разлика што луѓето се перципираат како подредени. Во западните култури, овие три ентитети се далеку повеќе издвоени, а доминантно место има индивиуата со моќ да врши влијание и да одлучува.

Според теоријата на Parsons и Shils (1951, според Hofstede, 2001), општествата се разликуваат според нивната организација во поглед на пет независни варијабли, коишто претставуваат биполарни можности за избор на дејствување на индивидуално, групно или културно ниво. Тие димензии се (а) *афективност* наспроти *афективна неутралност*, (б) *ориентираност кон себе си* наспроти *ориентираност кон групата*, (в) *универзализам* наспроти *партикуларизам*, (г) *проценување на другите според тоа кои се*, наспроти *според тоа што прават* и (д) *ограниченост во релациите* наспроти *дифузност во релациите*. Подоцна,

[14] Овој критериум на поделба е речиси идентичен на Hofstede-овата димезија индивидуализам-колективизам.

Trompenaars и Hampden-Turner (1997), разликувајќи ги општествата според начинот на којшто ги решаваат проблемите, ги прифаќаат овие пет критериуми, но додаваат и два нови: *однос кон времето* и *однос кон природата* (според Chanchani & Thievanthampillai, 2002).

Hall (1976) ги посматра културните разлики низ призмата на начинот на кој е организирана комуникацијата помеѓу луѓето. Заедниците имаат различно место на континуумот на чии екстреми се висок, односно низок контекст. Во културите со *висок контекст,* луѓето остваруваат комуникација без експлицитни пораки бидејќи значењето се изведува од самата ситуација. Такви се традиционалните општества, наспроти модерните, класифицирани од Hall како *ниско-контекстни*, заради сместеноста на информациите во самиот код и нивната независност од физичкиот односно социјалниот контекст. Кај културите со низок контекст, средиштето на комуникацијата е во вербализацијата, додека во другите таа е сведена на минимум, за сметка на невербалните изрази и ритуалите. Освен тоа, за културите со низок контекст е карактеристична изразената структурираност на времето и лабавата групна идентификација, ситуација сосема спротивна на културите со висок контекст.

Една од најпопуларните мултидимензионални теории е предложена од страна на Kluckhohn, кој врз основа на проучувањата на неколку мали заедници во САД тврди дека културите се разликуваат според нивната вредносна ориентација во врска со: (а) *уверувањето за човековата природа*, кое варира од тоа дека човекот е инхерентно добар до тоа дека е по природа зол, (б) *односот помеѓу човекот и природата*, во кој човекот може да се гледа како подреден, рамноправен или надреден, (в) *времето*, минато, сегашно или идно, (г) *активноста,* која може да се третира како дејствување, постанување или бивствување, и (д) *односите помеѓу луѓето*, кои варираат во поглед на хиерархијата (според Bar-Tal, 1998).

Разликите во културните обрасци за некои автори (Foa & Foa, 1980, Fiske, 1999; според Douglas, Neubert & Cialdini., 2002) може да се изведат од разликите во активирањето на елементарните обрасци на социјална размена во контактите. Еден вид образец е *комунално споделување*, притоа нормите налагаат заедничко користење на групни ресурси, друг е *рангирање според*

*авторитет*, трета форма на размена е *еднаквоста* и најнакрај, *пазарната цена* (market pricing) каде секој добива онолку колкушто инвестирал.

Triandis (1995), надоврзувајќи се на неговата поделба на културата во објективна (материјални продукти) и субјективна (вредности, норми, уверувања), разликува четири културни синдроми: *културна комплексност, лабавост наспроти ригидност, индивидуализам и колективизам.* Во комплексните култури, луѓето прават суптилни разлики помеѓу објектите, идеите и настаните кои ги окружуваат, додека во помалку сложените категоризациите се погруби. Во ригидните култури, луѓето цврсто се придржуваат до нормите и правилата, бидејќи нивното прекршување води до санкции. Последица на овој синдром се тежнеење кон авторитарни лидери и религиозност. Степенот на индивидуализам во културите се препознава низ тежнеењето кон независност од другите, хедонизам и потпирање на сопствените сили. Колективизмот, кој може да биде хоризонтален (претпоставува егалитарни односи и кохерентност на групата) и вертикален (исклучивост на групната припадност и интергрупна хиерархија), се препознава преку поврзаноста и зависноста на поединецот од групата на којашто припаѓа. Овој автор, за разлика од Hofstede, тврди дека колективизмот и индивидуализмот не се заемно исклучиви синдроми, односно дека не се две спротивности на еден континуум.

## ***Емпириски истражувања на културните димензии***

Статистичките методи за редукција на квантитативни податоци (факторска анализа, кластер-анализа, мултидимезионално скалирање и анализа на најмали растојанија), овозможуваат одредување на заедничката варијанса на мерените варијабли во вкупната варијанса. Варијаблите кои имаат заеднички извор на варирање, добиваат статус на посебни ентитети (фактори), кои можат да се третираат како *димензии* по кои се споредуваат различните заедници. Степенот до кој овој пристап може да даде значаен придонес во културните компарации во најголема мера зависи од умешноста за справување со неговите два клучни недостатоци: (а) потенцијалната опасност од добивање "ништо од ништо" заради арбитрарноста во изборот на варијабли

за анализа, како и (б) тешкотијата да се избегне субјективноста во интерпретирање на факторите (Hair et al. 1998; Smith, 2004).

Меѓу првите, овој пристап го користи Cattell (1949, според Krech, Crutchfield & Ballachey, 1962), но неговата пионерска работа не остава впечатлива трага во крос-културната психологија, поради нејасната теориска основа од која поаѓа во селекција на варијаблите за анализа. Бројот на фактори (дванаесет) кои се добиени е далеку од економичен, па вообичаено во литературата се дискутираат само првите шест. Првиот фактор Cattell го интерпретира како *големина на заедницата*, а корелира со политички и социјални превирања, бројност на политички организации и висок степен на разводи. Следниот е наречен *културно потврдување*, а се однесува на степенот во кој заедницата е етаблирана на меѓународната сцена, степенот на урбанизација и на образование на населението. Третиот фактор е поврзан со перспективата на општеството и структурираноста во поредокот (*просветлен комфор*), четвртиот со рационалноста во односите помеѓу луѓето и научниот напредок (*интелектуална ефикасност*), петтиот (*буржоаски филистинизам*) е во врска со со либерализмот, склоност кон уживање и нови идеи, а шестиот, т.н. *културна дезинтеграција*, се однесува на моралните аспекти односно на културната релативизација и индивидуална неодговорност. Прешироката платформа во избирањето на варијабли за анализа (демографски, медицински, политички, социјални, економски и историски податоци), не само што произведуваат голем број фактори, туку и го прават интерпретирањето речиси невозможно (Hofstede, 2001).

Помеѓу студиите коишто културните димензии ги дефинираат по емпириски пат избегнувајќи ја стапицата на "ловење фактори" со претходно добро дефинирана теорија која служи како рамка за избор на варијаблите, е истражувањето на Lynn и Hampson (1975), спроведено на примероци од 18 современи нации. Заинтересирани за психолошките карактеристики на модерните заедници, со факторска анализа на податоци од индикатори поврзани со здравјето (на пр. пушење, консумација на алкохол, просечен број на самоубиства и сл.), тие издвојуваат два главни фактори кои заедно објаснуваат над 50% од вкупната варијанса. Двата фактори ги интерпретираат

како *"неуротицизам"* и *"екстроверзија"* и ги рангираат испитаните заедници во однос на степенот на изразеност на овие димензии.

Shwartz (1990) ги искористил податоците од својата студија на вредности од 38 национални и субнационални култури и по статистички пат ги категоризира според седум факторски извлечени димезии: *конзервативизам, хиерархија, компетентност, интелектуална автономија, еднаквост* и *хармонија.* Интересно е дека иако оваа студија ги кластеризира културите според вредностите на многу сличен начин како Hofstede-овата (според централноста на одредени вредности), таа ни оддалеку не ја ужива популарноста на многу поробустните и методолошки подискутабилните димензии на Hofstede. По се изгледа дека вистинската причина за тоа е несовпаѓањето на востановените стереотипи за културите и Swartz-овите димензии - состојба која не може да се припише и на Hofstede-овите наоди (Georgas, van de Vejver, & Berry, 2004).

Анализата на една од најимпресивните меѓународни студии наречена Светска студија за испитување на вредностите (World Value Study) која започнува во осумдесетите години, а ги испитува системите на вредности во 43 земји (околу 60000 испитаници), раководена од Ingelhart (1997), открива две клучни културни димензии - "*добросостојба* наспроти *опстанок*" и "*секуларно-рационален* наспроти *традиционален авторитет*". Подоцна, податоците од оваа студија се споредувани со теориски претпоставените културни зони на Huntington и откриено е прилично високо совпаѓање на податоците (Georgas, van de Vejver, & Berry 2004).

Georgas и Berry (1995, според Smith, 2004) развиваат нов пристап во идентификација на кластерите од култури со слични социјални атрибути. Тие не прават агрегација на индивидуалните одговори на испитаниците, туку ги анализираат податоците директно на ниво на разлики помеѓу карактеристиките на земјите (клима, социјален капитал, увоз-извоз и сл.), со што ги избегнуваат проблемите на грешки при интерпретацијата од индивидуално на супраиндивидуално ниво.

Досега најшироко употребуваната класификација на културите е Hofstede-овата. На неа се базират огромен број емпириски истражувања во

областа на крос-културната психологија[15], организациската психологија, социологијата и економијата.

## *Моделот на Hofstede: пет димензии на културите*

Hofstede-овото истражување е базирано на премисата дека културите се разликуваат во зависност од начинот на кој го регулираат социјалното однесување и тоа преку *вредносните системи* со кои се врши ментално програмирање, односно "вградување" на релативно стабилни форми на реагирање на околината. Реагирањето делумно е научено, но делумно е генетски определено. Менталното програмирање во меѓучовечките интеракции се одвива на три нивоа: (1) на *универзално* ниво, програмирањето се одвива во врска со општо-споделените биолошки карактеристики на луѓето, (2) на *колективно* ниво служи за регулирање на групните односи и продуцира интергрупни разлики (култури), а на (3) *индивидуално* ниво, во рамки на дадената култура, менталното програмирање ги генерира индивидуалните разлики помеѓу припадниците на иста културна заедница.

Националните култури според тоа, се рефлексија *на колективното ментално програмирање на поединците* помеѓу кои, ако се гледа од интериндивидуална перспектива, постојат разлики. Културните димензии се *конструкти* кои може да се индуцираат од комплексната шема на програмирање, што значи дека тие не егзистираат реално како ентитети, туку имаат функција на "организирање" или економизација на реалноста.

Бидејќи културните димензии во овој модел се изведени емпириски, неопходно е да се разбере методолошкиот пристап којшто авторот го користи при прибирањето и анализата на податоците.

## *Истражувачкиот метод на Hofstede : еколошка анализа*

Податоците врз основа на кои Hofstede со факторска анализа ги добива културните димензии, прибирани се во рамките на едно меѓународно

[15] Hofstede спаѓа во групата на најцитираните 100 автори во *Индексот на социјални науки*, и е еден од ретките во таа селекција кој не потекнува и не работел во САД. Се смета дека до сега бил цитиран 2000 пати.

истражување чија примарна цел била добивање увид во ставовите и вредностите во врска со работата, на вработените во една од најголемите мултинационални корпорации - IBM.

Истражувачкиот програм, спроведуван во два наврати (1967 и 1973 година) опфаќал повеќе од 117 000 испитаници вработени во над 50 земји каде компанијата имала свои ограноци. Првиот интернационален прашалник се состоел од 180 прашања составени врз основа на отворени интервјуа со случајно избрани испитаници вработени во мултинационалната компанија. Во вториот наврат, направена е стандардизација и редукција на прашањата со помош на факторска анализа, такашто конечната верзија брои 60 главни и 66 опциони прашања, коишто според содржината може да се поделат во 4 групи:

1. Задоволство од различни аспекти на работата *(на пример: колку сте задоволни од физичките услови на работа?)*
2. Субјективни описи на проблеми или аспекти на работата *(на пример: Колку често менаџерот очекува од вас да сработите огромна количина на работни обврски?)*
3. Лични цели и уверувања *(на пример: Колку важно е за вас да имате можности за поголема заработувачка?)*
4. Демографски податоци *(возраст, пол, професија итн.)*

Најголемиот број прашања се одговараат на скала од 5 степени, а податоците се третирани како ординални или квази-интервални и номинални.

Додека во првото истражување биле вклучени 55 земји со околу 60 000 испитаници, во второто се приклучени нови 19 земји. Бројот на испитаници во 1973 година бил повторно околу 60 000 и тоа: 30 000 од нив учествувале во првото истражување, 20 000 илјади биле нововработени од веќе вклучените ограноци, а околу 10 000 субјекти биле од нововклучените земји. Во вториот наврат, испитувањето било спроведено и во поранешна СФРЈ и тоа во постоечките ограноци на IBM во Словенија, Србија и Хрватска. По распаѓањето на федерацијата, испитувањата се реплицирани во 1993 година одделно во Словенија, Хрватска и Србија, а резултатите се соопштуваат поединечно за секоја од нив. Резултатите добиени од истражувањата во облик на ранг-листи на земјите во однос на дискутираните димензии, се прикажани во Додаток 1 (преземени од Hofstede, 2001).

**Примероците** од испитаници во сите земји кадешто е вршено испитувањето се **изедначувани** по релевантните карактеристики (професија, години на формално образование, возраст, пол) и сите може да се опишат како репрезенти на средната класа во општеството. Услов за примерокот да влезе во конечната анализа бил бројот на испитаници да не е помал од 50[16]. Изедначувањето на примероците е правено со цел да се обезбеди компарабилност меѓу земјите, односно културите, и претставува услов кој треба да се исполни во сите екстензиони студии. Се разбира, иако овој пристап овозможува прецизна споредба помеѓу културите во смисла на нивно рангирање според димензиите, селектираноста на примерокот го наметнува проблемот на степенот до кој наодите од примерокот може да се генерализираат на целата популација.

**Релијабилноста** е проверувана на тој начин што се споредуваат податоците од најмалку 15 земји (што значи дека не може да се проверува во екстензионите студии или репликациите доколку бројот на култури кои се испитуваат не е барем петнаесет), бидејќи проверката на интерната хомогеност врз основа на одговорите од испитаниците во една култура претставува пример за обратна еколошка грешка (Hofstede, 2001). Исто така, за релијабилноста на инструментот може да се заклучи посредно, преку неговата валидност.

Постапката на **валидација** на добиените скорови за секоја земја во однос на димензиите е правена такашто тие се корелираат со податоци од други истражувања (на пр. степен на добросостојба, изразување емоции, здравје, потреба за постигнување итн.) и девет економски, географски и демографски индикатори.

---

[16] Доколку не може да се обезбеди изедначен примерок, постои и друга можност за одредување на рангот на земјата или регионот. Во тој случај, треба да се обезбедат изедначени примероци за најмалку две популации на кои се однесува екстензијата и барем еден од популација за која веќе постојат податоци од IBM студијата. Потребата за прибирање податоци од нов примерок за земја за која веќе постојат податоци се наметнува оттаму што на тој начин би можело евентуалните разлики коишто би се појавиле помеѓу субпопулациите да се транспонираат на резултатите добиени за новите земји, такашто на крај всушност ќе се пресмета приближниот индекс на димензиите како да бил добиен од примероци изедначени со примероците од IBM студијата.

Јасно е дека *првичната* намера на овие испитувања не била споредба на системите на вредности помеѓу земјите вклучени во истражувањето - но, комбинацијата на оригиналните идеи на Hofstede со можноста да се имаат сирови податоци во толку голем обем, коишто згора на тоа може да се добијат и во повторни наврати, резултирала со сосема нов исход. Развивањето на димензиите врз основа на податоците е направено врз основа на еклектички (post hoc) пристап, а не од една систематизирана теориска рамка.

Поаѓајќи од емпириски верификуваната Mulder-ова (1976) теорија на редукција на разликите во моќ, Hofstede како централно прашање за споредба помеѓу различните земји го издвојува прашањето "*Колку често вработените се плашат да изразат несогласување со нивните менаџери?*", означено во оригиналниот прашалник како Б46. Понатаму, за секоја земја поодделно, анализирана е корелацијата на скоровите добиени на ова прашање со 6 други концептуално поврзани прашања, нумерирарни како А48, А52, А54, А55, Б55 и Б56, а се однесуваат на преферираниот наспроти реалниот тип на менаџер, партиципацијата во донесување одлуки и консеквенци од "непослушноста"на работното место (Додаток 5). Врз основа на емпириски добиените еколошки[17] корелации, три прашања (В46, А55 и А54) се издвојуваат како една димензија, која Hofstede ја нарекува **разлики во моќ**.

Индексот на втората димензија, наречена **избегнување неизвесност**, изведен е аналогно на претходниот - врз основа на сознанијата за разликите во справување со стресни ситуации[18]. Како клучно прашање за развивање на оваа димензија авторот го третитра прашањето (А37) "*Колку често се чувствувате нервозен-а или напнат-а на работа?* " Вкупниот индекс е пресметан врз основа на аритметичките средини на земјите за наведеното прашање, и додатни две кои се однесуваат на стабилноста на работното место (А43) и придржување кон правилата на организацијата (Б60) - (Додаток 6). Трите базични прашања врз основа на кои е изведена оваа димензија корелираат на еколошко, но не и на индивидуално ниво.

[17] Корелации помеѓу агрегираните скорови од земјите, а не од индивидуалните испитаници.

[18] Анализата на одговирите покажала интересен феномен - нивото на соопштен стрес повеќе варирал од земја до земја отколку од професија до професија (Hofstede, 2001).

Димензиите **индивидуализам-колективизам** и **маскулиност-фемининост** се факторски скорови добиени на двата главни фактори, по спроведената факторска анализа на 14 прашања кои се однесуваат на *рабошниџе цели* (Додаток 7). Факторот од којшто е изведена димензијата индивидуализам-колективизам објаснува 24% од вкупната варијанса. Индексот за индивидуализам е во највисока позитивна корелација со прашањето кое се однесува на имањето работа којашто обезбедува доволно слободно време за приватен и семеен живот (А 18), и во највисока негативна корелација со важноста на можностите за подобрување на компетентноста преку обука (А9).

На факторот од кој е изведена димензијата маскулиност-фемининост (првобитно наречен его- наспроти социјална- ориентација) се должат 22% од вкупната варијанса. Индексот на димензијата маскулиност-фемининост највисоко корелира со прашањата поврзани со важноста на добрите односи со менаџерот (А16), соработката на работно место (А8), заработувачката (А7) и добивањето признанијата (А11). Првите две прашања позитивно корелираат, а вторите две негативно се поврзани со полот на димензијата наречен *фемининосш*. Обратното важи за полот на димензијата наречен *маскулиносш*.



## *Димензија РАЗЛИКИ ВО МОЌ*

Сила бога не моли.
*Македонска народна поговорка.*

Тој што има моќ, знае и да пресудува.
*Албанска народна поговорка.*

*Во голем број училишта кај нас, до денес е задржана практиката кога наставникот влегува, учениците да станат во знак на почит и да стојат сé додека тој/таа не им одобри да седнат. Сосема нормално се очекува, за наставниците и другите вработени во училиштето да постојат одделни тоалети во кои не смеат да влегуваат учениците. Во едно исто такво просечно училиште, ни најмалку не е чудно на пример, да постои резервиран простор за паркирање само за директорот, за разлика од останатите вработени.*

*Сите наведени облици на артикулација на однесувањето се индикатори на манифестирање на разликите во хиерархиската поставеност. Во училишниот контекст, учениците се помалку социјално моќни од наставниците, а овие пак се помалку моќни во однос на директорот - различните консеквенци коишто произлегуваат од асиметријата во моќ се сметаат за инхерентни на статусот, за недискутабилни и за природни.*

### Дефиниција

Начините на коишто се регулираат прашањата во врска со еднаквоста помеѓу луѓето ги продуцираат разликите во однос на димензијата **разлики во моќ** (power distance). Терминот со којшто е означена оваа димензија е преземен од данскиот психолог Mulder, кој ја дефинира моќта како "*потенцијал да се детерминира или насочи однесувањето на друга индивидуа*", а дистанцата во моќ како "*степен на нееднаквост во моќта помеѓу помалку моќна индивидуа и повеќе моќна индивидуа, при што двете индивидуи припаѓаат на иста, лабаво или цврсто структурирана социјална мрежа*" (Mulder, 1976, стр. 90). Во овој контекст, разликата во моќ би значела разлика помеѓу надредена и подредена индивидуа која се состои во можноста на едната да го одредува однесувањето на другата. Димензијата е дефинирана како степен на прифаќање на нееднаква дистрибуција на моќ во општеството (Hofstede, 2003).

**Потекло на димензијата**

Етолошките истражувања изобилуваат со докази за помалку или повеќе цврста хиерархиската структура според која се организирани активностите на најголем број животински видови коишто живеат во групи. Идејата која се наметнува како резултат на овие наоди е дека доминацијата на едни поединци врз други е природен регулаторен механизам кој во хуманите заедници се одразува во начините на кој се артикулираат односите во општеството[19]. Но, хиерархиската структура ниту е биолошки инхерентна за сите животински видови (како на пример патките или карашот) ниту пак има ист облик и ригидност во сите опшетствени системи. Начинот на кој е стратификувано општеството е детерминирано од културата - некои општества имаат детално разработени и крути форми на доминација (на пример кастискиот систем во Индија), додека други вложуваат во изнаоѓање стратегии за максимална редукција на нееднаквоста.

Клучни елементи кои се во основа на високо изразени разлики во моќ се високо вреднување на моќта, изедначување на социјалниот статус со моќта и привилегиите, градење на односи на зависност на послабите од помоќните, автократско раководење и формални облици на обраќање (Hofstede et al., 2002).

Во општествата кадешто димензијата разлики во моќ е високо изразена, луѓето се недвосмислено и прилично фиксно поделени во категории според социјалниот статус, а однесувањето се канализира долж хиерархиската поставеност. Крајно непожелни облици на однесувања во овие заедници се критикувањето, одбивањето да се биде покорен во ситуации кога тоа се очекува од подредените, сомневање во компетентноста на авторитетите или инсистирање на права и еднаквост.

Обрасците на социјализација во култури со високо изразени разлики во моќ имплицираат учење да се биде покорен и послушен на авторитети. Вообичаено е на децата да се гледа како на некомпетентни и зависноста од другите се пролонгира до покасна возраст отколку во култури каде димензијата е ниско изразена. Важна задача која секој поединец мора да ја

[19] Меѓу најбрилијантните алузии за оваа сличност се Orwell-овата новела "Животинска фарма"(со познатата синтагма дека *Сите животни се еднакви, но некои се поеднакви од другите* ) и песната"Во матна вода" на Ѓ. Балашевиќ.

совлада е да го познава формалниот код на обраќање (вербално и невербално) на другите долж хиерархијата.

Општество со највисоко изразени разлики во моќ е Малезија, потоа јужноамериканските, арапските и балканските земји, додека со ниско изразени разлики во моќ се скандинавските земји и САД (Додаток 1). Емпириските податоци ја позиционираат Србија на четврто место на ранг листата. Хрватска и Словенија имаат пониски индекси на разлики во моќ, но сепак припаѓаат на кластерот хиерархизирани култури. На Табела 2 се прикажани клучните разлики помеѓу заедниците со високо изразени и ниско изразени разлики во моќ.

**Релевантни емпириски истражувања**

Истражувањата за релациите од изразеноста на оваа димензија се фокусирани на неколку сфери: (1) семејни односи, (2) школски систем, (3) работна средина, (4) политички системи.

(1) Во културите со високо изразени разлики на моќ, децата се учат на покорност. Hofstede (2001) ги соопштува наодите од Светското истражување на вредностите од периодот 1990-1993, според кое индексот на разлики во моќ позитивно корелира со послушноста ($\rho$=0,69**) и тенденцијата за напорно работење ($\rho$ = 0,65**), а негативно со независноста ($\rho$ = 0,66**). Истите податоци ги доведуваат во позитивна корелација високиот индекс на разлики во моќ со тенденцијата неможноста да се има деца да биде перципирана како доволна причина за развод (r= 0,79**), што се смета за последица на потребата да се манифестира авторитет над децата. Joshi & Mac Lean (1997) наоѓаат дека во средините каде оваа димензија е високо изразена, мајките многу подоцна очекуваат од децата да бидат компетентни во самостојно извршување на задачите. Кога пак се споредуваат култури со средно изразени разлики во моќ, во оние со поизразени, мајките очекуваат порано од децата компетентност во врска со грижа за себе си отколку во врска со социјални релации.

(2) Во областа на школскиот систем, претпоставени се многубројни врски, но емпириска верификација засега е добиена само за една -релацијата помеѓу наставниот кадар и учениците. Spencer-Oatey (1997) соопштува дека во

културите со високи разлики во моќ односот помеѓу наставникот и учениците се опишува многу слично како односот дете-татко, додека во оние каде разликата е ниска, постои еднаквост но не и блискост[20].

(3) Општествата кои се разликуваат на оваа димензија креираат различен тип на организации и имаат различни очекувања од раководната структура. Емпириските податоци на Hofstede (2001) покажуваат дека во средини со ниски разлики во моќ, вработените високо го вреднуваат менаџерот кој се консулира со нив пред да донесе некаква важна одлука, додека во оние со високо изразени разлики, се прифаќа менаџер од патерналистички тип. Тој го соопштува и наодот на Williams et al. (1966) според кој во земји со високи разлики во моќ постои позитивна корелација помеѓу зачестеноста на супервизијата и задоволството од работа, додека во земјите со низок индекс на разлики во моќ релацијата е обратна. Brinbaum & Wong (1985) пак, откриваат дека во култури со високи разлики во моќ, сатисфакцијата од работата расте со степенот на централизација на донесувањето одлуки (според Hofstede, 2001).

(4) Во културите со пониски разлики во моќ, статусот, материјалното богатство и моќта, не само што не мора да коинцидираат, туку и се смета дека несовпаѓањето е пожелно. Револуциите не се популарни и се смета дека еволуцијата е подобар начин за промена на општествените односи. Ingelhart (1997) презентира студија во која испитаници од 17 развиени земји се прашувани дали револуцијата е решение за радикални промени во системот. Иако генерално само мал процент од испитаниците се согласуваат со тврдењето, анализата покажува значајна поврзаност помеѓу степенот на согласност и индексот на разлики во моќ. Истиот извор наведува дека со растот на индексот на разлики во моќ расте и фреквенцијата во одговорите дека за политиката често се дискутира меѓу луѓето. Hofstede (2001), анализирајќи ги податоците од Европската студија на вредности од 1981-2, заклучува дека индексот на разлики во моќ е во релација со преференција на генералните политички опции ($\rho=0{,}71^*$) - во парламентарните општества со високи разлики во моќ, освен што поларизацијата помеѓу левицата и десницата е поголема отколку во оние каде е пониско изразена оваа димензија, постои

[20] Кај нас на пример, сеуште е задржана компарацијата на учителките со "втора мајка." на учениците.

тенденција да се гласа за центарот. Во земјите со ниски разлики во моќ, најпопуларна е левицата. Исто така, тој наведува дека еден од најмоќните предиктори на корумпираноста (после бруто националниот доход и индивидуализмот) е степенот на хиерархизација на општетството. Индексот на разлики во моќ и степенот на корумпираност на општеството се поврзани преку тенденцијата во општествата со високи разлики во моќ, да не постои можност за институционализирана проверка на тоа како се користи моќта. Така, таа може да биде употребена и за илегално стекнување на богатство. Van de Vliert et al (1999), врз основа на извештаите за вооружени внатрешни конфликти во периодот од 1948-1977, наоѓаат врска помеѓу индексот на разлики во моќ и внатрешно политичко насилство (r=0,51**). Интересно е дека поврзаноста е криволиниска-најголем удел во неа имаат земјите со средно изразени разлики во моќ, бидејќи оние каде хиерархиската структура е многу ригидна, воспоставуваат релативно стабилни авторитарни режими.

Табела 2. Општества со високи наспроти општества со ниски разлики во моќ: клучни разлики

| | Ниски разлики во моќ | Високи разлики во моќ |
|---|---|---|
| *Во семејството* | Родителите ги третираат децата како рамноправни со нив.<br>Децата треба да уживаат.<br>Брачната неплодност не е причина за развод.<br>Од децата се очекува да бидат социјално компетентни на рана возраст.<br>Децата немаат улога во сигурноста на родителите кога тие ќе остарат. | Родителите ги воспитуваат децата на покорност.<br>Се бара напорно работење од децата.<br>Брачната неплодност може да е причина за развод.<br>На децата се гледа како на некомпетентни до покасна возраст.<br>Децата треба да обезбедат сигурност на татковците во старечко доба. |
| *Во училишна средина* | Наставниците ги третираат учениците како рамноправни со нив.<br>Учениците ги третираат наставниците како рамноправни со нив.<br>Образованието е ориентирано кон учениците.<br>Учениците самостојно иницираат дискусии на час.<br>Наставниците се експерти коишто пренесуваат вистини без личен став.<br>Родителите може да застанат на страна на учениците против наставниците.<br>Квалитетот на образованието зависи од двонасочноста на комуникацијата.<br>Образованието е фокусирано на средно ниво.<br>Повеќе Нобелови награди по глава на жител. | Учениците се зависни од наставниците.<br>Учениците покажуваат почит кон наставниците и надвор од часовите.<br>Образованието е ориентирано кон наставниците.<br>Целата комуникација на часот е иницирана од наставниците.<br>Наставниците се гуруа кои пренесуваат лична мудрост.<br>Од родителите се очекува да се на страна на наставниците.<br>Квалитетот на образованието зависи од знаењето на наставникот.<br>Образованието е фокусирано на високо ниво.<br>Помалку Нобелови награди по глава на жител. |
| *Во работна средина* | Децентрализирано одлучување.<br>Рамни организациски пирамиди.<br>Малуброен супервизорски персонал.<br>Хиерархијата во организациите значи нееднаквост во улогите, воспоставена од конвенционални причини.<br>Идеалниот раководител е демократ.<br>Менаџерите се потпираат на искуството на персоналот.<br>Подредените очекуваат да бидат консултирани.<br>Консултативното лидерство води кон продуктивност и задоволство.<br>Прагматични релации меѓу надредениот и подредениот.<br>Злоупотребите на надредениот се канализираат институционално.<br>Привилегиите и стаусните симболи на надредените се исмеваат.<br>Тесен ранг на плата од врвот до дното.<br>Менаџерите се задоволни со платата.<br>Мануелната и чиновничката работа се ценат подеднакво. | Централизирано одлучување.<br>Високи организациски пирамиди.<br>Многуброен супервизорски персонал.<br>Хиерархијата во организациите ја одразува егзистенцијалната нееднаквост меѓу високата и ниската класа.<br>Идеалниот раководител е автократ.<br>Менаџерите се потпираат на формални правила.<br>Подредените очекуваат да им биде кажано (наредено).<br>Авторитативното лидерство и надзор водат кон продуктивност и задоволство.<br>Поларизирани и емоционални релации меѓу надредениот и подредениот.<br>Не постојат начини за одбрана од злоупотреби на надредениот.<br>Привилегиите и стаусните симболи на надредените се очекувани и популарни.<br>Широк ранг на плата од врвот до дното.<br>Менаџерите не се задоволни со платата.<br>Чиновничката работа се цени повеќе од мануелната. |



## *Димензија ИЗБЕГНУВАЊЕ НЕИЗВЕСНОСТ*

Подобро врапче во рака отколку голуб на гранка.
Стравот лозјето го чува.
*Македонски народни поговорки*

Подобро денес помалку, отколку ветување за утре наутро.
Биди верен, но не верувај.
*Албански народни поговорки*

*Потребата за сигурност, ред и структура е универзална. Но, постојат заедници кадешто извесноста се цени до тој степен, што и најмало отстапување од пропишаните норми се смета за девијантно, и такви кои правилата ги третираат како конвенционални и лесно ги прилагодуваaат на ситуациите.*

*Типичен семеен императив на нашата средина за тоа како се изразува добронамерноста кон децата е не само да се информираат на опасностите кои демнеат во околината, туку и да се заштитат од нив со рестрикција на можноста да западнат во непредвидлива ситуација. Истовремено, во рамките на формалната едукација, тренираат да научат што е можно поголем број утврдени апсолутни вистини за светот. Така, наскоро и тие ќе можат да станат дел од бројните "експерти" за негативна стереотипизација и отфрлање на се што е различно од познатото и општо прифатеното.*

**Дефиниција**

Димензијата **избегнување неизвесност** (uncertainty avoidance) е поврзана со нивото на толеранција на заедницата на неструктурирани ситиуации. Дефинирана е како "*степен до кој припадниците на дадена култура се чувствуваат загрозени од неизвесни или непознати ситуации*" (Hofstede, 2001, стр. 161). Оваа димензија е репрезент на нивото на колективна анксиозност и начините на кои заедницата се справува со неа. Културите со високо ниво на анксиозност, развиле неколку начини на контрола: ритуализираност на секојдневните интеракции, затвореност кон новини и отстапувања од нормите, потреба да се трага по апсолутна вистина и висок степен на експресивност во комуникација на емоциите.

Во културите со ниско ниво на анксиозност, високо се вреднува креативноста, двосмислените и неодредени ситуации не предизвикуваат стрес и непријатност, туку напротив, се третираат како можност за откривање и раст, разликите и девијантните појави не се сметаат за загрозувачки, а правилата се сведени на краен можен минимум и лесно се менуваат. Начините на кои се

разликуваат општествата со високо наспроти ниско изразено избегнување неизвесност во различни домени на живеење се прикажани во Табела 3.

**Потекло на димензијата**

Секоја индивидуа се соочува со базични животни факти како што се неповратноста на времето, конечноста на животот и ограничената моќ за контрола на различни екстерни фактори. Свесноста за тоа дека животот е ограничен а сепак ќе трае, заедно со немоќта да се предвиди иднината, генерираат анксиозност. Сите човечки заедници развиваат начини за справување со оваа тензија произведена од неизвесност во врска со иднината. Одговор на оваа задача се сите културни продукти коишто ја редуцираат неизвесноста низ востпоставување на структура којашто поединецот може да ја предвиди и да ѝ се прилагоди: религиозните системи, законите, и во крајна линија- науката и технологијата.

Социјализацијата во култури со високо избегнување неизвесност е фокусирана на раздвојување на чисто од нечисто, пожелно од непожелно, вистина од лага. Високо анксиозните родители, кои стресот го празнат преку дезинхибирана експресија на емоциите, очекуваат од децата да се прилагодат на веќе поставените шеми на однесување. Правилата се поставуваат пред луѓето и нивните потреби[21] - оној којшто не може да им се прилагоди се смета за проблем во семејството. Децата растат во релативно параноидна и ксенофобична атмосфера, бидејќи инсистирањето на јасност, ред и чистотија се разрешува преку екстернализација на непожелните делови на селфот врз други луѓе или групи (Volkan, 1997; Кениг, 2000a). На истиот образец подлежат дури и идеите, бидејќи и тие можат да бидат третирани како загрозувачи на чистотијата и воспоставениот ред. Така, традиционализмот станува пожелен, а новите искуства се сметаат за опасни.

Од досега испитаните општества, избегнувањето неизвесност е типично за балканските народи - Грција е прва на ранг листата а земјите на поранешна

[21] Ваквото инсистирање може да започне уште од првите денови на живототот - на пример, постојат култури во кои се настојува бебињата да се дојат на точно определени временски интервали за да "се доведат во ред", наместо да се следат нивните сигнали за тоа дали се гладни.

Југославија ги имаат следниве позиции: Србија четврто, Хрватска единаесето и Словенија десето место. Во Шведска, Хонг Конг, Ирска и Велика Британија избегнувањето неизвесност е најниско (Додаток 1).

**Релевантни емпириски истражувања**

Истражувањата на корелатите на оваа димензија може да се сместат во неколку области: (1) национализам и ксенофобија, (2) легислатива, (3) добросостојба, (4) потрошувачко однесување, (5) работна средина, (6) училишна средина и (7) емоции.

(1) Во истражувањето за етнолингвистичкиот идентитет, Gudykunst и Nashida (1989) наоѓаат дека испитаниците од култури со ниско изразено избегнување неизвесност гледаат на статусот на својата култура и јазик од позитивна перспектива, додека оние кои живеат во средина со високо избегнување неизвесност, сметаат дека на локално ниво, културата и јазикот немаат особено висок статус, но затоа пак проценуваат дека на меѓународно ниво, тие имаат многу повисока цена[22]. Овој наод тие го интерпретираат како компензација на анксиозноста (инфериорноста) преку етноцентризам.

Специјалното издание на Еуробарометар, *Расизам и ксенофобија во Европа*, издадено врз основа на истражување од 1977, соопштува дека степенот на изразеност на оваа димензија е најдобар предиктор на ставот за враќањето на имигрантите кои доаѓаат од неевропските земји (според Hofstede, 2001). Земјите во кои е доминантен негативниот став кон доселениците се оние кои се идентификувани како култури со поизразена нетолеранција на неизвесност.

Abalakina-Paap et al. (2001) наоѓаат поврзаност помеѓу избегнувањето неизвесност како културна димензија, анксиозноста и помнењето на негативно наспроти позитивно конотирани информации за сопствената култура; доколку испитаниците доаѓаат од култури кадешто анксиозноста е висока, доаѓа до трансформација на негативните информации и нивно неутрализирање.

---

[22] Интересно е да се забележи дека многу честа констатација која провејува низ медиумите и колоквијалните дискурси во Македонија е дека ние самите не знаеме да си ја цениме културата и јазикот, додека светот ни оддава многубројни признанија за истите.

(2) Генерално, високото ниво на избегнување неизвесност во заедницата, резултира со фабрикување на голем број закони, но довербата во правниот систем и во нивната ефикасност е мала. Gibson & Caldiera (1996) наоѓаат дека нивото на оваа димензија корелира со чувството дека законите се всушност дизајнирани против поединци (r=0,88**) и дека иако постојат закони, не постои владеење на правото (r=0,78**).

Marphy-Berman & Berman (2002) сугерираат на можноста за различна концепција за правичност во контекст на изразеноста на оваа димензија. Нивните податоци укажуваат на постоење тенденција во оние култури коишто се ориентирани кон избегнување неизвесност, праведното судење да се гледа повеќе низ призма на потребите отколку заслугите.

(3) Веќе споменатата студија на Diener & Diener (1995) укажува на негативна поврзаност помеѓу општата добросостојба и индексот на избегнување неизвесност, но откако ќе се екстрахира влијанието на матријалното богатство на земјата. Hofstede (2001) исто така ги споменува и меѓународната студија на Hastings & Hastings (1981) во која е пронајдена позитивна корелација (r=0,59*) помеѓу ниското избегнување неизвесност и чувството на лична среќа, како и истражувањето на Veenhoven (1993), каде помеѓу овие две варијабли, во услови на релативно еднакво национално богатство, корелацијата изнесува r= 0,64**.

(4) Во сферата на потрошувачкото однесување, Hofstede (2001) соопштува огромен број на корелации. Голем дел од нив звучат дури и тривијално ако се ставени надвор од контекстот на интерес за тоа во која култура може да се очекува поголема или помала побарувачка на одредени производи. На пример, во земјите со повисоко избегнување неизвесност значително повеќе се трошат детергенти за перење (r = 0,63**) а помалку кармин за уста (r=-0,90**) и маскара (r= -0,64**), помалку се купуваат акции (r=-0,64**), помалку се јаде сладолед (r=-0,76**) и замрзната храна (r=-0,69**). Овие, како и останатите податоци кои припаѓаат на овој домен, се толкувани пред сé во светло на потребата да се биде чист, т.е. да се избегнат ризици.

(5) Генерално, оваа димезија е поврзана со преференција на структура, централизација и неприфаќање новини во работната средина. Hofstede (2001) соопштува податоци од испитување на OECD од 1997 според кое во 17 европски земји, степенот на изразеност на избегнување неизвесност статистички значајно корелира со должината на останување на едно работно место, како и од студијата на Wildeman (1999), според која оваа димензија високо корелира со бројот на само-вработени индивидуи. Исто така, во културите каде постои тенденција за избегнување неизвесност, компетенциите и работното место мора да бидат многу јасно дефинирани и усогласени (Laurent, 1983; според Hofstede, 2001).

(6) Иако теориските претпоставки за консеквенците од оваа димензија врз образовниот систем се многубројни, досега се направени многу малку студии кои ги потврдуваат. Chandler et al. (1983) публикуваат наод според кој атрибуцијата на успех на учениците како исход од нивната способност и индексот на избегнување неизвесност во културата од која потекнуваат испитаниците корелираат негативно (r=-0,87**). Наодот се објаснува со потреба за редукција на личната одговорност, којашто е типична за култури со високо изразена анксиозност. Оваа димензија, исто така, корелира со толеранцијата на локални дијалекти во академска средина - пониското избегнување неизвесност резултира со прифаќање на различните дијалектни верзии на јазикот (Gerittsen, 1995; според Hofstede, 2001).

(7) Експресијата на емоции е поврзана со анксиозноста на тој начин што овозможува редукција на тензијата. Претпоставката на Schimmack (1996) дека експозицијата на видливо манифестирање на чувствата обезбедува заедниците со изразено избегнување неизвесност да бидат истовремено помалку сензитивни на препознавање на различни емоционални состојби (освен стравот) не е еднозначно потврдена. Matsumoto (1989) ја предвидува оваа појава врз основа на неговата опсервација дека културите со високо избегнување неизвесност развиваат институционализирани кодови за препознавање на емоциите, па следствено на тоа, се потпират на нив а не на знаците кои ги нуди фацијалната експресија (според Hofstede, 2001). Доколку пак се земе предвид

дистанцата помеѓу културите, дефинирана и како физичка оддалеченост, но и во однос на разликите во димензиите, се забележуваа врска помеѓу успехот во детекција на емоционалната состојба и блискоста на културите (Elfenbein & Ambady, 2003). Сепак, треба да се земе предвид дека критичарите на последниот пристап, кои ја доведуваат во прашање примарноста на културните димензии при успешноста во детекција на емоциите, ги ограничуваат истражувачките нацрти на прилично вештачки експериментални ситуации, со што директно ја погодуваат суштинската карактеристика на димензијата - обезбедување на висок наспроти низок контекст на одвивање на комуникацијата.

Скорот добиен на оваа димензија корелира високо со експресијата на емоциите. Edelmann et al. (1989) наоѓаат врска помеѓу избегнувањето неизвесност и покажувањето на засраменост (r=0,98**), како и со успешноста во вербализација на емоциите (r= 0, 85*). Scherer & Wallbott (1994) соопштуваат значајни позитивни корелации на оваа димензија со невербално изразување на лутина кај мажите и чувство на вина кај двата пола (според Hofstede, 2001).

Табела 3. Општества со високо изразено избегнување на неизвесност наспроти ниско изразено избегнување на неизвесност: клучни разлики

| | **Ниско избегнување неизвесност** | **Високо избегнување неизвесност** |
|---|---|---|
| *Во семејството* | Родителите ги контролираат своите емоции. | Родителите се однесуваат емоционално. |
| | Поголемо задоволство од домашниот живот. | Помало задоволство од домашниот живот. |
| | Лабави правила за тоа што е нечисто или табу. | Крути правила за тоа што е нечисто или табу. |
| | Вистината е релативна. | Вистината е апсолутна. |
| | Ако децата не може да ги следат правилата, правилата се менуваат. | Ако децата не може да ги следат правилата, се сметаат за виновни. |
| | Се развива умерено суперего. | Се развива силно суперего. |
| | Децата учат дека светот е добронамерен. | Децата учат дека светот е хостилен. |
| | Децата се изложуваат на непознати ситуации. | Децата се заштитуваат од непознати ситуации. |
| | Се прифаќаат нетрадиционални родови улоги. | Се преферираат традиционални родови улоги. |
| *Во училишна средина* | Учениците очекуваат ситуации без готови решенија и дискусии. | Учениците очекуваат структурирани ситуации и правилни одговори. |
| | Наставникот може да каже "*Не знам*". | Наставникот треба да знае сѐ. |
| | Учениците учат дека вистината може да е релативна. | Учениците учат дека вистината е апсолутна. |
| | Успехот се атрибуира на способноста. | Успехот се атрибуира на напор и среќа. |
| | Учениците се чувствуваат како ефикасни. | Учениците се чувствуваат како неефикасни. |
| | Говорење на дијалект се цени. | Говорење на дијалект не се цени. |
| | Независноста на женските ученици се смета за важна. | Од ученичките се очекува традиционалната улога. |
| *Однесување* | Традиционалните детски приказни го нагласуваат мотивот за постигнување. | Традиционалните детски приказни го нагласуваат мотивот за сигурност. |
| | Во мотивацијата на луѓето, постои надеж за успех. | Во мотивацијата на луѓето, постои нагласен страв од неуспех. |
| | Се преферираат задачи со неизвесни исходи кои бараат решавање на проблеми. | Се преферираат задачи со јасни упатства и без ризик. |
| *Во работна средина* | Краткотрајно задржување на едно работно место. | Долготрајнотрајно задржување на едно работно место. |
| | Иноваторите се чувствуваат независни од правилата. | Иноваторите се чувствуваат зависни од правилата. |
| | Моќта на надредените зависи од позицијата и релациите. | Моќта на надредените зависи од контролата на неизвесноста. |
| | Грантови за многу нови патенти. | Грантови за малку нови патенти. |
| | Ориентација кон релациите. | Ориентација кон задачите. |
| | Флексибилното работно време не е привлечно. | Флексибилното работно време е многу популарно. |
| | Се верува во здрав разум. | Се верува во експерти. |
| | Надредените се оптимисти во врска со капацитетите на подредените. | Надредените се песимисти во врска со капацитетите на подредените. |
| | Прецизноста се учи. | Прецизноста е природна работа. |
| | Бунтовништвото победува. | Рационалноста победува. |



## *Димензија ИНДИВИДУАЛИЗАМ-КОЛЕКТИВИЗАМ*

Брат (сестра) само мајка раѓа.
Брат против брат - полош е од враг.

*Македонски народни поговорки*

Ако не делиш со брат, ќе делиш со ѓавол.
Од човек без брат, никој не се плаши.

*Албански народни поговорки*

*Ако како "нормално" однесување во средината во која живеете се подразбира безрезервно да примите роднини да живеат со вас сé додека тие мислат дека е потребно, или пак ако средината покажува сериозно негодување доколку вашиот став отскокнува од ставот на мнозинството, тогаш централна вредност околу која се градат нормите на односната култура е групната хармонија. Корелат на оваа вредност е културната димензија колективизам.*

### Дефиниција

Димензијата **индивидуализам-колективизам** (individualism - collectivism) се напластува околу вреднувањето на индивидуалната слобода наспроти групната хармонија. Hofstede ги дефинира половите на оваа димензија на следниот начин: "*Индивидуализмот се однесува на оние општества во кои врските помеѓу индивидуите се лабави: се очекува секој да се грижи за себе си и за најнепосредните членови на семејството. Колективизмот се однесува на општества во кои луѓето од раѓање па понатаму се интегрирани во кохезивни групи кои низ целиот живот играат заштитна улога за поединците во замена за нивната лојалност која не смее да биде доведена во прашање*" (Hofstede, 2001, стр. 225).

Додека во индивидуалистичките општества клучната дистинкција се прави на линијата "јас " наспроти "другите", во колективистичките предност има групниот идентитет, што продуцира приоритет на поделбата на реалноста во категории "ние" наспроти "тие". Идентитетот на индивидуата е во втор план и се изразува преку идентитетот на групата (најчесто семејството и лиетничката заедница), а се инсистира на минимизирање на интериндивидуалните разлики во групата, понекогаш на сметка на максимално зголемување и одржување на разликите помеѓу групите.

**Потекло на димензијата**

Во животинскиот свет постојат варијации во однос на грегарноста наспроти солитарноста на видовите. Човечкиот род, кој во основа е грегарен, формира заедници од различен тип (од нуклеарни семејства, проширени семејства до кланови или племиња) и со различен степен на кохезивност. Различните форми на колективно организирање генерираат различни норми кои го диктираат односот на индивидуата кон заедницата. Централен елемент на менталното програмирање коешто кореспондира со регулацијата на тој однос е селф-концептот. Во заедниците каде се градат цврсти врски помеѓу индивидуата и групата на која тој/таа ѝ припаѓа, селфот се дефинира преку групата. На пример, кинескиот термин кој означува поединец, го вклучува во себе и неговото/нејзиното непосредно социјално окружување, за да индивидуалната егзистенција воопшто добие смисол (Triandis, 1995).

Одредувањето на селфот во колективистичките култури е меѓузависно, додека во ндивидуалистичките е независно. Останатите норми што заедниците кои се разликуваат долж оваа димензија ги креираат за да ја поддржат кохезивноста односно независноста, се фокусираност на опстанокот наспроти хедонизам, пропустливост на границите јавно-приватно наспроти инсистирање на приватноста, партикуларизам наспроти универзализам, свесност за *нас* наспроти свесност за *мене* и комуникација одредена од контекстот наспроти директна комуникација.

Во колективистичките средини, децата низ социјализацијата развиваат односи на зависност и лојалност кон заедницата на која ѝ припаѓаат, бидејќи учат дека единствен начин да опстанат во средината е преку поддршка од заедницата. Во индивидуалистичките општества, децата од најмала возраст се подготвуваат на тоа дека во крајна инстанца, никој освен тие самите не се одговорни за сопствениот живот. Интересите на поединецот се поважни од интересите на групата на која ѝ припаѓа и кон која нема ни приближно толку интензивни емоции како кога би бил социјализиран во колективистичка средина.

Емпириските податоци од IBM студијата укажуваат на тоа дека типично индивидуалистички општества се САД, Австралија и Велика Британија, а колективистички ориентирани се Гватемала, Панама и Индонезија. Земјите на поранешна Југославија се разликуваат во изразеноста на оваа димензија: Србија е триесетиседма, Словенија триесетишеста. Помалку колективистичка од нив е Хрватска-триесетитрета на ранг листата, веднаш пред Грција.

**Релевантни емпириски истражувања**

Ако се суди по бројот на објавените статии, корпусот истражувања за консеквенците од оваа димензија се барем двоструко побројни од оние посветени на останатите кои се произлезени од Hofstede-овата IBM студија. Наодите може условно да се поделат во неколку области: (1) семеен живот, (2) образовен систем, (3) работни односи и организации, (4) идентитет (5) потрошувачко однесување, (6) добросостојба, (7) политички системи и легислатива.

(1) Во типичните колективистички општества, најмала единица која има сопствена егзистенција не е индивидуата, туку семејството. Затоа, логичка последица на оваа карактеристика е дека бројот на разводи на брак е во негативна корелација ($r=-0,76^{**}$)[23] со степенот на изразеност на колективизам (Lester, 1995). Buss (1990, според Hofstede, 2001) ги испитувал најважните критериуми за избор на брачен партнер, на примерок од над 10000 испитаници од 37 земји, анализирајќи ги низ призма на димензијата индивидуализам-колективизам. Студијата покажува дека универзално важни преферирани карактеристики се заемна љубов, емоционална стабилност, интелигенција и здравствена состојба. Но, во колективистички ориентираните општества, наспроти индивидуалистичките, откриена е тенденција да се преферира идната сопруга да биде на помлада возраст ($\rho=0,75^{**}$), да биде од материјално добростоечко семејство ($\rho=0,70^{**}$), вредна ($\rho=0,70^{**}$) и без предбрачно сексуално искуство ($\rho=0,57^{**}$). Кога се во прашање преференциите на

[23] Во анализата на податоците, секогаш кога се утврдуваат релациите на оваа димензија со други варијабли, се контролира дејството на богатството на земјата изразено преку просечен бруто национален производ.

девојките во врска со нивните идни сопрузи, во колективистичките земји сигнификантни корелации се пронајдени за истите наведени карактеристики, освен предбрачната невиност. Интересно е да се спомене дека во изразито колективистички средини, иако на романтичната љубов се гледа како на важен фактор за брачна среќа, таа не се перципира како природен услов на личен избор на партнер. Напротив, истражувањата правени во Индија на пример, укажуваат на тоа дека многу поголема е сатисфакцијата од договорените бракови во кои партнерите воопшто не се познаваат пред да се венчаат, отколку од браковите склопени од љубов.

Врз основа на податоците од Светското испитување на вредностите од 1990-93, Hofstede (2001) наоѓа дека долж оваа димензија, културите се разликуваат во поглед на тоа кои фактори ги сметаат за битни за опстанокот на бракот. Во земјите со индивидуалистичката ориентација тоа е можноста да се живее одделно од останатите роднини ($\rho=0,36^*$), а во колективистичките, согласувањето околу религиозните прашања ($\rho=0,37^*$) и адекватните примања ($\rho=0,35^*$).

(2) Со оглед на тоа дека алоцентричниот (креиран преку групата) наспроти идиоцентричниот (фокусирана на себе си како единствена индивидуа) идентитет формиран во семејното окружување продолжува да се развива во школските денови, заедниците кои се разликуваат на оваа димензија, креираат битно различни системи на образование. Boehnke et al. (1996, според Hofstede, 2001) соопштуваат дека во колективистичките земји, академскиот успех негативно корелира со агресивноста, додека во индивидуалистичките нема никакво значење по агресивноста. Од друга страна, ако само-ценењето е во позитивна корелација со успехот во индивидуалистичките општества, во колективистичките не е во никаква релација со школските резултати. Hwang et al. (2003) наоѓаат разлики во начинот на проценување на студентите поврзани со степенот на индивидуализам. Во индивидуалистичките општества, постигнувањето е во позитивна корелација со поставување прашања надвор од часот, а во негативна со прашување за време на часот, спротивно на колективистички ориентираните средини. Овој наод се поврзува со различните норми во врска

со одржување на добрата слика за себе - се смета дека во колективистичките средини, кога се поставуваат прашања пред останатите во класот, тоа се прави за да се остави впечаток за компетенција и продлабочени знаења.

(3) Ако во индивидуалистичките општества се очекува поединецот да работи за сопствените интереси, во колективистичките е најнормално да се застапува интересот на групата. Во тој контекст, непотизмот не се смета за неетички - напротив, кога се креираат хомогени работни средини што припаѓаат на иста група, се претпоставува дека ефикасноста во работењето ќе биде поголема. Во индивидуалистичките земји (Cutright, 1968; според Hofstede, 2001) децата многу полесно влегуваат во професионални полиња различни од тоа на таткото (ρ=-0,71**). Orpen (1982) во студијата на различни етнички групи во иста земја, помеѓу кои постојат разлики на оваaa димензија, наоѓа дека во колективистички ориентираните средини поддршката што се добива од останатите вработени е многу поважна отколку за индивидуалистичките. Исто така, идентификувано е и влијанието на културниот колективизам во однос на распределбата на наградите, односно вишоците во работните организации (Leung & Bond, 1984).

(4) Kashimma & Kashima (1998) наоѓаат дека дури и заменката *Јас* е исклучително ретко во употреба во колективистичките заедници. Bochner (1994) го дополнува овој наод со сознанието дека во колективистичките култури, самоопишувањето воглавно се пра̀ви преку опис на групата. Gudykunst et al. (1992) откриваат дека во луѓето од колективистичките култури тежнеат во поголема мерка да се идентификуваат со припадниците на својата група, Schimmack (1996) наоѓа дека тие се помалку успешни во препознавањето на емоционална експресија кај припадници на други етнички групи отколку припадниците на индивидуалистчките општества, а Bond & Smith (1996) известуваат и за поголем степен на конформизам кај луѓето од колективистичките заедници. Petrova et al. (2003) наоѓаат врска помеѓу културниот контекст и подготвеноста на потчинување и усогласување со останатите. Cialdini et al. (1999) детектираат врска помеѓу културниот колективизам и подготвеноста на усогласување во зависност од добивањето

социјална поддршка од другите. Hui & Villareal (1989) соопштуваат разлики во психолошките потреби - во индивидуалистичките средини се нагласува потребата за натпреварување и потпирање на себе си, а во колективистичките, потребата од социјална потврда. Grimm et al. (1999) откриваат дека постојат разлики во особините коишто себе си си ги припишуваат респонденти од култури со разлики во оваа димензија, кои пак кореспондираат на доминантните вредности околу кои таа се гради. Во истата студија, предвидените разлики во доминантните расположенија не се докажани. Сепак, одредени феномени се универзални: Krull et al. (1999), наспроти очекувањата, не наоѓаат значајни разлики помеѓу испитаници од индивидуалистички и колективистички култури во поглед на правење на тн. фундаментална атрибуциска грешка.

(5) Долж линиите на оваа димензија се градат и специфични потрошувачки стилови. Податоците од крос-културното истражување Еуродата 91, укажуваат на тоа дека во културите со високо изразен индивидуализам, типична е преференцијата на индивидуални куќи наспроти станови во зграда, купувањето осигурителни полиси, чувањето на домашни миленичиња (особено мачки!), купувањето книги како и впуштање во ´направи-сам´ активности (според Hofstede, 2001). Strohshneider (2002) наоѓа врска помеѓу потрошувачката на одредени типови возила и индивидуализам /колективизам: во индивидуалистичките општества омилени се спортски двоседи и кабриолети, а во колективистичките - каравани.

(6) Од ориентацијата кон исполнување на очекувањата што ги имаат другите, карактеристична за колективистичките општества, произлегуваат и разликите кои ги соопштуваат Heine и Lehman (1999) - кај луѓето во колективистички култури постои многу поголема дискрепанца помеѓу идеалниот и реалниот селф отколку кај оние што живеат во индивидуалистички, но, кај првите не постои корелација помеѓу јазот и незадоволството од себе си. Wheeler и Youngmee (1997) откриваат дека среотипното гледање на физички конвенционално атрактивни лица како истовремено поспособни и помоќни, може да се открие во

индивидуалистичките заедници но не и во колективистичките. Таму, поатркативните индивидуи се стереотипизираат како повеќе склони кон грижа за другите, што е една од највисоко вреднуваните доблести. Општествата со нагласен индивидуализам ја дефинираат личната добросостојба преку можноста за себеизразување, чувството на посебност, супериорност и контролирање на сопствениот живот, додека во оние кои се повеќе колективистички, среќата се гледа во одржување на хармонијата со другите, а добросостојбата доаѓа од "состојба на не-барање на среќата" (Kitayama & Markus, 2000). Battencourt & Doll (1997) како важен медијатор во врската меѓу чувството на лична благосостојба во колективистичките зањедници, го идентификуваат чувството на колективно вреднување.

Tafarodi et al. (1999) потврдуваат дека во колективистичките и индивидуалистичките култури постојат разлики помеѓу тоа која димензија на себевреднувањето се нагласува: во првите, поединците го нагласуваат аспектот на компетентност, но го инхибираат самодопаѓањето, а во вторите е обратно. Се смета дека медијатор во овој феномен е нормата на одржување групна хармонија во колективистичките средини односно потребата за потпирање на самиот себе си во индивидуалистичките.

(7) Вредностите на коишто е заснована оваа културна димензија се одразуваат на карактеристиките на политичките режими. Béteille (1977) во својата анализа на разликите во третирањето на еднаквоста помеѓу луѓето во различни историски околности и општества, тврди дека индивидуализмот е поврзан со поддржување на пазарниот капитализам, компетицијата и политичката демократија. Се разбира, политичкото и економското уредување можат да се посматраат и како фактори кои ги обликуваат односите помеѓу луѓето и нивните вредности, но многу поизвесно е дека влијанието во обратен правец е посилно. Hofstede забележува дека "... *можностите да се влијае врз постоечките системи преку пропаганда, пари или оружје од други земји се ограничени. Ако умовите не се приемчиви на пораката, пропагандата и парите се веројатно залудно потрошени*" (Hofstede, 2001, стр. 246). Ова тврдење тој го илустрира со неуспехот на никарагванското движење *Контра* и

покрај огромната американската помош[24]. Анализирајќи ги податоците од *Светскиот водич за човекови права* од 1992 (World Human Rights Guide), тој утврдува дека почитувањето на човековите права дефинирани со *Повелбата на Обединетите нации*, е во релација со два фактори: богатството на земјата и степенот на изразеност на индивидуализам. Материјалните ресурси кои се на располагање на земјата се базичен услов, но, степенот на придржување кон правата на оние земји коишто се доволно богати за да можат да ги почитуваат, расте со степенот на изразеност на димензијата индивидуализам (r=0,73**).

Оваа димензија ги одредува и доминантните стратегии на разрешување конфликти. Leung (1992) ги тестирал ефектите споредувајќи две култури коишто се наоѓаат на екстремите на опозитите на димензијата и открил дека во колективистичка средина како што е Кина, се преферира пазарење и медијација, додека во индивидуалистичка, најчесто е употребува директно спротиставување. Gire & Carment (1993) пак, тврдат дека наодот е ефект на интерференцијата на високо изразената долгорочна ориентација во кинеската култура. Врз основа на своето истражување, тие сметаат дека во колективистичките заедници, нормата за групна хармонија и чување на честа (face saving) се менаџираат преку наклоност кон арбитрирање наспроти преговарање, кои пак се во употреба во индивидуалистички општества.

Мета-анализата на Holt & DeVore (2003) ги сите емпириски истражувања од оваа област укажува на тоа дека постои интеракциски ефект меѓу полот и димензијата индивидуализам-колективизам во однос на доминацијата на стратегиите за разрешување конфликти: а) независно од културата, жените повеќе се впуштаат во компромисно однесување а мажите во принудувачко, б) во индивидуалистичките култури попопуларно е принудувачко однесување отколку во колективистичките и в) во колективистичките култури, мажите многу почесто се повлекуваат, додека тој наод во индивидуалистичките култури важи повеќе за жените.

[24] Скорешна потврда, меѓу бројни останати е воената интервенција во Ирак.

Табела 4. Индивидуалистички наспроти колективистички ориентирани општества: клучни разлики

| | Низок индивидуализам | Висок индивидуализам |
|---|---|---|
| *Во семејството* | Луѓето живеат во заедница со роднини или се многу блиски со нив. | Луѓето живеат во нуклеарни семејства. |
| | Луѓето се класифицираат како воут гроупсг и вингроупсг. | Луѓето се класифицираат како поединци, индивидуи. |
| | Семејството обезбедува заштита во замена за доживотна лојалност. | Од децата се очекува да се грижат сами за себе што е можно порано. |
| | Силни семејни врски и чести контакти. | Слаби семејни врски и ретки контакти. |
| | Се размислува во *НИЕ* форма. | Се размислува во *ЈАС* форма. |
| | Силна вертикална интеграција: грижа за старите и за претците. | Старите сами се грижат за себе, претците се непознати и ирелевантни. |
| | Бракот без деца не е комплетен. | Да се нема деца е социјално прифатливо |
| | Се очекува мајкитеда живеат со децата во староста. | Се очекува мајките да живеат одделно од децата во староста. |
| | Никој никогаш не е сам. | Приватноста е нормална. |
| | Директната конфронтација се избегнува - важна е хармонијата. | Кажувањето "во очи" се смета за доблест, т.е чесност. |
| | Мислењата ги одредедува групата. | Ставот е индивидуална работа. |
| | Кон роднините постојат финансиски и ритуални обврски. | Финансиите се независни од родителите а ритуалите се малубројни. |
| | Заедништвото не бара зборување. | Средбите се наменети за разговарање. |
| | Пријателствата се детерминирани од припадноста на групата. | Постои потреба од специфични пријателства. |
| | Семејните врски може да се опресивни. | Тешко се формираат трајни врски. |
| | Прекршоците доведуваат до срам и губење на образот пред заедницата. | Прекршоците доведуваат до чувство на вина и губиток на самопочитување. |
| | Критериуми за избор на брачен партнер: возраст, богатство, работливост и невиност на невестата. | Критериумите за избор на брачен партнер не се претходно детерминирани. |
| | Браковите често се договорени. | Браковите се склопуваат поради љубов. |
| | Поретки разводи. | Почести разводи. |
| *Во училишна средина* | Наставниците ги третираат учениците како група. | Наставниците ги третираат учениците како поединци. |
| | Се обесхрабруваат индивидуални иницијативи на учениците. | Се охрабруваат индивидуални иницијативи на учениците. |
| | Учениците имаат традиционалистички и етноцентрични погледи. | Учениците имаат модерни погледи. |
| | Учениците очекуваат заштитнички однос од наставник од нивната група. | Групната припадност не е основа за очекување за различен третман. |
| | Педагошка мерка е засрамување. | Се почитува учениковото *јас*. |
| | Агресивното однесување на ученикот е штетно за академскиот успех. | Ученикот треба да има самодоверба за да постигне академски успех. |
| | Целта на образованието е да се научи како да се направи нешто. | Целта на образованието е да се научи како да се учи. |
| | Дипломите се влез во група со повисок статус. | Дипломите обезбедуваат повеќе самодоверба и економска добросостојба. |

*Продолжува* ▶

| | Низок индивидуализам | Висок индивидуализам |
|---|---|---|
| *Однесување и личност* | Однесување ориентирано кон потребите на другите. | Екстровертирано однесување. |
| | Ставовите кон другите зависат од нивната група припадност. | Ставовите кон другите не зависат од нивната група припадност. |
| | Спротиставувањето се избегнува. | Спротиставувањето е нормално. |
| | Конформистичко однесување. | Неконформистичко однесување. |
| | Жените изразуваат емоции помалку видливо од мажите. | Мажите изразуваат емоции помалку видливо од жените. |
| | Се охрабрува изразувањето на тага а се обесхрабрува изразувањето на радост. | Се охрабрува изразувањето на радост а се обесхрабрува изразувањето на тага. |
| | Побавно одење. | Побрзо одење. |
| | Активноста е наметната од контекстот. | Активноста е самоиницирана. |
| *Идентитет* | Ретко е во употреба заменката ЈАС. | Заменката ЈАС е неопходна за разбирање. |
| | Во странство, учениците имаат чувство дека нивниот јазик не се почитува. | Во странство, учениците имаат чувство дека нивниот јазик многу се почитува. |
| | Полот и религиската припадност се важни за идентитетот. | Полот и религиската припадност се малку важни за идентитетот. |
| | Селф-концептот се изразува преку групата. | Идиоцентричен селф-концепт. |
| *Здравје* | Справувањето со стресни ситуации е емоционално. | Справувањето со стрес е фокусирано на решавање на проблемот. |
| | Психотичните пациенти остануваат интегрирани во социјалната мрежа. | Психотичните пациенти се изолираат од социјалната мрежа. |
| | Помалку задоволство од здравствената заштита. | Повеќе задоволство од здравствената заштита. |
| | Хендикепот е срам за семејството. | Хендикепот е пречка што треба да се надмине. |
| | Хендикепот е извор на тага и песимизам. | Хендикепот е предизвик кој може да се надмине само со оптимизам. |
| | Помалку пари се трошат за здравствена заштита. | Повеќе пари се трошат за здравствена заштита. |
| *Домување* | Се живее во станови. | Се живее во куќи со дворови. |
| | Се живее со луѓе. | Се живее со кучиња и мачки. |
| | Помалку се чита и се употребува компјутер, повеќе се гледа ТВ. | Повеќе се чита, се употребува компјутер и телефонски "секретарки". |
| | Главен извор на информации е социјалната мрежа. | Главен извор на информации се медиумите. |
| | За домашните поправки се бара помош од блиските. | Домашните поправки се прават самостојно. |
| *Методи на менаџмент* | Се менаџираат групи а не поединци. | Се менаџираат поединци. |
| | Теории од индивидуална психологија се користат многу ограничено. | Теории базирани на индивидуална психологија се корисни. |
| | На вработениот треба да се гледа во контекст на групната припадност. | На вработениот може да се гледа како на поединец. |
| | Одржувањето на етничките врски во колективот е добро за продуктивноста. | Композицијата на работната група се базира на индивидуални критериуми. |
| | Инсентивите се даваат на групата. | Инсентивите се даваат на поединецот. |
| | Директното оценување на работните постигнувања е закана за хармонијата. | Директното оценување на работните постигнувања ја зголемува продуктивноста. |

*Продолжува* ▶

| | **Низок индивидуализам** | **Висок индивидуализам** |
|---|---|---|
| *Во работна средина* | Вработените дејствуваат пред се за бенефит на групата, не за себе си. | Од вработените се очекува да се однесуваат како гхоммо оецономусг . |
| | Вработувањето и унапредувањето е во релација со групната припадност. | Вработувањето и унапредувањето треба да се базираат на компетенција и правила. |
| | Роднини на работодавецот се преферирани кандидати за вработување. | Семејните релации се сметаат за проблем при вработувањето. |
| | Релацијата меѓу вработениот и работодавецот е како семејна врска. | Релацијата меѓу вработениот и работодавецот е како деловна врска. |
| | Лошото работење води кон друга задача. | Лошото работење води кон отпуштање. |
| | Приврзаноста на вработениот кон организацијата е ниска. | Приврзаноста на вработениот кон организацијата е висока. |
| | Тимската работа е попродуктивна. | Индивидуалната работа е попродуктивна. |
| | Личните односи се пред задачите и компанијата. | Задачите и компанијата се пред личните односи. |
| | Се верува во колективни одлуки. | Се верува во индивидуални одлуки. |
| | Информациите се споделуваат. | Информациите се кријат. |
| | Помалку грантови за иновации. | Повеќе грантови за иновации. |
| | Претприемачите ги признаваат заслугите на другите за успех. | Претприемачите не ги признаваат заслугите на другите за успех. |
| | Помала контрола над работните услови и помалку работни часови. | Поголема контрола над работните услови и повеќе работни часови. |
| | Помала социјална мобилност низ разни занимања. | Поголема социјална мобилност низ разни занимања. |
| | Менаџерите и вработените даваат заеднички извештаи за работењето. | Менаџерите и вработените даваат одделни извештаи за работењето. |



## *Димензија МАСКУЛИНОСТ-ФЕМИНИНОСТ*

Кога ќе се роди девојче, стреите на куќата плачат.

*Македонска народна поговорка*

Кој не работи како маж, седи и плаче како жена.

*Албанска народна поговорка.*

*Родовите разлики, манифестирани преку различните очекувани улоги, однесувања и социјални позиции, се распространети до тој степен што се сметаат за инхерентни на полот. Од најрана возраст, првите искуства во процесот на социјализација, се токму искуствата поврзани со разликите долж матрицата на половата бинарност. Одредени колективи и во различни историски периоди во различен степен инсистираат на одржување на половата дихотомизација.*

*Ако сте забележале дека продавачите, обидувајќи се да им помогнат на купувачите околу изборот на облека за новороденче прашувајќи дали им треба "машка" или" женска" боја, ако играчките со кои си играат женските и машките деца се неизоставно различни, ако улогите кои ги имаат мажите и жените во семејството се непроменливи и крути, тогаш сте се нашле во култура која е маскулина. Ова дотолку повеќе важи ако личниот успех е над сé, натпреварувањето е императив а релациите со другите луѓе се на втор план.*

### Дефиниција

Поделбата на половите улоги и вреднувањето на грижата за другите наспроти материјалните постигнувања, ја градат димензијата **маскулиност-фемининост** (masculinity-femininity). Како маскулини, можат да се опишат оние култури кадешто од мажите се очекува да бидат асертивни, силни и концентрирани на стекнување материјални добра, додека од жените се бара да манифестираат скромност, нежност, грижа за другите (особено во семејството) и субмисивност. Во феминините култури, скромноста и грижата за другите се очекуваат и од мажите и од жените. Освен што во маскулините култури границата помеѓу родовите улоги е јасна и ригидна, норма во односите помеѓу луѓето е натпреварувањето а победувањето важи за врвна вредност сама по себе. Главно оружје на жените во социјалното натпреварување е физичкиот изглед, додека мажите посегнуваат по разновидни облици на манифестирање на агресија (Hofstede et al., 2002). На другиот крај на континуумот се културите каде се очекува солидарност со помалку моќните и грижа за останатите и за околината, и високо се вреднува попустливоста и

емоционалноста, додека компетитивноста и себе-презентирањето во пожелно светло се иссмеваат. Начините на кои се разликуваат општествата со високо наспроти ниско изразена маскулиност во различни домени на живеење, се прикажани во Табела 5.

Бидејќи едната од компонентите преку кои е дефинирана маскулиноста/фемининоста како карактеристика на културите е степенот на компетитивност, односно тенденцијата за што е можно поголемо лично (его) постигнување, неретко доаѓа до поистоветување на оваа димензија со димензијата индивидуализам/колективизам. При тоа, маскулиноста се сфаќа како индивидуализам, бидејќи е опишан меѓудругото и како заинтересираност за постигнување и потхранување (развивање) на егото, додека фемининиот крај од континуумот, кој се препознава преку грижата за другите, се перципира како колективизам. Но, овие две димензии се статистички сосема независни бидејќи се изведени врз основа на ортогонални т.е некорелирани фактори. Его-потхранувањето, типично за маскулините култури, не мора да биде во колизија со групните цели и хармонија, исто како што грижата за другите и за меѓучовечките релации не мора да е ограничена само на сопствената група (ingroups). Пружањето помош на луѓе во невоља и тогаш кога се припадници на *другаша* група, го илустрира етосот на феминината димензија.

Конфузијата во врска со односите на моќ и димензијата маскулиност/фемининост, индивидуализам/колективизам и разлики во моќ, произлегува пак од неможноста да се разликуваат различните контексти во кои се манифестира моќта (Hofstede, 1998). Додека димензијата маскулиност/фемининост се напластува околу (не)рамнотежата на моќ помеѓу мажите и жените пред сé во семејното окружување, разликата во моќ како димензија ја одразува хиерархизацијата во рамките на целото општество - што освен полот, зема во предвид и многу други релевантни фактори. Индивидуализмот наспроти колективизмот пак, (во интеракција со економската добросостојба на земјата) игра улога во формирањето на легалните решенија поврзани со положбата на жените во општеството, што може, но и не мора секогаш да ги детерминира актуелните односи на моќ меѓу половите, особено во приватната сфера.

**Потекло на димензијата**

Hofstede смета дека оваа димензија произлегува од начините на коишто заедниците ги дефинираат улогите кои произлегуваат од биолошкиот пол на индивидуата. Овие пак, директно зависат од тоа какви се условите во коишто заедницата живее - суровоста на условите бара од мажите ориентација кон помагање и нега повеќе отколку ако окружувањето не е сериозен предизвик за опстанокот. Притоа, како клучна илустрација ги користи нордиските земји во коишто јазот помеѓу машката и женската улоги е најмал.

Независно од тоа како се објаснуваат родовите разлики (дали врз основа на биолошката детерминираност или на социјализацијата), две констатации во врска со нив се неспорни. Првата е дека историјата на човештвото е историја на поделба на социјалните улоги долж половите линии, која не се базира исклучиво на биолошките функции на прокреација, а втората е дека постојат историски и локални варијации во крутоста на дефинирањето на разликите.

Социјализацијата на родовите улоги на симболичен начин започнува уште од првиот ден по раѓањето - почнувајќи од тоа дека во најголем број современи општества полот го детерминира изборот на боја на облеката, видот на играчки, до низа на несвесни или свесни реакции и атрибуции на родителите и пошироката околина[25].

Највисоки скорови на полот фемининост имаат Шведска, Холандија и Норвешка, а на полот маскулиност -Јапонија и Австрија. Србија и Хрватска, според својата позиција припаѓаат на кластерот умерено феминини култури, а Словенија е изразено феминина.

**Релевантни емпириски истражувања**

Разликите помеѓу општетствата чие потекло се вредностите кои ја формулираат ова димензија ќе бидат презентирани низ следниве домени: (1)

[25] Класична илустрација за оваа појава е наодот од експериментот на Condry & Condry (1976), во кој на субјектите им е прикажувана видео-снимка на бебе кое плаче. Оние на кои им е кажано дека бебето е женско, плачот го атрибуирале на емоцијата страв, а оние кои верувале дека бебето е машко, плачењето го припишувале на емоцијата лутина. Експериментите се правени во маскулина култура.

семејство, родови улоги и сексуално однесување, (2) школски систем, (3) работни односи, (4) потрошувачко однесување и (5) политичко уредување и религија.

(1) Врз основа на резултатите од Светското истражување на вредностите спроведено во 1981-82 и 1990-93, Hofstede (2001) соопштува дека следниве вредности кои се однесуваат на семејниот живот ги диференцираат маскулините од феминините култури: важноста на бракот наспроти партнерската кохабитација, и (ако се контролира влијанието на добросостојбата на земјата) преференцијата жените да остануваат дома наместо да одат на работа. Понатаму, авторот соопштува позитивна корелација помеѓу бројот на деца во семејството и маскулиноста во сиромашните земји, но негативна корелација меѓу истите варијабли во богатите земји.

Студијата на Buss дискутирана во поглавието посветено на димензијата индивидуализам/колективизам, за преференциите во врска со изборот на брачен партнер, укажува и на важноста на димензијата маскулиност во одредување на идеалот. Иако оваа димензија нема директна улога во формирањето преференции ниту кај девојките ниту кај момчињата, таа статистички значајно корелира со *разликата* помеѓу желбите на испитаниците од двата пола, во однос на невиноста и работливоста на идниот партнер. Во маскулините општества, се очекува *само* од девојките да немаат никакво предбрачно сексуално искуство ($\rho$=0,39*). Згора на тоа, во овие општества работливоста се смета како многу поважна особина за идните сопруги отколку за идните сопрузи ($\rho$= -0,50**). Во феминините земји не се пронајдени разлики во однос на овие преферирани особини.

Во слично истражување, Hofstede (1996) наоѓа речиси перфектна поврзаност помеѓу маскулиноста на културата и јазот од очекувањата коишто испитаничките ги имаат во врска со нивните предбрачни и брачни партнери. Додека за најважни особини што треба да ги поседува партнерот во предбрачна врска ги сметаат чувствителноста, смислата за хумор и интелигенцијата, од идеалниот сопругот се очекуваат сосема други особини: здравје, материјално богатство и толеранција. Во феминините култури, жените

не пројавуваат слична тенденција - особините што ги сметаат пожелни кај партнерите во предбрачните релации се истите што ги перцепираат како важни и за сопрузите. Податоците од истражувањата во врска со посакуваните особини на партнерите може да се толкуваат во светло на етосот на поистоветување на семејниот и љубовниот живот кој се негува во феминините општества. Слични податоци може да се најдат и во истражувањето на Runge et al., 1981.

Foa et al. (1987; според Hofstede, 1998c) ги истражувале перцепциите на група хетеросексуалци и хомосексуалци во САД (маскулина) и Шведска (изразито феминина), во врска со љубовта и сексот. Во двете култури, сексот и љубовта се перцепираат како поразлични од страна на мажите отколку од страна на жените, иако генерално земено, Швеѓаните припишуваат помали разлики од Американците. Интересно е дека во маскулината култура е пронајдена следната полова разлика: меѓу жените, мажените жени сметаат дека љубовта и сексот имаат најмалку врска, по нив немажените, па лезбејките; меѓу мажите, најголема разлика гледаат геј-мажите, па неженетите мажи, а најмала - оние во брак.

Hofstede (1998c) известува дека постои значајна корелација помеѓу маскулиноста и негативен став кон абортус (ρ=0,49*), иако токму фаминините земји имаат најниска стапка на намерни прекинувања на бременоста. Маскулиноста на општеството е поврзано и со негативниот став кон хомосексуалноста (ρ=0,53*). Девојките од феминините култури значително помалку соопштуваат негативни чувства (вина, страв, срам, експлоатираност) во врска со предбрачните сексуални односи и повеќе употребуваат контрацептивни средства за разлика од нивните врснички во маскулините култури.

Поаѓајќи од претходно прибрани податоци за родовите стереотипи во 25 земји, Best & Williams (1998) истакнуваат дека разликите во стереотипите и нивното вреднување не се во релација со димензијата маскулиност, туку, наспроти очекувањата - коварираат со димензијата разлики во моќ. Она што скоровите на димензијата маскулиност може да го предвидат, е диференцираноста во себеопишувањето низ родово стереотипни

карактеристики (помала во маскулини средини!)[26] и тенденцијата на користење 'машки' особини кај жените за дескрипција на идеалниот селф во маскулини средини[27].

Van Rossum (1998) ги испитувал целите коишто испитаниците на единаесет годишна возраст соопштиле дека ги имаат додека си играат. Во релативно изразена маскулина средина (САД), постојат сигнификантни разлики во идеите на машките и женските деца за тоа која е целта на играњето. Следејќи ја категоризацијата на Taylor & Asher (1985, според Van Rossum, 1998) на игровните ориентации на адолесцентите, тој открива дека момчињата атрибуираат најголема важност на перформансата при играњето (да се победи, да се биде најдобар меѓу другите), додека за девојчињата е потипична ориентацијата кон одржување на позитивна интеракција (меѓусебно сложување и забава) и избегнување на негативни исходи (да не се биде надвор од играта, потреба за допаѓање на другите). Во поглед на четвртата игровна цел- ориентација кон правилата - полови разлики не се откриени. Наспроти ова, холандските момчиња и девојчиња, социјализирани во средина која по сите останати димензии наликува на американската, освен во поглед на изразената фемининост, не се разликуваат во поглед на атрибуираните цели.

Во маскулините култури, семејната атмосфера ја толерира експресијата на агресија, особено кај момчињата. Hastings & Hastings (1980; според Hofstede, 2001), во студијата на вредности на 5-10 годишни деца спроведена во пет земји со помош на проективни техники, соопштуваат наоди кои упатуваат на речиси перфектно совпаѓање на степенот на маскулиност во конкретната култура и

[26] За Hofstede, овој наод не мора да биде контрадикторен на неговата теорија; тој ја толкува оваа парадоксална ситуација на следниот начин: "*Во фемининиѿе земјц, реѕӣонденѿиѿе не се чувсѿвуваат инхибирани во класификацијаѿа на ӣридавкиѿе (особиниѿе) како ӣоврзани со мажиѿе или жениѿе, бидејќи ѿоа не ӣреѿӣосѿавува ӣозиѿивна или неѓаѿивна вредносна ӣроценка; жениѿе се исѿо ѿолку добри или лоши колку шѿо се и мажиѿе*" (1994, стр. 96).

[27] Интересно е да се забележи дека многу сличен наод е добиен кај адолесценти во нашата земја. Испитувањето на процесите на родова идентификација (Кениг, 2001) сугерираат различна улога на половата група како извор на социјален идентитет. Најдени се следниве тенденции: (а) девојките во помал степен емпатиски се идентификуваат со групата *жени*, отколку момчињата со групата *мажи*, (б) степенот на контра-идентификација на девојките со *жениѿе* е поголем отколку на момчињата со *мажиѿе* и (в) групата *мажи* е во поголем степен ивор на идеалистична идентификација за момчињата, отколку групата *жени* за девојчињата.

бројот на реакции на проективниот материјал кои се класифицирани како агресивни наспроти пацифистички (r=0,97**). Слични податоци во врска со маскулиноста и агресивноста може да се најдат во студиите на Cohen et al (1996) и Cohen & Nisbett (1997).

Stimpson et al. (2001) откриваат дека постојат крос-културни разлики во преференцијата на морал ориентиран кон грижа наспроти реципроцитет; во феминините култури, постои помала тенденција да се разликуваат двата типа на морално рассудување отколку во маскулините. Авторите наодот го објаснуваат со влијанието на двата социјализациски фактори: учење на родовите улоги и културниот контекст во којшто тие се дефинираат.

Врз основа на податоци од 36 земји, Arrindell (1989) наоѓа поврзаност помеѓу субјективното чувство на добросостојба и маскулиноста, но само кога е контролирано дејството на факторот национално богатство. Во посиромашните земји, луѓето повисоко ја проценуваат својата добросостојба доколку културата е маскулина, а во побогатите, ако е феминина.

(2) Истражувањата на последиците од маскулиноста/фемининоста во школско окружување, пред сé се фокусирани на компонента его-унапредување. На изедначени примероци студенти од изразено феминина и изразено маскулина средина, Verhulst et al. (1993, според Hofstede, 2001) им задавале прашалници за нивната самоперцепција на проблемите и постигнувањата во академски контекст. Пронајдени се значајни разлики во селф концептот: во маскулината култура, каде его-унапредувањето се смета за норма, студентите многу повеќе го припишуваат успехот на сопствената компетентност отколку на кој и да е друг фактор. Hofstede (1998) исто така забележува значајна корелација помеѓу маскулиноста на културата и субјективното високо рангирање на своите вештини и знаења ($\rho = 0,71^*$).

Hamilton et al. (1991), врз основа на опсервација на 19 одделенија во култури кои се разликуваат во степенот на изразеност на маскулиност (иако само неколку места на ранг-листата), известуваат дека вниманието кое се посветува на момчињата и на девојчињата не е еднакво. Во изразито маскулина култура, на потребите на машките ученици се респондира дури 2,6 пати повеќе, а во помалку маскулината култура, 2 пати повеќе. Авторите

претпоставуваат дека овие разлики не би се откриле во средини со изразена феминина димензија.

(3) Општо земено, оваа димензија се одразува на сферата на работењето и работните односи на тој начин што маскулините култури се фокусирани на заработувањето, сигурноста и содржината на работните задачи, додека за феминините култури многу поважни се меѓучовечките односи и физичките услови на работното место. Vunderink & Hofstede (1998) ги споредуваат степените на субјективна важност коишто испитаниците од изразито маскулина и изразито феминина култура им ги припишуваат на 22 работни цели. Нивниот наод може да се сумира низ два заклучоци: 1) во маскулино културно окружување, како најважни работни цели се издвојуваат заработувачката, напредувањето и придобивките, додека во феминино - тоа се слободата на работното место, уважувањето на мислењето од страна на шефот и можноста за дополнителна обука и 2) двата пола се разликуваат значително во вреднувањето на одредени работни цели и услови во маскулина култура, но не и во феминина. Маскулините и феминините култури се разликуваат поостро во однос на ставовите кон жените нивните капацитети на работното место, отколку во однос на улогите на двата пола во семејството (Chang, 1999).

Во маскулина средина, идеалниот менаџер е одлучен, асертивен и агресивен, а во феминина, малку видлив, склон на соработка и компромиси. Schein et al. (1996) во истражувањето на степенот на совпаѓање помеѓу половите стереотипи и сликата за успешен менаџер во релација со културната маскулиност, соопштуваат значајна корелација (r=-0,92*) меѓу маскулиноста на културата и степенот на припишани типично ´женски´ особини на дескрипциите на добар менаџер.

"Женскиот" конфликт помеѓу кариерата и семејството е понагласен во маскулино културно окружување. Etzion & Bailyn (1994; според Hofstede, 2001) го објаснуваат нивниот наод со разликите во појдовните точки на усогласување на обврските (семејство наспроти професија), иако уште поедноставен факт кој го изоставуваат е родовата поделба на обврските во домот.

(4) Користејќи податоци од неколку извори (Euromonitor, 1997, Readers Digest, 1991, и интервјуа со над 22500 испитаници), de Mooij (1998) открива дека во маскулините култури, купувањето е детерминирано од потребата да се покаже социјалниот статус. Затоа, увозната стока е поатрактивна од домашната (ρ = 0,52*), се купуваат помалку часовници со вредност под 100$ (ρ = 0,51*), накит (ρ = 0,66**), помалку се купуваат возила каравани (ρ = 0,57**), а сопствениците знаат детали околу моќноста на сопственото возило (ρ = 0,60**). Во феминините култури, помалку се верува на рекламите (ρ = -0,53*) и воопшто помалку се ужива во гледањето телевизија (ρ = -0,55*). Наспроти очекувањата за разлики во употребата на козметички средства долж линиите на оваа димензија, авторот открива само дека количината на употреба на деоtemplates е во негативна корелација со степенот на маскулиност на културата (ρ = -0,54*). За жал, тој испушта да го коментира токму овој наод. Истиот заслужува поголемо внимание бидејќи теоријата на Hofstede претпоставува дека во маскулините култури, жените го користат токму физичкиот изглед како главно "оружје" во интерперсоналните релации.

(5) Врз основа на податоците од Светското истражување на вредностите од 1990-93, Hofstede (2001) наоѓа дека во општествата со маскулина ориентација се преферира центарот како политичка платформа, додека во феминините е најпопуларна левицата. Од истите податоци заклучува и дека маскулините култури се тло каде се развива недоверба во синдикалните организации и помалку волонтерски активизам. Стиловите во разрешување конфликти исто така се развиваат и под влијание на оваа димензија (Leung, et al., 1990).

Табела 5. Општества со високо изразена маскулиност наспроти ниско изразена маскулиност: клучни разлики

| | **Ниска маскулиност** | **Висока маскулиност** |
|---|---|---|
| *Во семејството* | Слаба родова диференцираност во социјализацијата на децата. | Нагласена родова диференцираност во социјализацијата на децата. |
| | Слични модели: и таткото и мајката се справуваат со факти и со чувства. | Различни модели: таткото се справува со фактите а мајката со чувствата. |
| | И девојчињата и момчињата смеат да плачат, но не смеат да се тепаат. | Девојчињата смеат да плачат а момчињата смеат да се тепаат. |
| | Нема родови разлики во игрите на децата. | Изведбени игри кај момчињата, а релациони игри кај девојчињата. |
| | И момчињата и девојчињата учат да бидат скромни. | И момчињата и девојчињата учат да бидат амбициозни. |
| | Идеалниот партнер од спротивен пол сака деца и квалитен живот. | Идеалниот партнер од спротивен пол е успешен на работа. |
| | Поголемо задоволство од домот. | Помало задоволство од домот. |
| | Децата не изразуваат агресија. | Децата можат да изразат агресија. |
| | Важни се пријателите и познаниците. | Важно е семејството. |
| | Родителите стекнуваат љубов и почит. | Децата треба безусловно да ги сакаат и почитуваат родителите. |
| | Повеќе "диви"бракови. | Повеќе набрзина склопени бракови. |
| | Флексибилни семејни концепти. | Традиционални семејни концепти. |
| | Идентични стандарди за невестите и младоженците. | Невестите треба да се девици и работливи, а младоженците не мора. |
| | Мајките одлучуваат за бројот на децата во семејството. | Татковците одлучуваат за бројот на децата во семејството. |
| *Во училишна средина* | Се цени пријателски став на наставникот. | Се цени експертизата на наставникот. |
| | Неуспехот на школо е ситна работа. | Неуспехот на школо е катастрофа. |
| | Слабите ученици се пофалуваат јавно, за да се охрабрат. | Пофалбите се резервирани само за најуспешните. |
| | Нема натпреварувачки спортови во наставните програми. | Натпреварувачките спортови се дел од наставните програми. |
| | Просечниот ученик е норма. | Најдобриот ученик е норма. |
| | Учениците не ги третираат своите проблеми премногу сериозно. | Учениците ги третираат своите проблеми премногу сериозно. |
| | Сопствените постигнувања се вреднуваат помалку. | Сопствените постигнувања се вреднуваат многу. |
| | Малите деца ги подучуваат и жени и мажи. | Малите деца ги подучуваат само жени. |
| | Наставниците посветуваат еднакво внимание на момчињата и на девојчињата. | Наставниците посветуваат поголемо внимание на момчињата. |
| | Момчињата и девојчињата учат исти предмети. | Момчињата и девојчињата учат различни предмети. |
| | Мали полови разлики во перцептивните способности. | Големи полови разлики во перцептивните способности: машките аналитични а девојчињата контекстуални. |
| | Нема посебни наградувања. | Супериорните ученици се наградуваат. |
| *Купување* | Купеното служи за употреба. | Купеното служи за покажување статус. |
| | Помалку се верува во реклами. | Повеќе се верува во реклами. |
| | Силата на моторот на колата е неважна. | Силата на моторот на колата е важна. |
| | Странските производи не се привлечни. | Странските производи се привлечни. |
| | | *Продолжува* ▶ |

| | Ниска маскулиност | Висока маскулиност |
|---|---|---|
| *Во рабоѿна средина* | Се работи за да се живее. | Се живее за да се работи. |
| | Важни се рамноправноста, солидарноста и квалитетот на работниот живот. | Важни се правдата, натпреварувањето и изведбата на работносто место. |
| | Менаџерите се само вработени, како и сите останати. | Менаџерите се културни херои. |
| | Успешните менаџери имаат и маскулини и феминини карактеристики. | Успешните менаџери имаат само маскулини карактеристики. |
| | Жени менаџери не се реткост. | Жени менаџери се реткост. |
| | Менаџерите имаат скромни аспирации. | Менаџерите имаат големи аспирации. |
| | Мала подготвеност на менаџерите да го преместуваат семејството поради кариера. | Подготвеност на менаџерите да го преместуваат семејството поради кариера. |
| | Жените избираат шефови - жени. | Жените избираат шефови - мажи. |
| | Во апликациите за работа, кандидатите се претставуваат поскромно од реалното. | Во апликациите за работа, кандидатите ја "разубавувааат" реалноста. |
| | Повеќе отсуства поради боледување. | Помалку отсуства поради боледување. |
| | Помалку стрес на работното место. | Повеќе стрес на работното место. |
| | Се преферираат помали компании. | Се преферираат поголеми компании. |
| | Се преферираат помалку работни часови. | Се преферира поголема плата. |
| | Помал е јазот во висината на плата за мажите и жените. | Поголем е јазот во висината на плата за мажите и жените. |
| *Во родовиѿе улоѓи* | Поголема полова еднаквост во можностите за работа и образование, но само во побогатите земји. | Без разлика на богатството на земјата, можностите се поголеми за мажите. |
| | Значителна пропорција на жени на квалификувани и технички работни места. | Мала пропорција на жени на квалификувани и технички работни места. |
| | Социјализација во нетрадиционални родови улоги. | Социјализација во традиционални родови улоги. |
| | Жените се опишуваат себе си како покомпетитивни од мажите. | Мажите се опишуваат себе си како покомпетитивни од жените. |
| | Жените се опишуваат себе си со посебни особини. | Жените се опишуваат себе си со исти особини како и мажите. |
| | Родовите стереотипи се базирани на биолошките разлики. | Родовите стереотипи се специфични за општеството. |
| | *Мачо* однесувањето се иссмева. | Мажите се однесуваат во *мачо* манир, а жените во *марианизам* манир. |
| | Женската еманципација подразбира подеднаква оптовареност со работа за мажите и жените. | Женската еманципација подразбира жените да ги добијат позициите зафатени доминантно од мажи. |


СКОПСКО
СКОПСКО
СКОПСКО

## *Димензија КРАТКОРОЧНА ОРИЕНТАЦИЈА-ДОЛГОРОЧНА ОРИЕНТАЦИЈА*

**Дефиниција**

Фокусот на активностите во секојдневните интеракции ја одредува димензијата **долгорочна** наспроти **краткорочна ориентација** (long-term *versus* short term orientation). Кај културите кои ги карактеризира краткорочна ориентација, водечка вредност во меѓучовечките односи е моменталниот впечаток кој поединецот го остава пред другите, без разлика на последиците за подалечна иднина. Пожелни начини на однесување се реципроцитет, инсистирање на личен имиџ, трошење и брзи решенија, а крајно непожелни се скромноста, штедливоста и планирањето на далечната иднина. Оваа димензија речиси идеално се совпаѓа со конвенционалната поделба на западна наспроти источна култура.

**Потекло на димензијата**

Hofstede наоѓа врска помеѓу интензитетот на ова димензија и преваленцијата на одредени религиски и идеолошки системи и доктрини на конкртени територии. Хиндуизмот, будизмот, таоизмот и конфучиенизмот се разликуваат од јуадизмот, христијанството и исламот долж основните филозофски линии на резонирање. Последните три религии споделуваат заеднички корени; сите три се потпираат на догматско прифаќање на апсолутната Вистина напишана во светата книга. За разлика од нив, таоизмот и учењето на Конфучие се во основа нерелигиски етички системи, но тие, како и будизмот ги нагласуваат ограничувањата на човечкиот ум да дојдат до апсолутна вистина.

Социјализацијата на децата во културите со изразена краткорочна ориентација битно се разликува од социјализацијата во култури со долгорочна ориентација - додека првите се експонирани на модел на однос кон светот во кој треба "да се биде во чекор" со тоа колку трошат соседите и кои се модните трендови, да се почитуваат социјалните конвенции и ритуали, да се внимава на реципроцитет во односите помеѓу луѓето и да се очекуваат непосредни

резултати од која и да е активност, вторите се учат на штедливост, ефикасност на долги патеки и релативноста на вистината.

**Релевантни емпириски истражувања**

За најскоро откриената димензија постојат најмал број студии кои ги утврдуваат предвидените врски помеѓу неа и останатите појави. Светската студија за вредностите од 1990-93 (Ingelhart, Basanez & Moreno, 1998; според Hofstede, 2001), дава податоци за поврзаноста на оваа димензија со неколку варијабли. Во културите со изразена долгорочна ориентација постои тенденција да не се придава важност на слободното време (r=-0,51*) и на толеранцијата и респектот за другите луѓе (r= -0,58*). Без разлика на тоа што земјите кај коишто оваа димензија е високо изразена припаѓаат и на групата богати (Јапонија) и посиромашни (Бразил), за највисоко ценета вредност и особина која децата треба да ја научат во текот на раната социјализација се смета штедливоста (r= 0,70**). Во овие средини, се смета дека живеењето одвоено од родителите и согласувањето на интересите на партнерите не е важно за успехот на бракот (r=0,60* и r=0,51*), како и дека децата ќе страдаат доколку мајките се вработени надвор од дома (r=0,52*).

Во споменататата студија за навиките на консументите, de Mooij (1998) наоѓа дека долгорочната ориентација е во негативна корелација со инвестирање во заеднички фондови (ρ=- 0,66**) а во позитивна со користење кредитна картичка (ρ=0,54*).

* * * *

На крајот од ова поглавие, треба да се напомене дека како и во другите сфери на истражување, така и во однос на културните димензии, се чини дека перзистира тенденцијата како важни наоди да се третираат само оние каде се најдени разлики. Така, најдени се мал број истражувања, како на пример истражувањето на Vandenberghe et al. (2001) кои соопштуваат дека димензиите не се модератор на разлики во однос на некоја испитувана варијабла.

Табела 6. Општества со високо изразена долгорочна ориентација наспроти ниско изразена долгорочна ориентација: клучни разлики

| | **Ниска долгорочна ориентација** | **Висока долгорочна ориентација** |
|---|---|---|
| *Во семејството и меѓучовечките релации* | Децата треба да научат да ги толерираат и да ги почитуваат другите луѓе. | Децата треба да научат скромност и штедливост. |
| | На децата им се дарува во име на љубов и градење на нивниот селф-концепт. | На децата им се дарува за да се подучат. |
| | Сите браќа и сестри се еднакви. | Постои хиерахија помеѓу помладите и постарите браќа и сестри. |
| | Живеењето со роднини е проблем. | Живеењето со роднини не е проблем. |
| | Се смета дека претшколските деца не мора да патат ако мајката работи. | Се смета дека претшколските деца патат ако мајката работи. |
| | Партнерите треба да споделуваат вкусови и интереси. | Партнерите не мора да споделуваат вкусови и интереси. |
| | Бракот треба да трае и ако љубовта исчезнала. | Ако љубовта исчезнала од бракот, треба да се направи нов почеток. |
| | Понизноста е женска доблест. | Понизноста е општо човечка доблест. |
| | Младите девојки очекуваат чувства од партнерот пред брак, но не и од сопругот. | Младите девојки очекуваат чувства од сопругот. |
| | Помалку задоволство од секојдневните односи со луѓето. | Повеќе задоволство од секојдневните односи со луѓето. |
| | Се перципира дека староста настапува порано. | Се перципира дека староста настапува покасно, како убав животен период. |
| | Семејниот и работниот живот се одвоени. | Семејниот и работниот живот не се одвоени. |
| | Треба да се добие според способностите. | Луѓето треба да бидат што поеднакви. |
| *Начин на мислење* | Пробабилистичко мислење. | Мислење "се или ништо". |
| | Потреба за когнитивна конзистентност. | Спротивностите се надополнуваат. |
| | Аналитичко мислење. | Синтетичко мислење. |
| | Помало постигнување на базични математички задачи. | Повисоко постигнување на базични математички задачи. |
| | Се учат краткорочни доблести. | Се учат долгорочни доблести. |

## *Стабилност на димензиите и промена на културите*

Националните културни димензии се прилично стабилни низ времето, бидејќи институциите во кои се вградуваат обезбедуваат саморегулација на нивно одржување низ генерации. Движечката сила за промени во културните димензии може да дојде надвор од релативно затворениот систем на институции кои се всушност продукт на доминантните системи на вредности: од масивни природни промени (на пример климатски) или почесто, како

резултат на екстерна економска или политичка доминација или технолошки револуции[28]. Hofstede (2001) спекулира дека видливи придвижувања во однос на некоја димензија може да се направат само за големи временски периоди, на пример од стотина години.

Но, кога се зборува за стабилноста на културата, треба да се внимава дека таа може да се разгледува од две перспективи. Едната (која се случува под дејство на гореспоменатите фактори), е можноста за промена во апсолутна смисла, односно менување на димензијата во однос на нејзиниот интензитет низ времето. Другиот аспект од којшто може да се разгледува промената е ралативниот, а се однесува на можноста националните култури да се променат на тој начин што компарирани помеѓу себе, ќе се приближат една кон друга или ќе ја променат позицијата во однос на некоја друга култура. Според Hofstede (2001), вториот начин на промена е многу помалку веројатен во современи услови, бидејќи а) надворешните придвижувачи вообичаено не погодуваат една изолирана култура, туку имаат дејство и врз останататите б) интензитетот на дејството на надворешните агенси на промена е детерминиран од постоечките културни димензии.

Со оглед на тоа дека студијата е реплицирана, постојат податоци за тоа колкави се и во кој правец се движат промените на секоја од мерените димензии. Најбрзо менлива димензија, со оглед на тоа дека коварира со материјалната добросостојба на земјата, е индивидуализам-колективизам. Податоците од IBM студијата покажуваат јасно зголемување на скорот на индивидуализам во периодот од 1967-9 до 1971-3 во сите земји во кои истовремено е зголемен и бруто националниот доход (во просек +20 бода). Во Пакистан, единствената земја кадешто дошло до опаѓање на стандардот за тој временски период, забележан е пад во (и онака најнискиот од испитуваните) скорот на оваа димензија. Друга интересна појава е дека идентичниот бруто национален доход во Велика Британија и Хонг Конг во 1993 година придонел кон апсолутно зголемување на скоровите на овие две земји на димензијата индивидуализам (во споредба со мерењето од 1973), но не и кон бришење на општествените разлики, односно кон потполна конвергенција на позицијата на

[28] Како најскорешна технолошка револуција може да се смета интернетот, кој на пример, би требало да направи значителнини промени во степенот на толеранција на различноста и на новитетите.

целокупната ранг-листа. Јазот меѓу двете земји во поглед на димензијата се намалил, но не исчезнал.

Скоровите на димензијата маскулиност-фемининост, од едно до друго мерење во истите години, во просек се зголемени за 5 бода (приближени кон полот фемининост). Најмаскулината земја, Австрија, во 1971 добила скор за 5 бода повисок од претходниот, додека кај најфеминината- Шведска- скорот е намален за 2 бода. Ова е уште еден убедлив пример за тоа дека во текот на времето, не мора да дојде до конвергенција на скоровите на димензиите. И покрај тоа што овие две земји по многу социолошки параметри може да се сметаат за слични, не доаѓа до нивно приближување во поглед на димензијата. Она што може попрво да се очекува, е најголемиот број култури да се придвижуваат во одреден правец долж димензијата (да ја зголемат или намалат маскулиноста) како резултат на некој општоважечки феномен (на пример, намалена стапка на раѓања во однос на минатото), но не и да се изнивелираат потполно разликите помеѓу нив.

Одговорите на прашањата врз основа на коишто се изведени димензиите избегнување неизвесност и разлики во моќ, не се менуваат со исто темпо од еден во друг наврат на мерење во рамките на IBM студијата. Кај димензијата избегнување неизвесност, единствено прашање што претрпело промени е прашањето за количината на стрес на работното место - за сите испитани земји тој пораснал, без разлика дали се работи за култури со висок или низок индекс на димензијата. Hofstede смета дека тоа се должи на зголемената анксиозност која настанува како последица на глобални економски кризи, објаснувајќи ги стабилните разлики во избегнувањето неизвесност на следниот начин: "*Кога нивото на анксиозност во земјата расте, расте и избегнувањето неизвесност. Ова е забележливо во нетолеранцијата, ксенофобијата, религиозниот и политички фанатизам и сите други дискутирани облици на на избегнување неизвесност. Водството преминува во раце на фанатици и тие ја вовлекуваат земјата во војна... После војната, стресот е олабавен, најпрво за земјите кои не биле директно вовлечени, а потоа и за оние кои почнуваат да се реконструираат*"(Hofstede, 2001, стр. 182).

Не мора да се оди многу station наназад во историјата за да се добие јасен впечаток дека јазовите во моќта долж линиите на социјалните стратуми, возрасните групи или половите се редуцираат. Иако нееднаквоста е сеуште реалност, многу се ретки општествата каде барем не е доведена во прашање нејзината легитимност. Но, повторно, тоа не значи дека општото намалување на разликите во моќ битно ја менува сликата за различниот интензитет на димензијата од една до друга земја. Две прашања од IBM студијата укажуваат на општ пад во оваа димензија, но затоа пак, две од корелираните прашања се менуваат во спротивна насока; намалена е фреквенцијата на согласување со тврдењето дека вработените изразуваат слободно несогласувања со менаџерот, како и со тврдењето дека менаџерот е подготвен да помогне. Понатамошната анализа открива дека оваа појава главно се однесува на групата земји со високи разлики во моќ, додека кај оние со ниски, нема промени. Генерално, не постојат аргументи кои укажуваат на тоа дека постои конвергенција на испитуваните култури кон понизок скор на димензијата разлики во моќ.

Стабилноста на димензиите досега е проверена и потврдена со две студии: истражувањето на Merritt (2000) кој репликацијата ја направил на испитаници-пилоти во 19 земји, и на Girlando и Zerillo (2005), коишто го повторуваат испитувањето на студенти во Италија и САД.

## *Употреба на сознанијата за димензиите*

Едно поле во коешто информациите во врска со културните димензии се корисни, претставува можноста за поуспешна интерпретација на наодите. Поседувањето на валидни информации за тоа како две или повеќе култури се разликуваат на супраиндивидуално ниво, претставува многу корисна референтна рамка за толкување на интериндивидуалните разлики најдени помеѓу поединци кои припаѓаат на тие култури. Ако културата на националниот колектив го обезбедува контекстот на споделени значења врз основа на споделени искуства, неговото занемарување неминовно доведува до заблуди во интерпретација на однесувањето на поединците. На пример, ако се споредуваат скоровите на две групи испитаници коишто потекнуваат од

култури со различен степен на изразеност на димензијата ориентација кон извесност, на варијаблата задоволство од животот, може да се очекува понизок групен скор за припадниците на заедницата којашто е поизразено ориентирана кон извесност. Без увид во влијанието на оваа димензија врз конкретната варијабла може да се навлезе во интерпретација на факторите кои го детерминираат чувството на поголема среќа кај едната наспроти другата група: економска добросостојба, сигурност на работата и сл[29]. Затоа мошне важно прашање на кои треба да се одговори е дали можеби испитаниците потекнуваат од заедници (етнички или друг вид субпопулации) каде нормите за тоа како се одговара на вакви прашања се различни. Секаде кадешто истражувањата на индивидуално ниво откриваат хетерогени наоди за припадници на различни национални или етнички заедници, потребна е поширока концептуална рамка за идентификација на можните причини за тие ефекти.

### *Културни димензии наспроти од нив произлезени персонални карактеристики*

Културата го обликува идентитетот на поединецот, а за културните димезии се заклучува преку индивидуалните идентитети. Затоа не е изненадувачка конфузијата на линија културна димензија - индивидуална одлика, која неретко се среќава во студиите инспирирани од овој модел. Hofstede инсистира на тоа дека петте димензии ги опишуваат националните култури и следствено, кога се изведуваат заклучоци за нивните консеквенците во различни сфери на општеството (семејство, законодавство, односи помеѓу

[29] Во меѓународната студија за односот на младите кон здравјето спроведена во 1998, забележани се изразени разлики помеѓу задоволството од училиштето манифестирано од страна на адеолесцентите од македонска и албанска етничка припадност. Етничките Албанци речиси без исклучок ги даваат највисоките оценки кога се прашани за било кој аспект на нивниот училишен живот - од физички услови до однос наставник ученик, можност за слободно изразување и за донесување одлуки (Маневска, 2002). Со оглед на тоа дека условите во коишто учат младите етнички Албанци се далеку од поповолни во споредба со условите во коишто учат нивните врсници Македонци, важно прашање кое треба да се одговори во овој конкретен случај е кој е изворот на разлики: културната норма којашто налага став во одговорањето или пак норма којашто обезбедува поинаква перцепција на школскиот контекст.

половите или етничките групи, доминантна идеологија или религија, работни односи и тн.) треба да се води сметка за тоа дека спротиставените димензии "... *не се психолошки туку антрополошки разлики и се однесуваат на заедниците а не на поединците во тие заедници* " (Hofstede, 2001, стр. 216). Тоа што дадена култура може да се опише преку степенот на изразеност на линија на дефинираните димензии, во никој случај не значи дека не постојат интериндивидуални варијации во однос на истите. Конкретно на пример, во една нагласено колективистичка заедница, поединци може да манифестираат и индивидуалистичка ориентација[30], исто како што во култура во којашто се избегнува неизвесноста, има поединци кои не се така ориентирани.

Се разбира, еден од предизвиците на крос-културната психологија е да се добие увид во тоа како културните димензии се поврзани со персоналните димензии. Во едно истражување од понов датум, Hofstede & McCrae (2004) ја потврдуваат дамнешната претпоставка дека културите формираат своја "базична структура на личност"која ги рефлектира доминантните културни вредности на средината. Анализата на средните скорови на NEO-PI-R инвентарот на 33 земји, покажува корелации помеѓу индивидуализмот и екстроверзијата (r=0,64**), разликите во моќ и екстроверзијата (-0,57**), совесноста (r=0,52**) и отвореноста кон нови искуства (-0,39*), маскулиноста и отвореноста кон нови искуства (r=0,40**), невротичноста (r=0,57**), и социјабилноста (r=-0,36*), како и меѓу избегнувањето неизвесноста невротичноста (r=0,58**), и социјабилноста (r=-0,55**).

Постои и друг мошне плоден начин на којшто истражувањата за поврзаноста на наодите добиени на двете нивоа (еколошко наспроти индивидуално) може да придонесе за подобра предикција на однесувањето. Тој се состои во истражување на случаите каде овие две нивоа конвергираат односно дивергираат. Еве еден конкретен пример за тоа. На ниво на споредба

[30] За да се избегне овој проблем, Trianidis (1985) предлага да се користат различни термини за оваа варијабла: кога се употребува за опишување на поединци, за индивидуалистичката ориентација да се користи терминот *идиоцентризам*, а за колективистичката ориентација - *алоцентризам*. Вакви специфични термини за персоналните анализи на другите димензии досега не се усвоени, од причина што (ако се суди по бројноста на написите) димензијата колективизам/индивидуализам е најобработена и најшироко усвоена.

помеѓу култури, во одредени колективи постои изразена позитивна релација помеѓу авторитарноста и понизноста (Hofstede, 2001). Но, на индивидуално ниво, овие две вредности се неповрзани или негативно поврзани (Schwartz, 1994). Слично, мошне комплексно истражување на двете нивоа спроведуваат Kemmelmeier et al. (2003) за да ги покажат различните ефекти на персоналниот наспроти еколошкиот индивидуализам-колективизам врз авторитарноста. На ниво на култури, индивидуализмот е некомпатибилен со авторитарноста, за разлика од колективизмот кој почива на нормата за придржување кон правилата што ги диктира авторитетот на групата. Но на индивидуално ниво, сликата е посложена. Имено, индивидуализмот не е во корелација со авторитарноста на поединците во индивидуалистичките земји (кои по правило имаат демократска традиција), но затоа е во изразено негативна корелација во колективистичките средини, кои пак во најголема мера се тие каде режимите подолго време биле или се автократски.

Derlega et al. (2002) сметаат дека индивидуализмот-колективизмот како персонална одлика може да биде модератор-варијабла во реагирањето на конфликти и да направи разлика во преферираните стилови на реагирање која има посилен ефект отколку индивидуализмот-колективизмот на еколошко ниво. Поединци со изразен алоцентричен селф (колективистички ориентирани) одговараат на интергрупен и интернационален конфликт со помала спремност да ги разгледаат аргументите на другата страна, отколку при интерперсонални конфликти, без разлика од која култура доаѓат. Morales et al. (1998), проверувајќи ја функционалноста на теоријата на социјална идентификација во контекст на колективистички и индивидуалистички вредности, наоѓаат разлики помеѓу луѓето со алоцентричен и идиоцентричен селф во поглед на уверувањата на тоа што е оправдана дискриминција.

Конвергенција на двете нивоа е најдена со мета анализа на преку 100 студии на Ash-овиот експеримент за конформирање на групен притисок правени во 17 различни земји; разликите во степенот на конформирање на кој се склони поединците - испитаници од различни земји, кореспондира со степенот на конформизам откриен како карактеристика на тие култури во студиите на Hofstede.

Истражувањата може да се насочат кон развивање паралелни конструкти коишто се применливи на двете нивоа на анализа. Протагонист на овој начин на работа е Schwartz (1994), којшто тврди дека неможе да се дојде до валидни мерки на културно ниво додека не се покаже дека концептите употребени во конструкција на тие мерки имаат еквивалентно значење помеѓу поединците. Тој го постигнува тоа такашто наодите добиени на национално ниво, ги анализира повторно на индивидуално - сличностите во резултатите имплицираат сличности во значењата.

Можноста да се дојде до *индивидуалните* мерки за степенот до кој поединецот во текот на социјализацијата ги инкорпорира наведените културни димензии, не само што е предуслов за испитување на конвергенцијата односно дивергенцијата на корелациите на двете нивоа, туку и отвара можности за испитување на бројни појави коишто можат да се подведат под широко дефинираното прашање коешто со децении привлекува интересирање: влијанието на културата врз поединецот (Serpel, 1979; Cheung & Cheung, 2003). Ова прашање дефинира широк спектар на проблеми: од влијанието на културата врз когнитивните, емоционалните и мотивациските процеси до акултурацијата и алиенацијата, од онтолошки прашања за можноста на поединецот да се спротистави на влијанието на културата, до најпрактичните, како што е оптимален избор на професија или работна организација.

Бидејќи мерките на индивидуално ниво не може да се добијат преку инструментите и методите кои соодветствуваат на еколошко ниво, една од задачите на овој труд е тие да се конструираат. Овој процес, дефиниран како една од главните задачи на современата крос-културна психологија (Smith, 2002), често е нарекуван unpacking the culture (Singelis et al, 1999; Singelis, 2000), бидејќи се смета дека поединците во себе ја имаат "спакувано" културата како дел на личноста.

## *Мерење на персоналните карактеристики произлезени од културните димензии - досегашни искуства*

*Индивидуализам-колективизам:* Во опсежниот преглед на студиите направени во врска со истражувањата на индивидуализмот наспроти колективизмот на индивидуално ниво (Oyserman et al. 2002), како најчесто употребувани скали се идентификувани *Скалата на независност наспроти меѓузависност во градење на селфот* (Independent-Interdependent Construal of Self Scale) на Singelis (1994) и INDCOL скалата на Hui и Triandis од 1998. Уште два теста често се среќаваат како користени инструменти со солидна релијабилност и валидност: тестот на Triandis конструиран 1996 година, којшто мери 4 димензии: вертикален и хоризонтален колективизам и вертикален и хоризонтален индивидуализам, и скалата на Yamagutchi од 1994 којашто мери колективистичка ориентација. Сите споменати скали, во целост или делумно се прикажани во Додаток 18 и 19.

За разлика од Hofstede, Hui и Singelis (а и други автори како Soh & Leong, 2002 или Triandis и Kagitcibasi; според Heine, 2002) не го третираат конструктот индивидуализам-колективизам како континуум со два спротивни пола, туку како две униполарни (колективизам и индивидуализам), односно четири варијабли (вертикален и хоризонатален индивидуализам и вертикален и хоризонтален колективизам).

Скалата на Singelis дава две мерки: независност во градењето на селфот, т.е индивидуалистичка ориентација и меѓузависност во градењето на селфот, т.е колективистичка ориентација (детален опис на оваа скала е даден во на стр. 216 од овој труд).

INDCOL скалата има релијабилност помеѓу $\alpha=0,56$ и $\alpha = 0,66$, скалата на Triandis за вертикален и хоризонтален колективизам-индивидуализам $\alpha=0,66$, а Yamagitchi за својата скала утврдил $\alpha = 0,68$ (Kemmelmeier et al, 2003).

Yamagutchi го третира конструктот како биполарен, но зафаќа само мал дел на домените во кои според дефинициите на Hofstede се манифестира колективистичкото однесување, односно само *групирањето* и *загрижата за групната хармонија.* Останатите информации за оваа скала се подетално соопштени на стр. 216.

Дебатата за тоа дали на индивидуално ниво димензијата колективизам-индивидуализам е биполарна, или пак се работи за два независни конструкти кои истовремено може да се присутни кај секој поединец во различен степен, сеуште трае. Конфирматорните факторски анализи на сите досега употребувани мерки не даваат дефинитивен одговор на прашањето кое од решенијата е поадекватно (Rhee, Uleman & Lee, 1996; Hardin, Leon & Bhagwat; 2004), иако сугерираат дека третирани како две различни униполарни варијабли, конструктите може да дадат појасни факторски решенија.

Логичко-психолошката анализа на ајтемите од скалите, поддржана во голема мера од емпириската проверка со факторска анализа (Oyserman et al., 2002; Shurluf, Hattie & Dixon, 2003), открива неколку различни домени во кои се манифестира индивидуализмот-колективизмот како персонална ориентација. Тие се прикажани во Табела 7.

*Избегнување неизвесносӣ*: досега не се креирани специфични инструменти за мерење на начините на коишто оваа димензија се манифестира на индивидуално ниво. Shuper и соработниците (2004) ја мерат ориентацијата кон извесност на тој начин што утврдуваат две независни мерки: а) *имагинација на неизвесносӣ*, до која се доаѓа по класичниот модел на Atkinson, односно преку степенот на стремење кон извесност којшто се проектира на други лица при раскажување приказни на понуден неструктуриран материјал и б) *авӣориӣарносӣ* (потреба за јасност). Сличен пристап, базиран на проективна техника, употребува и Sorentino (Walker & Sorentino, 2000), но тој разликува две компоненти на особината а) потреба за извесност и б) потреба за неизвесност. Овој начин на утврдување на мерките за ориентација кон извесност, освен што е непрактичен и отвора можности за субјективни толкувања, изостава одредени компоненти на ориентацијата, како што се ритуализмот, ксенофобијата и тенденцијата за отпор кон промени.

Од текстовите на Hofstede може да се заклучи дека нормата врз основа на којашто се напластува оваа димензија се манифестира на личносен план делумно низ компоненти на Adorno-вата авторитарна личност и делумно како Eysenck-овата димезија тврдоглавост (tough-mindedness). Исто така, тој сугерира врска помеѓу избегнувањето неизвесност и нивото на аспирација, како и

генералната доверба во луѓето, песимиизмот, прифаќањето на новините и промените и луѓето и заедниците коишто се проценуваат како битно различни.

Во Табела 8 се наведени областите на однесување, карактеристичните поведенија и типичните ајтеми со коишто може да се мери степенот на персонална ориентација кон извесност.

Табела 7. Начини на манифестација на индивидуализам /колективизам и типични ајтеми (индивидуално ниво)

| **ВИСОК КОЛЕКТИВИЗАМ** | | |
|---|---|---|
| **Област** | **Опис (однесување)** | **Типичен ајтем** |
| Поврзаност со групата, припадност | Третирање на припадниците на групата како интегрален дел на селфот и желба да се припаѓа и уживање во заедништвото. | *Големо задоволство ми претставува да проведувам време со блиските.* |
| Должност, грижа за останатите припадници на групата | Однесување во согласност со должностите кон групата и жртвување за групата. | *Би помогнал-а, во рамките на моите можности, доколку некој роднина има финансиски потешкотии.* |
| Хармонија, индиректна комуникација | Загрижа за групната хармонија. | *Секогаш се трудам да не дојде до несогласување со припадниците на мојата група.* |
| Барање совети и помош | Обраќање за помош од блиските при донесување одлуки и давање помош. | *Секогаш се трудам да се консултирам со другите пред да донесам некаква одлука.* |
| Групирање | Преференција за групна работа. | *Повеќе сакам да работам во група отколку сам-а.* |
| **НИЗОК КОЛЕКТИВИЗАМ (ИНДИВИДУАЛИЗАМ)** | | |
| Независност | Контрола над сопствениот живот, самодоволност, слобода на избор. | *Работите ги правам по свое, исто како и останатите членови на моето семејство.* |
| Цели* | Стремење кон сопствени цели и постигнувања. | *Многу сум горд-а кога ќе постигнам цел што никој друг не може да ја постигне.* |
| Натпреварување* | Ориентација кон индивидуално натпреварување. | *Важно ми е да бидам подобар-а од другите во исполнување на некоја задача.* |
| Единственост | Фокусирање на сопствената посебност. | *Јас сум единствен-а, различен-а од останатите по многу нешта.* |
| Приватност | Мислењата и активностите се лични. | *Ми значи мојата приватност.* |
| Самоспознание* | Поседување јак идентитет, познавање на себе си. | *Одлично ги познавам моите слабости и јаки страни.* |
| Директна комуникација | Јасна артикулација на сопствените потреби и желби. | *Секогаш ги кажувам јасно сопствените мислења.* |

* застапени во скалите кои ги третираат индивидуализмот и колективизмот како две одделни варијабли

Табела 8. Начини на манифестација на избегнување неизвесност и типични ајтеми (индивидуално ниво)

| ОРИЕНТАЦИЈА КОН ИЗВЕСНОСТ | | |
|---|---|---|
| **Област** | **Опис (однесување)** | **Типичен ајтем** |
| Стрес и анксиозност[31] | Повисоко ниво на стрес и анксиозност, ниско ниво на аспирација. | *Стравувам за тоа дали соодветно ги извршувам работните задачи.* |
| Субјективна добросостојба | Понизок степен на чувство на добросостојба, нереалистичен песимизам. | *Имам чувство дека мојот живот е полош отколку животот на многу други луѓе коишто ги знам.* |
| Ризик | Потреба за ред и предвидливост. | *Никогаш не би прекршил некое правило* |
| Стабилност | Потреба за непроменлив животен контекст (работно место, место на живеење и сл.). | *Посигурно се чувствувам да останам на едно работно место, отколку постојано да ги менувам работодавците.* |
| Однос кон вистината и компетентноста | Вистината се смета за апсолутна, се цени експертиза наспроти здравиот разум. | *Вистината е една и единствена.* <br><br> *За просперитет на земјата, неопходни се експерти.* |
| Отвореност кон нови искуства | Поголем отпор кон промени. | *Сакам животот да ми биде предвидлив.* |
| Доверба | Уверување дека луѓето не заслужуваат да им се верува. | *Не им верувам во потполност дури и на луѓето коишто добро ги познавам.* |
| Ксенофобија и етноцентризам | Уверување дека сѐ што е туѓо е опасно. | *Луѓето кои се однесуваат необично, најчесто се девијантни* |

*Ориентација кон разлики во моќ:* иако димензијата разлики во моќ е типична карактеристика на културата (како што анксиозноста е типична карактеристика на индивидуата), може да се претпостават интергрупни варијации во степенот до кој е интроектирана нормата за (не)еднаквост. Познат инструмент којшто мери сличен конструкт е скалата SDO - Ориентација кон социјална доминација (Social Dominance Orientation) на Pratto (1994), со којашто се утврдува степенот на преференција на нееднаквост помеѓу социјалните групи, т.е. чувството дека нееднаквоста е легитимна поради тоа што некои групи луѓе се инхерентно супериорни или инфериорни во однос на други (Додаток 18). Еден потенцијален проблем на оваа скала,

[31] Kurman (2001) сугерира дека кај културите со високо изразена ориентација кон извесност, добрата слика за себе, односно контролата на нивото на стрес, се обезбедува преку редукција на ниво на аспирација.

особено во контекст на употреба на испитаници од ова културно милје, може да биде нејзината изразена face фалидност, која дава можност за бирање на социјално пожелни одговори. Подетален опис на скалата е направен на стр. 212 во овој труд. Компонентите на персоналната ориентација кон разлики во моќ, извлечени од Hofstede-овите пишувања се сублимирани во Табела 9.

Табела 9. Начини на манифестација на разлики во моќ и типични ајтеми (индивидуално ниво)

| ОРИЕНТАЦИЈА КОН РАЗЛИКИ ВО МОЌ | | |
|---|---|---|
| **Област** | **Опис (однесување)** | **Типичен ајтем** |
| Интернализација на хиерархијата во односите помеѓу луѓето | Уверување дека хиерархијата обезбедува ред во односите помеѓу луѓето. | *Доколку секој поединец не знае под кого е и над кого е во општеството, би настанал целосен хаос.* |
| Сениоритет и авторитет | Безусловно почитување на постари лица, особено родители и на авторитети (експерти). | *Не се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе и пред мои врсници.* |
| Генеза на разликите | Уверување дека разликите во моќ се стабилни и неменливи. | *Сосема е природно некои луѓе да бидат водачи, а некои само нивни следбеници.* |
| Очекувања во релациите со подредените односно надредените | Надредените очекуваат послушност, подредените очекуваат водство и авторитет. | *Децата се должни да ја возвратат грижата што ја добиле од родителите, кога тие ќе остарат.* |
| Моќ и употреба на сила | Употребата на сила и авторитет се сметаат за легитимни начини на решавање проблеми. | *Изреката "Сила бога не моли"е вистинска слика за тоа како стојат нештата во реалноста.* |

*Маскулиност/ фемининост* : за утврдување на оваа персонална димензија не се развивани посебни инструменти, но користен е познатиот BSRI (Bem's Sex-Roles Inventory) на Sandra Bem[32] од 1974. Со овој инструмент, врз основа на степенот на маскулиност односно фемининост се утврдува припадност во еден од четрите модуси на родова идентификација: маскулин, феминин, андрогин (и изразена маскулиност, и изразена фемининост) или неодреден (и ниска маскулиност и ниска фемининост). Ставот на Hofstede во врска со тоа што на персонално ниво конструктот се мери низ два униполарни конструкти, а не

[32] Детален опис на метриските карактеристики на скалата и дел од ајтемите се прикажаани во: Robinson, J.P., Shaver, P. R., & Wrightsman, L. S. (Eds. ). (1991). *Measures of Personality and Social Psychological Attitudes*. San Diego: Academic Press Inc.

еден биполарен, е сличен како и за претходната димензија. Тој пишува: "*Кога се качуваше на повисоко ниво на анализа, бројот на фактори нормално станува помал: на ниво на аритметички средини на земјите, 'повеќе луѓе со доминантно маскулини вредности' е статистички толку силно поврзано 'помалку луѓе со феминини вредности', што заедно формираат еден фактор... личноста може да биде и едно и друго, но културата е доминантно или едно или друго*" (Hofstede, 2001, стр. 293). Областите низ коишто се препознава димензијата на персонално ниво, начините на манифестација и можни типични ајтеми се прикажани во Табела 10.

Табела 10. Начини на манифестација на маскулиност/феномининост и типични ајтеми (индивидуално ниво)

| ОРИЕНТАЦИЈА КОН МАСКУЛИНОСТ | | |
|---|---|---|
| **Област** | **Опис (однесување)** | **Типичен ајтем** |
| Натпреварување | Се фаворизира натпреварувачки дух; победата е крајна цел | *Наградите треба да ги добиваат само најдобрите.* |
| Исклучивост на родовите улоги | Постои јаз помеѓу родовите улоги; тие се сметаат за инхерентни на полот | *Во моето семејство, (ќе) се знае што се машки, а што женски работи.* |
| Статусни симболи | Статусните симболи се истакнуваат; големото е убаво; парите се поважни од релациите | *Им се чудам на луѓето коишто имаат многу пари, а носат ефтина облека.* |
| Помагање | Се избегнува пружање помош а прифаќањето помош е знак на слабост | *Многу често давам пари на питачи.* |

Поради потврдуваната валидност на BSRI скалата, конструирањето на нов инструмент не беше одредено како задача во овој труд. Кај нас скалата е преведена и користена за потребите на една дипломска работа[33], но за да се задава како валиден инструмент, неопходна е адаптација на неколку ајтеми.

*Краткорочна - долгорочна ориентација:* бидејќи оваа димензија не е сеуште доволно истражена ниту на еколошко ниво, би било многу тешко да се изнајдат персонални корелати за да може да се конструира инструмент за персонална ориентација.

[33] Љубисављевиќ, Р. (2004). *Разлики во емпатијата кај средношколци во зависност од различните родови улоги* (необјавен дипломски труд).

# *СТУДИЈА 1.*



# *Цели*

Првиот дел од овој труд (студија 1.) е насочен кон проверка на можностите за мерење на културните димензии дефинирани со Hofstede-овиот модел, и тоа на еколошко ниво, односно во групен контекст. За да ја реализира наведената цел, студијата 1. треба да обезбеди одговор на следново прашање: *Какви се можностите за мерење на културните димензии што ги нудат двата постоечки инструменти креирани од страна на Hofstede: VSM-94 i VSM-82?*

Во функција на проверка на можностите за мерење на постоечките инструменти, ќе се утврдува степенот на изразеност на културните димензии *разлики во моќ*, *индивидуализам-колективизам*, *избегнување неизвесност* и *маскулиност-фемининост* кај Македонците и Албанците кои живеат во Македонија. Добиените резултати ќе се споредуваат со позициите на другите култури за кои постојат расположиви наоди, за да се утврди употребливоста и евентуалните ограничувања и проблеми на постоечките инструменти и целокупниот пристап на мерење.

# *Метод на истражувањето*

## *Инструменти за одредување на димензиите на културата*

Врз основа на прашалникот задаван во IBM студијата, којшто бил база за утврдување на културните димензии, Hofstede ги издвојува прашањата со највисоки факторски заситувања, и додава неколку коишто ги смета за потенцијално важни и валидни за мерење на димензиите, за да добие поедноставена форма на инструмент со којшто ќе ги утврдува културните димензии. Така е конструиран прототипот на инструментот, наречен VSM-80 (Values Survey Module). Потенцијалната слабост на овој инструмент, идентификувана како "случаен збир на прашања"(Hofstede, 2003), авторот се обидел да ја надмине со адаптација на прашањата такашто тие ќе претставуваат покомпактна целина на ставки што се однесуваат на аспекти на работењето. Така создадената верзија е наречена VSM-82. Пред да биде прогласена за валиден инструмент, оваа верзија е зададена на испитаници во голем број земји, за да се утврди релијабилноста и репликабилноста на ранговите на димензиите во земјите каде е задавана. Иако содржел над 50 прашања, овој инструмент, по емпириската анализа е сведен на само 13 коишто се клучни за одредување на димензиите. Уште 7 прашања се поставени за истражувачки цели надвор од одредување на изразеноста на димензиите.

Прашалникот VSM-94 е направен за да се избегне еден практичен проблеми на прашалникот VSM-82: неможноста без измени тој да се задава на невработени субјекти или студенти, поради прашањата поврзани со конкретни услови на работното место[34]. Освен тоа, Hofstede прави обид да воведе прашања

[34] Во прирачникот за користење на VSM -94 верзијата, кадешто Hofstede ја образложува потребата од емпириска верификација на новата верзија што ќе ги надмине овие проблеми, се занемарува фактот дека и во најновиот инструмент, две прашања мора да се прилагодат за да може да се употребат на субјекти кои не се вработени во организација. Прашањето *Колку често се чувствувате нервозни и напнати во врска со работата?* е заменето со *Колку често се чувствувате нервозни и напнати во врска со студирањето?* Прашањето *Колку често, според Ваше мислење, вработените се плашат да изразат несогласување или да се спротистават на своите претпоставени?* е заменето со *Колку често, според Ваше мислење, студентите се плашат да изразат несогласување или да се спротистават на своите професори?* (Додаток 10)

коишто не се само емпириски утврдени валидни индикатори на димензијата, туку имаат и некаква теориска поткрепа.

### VSM-94 – верзија за вработени

Последната верзија на скалата што Hofstede ја креирал за репликација и екстензија на неговата студија, наречена VSM-94, беше преведена на македонски и на албански јазик. За двете јазични верзии е користен *вратен* превод од англиски јазик, направен од страна на двајца билингвални преведувачи коишто работеа независно еден од друг. Потоа, еквивалентноста на преводот на верзијата на македонски јазик со верзијата на албански јазик, дополнително е проверувана со задавање на инструментот на група од шест билингвални респоденти во два наврати (еднаш на македонски јазик а потоа на албански), со временски период од две недели помеѓу двете задавања. Не беа забележани разлики во одговорите на двете верзии[35].

Освен тоа, беше спроведена и анализа на одговорите на прашањата од страна на тројца билингвални дипломирани психолози. Тие "на глас" ги читаа и одговараа прашањата на двете верзии истовремено, сугерирајќи сосема мали измени во формулацијата на прашањата. Со тоа се добија преводи што се максимално еднакви по значење.

### VSM-94/VSM-82 – верзија за студенти

По моделот на неколку други истражувачи кои ги адаптирале тие конкретни прашања, направена е тн."верзија за студенти". Освен измените на прашањата во насока што овозможува на нив да респондираат студенти, оваа верзија се разликува и по тоа што во неа се вклучени и прашања од VSM-82 прашалникот, според којшто се изведувани индексите на димензиите во истражувањето на српската, словенечката и хрватската популација во 1993 година. Одлуката да се внесат и овие прашања кога се испитуваат примероци нееквивалентни со IBM популацијата, сугерирана е од Hofstede (2003) во прирачникот за употреба на инструментот.

[35] Оваа постапка се сугерира како неопходна во меѓукултурните истражувања, со цел да се провери еквивалентноста во конотативните значења на ајтемите (Hulin, 1987).

Процедурата на преведување на оваа верзија од македонски на албански беше идентична како во случајот со VSM-94 прашалникот.

Бидејќи овој инструмент е задаван и на испитаници чијшто мајчин јазик е хрватскиот, преводот на овој јазик е направен од страна на билингвален преведувач (од македонски на хрватски), а *враќен* е од друг независен преведувач. Адекватноста на преводот е проверен од страна на два психолога чиј мајчин јазик е хрватскиот, и тоа со споредба со англискиот оригинал. Не беа регистрирани никакви битни разлики во значењето помеѓу трите јазични верзии. Трите прашалника се прикажани во Додаток 9, 10, и 11.

## *Субјекти*

Постојат две можности за утврдување на позицијата на која се наоѓа одредена национална/етничка култура долж димензиите. Едната е да се утврдат мерките на примерок кој е изедначен со примероците со кои работел Hofstede. Овој пристап е прилично сигурен, но неговото сериозно ограничување се состои во тешкиот начин на доаѓање до испитаници и докажувањето дека изедначувањето во однос на професијата е изедначување што обезбедува контрола на другите релевантни варијабли, особено на социјалниот статус.

Другиот начин е да се одберат два изедначени примероци - еден во средината за која се бараат податоци, а друг од земја која веќе била вклучена во IBM студијата. Потоа, разликите утврдени на примерокот од IBM студијата и новоформираниот примерок, се тие кои се одземаат или додаваат на просеците добиени на примерокот во новоиспитуваната култура. Така, се надминуваат тешкотиите кои ги креира изедначувањето, но се создаваат нови, бидејќи се јавува проблемот на обезбедување докази дека постои правило коешто ќе гарантира разликите помеѓу субпопулациите во една култура да бидат еднакви како и во друга.

### **Субјекти - вработени**

Бидејки IBM нема свој огранок во Македонија, екстензијата на Hofstede-овата студија на популацијата не можеше да се изведе онака како што е правена во другите земји. Еден од начините да се добие најдобрата можна

апроксимација на тоа што би се добило кога IBM би имал свои ограноци, е да се администрира прашалникот на субјекти внимателно селектирани во однос на професијата[36]. Hofstede (2001, стр. 51) ги наведува следниве категории професии опфатени со IBM истражувањето:

1. Менаџер на менаџери
2. Менаџер на различни одделенија
3. Систем-инженери
4. Продажни агенти
5. Инженери во оддел за процесирање податоци
6. Инженери во оддел за продукти
7. Административен персонал

Како што може да се види од претставената категоријална поделба, класификацијата се должи во најголема мерка на систематизацијата во самата организација а не нужно на видот или степенот на образование.

Освен тоа, петтата и шестата категорија, тешко дека може да најде свој идентичен пар во која и да е организација различна од IBM. Олеснителна околност е тоа што Hofstede тврди дека моделот дозволува две соседни категории да се третираат како една (бидејќи и самиот наидува на многу мал број на вработени во одделни оддели во некои земји). Единствено што не смее да се случи е една категорија да има помалку од 8 испитаници[37]. Дури, во прирачникот за употреба на VSM -94, Hofstede уште повеќе го либерализира барањето за бројот на субјекти велејќи дека "*идеален број (респонденти) за примероците кои се споредуваат е 50*" (Hofstede, 2003, стр. 2). Најблиската можна прераспределба по оддели е направена на тој начин што двете први категории се влезени така како што се дефинирани од авторот, за третата категорија се барани систем инженери коишто работат во помали фирми кои вообичаено немаат дефинирано оддели, четвртата и петтата категорија се дефинирани како *служба за маркетинг и продажба* (испtаниците во оваа категорија воглавно се регрутирани од поголемите организации како Телеком и Македонски Пошти), а шестата и седмата категорија се споени во категорија *администраивен персонал.*

Податоците беа прибирани во организации намерно одбрани со цел да ги опфаќаат приближно оние оддели кои се дефинирани со истражувањето на

[36] Годините на образование е исто така релевантна варијабла, но нејзиното влијание може да се коригира со едноставни формули.
[37] Најмалиот број испитаници во студијата е дозволен за Пакистан: N=58.

Hofstede. Главната дејност на најголемиот број од одбраните организации за ова истражување е теле-комуникација (како Телеком) и продажба и сервисирање на персонални компјутери или техничка опрема (како Дуна компјутери - Тетово).

Два фактори ја попречија можноста примерокот етнички Албанци и примерокот етнички Македонци да бидат изедначени во потполност според организацијата во која работат:

1) диспропорционалност во застапеноста на етникумите во одредени професии
2) неочекуваните потешкотии за добивање дозвола за истражување во одредени организации;

Иако со нацртот на истражувањето беше предвидено паровите субјекти (етнички Македонци и етнички Албанци) да се бараат од иста организација којашто има седишта во Скопје и Тетово, искуството покажа дека одредени оддели во конкретните организации постојат во Скопје, но не и во Тетово. Така на пример, маркетинг службите во поголемите организации како Пошта и Мобимак се лоцирани исклучиво во Скопје, а ги нема во Тетово. Освен тоа, одредени прифесионални профили (како на пример систем инженери) се реткост кај етничките Албанци, такашто најголемиот број вработени на тие работни места во тетовските организации, се етнички Македонци. Следствено, минималниот број на субјекти по категории беше тешко да се пополни дури и со субјекти коишто работат во слични, а не во иста организација. Од тие причини, едначењето по професијата и полот беше повеќе едначење по дистрибуции отколку вистинско едначење.

Не помалку сериозна пречка беше и фактот што во најголемиот број организации, сите обиди да се добие дозвола за истражување од надлежните лица (ветување анонимност, обезбедување увид во мерниот инструмент, гаранции дека истражувањето не се однесува на самата организација и дека резултатите нема да бидат соопштувани во релација со организацијата, кусото време потребно за одговарање, па дури и приватни "врски"), не вродија со позитивен исход. На одделни места, во еден сектор можеше да се врши истражувањето, а во други не. За среќа, некои поголеми организации (на пример Македонски Пошти -Тетово и Скопје), сепак беа отворени за соработка.

Структурата на примерокот испитаници на коишто е зададен VSM-94 инструментот, според етничката припадност, професијата и полот, е прикажана во Табела 11.

Табела 11. Структура на примерокот (спред етничка припадност, професија и пол)

| | *Професионална категорија* | *машки* | *женски* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| *Албанци* | Менаџер на менаџери | 3 | 4 | ***7*** |
| | Менаџер | 3 | 7 | ***10*** |
| | Систем инженер | 5 | 7 | ***12*** |
| | Администрација | 6 | 9 | ***15*** |
| | Продажба и маркетинг | 3 | 9 | ***12*** |
| | ***Вкупно*** | ***20*** | ***36*** | ***56*** |
| *Македонци* | Менаџер на менаџери | 4 | 4 | ***8*** |
| | Менаџер | 5 | 9 | ***14*** |
| | Систем инженер | 5 | 5 | ***10*** |
| | Администрација | 6 | 5 | ***11*** |
| | Продажба и маркетинг | 3 | 10 | ***13*** |
| | ***Вкупно*** | ***23*** | ***33*** | ***56*** |

Во поглед на образованието, добиено е следново: групата етнички Македонци има просечно формално образование во траење од 15, 3 години, додека просекот на групата етнички Албанци е 14, 5 години. Разликата е статистички значајна [t=2,48 (df=131); p<0,05], но не ја оневозможува споредбата бидејќи ионака во калкулацијата на индексите се зема предвид образованието со корекција на добиениот скор со помош на табели понудени од страна на Bosland (Hofstede, 2001).

Еднаквоста на дистрибуираноста на полот и на професионалните категории кај двете испитувани групи е проверувана со помош на $\chi^2$ тест. Статистички незначајните резултати укажуваат дека групите може да се третираат како еднакви во однос на полот [$\chi^2$ (df=1) = 2,64; p=0,10] и професијата [$\chi^2$ (df=4) = 4,40; p=0,14].

**Субјекти - студенти**

Со цел да се добијат посигурни наоди, како и да се споредат можностите на мерење со двата предложени приоди, како најпогодни испитаници за

"калибрирање" на индексите според култура во која е веќе спроведувана IBM студијата, беа избрани *студенти по психологија* на Универзитетот во Загреб. Со нивните резултати се споредувани резултатите на студентите по психологија коишто студираат на Универзитетите во Скопје и Тетово. На трите универзитети, испитаниците студираа на втора или трета година. Во Табела 12 е прикажана структурата на примерокот според полот и етничката припадност. Бидејќи беа испитувани студенти од две различни студиски години, се тестираше разликата во просечните возрасти на трите застапени етнички групи ($M_м$=20,63, $M_а$=20,22 и $M_х$=20,30). Тестот покажа дека не постои статистички значајна разлика во поглед на возраста [$F=1,80$ ($df=196$); $p>0,05$]. Исто така, процентуалната застапеност на субјекти од машки пол во рамките на секоја етничка група е приближно урамнотежено.

При користење на корекционата табела за години на образование, се сметаше дека субјектите комплетирале 14 години формално образование.

Табела 12. Структура на примерокот според етничка припадност и пол

| | **Македонци** | **Албанци** | **Хрвати** | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| **женски** | 65 | 52 | 59 | *176* |
| **машки** | 8 | 6 | 11 | *25* |
| *вкупно* | *73* | *58* | *70* | *201* |

## *Тек на испитувањето*

Прибирањето на податоците за утврдување на димензиите се одвиваше во текот на мај, јуни и јули 2005, и во октомври и ноември 2005 во Скопје, Тетово и Загреб. Теренската работа со испитаниците во Скопје (студенти и вработени лица) беше изведена од страна на авторот, додека во Тетово, прашалникот VSM- 94 го задаваа обучени дипломирани психолози, етнички Албанки. Во најголемиот број случаи, испитаниците ги пополнуваа

прашалниците во присуство на анкетарите[38]. Во Хрватска, прашалниците беа задавани од страна на д-р Весна Бушко, професор на Одделението за психологија на Филозофскиот факултет во Загреб.

Сите испитаници-студенти, го пополнуваа прашалникот за време на редовната настава, а сите испитаници-вработени, ги даваа одговорите за време на работните паузи, но останувајќи на работното место.

Заедно со упатството за работа, испитаниците добиваа информација за тоа дека истражувањето е доброволно и анонимно. На двете групи испитаници (студенти и вработени) им беше кажано дека целта на истражувањето е да утврди како културата влијае врз формирање на одредени типични начини на однесување и размислување. Кога се администрираше VSM прашалникот, беа неопходни дополнителни уверувања и објасненија дека вакви истражувања со истата цел се вршени и во други земји, поради изразеното отсуство на face-валидност на инструментот.

[38] Во еден случај (Телеком во Скопје), откако им беше објаснето дека имаат дозвола од надредените, вработените добиваа кратко упатство, ги земаа прашалниците и ги одговараа самостојно (во отсуство на анкетарот) во текот на работното време. На истиот принцип се пополнувани и прашалниците во IBM- студијата.

## *Резултати*

Обработката на наодите од VSM-94 прашалникот бара примена на многу едноставни формули коишто ги дефинирал Hofstede како постапка за проценка на индексот на застапеност на конкретните димензии (Додаток 8). Во Табела 13 се прикажани аритметичките средини и стандардните отстапувања на одговорите на секое поединечно прашање на инструментот.

Табела 13. Аритметички средини и стандардни отстапувања кај Македонците и Албанците добиени со VSM-94

| | *Македонци* | | | | *Албанци* | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | M | $X_{min}$ | $X_{max}$ | SD | M | $X_{min}$ | $X_{max}$ | SD |
| 01. Доволно време за личен или семеен живот. | **1,63** | 1 | 3 | 0,66 | **1,92** | 1 | 5 | 1,03 |
| 02. Добри физички услови за работа | **1,71** | 1 | 3 | 0,63 | **1,89** | 1 | 5 | 0,91 |
| 03. Добри работни односи со шефот* | **2,15** | 1 | 4 | 0,97 | **2,20** | 1 | 5 | 1,10 |
| 04. Сигурно вработување | **1,46** | 1 | 3 | 0,56 | **1,87** | 1 | 5 | 0,97 |
| 05. Да работам со луѓе кои соработуваат меѓу себе | **1,66** | 1 | 3 | 0,64 | **2,06** | 1 | 5 | 0,89 |
| 06. Да бидам консултиран од шефот* | **2,50** | 1 | 5 | 1,13 | **2,46** | 1 | 5 | 1,17 |
| 07. Можност за унапредување на повисоки работни места | **2,02** | 1 | 4 | 0,82 | **1,88** | 1 | 4 | 0,79 |
| 08. Разнообразност и забава на работното место | **1,79** | 1 | 3 | 0,75 | **1,89** | 1 | 5 | 0,99 |
| 09. Лична постојаност и стабилност | **1,33** | 1 | 3 | 0,50 | **1,61** | 1 | 5 | 0,72 |
| 10. Заштеда | **2,39** | 1 | 5 | 0,84 | **2,35** | 1 | 5 | 1,10 |
| 11. Истрајност | **1,71** | 1 | 3 | 0,60 | **2,17** | 1 | 5 | 0,96 |
| 12. Почитување на традицијата | **2,62** | 1 | 5 | 1,23 | **2,33** | 1 | 5 | 1,13 |
| 13. Нервозни и напнати во врска со работата | **3,00** | 1 | 5 | 0,76 | **3,14** | 1 | 5 | 0,98 |
| 14. Подредените се плашат да изразат несогласување . . . | **3,49** | 1 | 5 | 1,23 | **3,65** | 1 | 5 | 1,17 |
| 15. На повеќето луѓе може да им се верува | **3,28** | 2 | 5 | 0,94 | **3,28** | 1 | 5 | 1,14 |
| 16. Директорот може да нема прецизни одговори . . . | **2,70** | 1 | 5 | 1,01 | **2,53** | 1 | 4 | 0,96 |
| 17. Избегнување структура со два шефа | **2,29** | 1 | 5 | 1,17 | **2,16** | 1 | 5 | 1,18 |
| 18. Натпреварувањето помеѓу вработените често повеќе штети . . | **3,05** | 1 | 5 | 0,96 | **2,80** | 1 | 5 | 1,16 |
| 19. Правилата на организац. не треба да се кршат | **2,60** | 1 | 5 | 0,88 | **2,53** | 1 | 5 | 1,18 |
| 20. Кога луѓето не успеваат во животот, тоа поради нивни те ... | **3,16** | 1 | 5 | 1,02 | **2,92** | 1 | 5 | 1,15 |

*Поради предвидени можности од пристрасност во одговарањето, од анализата се исклучувани одговорите на менаџерите

Треба да се напомене дека само врз основа на разликите во аритметичките средини, неможе да се изведе заклучок за разликите во димензиите, бидејќи според формулите за пресметување, секое прашање е различно пондерирано. Од тие причини, не е направена анализа на разлики во аритметичките средини, ниту пак тие се коментирани[39].

Примената на формулите за пресметување на индексите на димензиите врз одговорите од примерокот -вработени лица, ги даде резултатите прикажани на Табела 14. Табелата 14а дава преглед на разликите пресметани врз основа на изразеноста на индексите на двете групи.

Табела 14. Индекси на димензиите добиени на субјекти-вработени со VSM-94

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 85 (+13*) = **98** | 58 (-9*) = **51** | 4 (-5*) = **-1** | 33 (+0*)= **33** |
| Албанци | 86 (+9*) = **95** | 71 (-3*) = **68** | 47 (+0*) = **47** | 37 (-4*) = **33** |

*Корекција по Табела на Bosland (заради години на образование)

Табела 14а. Разлики помеѓу индексите добиени на субјекти-вработени со VSM-94

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| **РАЗЛИКА** Алб-Мак | **3** | **17** | **48** | **0** |

Резултатите добиени на прашалникот VSM 94 - верзија за студенти, се прикажани на Табела 15. Прашањата се идентични како оние од Табела 13, со таа разлика што се додадени неколку прашања од верзијата VSM-82 (заради компарација со хрватскиот примерок). Во Табелите 16, 17 и 18, презентирани се одговорите на останатите прашања додадени од VSM-82 прашалникот, кои во пресметките учествуваат со процентот на одговори за една од понудените алтернативи (означени со сива боја), наместо со аритметичките средини.

[39] Со оглед на тоа дека индексите што се добиваат како мерки на изразеност на културните димензии не се вистински мерки на интервално ниво и имаат смисла само како показатели на рангот, утрдувањето на разликите меѓу двете етнички групи долж културните димензии е можно само на дескриптивно ниво.

Формулите за пресметување на индексите врз основа на инструментите VSM-94 и VSM-82 се разликуваат: вторите, исто така се прикажани во Додаток 8.

Табела 15. Аритметички средини и стандардни отстапувања кај етничките Македонци, Албанци и Хрвати на VSM-94 (верзија за студенти)

| | Македонци (N=73) | | | | Етнички Албанци (N=59) | | | | Етнички Хрвати (N=69) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Pra( awe | M | Xmin | Xmax | SD | M | Xmin | Xmax | SD | M | Xmin | Xmax | SD |
| 01 | **1,84** | 1 | 5 | 0,94 | **1,63** | 1 | 5 | 0,83 | **1,63** | 1 | 4 | 0,63 |
| 02 | **1,90** | 1 | 5 | 0,85 | **1,78** | 1 | 5 | 0,81 | **1,98** | 1 | 4 | 0,75 |
| 03 | **2,03** | 1 | 5 | 0,93 | **1,97** | 1 | 5 | 1,06 | **2,27** | 1 | 4 | 0,78 |
| 04 | **1,71** | 1 | 5 | 1,02 | **1,59** | 1 | 5 | 0,90 | **1,64** | 1 | 4 | 0,74 |
| 05 | **1,99** | 1 | 4 | 0,99 | **1,96** | 1 | 5 | 0,94 | **1,93** | 1 | 4 | 0,69 |
| 06 | **2,37** | 1 | 5 | 0,74 | **2,36** | 1 | 5 | 1,01 | **2,37** | 1 | 5 | 0,87 |
| 07 | **1,99** | 1 | 5 | 0,96 | **1,66** | 1 | 5 | 1,01 | **2,02** | 1 | 5 | 0,94 |
| 08 | **1,54** | 1 | 5 | 0,97 | **1,72** | 1 | 5 | 0,99 | **1,71** | 1 | 4 | 0,76 |
| 09* | **2,45** | 1 | 5 | 0,93 | **2,34** | 1 | 5 | 0,92 | **2,48** | 1 | 4 | 0,74 |
| 10 | **2,33** | 1 | 5 | 1,01 | **2,03** | 1 | 5 | 0,88 | **2,81** | 1 | 5 | 0,80 |
| 11* | **3,08** | 1 | 5 | 0,89 | **2,91** | 1 | 5 | 0,93 | **3,47** | 1 | 5 | 1,00 |
| 12* | **2,52** | 1 | 5 | 0,84 | **2,46** | 1 | 5 | 1,13 | **2,54** | 1 | 4 | 0,86 |
| 13 | **3,36** | 1 | 5 | 0,87 | **3,36** | 2 | 5 | 0,64 | **3,01** | 2 | 4 | 0,71 |
| 14 | **4,08** | 1 | 5 | 0,89 | **3,44** | 1 | 5 | 0,91 | **3,94** | 1 | 5 | 0,82 |
| 15 | **3,45** | 1 | 5 | 0,90 | **3,53** | 1 | 5 | 1,01 | **3,24** | 1 | 5 | 0,89 |
| 16 | **3,53** | 1 | 5 | 0,75 | **3,45** | 1 | 5 | 1,09 | **3,03** | 1 | 5 | 0,92 |
| 17 | **2,85** | 1 | 5 | 0,89 | **2,44** | 1 | 5 | 1,04 | **2,87** | 1 | 5 | 0,92 |
| 18 | **2,99** | 1 | 5 | 1,00 | **2,81** | 1 | 5 | 1,13 | **2,93** | 1 | 4 | 0,84 |
| 19 | **2,97** | 1 | 5 | 1,08 | **2,50** | 1 | 4 | 1,10 | **3,56** | 2 | 5 | 0,79 |
| 20 | **3,37** | 2 | 5 | 0,99 | **3,19** | 1 | 5 | 1,29 | **3,37** | 1 | 5 | 0,91 |

Прашањата означени со ѕвездичка се различкуваат од тие во VSM-94 верзијата, додека останатите се исти како во Табела 13. Тие прашања гласат:

09. да постои можност за голема заработувачка
11. Почитување на традицијата
12. Да живеам во привлечна околина

Табела 16. Проценти на одговори на прашањето "*Какви се најчесто менаџерите во вашата земја?*"

| | Албанци | Македонци | Хрвати | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Менаџер 1 | **21**<br>36,84% | **46**<br>63,01% | **44**<br>63,77% | **111** |
| Менаџер 2 | **23**<br>40,35% | **17**<br>23,29% | **18**<br>26,09% | **58** |
| Менаџер 3 | **5**<br>8,77% | **9**<br>12,33% | **7**<br>10,14% | **21** |
| Менаџер 4 | **8**<br>14,04% | **1**<br>1,37% | **0**<br>0,00% | **9** |
| вкупно | **57** | **73** | **69** | **199** |

Табела 17. Проценти на одговори на прашањето "*За кој тип менаџер би сакале да работите?*"

| | Албанци | Македонци | Хрвати | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Менаџер 1 | **1**<br>1,72% | **0**<br>0,00% | **0**<br>0,00% | **1** |
| Менаџер 2 | **9**<br>15,52% | **6**<br>8,22% | **13**<br>18,84% | **28** |
| Менаџер 3 | **10**<br>17,24% | **15**<br>20,55% | **27**<br>39,13% | **48** |
| Менаџер 4 | **38**<br>65,52% | **52**<br>71,23% | **29**<br>42,03% | **123** |
| вкупно | **58** | **73** | **69** | **200** |

Табела 18. Проценти на одговори на прашањето "*Колку долго би сакале да останете во една работна организација?*"

| | Албанци | Македонци | Хрвати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | **3**<br>5,17% | **1**<br>1,37% | **0**<br>0,00% | **4** |
| 2-5 години | **10**<br>17,24% | **17**<br>23,29% | **30**<br>43,48% | **56** |
| 5-15 години | **8**<br>13,79% | **32**<br>43,84% | **29**<br>42,03% | **69** |
| До крај на стажот | **37**<br>63,79% | **23**<br>31,51% | **10**<br>14,49% | **70** |
| вкупно | **58** | **73** | **69** | **200** |

По примена на формулите за добивање на поединечните индекси, тие се пресметани за секоја од испитуваните етнички групи. Индексите за Македонците и Албанците се добиени на тој начин што на оригиналните резултати се додава разликата добиена помеѓу овој примерок испитаници етнички Хрвати[40], и примерокот кој бил испитуван во 1993. Освен тоа, направена е и корекција на индексите врз основа на годините поминати во формалниот образовен систем на самите испитаници. Резултатите се прикажани на Табела 19, а разликите меѓу групите на Табела 19а.

Висината на индексите се движи од 0 до 100. Овие граници се дефинирани врз основа на минималните и максималните износи добиени од примерокот земји во IBM студијата. Проширувањето на истражувањата на други земји, ја отвора можноста да се добијат индекси и надвор од овие

[40] Индексите добиени во Хрватска во 1993 година се прикажани во Додаток 1

граници. За димензијата индивидуализам-колективизам, и маскулиност фемининост, понизок индекс значи повисок колективизам односно фемининост. Кај избегнувањето неизвесност, повисок индекс значи повисоко изразена ориентација кон извесност, а кај разлики во моќ, поизразена ориентација кон прифаќање на нееднаквоста помеѓу луѓето. Апсолутниот износ на индексот нема значење, па затоа е и невозможно да се проверува колку разликите во индексите се статистички значајни или не. Она што е носител на информацијата за димензијата е местото на културата во однос на другите култури.

Табела 19. Индекси на димензиите добиени на субјекти-студенти со VSM-82

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| Хрвати | 40 (+7*) = **47** | 73 (-3*) = **70** | 2 (+1*) = **3** | 71 (-4*) = **67** |
| Македонци | 29 (-14☆ +7*) = **22** | 112 (+10☆ -3*) = **119** | 7 (+37☆ +1*) = **45** | 90 (+2☆-4*) = **88** |
| Албанци | 29 (-14☆ +7*) = **22** | 114 (+10☆ -3*) = **121** | 23 (+ 37☆+1*) = **61** | 94 (+2☆- 4*) = **92** |

*Корекција по Табела на Bosland (заради години на образование)
☆Корекција врз основа на разликата помеѓу оригиналниот IBM и новиот примерок

Табела 19а. Разлики помеѓу индексите добиени на субјекти-студенти со VSM-82

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| **РАЗЛИКА** Алб-Мак | **0** | **2** | **16** | **4** |
| **РАЗЛИКА** Хрв-Мак[4] | **11** | **-39** | **-5** | **-19** |
| **РАЗЛИКА** Хрв-Алб[4] | **11** | **-41** | **-21** | **-23** |

[4]Разликата е пресметана врз основа на добиениот сиров индекс

Заради споредба на двете верзии на инструментот, во Табела 20 се соопштени пресметаните индекси во однос на димензиите, врз основа на прашањата од инструментот VSM-94, од испитувањата на испитаниците - студенти. Табела 20а ги содржи разликите меѓу индексите добиени со овој инструмент. Следната табела (Табела 20б), ги прикажува разликите што се

добиваат кога VSM-94 е зададен на студентите наспроти кога е зададен на вработените лица.

Табела 20. Индекси на димензиите добиени на субјекти-студенти со VSM-94

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| Хрвати | 98 + 7 *=**105** | 56 - 3 * = **53** | 4 + 1* = **5** | 25- 4* = **21** |
| Македонци | 91 +7* = **98** | 81 - 3* = **78** | 13 +1* = **14** | 37 - 4*= **33** |
| Албанци | 91 +7* = **98** | 97 - 3*= **94** | 33 + 1* = **34** | 38 - 4*= **34** |

*Корекција по Табела на Bosland (заради години на образование)

Табела 20а. Разлики помеѓу индексите добиени на субјекти-студенти со VSM-94

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| **РАЗЛИКА** Алб-Мак | **0** | **16** | **20** | **1** |
| **РАЗЛИКА** Хрв-Мак[4] | **7** | **-25** | **-9** | **-12** |
| **РАЗЛИКА** Хрв-Алб[4] | **7** | **-41** | **-29** | **-13** |

Табела 20б. Разлики помеѓу индексите добиени со VSM-94 на субјекти-студенти и субјекти-вработени

| | Индивидуализам -колективизам | Избегнување неизвесност | Маскулиност-фемининост | Разлики во моќ |
|---|---|---|---|---|
| **РАЗЛИКА** Алб$_{в}$-Алб$_{с}$ | **-3** | **-26** | **13** | **-1** |
| **РАЗЛИКА** Мак$_{в}$-Мак$_{с}$ | **0** | **-27** | **-15** | **0** |

## *Дискусија*

Ова испитување резултира со два сета резултати во однос на културните димензии: (1) индекси добиени со помош на нов примерок (субјекти-студенти), различен по демографските карактеристики од популацијата испитувана во IBM студијата, и тоа со користење на прашања од VSM-94 и VSM-82 инструментот; (2) индекси добиени со помош на изедначен примерок со тој од IBM студијата (субјекти-вработени), а со употреба на VSM-94 инструментот.

**Ad 1.** Резултатите од првиот корпус, добиени по методот на корекција на индексите врз основа на разликите помеѓу новиот примерок и примерокот во IBM испитувањето (со употреба на VSM-82 верзијата), ја дадоа следнава слика за изразеноста на културните димензии на македонската и албанската заедница: и двете се **колективистички** култури, и тоа во ист степен, култури со нагласени **разлики во моќ** (албанската малку повеќе ориентирана кон разлики во моќ) и **изразено многу ориентирани кон извесност** (албанската повеќе од македонската). Додека двете култури може да се опишат како **ниту премногу феминини ниту премногу маскулини,** сепак, културата на Македонците тежнее кон фемининиот дел на континуумот, додека културата на Албанците кои живеат во Македонија, е јасно поставена на маскулиниот дел. На Табела 21 е претставен дел од ранг-листата, со земјите коишто гравитираат околу испитуваните културни заедници[41].

Според овие наоди, и Македонците и Албанците живеат во културно милје кое е изразено *колективистичко.* Само неколку други земји од досега испитуваните имаат повисок индекс на колективизам. Во споредба со останатите испитувани земји во поранешна Југославија, прва во однос на колективизмот би се нашла културата на Македонците (КОЛ=23) и Албанците (КОЛ=22) во Македонија, па потоа следат Србија (КОЛ=25), Словенија (КОЛ=27) и Хрватска (КОЛ=33). Во опсегот од КОЛ=19 до 35, заедно со земјите од Балканот се уште Салвадор, Сингапур, Западна Африка, Чиле, Тајланд, Мексико и Филипини.

[41] Во табелата не се вметнати наодите за Албанија (види Додаток 2), бидејќи не се добиени директно од IBM истражувањата. Но, паѓа во очи дека според наодите, и оваа земја припаѓа на балканскиот кластер, со таа разлика што индексот на маскулиност е изразено повисок: МАС=80.

Табела 21. Индекси на културните димензии и рангови (дел од ранг-листата)

| **Индивидулаизам-колективизам** | | **Разлики во моќ** | | **Избегнување неизвесност** | | **Масулиност-феммининост** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индекс** | ***Ранг**** | **Индекс** | ***ранг*** | **Индекс** | ***ранг*** | **Индекс** | ***ранг*** |
| Јужна Кореја<br>18 | **44** | Малезија<br>104 | **1** | ***Македонија-<br>Албанци<br>121*** | **1** | Филипини<br>64 | **13** |
| Салвадор<br>19 | **43** | Панама<br>Гватемала<br>95 | **2-3** | ***Македонија -<br>Македонци<br>119*** | **2** | ЈужнаАфрика<br>Еквадор<br>63 | **14-15** |
| Сингапур<br>Тајланд<br>Западна Африка<br>20 | **38-42** | ***Македонија-<br>Албанци<br>92*** | **4** | Грција<br>112 | **3** | САД<br>62 | **16** |
| ***Македонија -<br>Албанци<br>22*** | **37** | ***Македонија-<br>Македонци<br>88*** | **5** | Португалија<br>104 | **4** | Австралија<br>***Македонија-<br>Албанци<br>61*** | **17-18** |
| Чиле<br>***Македонија -<br>Македонци<br>23*** | **35-36** | Србија<br>86 | **6** | Гватемала<br>101 | **5** | Нов Зеланд<br>58 | **19** |
| Србија<br>25 | **34** | Мексико<br>Венецуела<br>81 | **7-8** | Уругвај<br>100 | **6** | Грција<br>Хонг-Конг<br>57 | **20-21** |
| Словенија<br>27 | **33** | Еквадор<br>Индонезија<br>78 | **9** | Салвадор<br>Белгија<br>94 | **7-8** | Индија<br>Аргентина<br>56 | **22-23** |
| Мексико<br>30 | **32** | Индија<br>ЗападнаАфрика<br>77 | **10-11** | Србија<br>92 | **9** | ...7 други<br>земји | **24-30** |
| Филипини<br>32 | **31** | Сингапур<br>74 | **12** | Перу<br>89 | **10** | ***Македонија-<br>Македонци<br>45*** | **31** |
| Хрватска<br>33 | **30** | Хрватска<br>73 | **13** | Словенија<br>88 | **11** | Панама<br>Шпанија<br>44 | **32** |
| Грција<br>35 | **29** | Хонг-Конг<br>68 | **14** | Хрватска<br>80 | **12** | Србија<br>43 | **32** |

***во колоните е забележан рангот на целата листа од испитаните 55 земји**

Наодите потполно се согласуваат со тврдењето на Hofstede (врз основа на post-hos емпириска анализа) дека димензијата колективизам-индивидуализам коварира со еден клучен економски и еден клучен географски индикатор. Прво, помеѓу бруто националниот производ и оваа димензија постои висока еколошка корелација: ρ=0,84. Во посиромашните земји постои силна тенденција да доминира колективистичка ориентација и обратно. Само како

илустрација, годишниот БНП по глава на жител за 2004 година во некои од земјите чии индекси се прикажани на Табела 21 изнесува: Тајланд - 1990$, Салвадор - 2200$, Србија 1900$, Македонија - 1750$, Мексико - 3600 $, Словенија 10400$, Филипини 1060$, Хрватска 4600$, Грција 11400$[42]. Најиндивидуалистичката култура на ранг листата, САД (ИНД=91), е воедно и најбогатата земја во светот.

Географската поставеност исто така може да биде предиктор на изразеноста на оваа димензија на културата. Откако ќе се контролира влијанието на богатството на земјата, може да се предвиди дека во поладните земји се очекува поиндивидуалистичко однесување. Hofstede ова го објаснува со неопходноста за преземање лични иницијативи во посурови климатски услови за опстанување. Како што може да се види од окружувањето, земјите лоцирани околу Македонија припаѓаат на климатски појаси кои се потопли.

Друг наод е дека и двете култури се карактеризираат со *изразено високи разлики во моќ*. Во релација со останатите испитани земји на поранешна Југославија, највисоки разлики во моќ се регистрирани кај Албанците во Македонија (PM=92), па кај Македонците (PM=88), потоа следи Србија (PM=86), па Хрватска (PM=73) и Словенија (PM=71). [43] Помеѓу нив, со слични индекси се наоѓаат уште неколку земји: Еквадор, Индонезија, Индија и регионот на западна Африка.

И за оваа димензија, Македонија и останатите земји од поранешна Југославија се наоѓаат во ист кластер со култури коишто географски се прилично далечни, од причина што повторно, како и кај димензијата индивидуализам-колективизам, постои корелација помеѓу хиерархизацијата на општествата и економските фактори. Тука БНП може да ја предвиди изразеноста на димензијата поради тоа што постои тенденција во земјите со

---

[42] Податоците за БНП по глава на жител се земени од: http//www.studentsoftheworld.info, а важат за 2004 година.

[43] Интересно е да се забележи дека во популарниот лексикон на странски зборови и изрази на Вујаклија (стр.103), изразот *балканизам* е дефиниран меѓудругото и како "... *йойилайување, сйрасй за богайење, йокорносй кон надредениие а грубосй кон йодредениие од себе.*"

низок економски развој да се јави редукција на средната класа и остра сегрегација на малцинска економска олигархија и мнозинска ниска класа.

Друг фактор е демографскиот: во земјите со поголем прираст на население, се очекува и поголема диференцираност меѓу населението.

Постои можност и двата фактори да создаваат нешто понагласени разлики кај Албанците во споредба со Македонците во Македонија.

Во поглед на димензијата *избегнување неизвесност*, и двете испитувани култури добиваат индекси коишто ги сместуваат на самиот врв на листата. Од досега испитуваните култури, Албанците кои живеат во Македонија имаат највисок индекс на изразеност на избегнување неизвесност (ИН=121) [44], потоа следат културата на Македонците (ИН=119), па Грција (ИН=112). Понатаму се Португалија, Гватемала, Уругвај, Салвадор и Белгија пред Србија (ИН=92), Словенија (ИН=88) и Хрватска (ИН=80).

Кога се во прашање пошироките антрополошки фактори кои може да објаснат зошто одредени култури развиваат висока нетолеранција кон неизвесност, Hofstede пишува: "*Потеклото на синдромот на избегнување неизвесност е многу помалку јасно отколку кај разликите во моќ; јас не гледам каузален ланец којшто може да води до ниска и висока норма на избегнување неизвесност...*"(Hofstede, 2001, стр.179). Понатаму, тој ја изнесува претпоставката дека е голема веројатноста оваа димензија да е поврзана со различни историски фактори коишто влијаат заедницата да развие различни степени на нетолеранција кон неизвесност. Како предиктори на димензијата Hofstede сепак ги наведува честите промени на политички и еконмски план, како и "апсолутните религии": исламот и христијанството.

[44] Во Додаток 1 е прикажан индекс за избегнување неизвесност ИН=128 за Абориџините од Австралија, но тој не е внесен во официјалната листа бидејќи не е изведен по истата методологија на мерење, туку преку опсервациите на д-р. Ray Simonsen од Универзитетот Викторија.

Најпосле, според добиениот индекс, во земјите од поранешна Југославија *најмаскулина*[45] е културата на Албанците во Македонија (MAC=61), па следат Македонците (MAC=45), па Србите (MAC=43) и Хрватите (MAC=40). Помеѓу Македонците и Албанците во Македонија, ова е димензија со најизразени разлики; помеѓу нив на ранг-листата се околу дванаесетина други култури.

Корелациите помеѓу географските, демографските и економските фактори и оваа димензија се слаби кога се испитуваат сите земји. Но, ако се разгледаат само екстремите во однос на бруто националниот доход, се откриваат неколку релации. Van de Vliert et al. (1999) откриваат криволиниска поврзаност меѓу климата, домашното насилство и маскулиноста. Тоа значи дека во земјите со многу високи и многу ниски температури насилството и маскулиноста опаѓаат. Авторите оваа врска ја објаснуваат со очекуваната улога на таткото: "*поради тешките климатски услови, татковците се обврзани да инвестираат повеќе грижа во нивните семејства поради опстанокот*" (Van de Vliert et al. , 1999; стр. 130). Се разбира, оваа врска не може да ја објасни разликата најдена помеѓу Македонците и Албанците во Македонија со оглед на тоа дека споделуваат исти климатски услови.

Друг фактор кој има комплексни врски со степенот на изразеност на маскулинност е прирастот на население. Во посиромашните земји, маскулиноста на културата е во позитивна корелација со прирастот на население (мажите одлучуваат за бројот на деца во семејството) а фемининоста на културата е во негативна корелација со прирастот на население (жените одлучуваат за големината на семејството и ја прилагодуваат на економските прилики).

Но, бидејќи е многу поверојатно овие две појави да се поврзани на тој начин што нормата на маскулиност/фемининост претходи, а не е последица на прирастот, разликите помеѓу испитуваните групи повторно остануваат

---

[45] Треба е да се забележи дека од едно до друго истражување, во временски период од дваесетина година, настанала промена на димензијата маскулиност /фемининост во правец на пораст на маскулиноста: додека во седумдесетите години индексот за Југослеваија е 21, во деведесетите тој важи само за Словенија. Во Хрватска и Србија во меѓувреме доаѓа до поместување на индексот кон повисока маскулиност. Може да се спекулира дека тоа е така поради промената на општиот режим кој бара поголема борбеност наместо солидарност за да се опстане, а не е исклучена и можноста поместувањето да е резултат на воените судири и тензии кои се случуваа во меѓувреме.

неразјаснети. Можно е, одредени историски услови, како што е на пример занимавањето со различни дејности во минатото, да ги произведат битните разлики во изразеноста на оваа димензија. Bateson (1994; според Hofstede, 2001), корените на компетитивноста во заедниците ги наоѓа токму во доминантниот начин на којшто се обезбедуваат средствата за живот. На етнолозите и историчарите им преостанува да утврдат дали тоа може да биде објаснение на феноменот[46].

Интересно е да се заклучи дека токму на димензиите кои не варираат под дејство на макроекономските фактори и географската ширина (а кои се идентични за двете испитувани култури), туку под дејство на други околности, како што се на пример историски случувања, испитуваните групи се разликуваат. Овој наод прави силна импресија во врска со афирмирање на валидноста на мерките.

Како додатен извор на поддршка на валидноста може да послужат ретките крос-културни студии во коишто Република Македонија учествува со податоци за етничките Албанци и етничките Македонци. Едно такво истражување е студијата за однесувањето и ставовите на младите во врска со здравјето, спроведена од *Центарот за психосоцијална и кризна акција*[47] од Скопје. За прашањата од администрираниот прашалник коишто се мандаторни, ќе бидат прикажани податоци и за другите земји, а за оние кои не се, нема достапни информации за наодите, освен се разбира, за Македонците и Албанците од Македонија. Исто така, треба да се напомене дека корелациите не се пресметувани, бидејќи бројот на земји учеснички во оваа студија кои се истовремено и учеснички во студијата на Hofstede, е многу мал. Сепак, наодите може да послужат како илустарција и инспирација за понатамошни истражувања.

---

[46] На пример, во својата студија за етничките групи во Македонија, Ташева (1997) забележува дека за времето на Османската империја, доаѓа до интензивна стратификација на занимањата по основа на религиската припадност. Така, Албанците имале пристап до воените дејности, коишто пак го сочинувале повластениот општествен сталеж.

[47] Податоците се изнесени во: Ќостарова-Унковска, Л., Кениг, Н. и Наумова, К. (ур.) (2002). *Децата и нивната благосостојба: Студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Република Македонија.* Во текстот се коментираат само наоди за земји кои се опфатени со студијата на Hofstede.

*Разлики во моќ* - Прашани дали слободно го изразуваат своето мислење во кругот на врсниците, адолесцентите Албанци потврдно одговараат во 80% случаи, а Македонците во 87% случаи. Затоа пак, во кругот на возрасните, овој процент драстично опаѓа: 28% Албанци велат дека слободно го изразуваат своето мислење пред наставниците, а кај Македонците, процентот е 25%. Само 30% Албанци и 27% Македонци го искажуваат своето мислење пред наставниците кога тоа е спротивно на мислењето на наставниците.

Димензијата разлики во моќ креира различни референтни рамки за тоа што значи вклученост во донесувањето правила. Интересен е податокот дека земјите високо рангирани на оваа димензија се тие во кои учениците покажуваат тенденција да мислат дека се вклучени во одлучувањето на школо. Најверојатно, крутата хиерархизација гради ниски очекувања кај младите што значи да се биде вклучен во одлучувањето во врска со правилата. На пример, во Македонија, 40% од средношколците Албанци (РМ=92) и 38%од нивните врсници -Македонци (РМ=88), одговориле дека учествуваат во донесувањето правила во училиштето. Процентот на одговори за истото прашање во Грција (РМ=60), е 37%, во САД (РМ=40) е 19%, во Норвешка (РМ=31) 22%, а во Финска (РМ=33) процентот се сведува само на 10% (Маневска, 2002).

*Индивидуализам-колективизам* - Во колективистичките култури, се очекува значителна инхибираност во однос на изразувањето на спротивно мислење од групата на која се припаѓа. Иако групата врсници е најбезбедната за изразување на спротивно мислење, на прашањето дали слободно искажуваат спротиставени мислења, само 70% од учениците Албанци одговараат потврдно кога контекстот е врснички. Кај нивните врсници Македонци, процентот е нешто поголем: 80%. (Егуменовска, 2002).

Колективизмот наложува споделување на загрижите во семејството и зачестена комуникација: Currie et al (2002) соопштуваат дека на ранг листата од 36 земји, токму во Македонија петнаесет-годишниците најлесно зборуваат со мајката, па следат Словенија (ИНД=27), Холандија (ИНД=80), Хрватска (ИНД=33), за да на самиот крај на од листата се најде најиндивидуалистичката култура САД (ИНД=91). При тоа, процентот на Македонци кои одговориле

дека лесно разговараат со мајката за теми што ги загрижуваат е понизок од процентот на Албанци (54% наспроти 62%). Исто така, многу голем процент млади на возраст од 15 години соопштуваат дека добиваат помош од родителите за на училиште: 74% од Македонците и 76% од Албанците, што исто така може да се толкува како консеквенца од колективистичката ориентација.

*Избегнување неизвесност* - Исклучително интересни наоди во оваа студија се откриени во врска со разликите во експериментирање со ризични однесувања: алкохол и пушење тутун. Очекуван наод е дека во култури со повисок степен на избегнување неизвесност, односно повисока анксиозност, консумацијата на алкохол или цигари е поголема. На пример, податоците од истражувањата во земјите на Европската унија (Eurobarometer, 2003) покажуваат дека најинтензивно се пушат цигари во Грција (ИН=112), па во Белгија (ИН=94), Португалија (ИН=104), па следат Австрија (70), Велика Британија (ИН=35), Шпанија (ИН=86), Финска (ИН=69), Холандија (ИН=53) и Шведска (ИН=29). Совпаѓањето меѓу рангот според број на испушени цигари на ден и индексот на избегнување неизвесност е речиси идеално.

Но, меѓу петнаесетгодишните респонденти е добиена обратна слика. Во споредба со врсниците Македонци, петнаесетгодишните Албанци секогаш во помал процент соопштуваат дека експериментирале со ризични однесувања или дека редовно користат алкохол или тутун. Алкохолни пијалоци пробале 85% Македонци наспроти 17% Албанци, а се опиле 15% од Македонците наспроти 2,5% од Албанците. Дека пробале да пушат, изјавиле 38% од Македонците наспроти 28% од Албанците, како активни пушачи се изјасниле 11% од Македонците наспроти 7%од нивните врсници Албанци, додека канабис користеле околу 3% Албанци и Македонци (Ќостарова-Унковска и Чонтева, 2005). За сите прашања, Македонија (ИН=119 односно 121) и Грција (ИН=112) имаат речиси идентични резултати, а се на самото дно на ранг-листата. Близу до нив, но со повисоки проценти е Хрватска (ИН=80). Канада (ИН=49), САД (ИН=46) и нордиските земји, кои имаат умерени т.е. ниски индекси на избегнување неизвесност, според процентите на декларирани експериментирања со ризици се многу повисоко на ранг-листата. Наодите

може да се објаснат низ следнава призма: (1) во земји со пониска ориентација кон избегнување неизвесност, постои тенденција многу повеќе да се *признава* експериментирањето со ризици, или (2) пониската ориентација кон извесност во културата, фаворизира експериментирање на пораните возрасти, но на повисока возраст голем број луѓе го напуштаат тој образец на однесување.

*Маскулиност-фемининост* - Опсервацијата на Hofstede дека постои поголем јаз меѓу половите во врска со слободата за предбрачни сексуални односи се потврдува низ наодите од споменатата студија. Воочливо е дека фаворизирањето на пораните сексуални односи само кај машките во маскулините култури предизвикало дури 62% од петнаесетгодишните Албанци да изјават дека барем еднаш имале сексуални односи, додека тоа го кажале само 29% од адолесцентите етнички Македонци. Кај девојчињата, 4% од Македонките наспроти 2% од Албанките тврдат дека имале барем едно сексуално искуство до моментот кога се прашани. Интересно е дека во изразено феминините Шведска (MAC=5) и Финска (MAC=26), сликата е обратна: процентот на девојчиња кои изјавуваат дека имале сексуални односи е поголем од процентот на момчиња (Currie et al, 2004).

*********

**Ad 2.** Резултатите добиени со помош на инструментот VSM-94 на примерок изедначен со IBM примерокот, ги дадоа следните информации: во однос на димензијата колективизам-индивидуализам констатирана е мала разлика помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци - етничките Македонци имаат поиндивидуалистичка култура. Димензијата разлики во моќ е идентична, а на димензиите маскулиност-фемининост и избегнување неизвесност постојат големи апсолутни разлики - Албанците се повеќе ориентирани кон извесност и помаскулини од Македонците.

Според висината на индексите добиени со VSM-94 на испитаници-вработени, двете култури би се опишале како изразено индивидуалистички, со умерено изразена ориентација кон извесност (поголема кај Албанците

отколку кај Македонците) и со ниски разлики во моќ. Индексот на маскулиност добиен од групата Македонци укажува на многу изразено феминина култура, додека за Албанците тој е повеќе на маскулиниот дел на континуумот.

Ако се споредат индексите што се добиваат со помош на VSM-94 инструментот и изедначен примерок (Табела 14), со индексите добиени во 1993 година во Хрватска, Србија и Словенија (земји кои според релевантните демографски индикатори може да се сметаат како култури коишто ќе се најдат во ист кластер со испитуваните), се забележуваат огромни дискрепанци за повеќето димензии, што претставува случај за којшто е тешко да се најде објаснение.

Пред сé, тоа се однесува на димензиите индивидуализам-колективизам и разлики во моќ. И за двете димензии, со користење на VSM-94 инструментот, добиени се индекси коишто ги позиционираат културите на Македонците и Албанците во кластерот на земји со висок индивидуализам и ниски разлики во моќ - кластер во којшто по правило спаѓаат земји со висок бруто-национален производ, како САД, Шведска, Австралија, Канада, Швајцарија. Ако пак се разгледаат индексите на маскулиност-фемининост и избегнување неизвесност, ќе се види дека македонската култура би требало да припадне на кластерот изразено феминини-ниско избегнување неизвесност, кадешто се лоцирани културите на шведска, Данска, Норвешка и Финска, додекао културата на албанската зедница во Македонија би припаѓала на друг квадрант - високо избегнување неизвесност и висока маскулиност, близу до Грција, Белгија и Аргентина (види Додаток 2).

* * * * * * *

Со оглед на тоа дека се добиени две различни групи на податоци за исти мерени конструкти, неминовно се поставуваат дилемите:

1. *Дали предложениот нов инструмент (VSM-94) може да служи за утврдување на културните димензии?*
2. *Дали проблемите во врска со утврдувањето на димензиите произлегуваат од новите прашања во инструментот VSM 94 или пак треба да се припишат на пристапот во мерење воопшто?*

За да може да се добие одговор на овие прашања, неопходно е да се споредат наодите добиени со помош на двата инструменти. Понатаму, ќе бидат разгледувани и останатите релевантни фактори коишто може да се генератор на невалидни мерки за димензиите. Пред започнувањето на понатамошната анализа, се чини важно да се потцртаат основните претпоставки на користење на инструментот (Hofstede, 2001; 2003):

- Инструментот (и едната и другата верзија) не може да се користи за утврдување на индивидуални разлики, ниту пак за утврдување на изразеноста на димензиите помеѓу субгрупи во рамки на една иста културна група. Тоа значи дека не може на пример, да се споредуваат две организациски култури во иста земја и да се одредува која има помаскулина култура, која е повеќе ориентирана кон извесност и сл. Наменет е само за споредба помеѓу земји, региони или етнички групи во рамки на една земја.

- Во рамки на една култура, висините на индексите на димензиите утврдени со инструментите варираат од една до друга субпопулација, односно не може да се очекува аритметичките средини на различни субпопулации да се идентични.

- Разликите помеѓу аритметичките средини добиени за секое од прашањата не се разгледуваат во смисла на тоа дали се статистички значајни или не, бидејќи формулите за пресметување на индексите се правени на тој начин што за секое од прашањата е утврден пондер за да најнискиот добиен исход има индекс околу 0, а највисокиот околу 100. Апсолутните износи на индексите не се споредуваат од аспект на статистичка значајност, туку само служат за утврдување на рангот.

- Индексите добиени со двата инструмента најверојатно нема да бидат идентични. Но, за да може новата верзија на инструментот да се третира како валидна, треба да продуцира приближно исти *разлики* меѓу споредуваните култури како и старата верзија.

### *VSM-94 насӣроӣи VSM-82 мерки*

Она што се очекува да се случи кога се споредуваат две култури со двата инструменти, е дека *разликиӣе* помеѓу индексите на паровите примероци од различните субпопулации ќе бидат приближно еднакви. На пример, тоа би значело дека ако споредуваме културна група А и културна група Б, а имаме изедначени примероци од било која субпопулација, би требало, разликите во индексите (А-Б) да бидат приближно еднакви без разлика со кој инструмент се прави мерењето.

Конкретно, за кој и да е сегмент од популацијата, резултатот *Алб-Мак* или обратно, треба да има слична вредност[48]. Во спротивно, барем еден од инструментите не дава валидни мерки.

Затоа, за да може новиот инструмент (VSM-94) воопшто да се употребува како замена за стариот, мора да се обезбеди доказ дека разликите меѓу испитуваните етнички групи во рамки на една субпопулација се приближно еднакви.

Ако се разгледаат индексите добиени врз основа на двата инструмента, може да се каже следново:

- За димензијата *индивидуализам-колекӣивизам*, меѓу вработените Македонци и Албанци е добиена разлика од 3 единици, а кај студентите Македонци и Албанци, независно кој инструмент се користи, не се добива разлика. Тоа значи дека двата инструмента би утврдиле или исти позиции за двете култури на ранг листата, или многу мала разлика, но не таква којашто би ги сместила во различни културни кластери (Табели14а, 19а и 20а). Ако се разгледаат разликите меѓу индексите што ги дава VSM-82 и VSM-94 кога се споредуваат Македонци со Хрвати и Албанци со Хрвати, ќе се увиди дека и тие го задржуваат правецот, и сосема малку варираат: ако VSM-94 регистрира 7 единици разлика, VSM-82 регистрира 11 (Табела 19а и 20а).

[48] Сериозна фрустрација за секој истражувач којшто прави екстензија на истражувањето по оваа методологија, е неодреденоста во врска со тоа што се подразбира под поимот *слично ѓолеми разлики*, бидејќи не е поставен ниту емпириски ни теориски критериум кое отстапување од сличноста е толерабилно. Во ова истражување, за значително големи разлики се сметаат отстапувања поголеми од 10 единици во апсолутните индекси.

- За димензијата *избегнување неизвесност*, двата инструменти даваат поваријабилни разлики: меѓу Македонците и Албанците, VSM-94 дава 16, т.е. 17 единици, а VSM-82 само 2 единици. Сепак, и VSM-94 и VSM-82 регистрираат разлики во ист правец: кај Албанците, индексот е секогаш повисок од Македонците. Разликите меѓу Хрватите и Албанците, кога се споредуваат наодите добиени со двата инструменти се идентични (41 единица), а меѓу Хрватите и Македонците правецот на разлики е задржан, но од едниот до другиот инструмент разликите варираат.

- За димензијата *маскулиност фемининост*, VSM-94 и VSM-82 даваат слични износи на разлики кај студентите Македонци и Албанци (16 односно 20 единици), но регистрираат многу поголема разлика кај вработените, каде разликата е 48. Поголеми отстапувања се забележани и во однос на разликите Хрвати-Албанци и Хрвати Македонци: VSM-94 дава разлики за неколку единици повисоки од VSM-82. Но, пред да се прогласи инструментот за проблематичен, мора да се земе предвид следново: емпириските анализи на Hofstede покажуваат дека: "*апсолутните разлики во индексот на маскулиност меѓу мажите и жените варира. ...во високо маскулините земји, вредностите на мажите и жените од исто занимање имаат тенденција да бидат поразлични отколку во ниско маскулините* (Hofstede, 2001, стр.285) ". Така, поголемата разлика во оваа димензија добиена со VSM-94 може да ги рефлектира поголемите разлики кои произлегуваат од пропорционално поголемиот број мажи во примерокот вработени лица отколку во примерокот составен од студенти по психологија. Кога индексите се пресметуваат за двата пола посебно, Ќе се види дека разликата меѓу мажите Македонци и Албанци е 50 (за Албанците, MAC=56 а за Македонците MAC=6), а разликата меѓу Македонките и Албанките е помала отколку за целиот примерок и изнесува 39 (од MAC=37 кај Албанките и MAC=-2 кај Македонките).

- Кај димензијата *разлики во моќ,* VSM-94 и VSM-82 даваат слична слика за разликите меѓу групите: 2±2 кога се работи за Македонците и Албанците, и разлики во ист правец, за седум до десет единици пониски или повисоки кога се работи за споредба на Хрватите со Македонците и

Албанците. И за оваа димензија, двата инструменти би ги позиционирале културите на слични места во ранг листата.

Овие наоди, упатуваат на можноста, со корекции во однос на пондерите на формулите, VSM-94 да може да се користи како валиден инструмент за утврдување на димензиите. Но, тоа би значело дека апсолутните индекси би требало да добијат **сосема ново значење**, некомпарабилно со индексите од IBM студијата, откако испитувањето би се спровело повторно на најмалку педесетина култури, за да се изврши ново рангирање и да се придаде ново значење на износите на индексите.

Во секој случај, првичната идеја на авторот, VSM-94 да ја користи како директна замена за VSM-82, не најде оправдување со емпириската анализа на резултатите. Уште помалку пак може да се каже дека новата верзија нуди поголема практичност во откривање на димензиите, бидејќи со неа не може да се изведе еднакво значење за апсолутните износи на димензиите без да се спроведе уште едно меѓународно истражување во коешто ќе учествуваат поголем број земји со изедначени примероци.

## *Предизвици и проблеми на моделот на мерење на Hofstede*

Второто прашање поставено на почетокот на дискусијата, за тоа дали може да се има доверба во самиот метод до којшто се доаѓа до мерките на димензиите, ќе биде разгледувано преку анализа на предизвиците и проблемите во врска со целокупниот модел на мерење предложен од страна на Hofstede.

### *Репрезентативност на примероците во студијата и можноста за соодветна екстензија*

Критичарите на студијата на Hofstede остро го коментираат фактот дека **податоците се прибирани на примерок што по демографските карактеристики не може да биде репрезентативен национално ниво.** Но, оваа забелешка, иако сосема вистинита, не ја компромитира валидноста на наодите, бидејќи главната цел на студијата не е да ги *опише* културите во целост туку само да ги *спореди*.

Со други зборови, апсолутните износи на индексите по одредени димензии немора (а како што јасно се виде и од ова истражување, тоа е повеќе правило од исклучок) да важат за цела популација, но се претпоставува дека рангот во однос на димензиите, ќе остане ист од една земја до друга, без разлика кои изедначени примероци се испитуваат.

Една друга карактеристика на примероците врз основа на коишто се изведувани индексите, а која потешко се забележува поради тоа што вкупната бројка на испитаници е импресивна, бара подетални информации за одделните земји од коишто испитаниците потекнуваат. McSweeney (2002) забележува дека само шест земји во двата наврати се репрезентирани со примероци од над 2000 вработени во IBM компаниите, но затоа во неколку земји бројот на субјекти е помал и од 100. Со други зборови, стандардот за **големината на примероците** не е задоволен во сите случаи.

Hofstede го предвидува проблематизирањето на овој аспект на студијата и се оградува од критики со тврдењето дека хомогеноста на одговорите кои потекнуваат од испитаници од една култура, далеку ја надминува хетерогеноста којашто постои меѓу луѓето што споделуваат ист културен контекст. Затоа, смета тој, зголемувањето на примерокот, освен што е сосема невозможно да се прави во земји со мали ограноци на компанијата, не ни придонесува премногу кон уточнување на мерките за димензиите. Она што е клучно, смета Hofstede, е колку успешно е направено изедначувањето на примероците, без разлика дали се користи пристапот на изнаоѓење IBM-примерок или се прави калибрирање. Така, од две студии на екстензија коишто досега се направени, тој како мошне успешна ја споменува дисертацијата на Nanhekhan (Hofstede, 2001) која добила наоди за Суринам врз основа на 25 испитаници!

Многу поважен проблем, сосема занемарен во критиките упатени за пристапот, а стана очигледен во оваа студија, е оправданоста на претпоставката дека постои **функционална еквивалентност помеѓу примероците,** односно дека она што значи да се припаѓа на средна класа, да се има високо или средно образование, носи идентична позиција од една до друга средина. Ова прашање може помалку или повеќе да ги контаминира резултатите во два случаи на мерење.

Првиот случај е кога се споредуваат многу култури наеднаш и индексите се добиваат по директен пат (како во IBM студијата на Hofstede). Функционалната нееднаквост може да ја искриви ранг листата бидејќи постои опасност да се компарираат субпопулации коишто имаат суштински различна позиција во општествената мрежа на земјите од кои потекнуваат. Една од првите асоцијации кои се наметнува во врска со овој проблем е дали на пример може со сигурност да се тврди дека во седумдесетите години, да се работи во IBM компанијата и да се биде систем-инженер било еднакво вообичаено и значело иста општествена позиција и степен на образование во САД и Франција, наспроти на пример, во Југославија и во Малезија?

Вториот случај се однесува токму на методологијата по којашто се доаѓа до индексите за културите во екстензивните студии што го користат VSM инструментот за постапката на прибирање податоци од примероци коишто не се вработени во IBM компанијата. Следејќи ја логиката дека иста национална култура ќе засегне на идентичен начин слични групи субпопулации во рамки на националната заедница, Hofstede препорачува индексите добиени во IBM студијата да се користат како сидро според коешто ќе се утврдат разликите од една до друга субпопулација. Во оваа студија тоа е направено со споредување на IBM индексите во Хрватска и индексите добиени на студенти во Хрватска. Притоа, изборот да се направи споредувањето токму со оваа култура не е направен само од практични причини, туку затоа што беше претпоставено дека за земјите од соседството може со најголема сигурност да се тврди дека разликите меѓу студентите и вработените ќе бидат слични. Она што Hofstede го превидува (или барем неоправдано го толерира) кога го прогласува калибрирањето како соодветен метод, е дека **разликата меѓу две групи од иста популација може да варира во квантитет од една во друга култура**. За волја на вистината, врз основа на две понови емпириски студии, сега е можно да се коригираат индексите од аспект на разлики во образованието на испитаниците, но сериозно прашање со коешто мора да се позанимава секој што прави проширување на студијата е дали разликата во годините проведени во формално образование, е единствен важен извор на варијации во добиените скорови. На пример, во една студија на екстензија направена во Полска (Nasierowski & Mikula, 1998), авторите како изедначен примерок - пар за

калибрирање - користат испитаници од Канада, без притоа да обезбедат барем логички докази за тоа дека разликите во IBM примерокот и изедначениот примерок од Канада (менаџери) ќе бидат слични со разликите меѓу полскиот испитуван примерок на менаџери и она што би биле вработени во IBM во Полска.

Бидејќи функционалната нееднаквост може да придонесе и кон пристрасност во генерализациите, треба да се потврди претпоставката дека меѓу студентите и вработените во IBM (односно нивните еквиваленти-примерокот вработени) постојат прилично стабилни разлики во испитуваните заедници. Во недостиг на мерки од VSM-82, за Македонците и Албанците, ќе биде прикажана ситуацијата добиена на VSM-94 инструментот. Разликите се дадени во Табела 20б.

Помеѓу вработените и студентитете Македонци, не е добиена разлика на димензијата *индивидуализам-колективизам*, а меѓу вработените и студентите Албанци, разликата е -3 единици. Бидејќи овие разлики се занемарливи, може да се заклучи дека во однос на оваа димензија, нема суштински разлики меѓу субпопулацијата студенти и вработени и за двете етнички групи. Истиот заклучок може да се донесе и за димензијата *разлики во моќ,* каде само Албанците (студенти и вработени) меѓу себе се разликуваат за една единица. На димензијата *избегнување неизвесност*, споредуваните групи Македонци се разликуваат за -27 единици, а споредуваните групи Албанци за -26 единици во ист правец. Складот во износот на разликата и за оваа димензија обезбедува небиасирани споредби помеѓу групите, особено затоашто разликата е во очекуваниот правец[49].

Но, меѓу вработените и студентите Македонци, добиена е разлика од -15 единици на димензијата *маскулиност-фемининост*, а меѓу Албанците вработени и студентите разликата е +13, што значи во обратен правец. Ако се контролира влијанието на полот и се погледнат само разликите помеѓу испитаничките од двете групи, разликите се редуцираат. За Македонките, разликата меѓу вработените и студенткките изнесува -14 а за Албанките +4 (за

[49] Индексот на избегнување неизвесност е повисок кај студентите, бидејќи тие како субгрупа би требало да бидат повеќе ориентирани кон ризик. Тоа значи, дека кога се генерализира на целата култура, индексот е всушност уште повисок.

вработените MAC=-2 а за студентките е MAC=12, додека за Албанките MAC=37 кај вработените, а кај студентките, MAC=34).

Тука е важно да се истакне дека во репликациската студија на Merritt (2000) направена со помош на VSM-82 прашалникот на 9400 пилоти (сите мажи) од 19 земји, забележан е проблем токму на оваа димензија. Најголемиот број земји, добивале пониски индекси на маскулиност врз основа на одговорите на пилотите, за кои пак постои раширен стереотип дека се мачо прототипови. Авторот, оваа појава ја припишува на ирелевантноста на прашањето за можноста за поголема заработувачка (што е едно од носечките прачања кои ја одредуваат висината на индексот), за пилотите, бидејќи тие ионака имаат многу високи примања без разлика на тоа од која култура доаѓаат.

Ако се оди по таа логика, тогаш може да се види дека најголемите разлики меѓу Македонците и Албанците (вработени лица) во врска со димензијата маскулиност-фемининост извираат од степенот на вреднување на аспектот на идеалното работно место кој се оденсува на соработката меѓу луѓето (пониско вреднуван од Албанците) и уверувањето за тоа колкава е одговорноста на поединецот за неговите неуспеси во животот (Албанците припишуваат повисока одговорност). Кај студентите, овие разлики не се така изразени како кај групата вработени, што може да биде одраз на поуниформираната средина (послични искуства) кај оваа субпопулација за разлика од групата вработени.

И во едниот и во другиот случај, сепак на крајот објаснувањата може да се подведат под различните контексти од кои одговараат испитаниците кои припаѓаат на различни слоеви на една иста национална култура. Следствено, ако се признае дека субпопулациите во различни култури се разликуваат или се слични на несистематски начин, тоа значи дека **нивната еднаквост треба да се докаже** пред да се прави калибрирање.

Во ова конкретно испитување, тоа би значело дека постои можност, поради помалата разлика во индексот маскулиност-фемининост кај студентите, индексите на оваа димензија за двете култури да бидат уште подалеку еден од друг отколку што е утврдено со помош на калибрирањето. Бидејќи студентите Албанци се помалку маскулини од вработените, а кај Македонците тоа е обратно, калибрирањето всушност ја *ублажило* разликата во однос на оваа димензија кај двете групи. Она што е добиено како наод, може да се смета за

најмалата разлика меѓу Македонците и Албанците по линиите на димензијата маскулиност-фемининост. За жал, врз основа на оваа студија, не може да се процени колку би можела да е поголема разликата, бидејќи не се утврдувани мерките на VSM-82 и за групата вработени субјекти.

*Face - валидносӣ, број на ајӣеми и можносӣа ӣие да бидаӣ заменеӣи*

Најпрво, да се задржиме на тврдењето на Hofstede дека со помош на факторска анализа успеал да ги идентификува петте универзални (не сите можни!) димензии на културите. Користењето на прашањата со најголеми факторски заситувања, и тоа само 3-4 на број, за да се идентификуваат разлики помеѓу културите, уште на прв поглед личи на вистинска идеализација на факторската анализа како метод.

Некои автори (најскори примери се истражувањето на Kruger & Roodt, 2003 и освртот на McSweeney, 2002) предизвикани од овој пристап, се обидуваат да ја демантираат употребливоста на VSM инструментите преку проверка на нивните метриски карактеристики и корелациите помеѓу ајтемите коишто влегуваат во дефиницијата на димензиите, правејќи со тоа т.н. *обраӣна еколошка ӷрешка*. Проблемот со овој вид на критики е јасното укажување на Hofstede дека корелациите помеѓу ајтемите се јавуваат на еколошко, а не и на индивидиуално ниво. Со други зборови, ајтемите корелираат тогаш кога како респоденти се третираат културите а не индивидуите. Истото важи и за релијабилноста на инструментот: внатрешната хомогеност може да се провери само ако инструментот е администриран во најмалку петнаесетина култури.

Бидејќи културата ја сфаќа како *нашироко сӣоделени сфаќања за начиниӣе на кои е најдобро да се орӷанизирааӣ односиӣе меѓу луѓеӣо,* Hofstede доаѓа до заклучоци за тоа што е широк "консензус" во националните колективи преку агрегација на податоци добиени на индивидуално ниво. Тоа со што Hofstede располагал е self-report прашалник, првенствено наменет за испитување на вредности. Многу е јасно дека поединечните прашања од кои се деривирани димензиите, ниту тој, ниту кој и да е друг истражувач би ги избрале како најдобри доколку првобитната намера на истражувањето би била детекција на културните карактеристики. Пред сé, ајтемите од IBM студијата не поседуваат ниту траг од face - валидност, што само по себе веројатно не

претставува толку сериозен проблем, колку што е отсуството на теориска рамка која ќе одговори на тоа **како прашањата се поврзани со тоа што го мерат**. На пример, прашањето: *Треба по секоја цена да се избегнува структурирање на организацијата такашто некои од вработените ќе имаат по два шефа* учествува во одредувањети на димензијата разлики во моќ, иако нема цврста основа да се смета за индикатор на таа димензија, барем не повеќе од, да речеме, ајтемот: *Колку ви се добри односите со манецерот?* којшто, иронично, нема удел во таа димензија. Слично, ако не и уште почудно е, зошто токму колективизмот би бил поврзан со добрите физички работни услови и разнообразност и забава на работното место.

Причините за нелагодноста којашто психолозите соочени со овој пристап неизбежно ја доживуваат, произлегува од востановениот начин на размислување, прилично дисциплиниран на линија на споредби помеѓу индивидуи. Имено, Hofstede цврсто го брани ставот дека истите ајтеми не мора да се индикатори на нешто што можеме да си го замислиме како аналогна *индивидуална* особина. Културите не се гигантски личности, иако за нивните димензии може да се заклучува врз основа на реакциите на поединци. Тој смета дека понатамошните валидациски студии, со импресивните над 400 статистички значајни корелации, обезбедуваат доволно емпириски докази за тоа дека димензиите се валидни конструкти, а не само артефакти на почетната база на податоци со кои располагал. Згора на тоа, голем дел од нив не се истражувања директно прозлезени од работата на Hofstede и соработниците, туку се податоци добиени низ други студии коишто post hoc се интерпретирани низ светлото на разликите во димензиите. Навистина, претпоставките за релациите меѓу консеквенците од димензиите и изразеноста на димензиите не секогаш се потврдени во потполност, но како и за секој друг теориски модел, исклучоците повеќе се подразбираат отколку што се изненадувачки.

Оттука, се додека не се најде подобро алтернативно објаснување за корелациите помеѓу ранговите на земјите во однос на димензиите и начинот на кој се тие организирани (политички, во семејството, на училиште, на работа),

мерките ќе се сметаат за валидни без разлика на face-валиднноста на ајтемите кои ги мерат[50].

Ако се остави на страна проблемот *зошто* и *како* ајтемите ги мерат димензиите и се прифати дека едноставно ги мерат на засега најдобар можен начин, сепак останува дискутабилен конкретниот контекст во којшто се одговара на прашањата. Еден од најилустартивните случаи се однесува на прашањето *Колку ви е важно сигурното вработување*, чии што одговори влегуваат во индексот на димензијата колективизам-индивидуализам. Кога средната вредност на ова прашање е висока (помалку придадена важност), индексот на индивидуализам опаѓа. Во утврдувањето на индексот на оваа димензија според VSM-94 прашалникот, учествуваат аритметичките средини добиени на прашањата за *важноста на имањето доволно време за личен и семеен живот*, *добри физички услови за работа*, *сигурно вработување* и *постоење на разнообразие и забава во работата на замисленото идеално работно место.* Кај VSM-82 прашалникот, последните две прашања се разликуваат. На нивно место се прашањата што се однесуваат на *важноста луѓето добро да соработуваат меѓу себе на работното место* и *важноста да се живее во привлечна средина.* Ако се споредат наодите по двете формули, ќе се воочи дека огромниот пораст на индексот индивидуализам, се должи токму на аритметичките средини за прашањето во врска со сигурноста на работното место (Ммак=1,71; Малб=1,59; Мхрв=1,64). Воден од еколошката корелација помеѓу важноста на *сигурноста на работното место* и нормата на индивидуалистичките култури дека секој сам се грижи за себе, наместо да добива заштита од заедницата, Hofstede го изведува индексот на индивидуализам делумно и врз основа на ова прашање. Тешко може да се претпостави дека како ќе се одговори на ова прашање зависи *само* од *нормата* во дадена култура а не и од моменталниот контекст. До пред петнаесетина

[50] Сепак, како што забележуваат Van de Vijver и Poortinga (2002) обратните еколошки грешки неизбежно се провлекуваат и понатаму, дури и во објавени трудови од областа на крос-културалната психологија. Тие предлагаат начини за психометриска проверка на можноста еден ист инструмент да се користи на двете нивоа на анализа преку докажување на структурната еквивалентност со помош на сличностите односно разликите во структурата на одговорите. Таквата структурна еквивалентност е докажана на пример на NEO PI-R инструментот.

години, на овие простори, сигурноста и стабилноста на работното место беа ирелевантни карактеристики, а денес се клучни одлики за пожелноста на работното место. Поставувавањето на ова прашање во Македонија во осумдесетите години и денес, дефинитивно нема исто значење. Наспроти тоа, културните димензии според тврдењето на Hofstede, се релативно стабилни за временски период од 50-100 години.

*Еквивалентност на значењата*

Кога за споредба на културите се користат вербални реакции на испитаниците на вербален материјал (прашалници, тестови), се вложува огромен напор да се обезбеди еквивалентен и непристрасен превод. Како што беше прикажано и во оваа студија, преведувањето вклучува неколку етапи кои би требало да обезбедат соодветност на преводот. Дури и кога би ја прифатиле претпоставката дека секој збор или фраза може да има свој еквивалент на секој од јазиците на коишто се врши преводот, останува многу простор за сомневање дека во целост може да се преведат истоветно значењата. Значењето на зборовите извира од контекстот на нивната локална практична употреба (Wittgenstein, 1969; според Shawver,1996), па затоа ист вербален стимулус може многу лесно да наметне реагирање на две различни нешта од една во друга култура.

Каде е можниот проблем поврзан со интеракцијата помеѓу културата и значењата? Проблемот лежи во тоа што постои можност варијациите да имаат два извори кои тешко може да се идентификуваат за да се разгледуваат изолирано еден од друг. Прво, варијациите во две култури може да потекнуваат од различен (модален) став кон одредено прашање. На пример, за тоа *дали кога луѓето не успеваат во животот, тоа е поради нивните сопствени недостатоци*, разликите во просечните скорови од култура во култура може да варираат заради општата норма која ја дефинира димензијата маскулиност/феморминост (преференција кон социјалната грижа наспроти его-потхранувањето). Но, легитимно е да се претпостави и тоа дека разликите во *значењата* на поимите "успех" и "недостаток" може да ги предизвика варијациите во одговорите, без притоа да ги одрази разликите во нормата. На пример, една од консеквенците на димензијата маскулиност/фемининост се

различните дефиниции на успех во маскулините и феминините општества. Во маскулините култури, референтната рамка се гради врз основа на најдобриот ученик/работник -во феминината, врз основа на просечните. Во првите, наградувањето е логичен исход од натпреварувањето, во вторите никој не е особено заинтересиран за натпреварување, а наградите немаат особено значење. Понатаму, во маскулините култури за успех се смета висока плата и престиж, а во феминините однапред е редуцирана можноста да се создаде голем јаз во платите меѓу вработените.

Згора на тоа, постои и опасност дека едно прашање не секогаш мора да биде индикатор само на една димензија. Да продолжиме по линиите на истото прашање за успехот и личните недостатоци кое е индикатор за димензијата маскулиност/фемининост. Во индивидуалистичките култури, недостатоците од било кој извор се предизвик којшто треба да се совлада, во колективистичките, личните недостатоци (па дури и физичкиот хендикеп) се срам за целата заедница и нешто што треба да се сокрие. Во културите со изразено избегнување неизвесност, постои тенденција за екстернализација на локусот на контрола, што не е случај со културите каде ориентацијата е кон неизвесност. Кај културите со високо изразени разлики во моќ, наспроти оние со ниски, успехот е директно лимитиран со групната припадност и многу помалку зависен од личните атрибути на поединецот. Затоа, кога се реагира на поставеното прашање, тешко е да се исклучат влијанијата од нормите што се централни за останатите димензии и да се тврди дека мерката се однесува само на таа димензија што се мери.

Докажувањето на валидноста на инструментите треба да се надополни со анализа на значењата на прашањата во прашалникот во културите во коишто се применува, како и со статистички аргументи за тоа дека придонесот на другите културни димензии во варијациите на одговорите е незначителен. Во спротивно, тешко може да се зборува за тоа дека мериме независни димензии, или пак дека разликите меѓу културите не се квантитативни туку нужно квалитативни.

*Нацијата како репрезент на културата*

За Hofstede, границата на една култура е националната граница. Ова стојалиште на авторот многу повеќе е резултат на практичната изводливост на мерењето отколку на неговото недвосмислено уверување дека државните и културните граници коинцидираат. Тој вели дека "*нациите се вообичаено единствените достапни ентитети за проучување, па затоа се подобри отколку ништо да не се споредува*" (Hofstede, 2001, стр.73). Сепак, неколку автори цврсто стојат зад идејата дека во одредени општества, мора да се прави разлика помеѓу дистинктивните етнички групи, особено ако социо-историските околности се такви да сугерираат нивни разлики во однос на културните синдроми (Realo & Alik, 2002). Ако ништо друго, доволно убедлив податок е дека само во 10% од државите во седумдесетите години (што значи далеку помалку денес) постоела коинциденција помеѓу националните граници и единственоста на етничката култура (Smith, 1991).

Она што под овој наслов може да биде многу подискутабилно лежи во самата основа на замислата на Hofstede дека тоа што го измерил е **токму резултат на националните/етничките разлики.** Логиката на неговото резонирање е следна: доколку се направат споредби помеѓу одговорите добиени од респонденти од различни земји, коишто имаат исто занимање и работат во организација која функционира по идентични организациски правила, тогаш разликите може да се припишат на културата во којашто тие се социјализирани. Иако ова може да важи, неопходно е да се докаже дека навистина важи. Проблемот со споредување на просечни скорови (Dogan, 1994) и утврдување на разлики во скоровите е во тоа што сé додека статистички можеме да докажеме постоење разлики, може да ги припишуваме на различни влијанија[51]. Неспорно е дека ако се споредат просеците на групите поделени по сосема друга основа, на пример, менаџери наспроти неменаџери, ќе се види дека независно од тоа на која етничка група ѝ припаѓаат, помеѓу нив се

[51] Ratner & Hui (2003) сметаат дека припишувањето на разликите во просечните скорови на било која добиена мерка меѓу испитаници од две земји, на тоа дека тие се социјализирани во различни култури, е резултат на "погрешно резонирање"кое доведува до ситуиација димензиите да станат само замена за името на земјата, без да нудат никаква дополнителна информација.

јавуваат разлики, исто како што се јавија разлики помеѓу вработените и студентите во оваа студија. Оградувањето на Hofstede дека инструментот не е прилагоден за утврдување на разликите во рамките на една етничка или национална популација, е оправдано со самиот факт дека едноставно формулите се изведувани врз основа на калкулации на групните скорови за различни земји, а не за различни субкултури во рамки на земјите.

Но, тоа не ја намалува потребата од обезбедување докази дека консеквенците од разликите во културите се настанати токму под дејството на националната култура, а не некоја одредена субкултура. Со други зборови, опасноста од тоа индексите на димензиите да ги одразуваат варијациите на конкретните стратуми од популацијата а националните/етничките разлики, може да се надмине само ако повеќепати се потврдат слични наоди, но на други сегменти од популацијата освен IBM вработени. Во спротивно, логицирањето ќе остане затворено во еден парадоксален круг: националната култура може да се мери преку организациската (во случајот IBM ограноци) бидејќи таа нужно има свое влијание врз организацијата која делува во дадената култура, но - на некој чуден начин нејзиното влијание замрзнува на ова ниво и таа не продуцира разлики внатре во организацијата.

Сега за сега, две студии се од големо значење за потврдата на ова прашање. Една е репликациската студија на Merritt (2000) којашто дава делумно охрабрувачки резултати во врска со ова прашање. Корелациите за сите димензии се статистички значајни: за димензијата разлики во моќ r=0,87, за индивидуализам-колективизам поврзаноста изнесува r=0,96, кај маскулиност-фемининост коефициенот достигнува r=0,75 а кај избегнување неизвесност, r=0,68. Ниските корелации кај последните две димензии авторот ги објаснува со влијанието на рестрикција на рангот заради помалиот број земји. Но, овие наоди не може да се третираат како финален доказ за тоа дека варијациите се производ на националната култура, бидејќи по неколку клучни основи вработените во IBM и пилотите може да се сметаат за слични. Другата, е студијата на Hofstede & Mc Crae (2004) во која се потврдени предвидените преваленции на особини од NEO-PR инвентарот на национално ниво, како резултат на изразеноста на културните димензии.

Најнакрај, самата претпоставка дека националните групи имаат своја култура којашто може да се мери преку реакциите на поединците што се социјализирани под нејзино влијание, може да се проблематизира од неколку аспекти. Првиот станува воочлив уште при самото читање на ранг листата на земјите чии индекси се измерени до сега. Од една страна, дадени се резулатати за заедници неверојатно големи во број и хетерогени по многу основи: на пример САД, западна Африка или Бразил. Од друга, мерките и во мали заедници одразуваат извесни разлики - на пример поранешните југословенски републики. Иако оваа забелешка не ја проблематизира самата методологија на мерењето, дефинитивно ги релативизира наодите.

Вториот аспект се однесува на претпоставката којашто не е експлицитно кажана, но може лесно да се изведе врз основа на тоа како е спроведувано мерењето во студиите на Hofstede. За него, постои едноставно равенство: припадноста на поединецот во некоја етничка/национална група, го прави истиот носител на специфични реакции кои се помалку или повеќе типични за таа група. При тоа, интериндивидуалните варијации во смисла на лојалност кон групата, карактеристиките на личноста и слично, се посматраат како неверојатно минимални во споредба со детерминираноста од нормите на околината во којашто поединците живеат. Со тоа, културата се поставува *надвор* од поединците и се реификува како екстерна сила којашто ги обликува реакциите на поединците. Ваквото детерминистичко и прилично механицистичко стојалиште има многу ретки приврзаници меѓу изучувачите на влијанието на културата врз поединците, како и да е таа дефинирана.

Од гледна точка на теоретичарите коишто националниот идентитет го гледаат како социјален конструкт (Barth, 1969; Geertz, 1973; Gellner, 1983; Андерсон, 1998; Smith, 1991), исто така е крајно проблематично на националните/етнички групи да се гледа како на вистински хомогени во културен поглед. Напротив, антрополошките студии покажуваат дека во многу случаи, може да постојат остри разлики во поглед на бројни културни практики меѓу луѓе кои наспроти тој факт имаат субјективно чувство дека припаѓаат на иста група (Putinja & Stref-Fenar, 1997). Оваа критика, теоријата на Hofstede може да ја преживее само доколку докаже дека модалниот "софтвер на умот" вграден преку доминантните норми што се основа на културните

димензии и субјективното уверување за припадноста на некоја заедница се два феномена независни еден од друг. Оваа разлика е особено важно да се направи, бидејќи квантитативните варијации во изразеноста на димензиите се мали токму меѓу групи коишто живеат во слични срединскн услови, споделуваат иста или блиска територија, а се токму тие кои "по дефиниција" инсистираат на тоа дека културните разлики се најважните граници на дистинктивноста на групниот идентитет.

## *Ограничувања и недостатоци на студија 1*

Едно сериозно ограничување на оваа студија е недостатокот од одговори на прашањата од VSM-82 инструментот добиени на групата вработени испитанци. Увидот во тие резулати ќе обезбедеше дополнителни информации во врска со можните разлики помеѓу субпопулациите, а со тоа и посигурни калибрирани индекси за димензиите.

Во однос на бројот на респонденти, може да се каже дека студијата го задоволува само неопходниот минимум. Ова доаѓа оттаму што секој обид за зголемување на бројот на испитаници водеше кон ќорсокак: или кај едната или кај другата етничка група, драстично се намалуваше можноста да се дојде до неопходен број на испитаници.

Слична ситуација се наметна и во однос на можноста да се приберат податоци за другите етнички групи во земјата, што ќе придонесеше кон добивање многу побогати резултати - изгледаше сосема невозможно во разумни временски рамки да се обезбедат испитаници изедначени со IBM примерокот или барем изедначени во однос на професијата/организацијата, а различни по етничка припадност. Така, на селектираните респонденти треба да се гледа како на најдобар можен компромис помеѓу барањата за еквивалентност, број на субјектите и можноста да се најдат испитаници од некоја земја во соседството каде веќе е спроведено истражувањето.

Најнакрај, задавањето на инструментот во рамки на редовното работно време односно настава, оневозможи истовремено прибирање на податоци кои се однесуваат на еколошко и на индивидуално ниво на мерење - добивањето на

такви наоди ќе обезбедеше дополнителни информации за анализа на однесувањата т.е. ставовите кои дивергираат или конвергираат на двете нивоа на анализа.

## *Заклучоци*

Врз основа на наодите од студија 1, може да се изведат следните заклучоци во врска со моделот на мерење понуден од страна на Hofstede:

- VSM-94 може да се користи како замена за VSM-82 само доколку се припишат поинакви значења на висините на добиените индекси.
- Кога се прави екстензија на студијата преку калибрирање на резултатите, пожелно е освен логичките аргументи за сличноста меѓу субпопулациите, да се добијат и емпириски докази за тоа дека од еден до друг испитуван дел на популацијата постојат еквивалентни разлики.
- Кога се преведуваат инструментите, неопходно е да се преземат мерки кои не само што ќе гарантираат еквивалентен превод, туку и ќе обезбедат превод на значењата на стимулусите од една во друга култура.
- Се наметнува потреба од прибирање податоци за тоа дека наодите на Hofstede не се однесуваат само на организациската култура на IBM туку дека изворот на разликите добиени по одделни димензии може да се припишат на најшироките еколошки фактори (како на пример студијата на Merritt, 2000). Еден од најадекватните начини за тоа би бил да се повтори студијата во интернационални рамки на други примероци, притоа особено важно е тие да се разликуваат по степенот на образование и социоекономскиот статус од IBM примерокот, за да се утврди дали се добива иста или барем слична ранг листа.
- Квантитативните студии на културата се интересни од аспект на обезбедување платформа за споредба меѓу културите. Но, описот на културите врз основа на само овие показатели се чини премногу лишено од содржина. Дополнувањето на квантитативните споредби со квалитативни студии за

начините на манифестирање на димензиите (структура на разликите) ќе придонесе кон докажување или побивање на валидноста на наодите и ќе ги осмисли разликите низ конкретни начини на однесување. Инсистирањето на предностите само на квантитативниот пристап е еднакво детриментално како и екстремниот став на авторите (на пр. Mitchell, 1999) кои тврдат дека секое мерење на културите е бесмислено бидејќи тие по природа се немерливи.

## *СТУДИЈА 2.*



## *Цели*

Во својата магистерска теза, Bosland (1985, според Hofstede, 2001) докажува дека ајтемите со коишто се мерат културните димензии на еколошко ниво, не се поволни за мерење на индивидуално ниво. Потребата да се направат инструменти со коишто може да се мерат разлики во степенот на изразеност на ориентацијата кон културните димензии (персоналните конструкти кои произлегуваат од културните димензии), е основата на втората студија. Со неа, реализирана е следнава цел: конструкција на емички инструменти за мерење на индивидуални разлики во поглед на изразеноста на ориентациите кон *колективизам*, *избегнување неизвесност* и *разлики во моќ,* врз основа на теориски изведените модели за тоа какви се консеквенците од различните културни димензии врз однесувањето на поединецот, и проверка на нивните метриските карактеристики.

## *Метод*

### *Составување на ајтемите врз основа на теорискиот модел*

Индикаторите за мерење на изразеноста на секоја од димензиите (колективизам-индивидуализам, ориентација кон извесност и разлики во моќ) се извлечени од постоечките испитувања во врска со корелатите на димензиите како и врз основа на етнографско-психолошка анализа. Од индикаторите се дефинирани ајтеми, при што се водеше сметка за следново:

а) Секогаш кога беше можно, ајтемите се формулираа такашто индицираат типично однесување, а не само мислење или став на испитаникот. Иако ставот и однесувањето прозлегуваат еден од друг, преференцијата на типични однесувања како поттикнувачи на одговорите на испитаниците произлегува од наодите на неколку емпириски студии кои укажуваат на тоа дека тврдењата

фокусирани на ставовите овозможуваат полесно нормативно ориентирано, т.е. социјално пожелно одговарање (Heine et al. 2002; Fisher, 2004).

б) Се настојуваше на воедначеност на општоста на ајтемите на тој начин што секогаш кога беше можно, од индикаторите се формулираа ајтеми на конкретно, манифестно ниво. Оваа карактеристика на ајтемите, на која се инсистираше врз основа на аргументираната критика на Fiske (2002), ги прави предложените инструменти различни во споредба со останатите коишто се креирани за мерење на персоналната ориентација во поглед на културните димензии[52].

в) Иако обезбедувањето на содржинска валидност на тестовите кои мерат конструкти како овие, особено во раните фази на истражување е многу тешко, се инсистираше на покриеност на индикаторите со ајтеми во онаа мера, во која со помош на логичко-психолошка анализа *се претпоставува* дека се манифестираат во реалноста. Така, различни компоненти на варијаблата се репрезентирани со различен број на поттикнувачи на реакција, едноставно затоа што се претпоставува (или пак студиите во слични средини укажуваат на тоа) дека тие се манифестираат низ поширок обем на поведенија.

г) Рутината бројот на ајтеми да биде барем двапати поголем од бројот којшто се планира за конечната верзија на тестовите, во случајот на изработка на овие тестови беше заменета со алтернативна постапка. Имено, од над 300 ставки кои се однесуваат на трите мерени концепти, задаван на две генерации студенти на психологија (како дел од редовната настава по психометрија), одбрани се оние коишто на овој примерок се покажаа како најдобри по емпириската анализа. Така, конечниот број на ставки за трите теста изнесува

---

[52] Во освртот кон студијата на Oyserman et al. (2002), во којашто со помош на мета-анализа се откриваат само маргинални интеркултурни разлики на конструктот колективизам-индивидуализам мерен преку постоечките инструменти за персонална ориентација, Fiske, помеѓу другото се задржува и на начинот на којшто се конструирани инструментите наменети за мерење на варијаблата. Тој смета дека "*нема никаква смисла да се прашуваат респондентите да одговараат глобални прашања коишто бараат од нив да ги упросечуваат контекстите...*" бидејќи "... *психолозите знаат од истражувањата во областа на личноста дека однесувањето многу варира во однос на контекстот и дека културните прототипи се исто така зависни од контекстот*" (Fiske, 2002, стр. 83).

112. Оваа стратегија е избрана бидејќи се претпоставуваше дека соочувањето на испитаниците со околу 200 ајтеми во еден наврат, ќе ги одврати и најентузијастичните за соработка, од ангажирано учество во истражувањето.

д) За да се намали можноста од заземање став при одговарањето (Kline, 1986), како и да се минимизира можноста од испитаниците да респондираат во согласност со одреден стил на одговарање, ајтемите од сите три теста се задаваат заедно, по случеан редослед. Освен тоа, 21 ајтем е формулиран во инверзна форма.

ѓ) Иако ликертовата скала е формат на одговарање којшто во подоцнежните фази на анализа на ајтемите пружа многу повеќе простор за софистицирани статистички проверки, од испитаниците беше барано да одговараат со "точно" и "неточно". Оваа одлука е донесена врз основа на потребата да се зголемат шансите, околу 400 испитаници коишто не беа мотивирани со некој материјален инсентив (кредити, парични награди или сл.), да прифатат да соработуваат во испитувањето.

## ***Развивање на ајтемите од индикаторите***

*Ориентација кон разлики во моќ*

Нормата околу којашто се развива оваа културна димензија е *нужноста и прифатливоста на разлики (пред сé во социјалниот статус) меѓу луѓето.* За да може да ја реализира нормата, секоја заедница создава институционални (уредување, закони) и психолошки механизми за нејзино одржување. Може да се претпостави дека агенсите на социјализација во општествата организирани врз основа на прифаќање на нееднаквост, ќе настојуваат да интернализираат покорност, почитување на авторитети, како и ставови дека разликите се инхерентни или нужни за поредокот и дека одржувањето на разликите е пожелно.

Од основното уверување за неопходноста на разликите, потекнуваат и различните очекувања во врска во моќта на носење одлуки, како и низа на

прописи за тоа како треба, наспроти како е неприфатливо да се однесуваат луѓето со различни статуси еден кон друг. Врз основа на областите на однесување идентификувани како релевантни во однос на реализацијата на нормата на нееднаквост (хиерархизација на односите помеѓу луѓето, сениоритет и авторитет, очекувања поврзани со однесувањето на надредените и подредените, како и легитимност во однос на употребата на моќ и сила), развиени се следниве ајтеми[53]:

**1. Хиерархија и водство**

*Уверување дека хиерархијата е неопходна*

**ОМ 2.** Доколку секој поединец не знае под кого и над кого е во општеството, би настанал целосен хаос.

**ОМ 61**. Проблемот со демократското одлучување е во тоа што голем број луѓе немаат доволен интелектуален капацитет за носење добри проценки.

*Очекување водство*

**ОМ 6**. Би сакал-а нашата земја да има цврст водач кој умее сам да донесува правилни одлуки.

**ОМ 28**. Добар раководител е оној којшто сам донесува одлуки.

**ОМ 69.** Сосема е нормално некои луѓе да бидат водачи, а некои нивни следбеници.

**›ОМ 60**. Би сакал-а да имам директор кој одлучува според советите и мислењата од останатите вработени, а не самостојно.

**2. Легитимност на употреба на сила и моќ за постигнување цели**

*Казнување и дисциплина*

**ОМ 4**. Како родител, не им попуштам (не би им попуштал) лесно на децата, со цел да ги направам доволно истрајни за да успеат во животот.

**ОМ 10**. Кога наставникот не би имал можност да ги казнува учениците, не би можело да се воспостави дисциплина во училницата.

**ОМ 52**. Како родител, барам (би барал) од своите деца напорно да работат, за да не ги разгалам.

**ОМ 53**. Како родител, користам (би користел) ќотек како воспитна мерка.

---

[53] Буквите до секој ајтем се ознака за тоа која димензија ја мерат, а бројките се редните броеви на задавање. Ајтемите кои се инверзни се означени со симболот "›".

*Преференција на конвенционално "йомоќни"йрофесии*

›**ОМ 18**. Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник.

**ОМ 40**. Ако морам да бирам, попрво би работел-а во полиција или војска отколку во банка или училиште.

**3. Инхерентност на разликите**

**ОМ 13**. Кон луѓето се однесувам соодветно на нивниот општествен статус.

**ОМ 23.** Кога би имал-а власт, би организирал-а посебни установи во кои заразените од СИДА би живееле издвоено од останатите луѓе.

**ОМ 33**. Не ми е тешко да направам разлика помеѓу вредни и ништожни групи луѓе.

**ОМ 58**. Би ми пречело (ми пречи) моите деца да учат во ист клас со хендикепирани деца.

**4. Почитување авторитети**

*Покорносӣ*

**ОМ 11**. Кога бев дете, многу се трудев да бидам послушен-а.

**ОМ 12**. Не влегувам во расправии со авторитети.

**ОМ 17**. Тешко ми е да се спротиставувам на авторитети.

**ОМ 25**. Не се спротиставувам на луѓето кои што се многу помоќни од мене, бидејки знам дека тоа би било залудно трошење енергија.

**ОМ 30**. Без оглед на сé, секогаш најмногу ги почитувам советите на моите родители.

**ОМ 46.** Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание.

*Однесување сообразно на сӣаӣусоӣ*

**ОМ 14**. Никогаш не би седел-а додека мојот претпоставен стои.

**ОМ 16**. Очекувам помладите да ме почитуваат.

**ОМ 17**. Тешко ми е да прифаќам наредби од лица помлади од мене.

›**ОМ 29.** Се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе, како и пред мои врсници.

**ОМ 101**. На непознати и повозрасни лица од мене, секогаш им се обраќам во учтива форма (со Вие).

**5. Еднаквост**

›**ОМ 3**. И кога би имал-а многу пари, незамисливо би ми било да имам дома постојана послуга.

›**ОМ 24.** Би сакал-а да работам во работна организација каде сите имат подеднаква моќ за одлучување.

›**OM 32**. Би ми било крајно непријатно да имам повисока плата од колегите кои ја работат истата работа како и мојата.

›**OM 34**. Кога би бил-а на власт, најважно би ми било сите граѓани во земјата, без оглед на тоа на која група ѝ припаѓаат, да имаат еднакви можности.

›**OM 35**. Би ми било крајно непријатно да влезам во ординација без да чекам во редот со останатите пациенти, само затоа што лекарот ми е познаник.

**OM 20**. Уверен-а сум дека парите се посилни од правдата.

›**OM 59**. Кога би имал-а сопствена фирма, јас и останатите вработени би имале речиси иста плата.

*Ориентација кон известност*

Како културна димензија, ориентацијата кон известност е дефинирана како *степен до кој припадниците на една заедница се чувствуваат загрозени од несигурни и непознати ситауации.* Главната норма на културите со висока ориентација кон известност е дека *сé што е непознато е опасно,* додека во културите со ориентација кон ризик, *сé што е непознато е интересно.* Според тоа, персоналните разлики во ориентацијата кон известност гравитираат околу особините што се развиваат за да го поддржат однесувањето до оној степен до којшто е прифатен некој од половите на оваа норма. Досега испитаните психолошки карактеристики поврзани со избегнувањето неизвесност се следниве (Hofstede, 2001):

- Потреба за стабилност на работното место и почитување на правилата
- Општа недоверба во луѓето
- Потреба за јасност и структура
- Отпор кон сé што е ново, ксенофобија, голем генерациски јаз
- Повисоко ниво на стрес и анксиозност и празнење на анксиозноста преку манифестација на емоциите
- Пониско ниво на лична добросостојба, песимизам

Ако се направи анализа на наведените карактеристики, може да се претпостави дека ориентацијата кон известност пред сé значи **потреба од предиктибилни исходи**[54] **и одржување на непроменливост на ситуацијата**[55]. Ако

[54] Предиктибилноста не значи истовремено и отсуство на преземање какви и да е ризични потфати. На пример, доколку се знаат последиците од одредено однесување, без оглед колку тоа може да е опасно, истото однесување може да се манифестира (на пример брзо возење).

ова е општ индикатор на персоналната ориентација кон извесност, како специфични ајтеми се дефинирани:

**1. Извесност на последици, предиктибилност: потреба за сигурни исходи, придржување кон правила, контрола на неуспех**

*Потреба за предвидливост на работно место*

**ОИ 36**. Би сакал-а да не морам да менувам работни места.

**ОИ 57**. Повеќе би сакал-а да работам сигурна работа со помала плата, отколку несигурна а за повеќе пари.

**ОИ 89**. Повеќе сакам (би сакал) да работам во фиксно работно време, отколку сам-а да одлучувам колку време да работам.

*Придржување кон правила*

**ОИ 51**. Не би прекршил-а правило, дури и да сметам дека тоа е корисно за многумина.

**ОИ 56**. Се придржувам кон правилата, без оглед на тоа колку ми изгледаат исправни.

*Ниско ниво на аспирација, страв од неуспех*

›**ОИ 1**. Често си поставувам многу високи цели.

**ОИ 54**. Не се нафаќам на работи за кои не сум сигурен-а дека можам да ги завршам.

**ОИ 62**. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто.

**ОИ 65**. Повеќе сакам да добијам малку, отколку да ризикувам а, да не добијам ништо.

**ОИ 70**. Се трудам да немам многу високи очекувања, за да не се разочарам ако не ми се исполнат.

**ОИ 74**. Се согласувам со изреката "Кој високо лета, ниско паѓа".

**2. Јасност на контекстот: потреба за структура, апсолутна вистина, експертиза**

*Потреба за структура на работно место*

**ОИ 39**. Една нација не може да обезбеди благосостојба без да инвестира во создавање експерти.

**ОИ 47**. На работното место, повеќе би сакал-а да добивам директни наредби што да правам, отколку сам-а да смислувам што се бара од мене.

**ОИ 77**. Повеќе сакам да добијам јасно упатство како нешто да сработам, отколку сам-а да смислувам како би било најдобро да се заврши работата.

---

[55] Поради генерално повисокото ниво на песимизам во културите ориентирани кон извесност, типично е одржувањето на ситуацијата непроменета, макар и да не е задоволителна, поради изразениот скептицизам дека нештата може да бидат подобри.

*Потреба за структура во комуникацијата: црно-бело гледање на вистината, покажување на емоции*

**ОИ 64**. Уверен-а сум дека постои една апсолутна вистина.

**ОИ 68**. Како родител, отворено ги покажувам (би ги покажувал) моите чувства пред децата, без разлика дали се тие позитивни или негативни.

**ОИ 76**. Многу ме нервира кога луѓе на јавни места зборуваат на дијалект.

**ОИ 80**. Во дискусија, секогаш точно знам што е вистина а што не е.

**ОИ 83**. Повеќе сакам кога некој ме прашува конкретни нешта, отколку кога имам слобода да одговарам опширно[56].

**3. Страв од непознато и од промени: недоверба во луѓето, песимизам, преференција на слични луѓе, ритуализации**

*Генерална потреба за предвидливост*

**ОИ 82**. Би сакал-а да живеам предвидлив живот.

**ОИ 97**. Ме вознемируваат постојаните промени во општеството.

*Песимизам и незадоволство*

**ОИ 26**. Додека некому не му се стемни, на друг не му се разденува.

**ОИ 41**. Ме измачува помислата дека неможам да ги контролирам повеќето настани во мојот живот.

**ОИ 86**. Од првиот ден на животот, човекот е сам на овој свет.

*Недоверба и песимизам*

›**ОИ 55**. Имам чувство дека мојот живот е подобар од животот на повеќето луѓе.

**ОИ 73**. За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе.

**ОИ 63**. Уверен-а сум дека изреката "Човек на човека му е волк" ја одразува реалноста.

*Страв од непознато, ксенофобија*

›**ОИ 9**. Имам многу пријатели кои припаѓаат на друга нација или вера.

**ОИ 50**. Најчесто се дружам со луѓе коишто се слични на мене.

**ОИ 72**. Многу ми пречат луѓе кои по секоја цена настојуваат да бидат различни од останатите луѓе во средината.

---

[56] Личното искуство на авторот со над дестина обуки за вештини на комуникација и разрешување конфликти, покажува дека најголем број луѓе од ова културно милје имаат потешкотија во формулирање тн. отворени прашања - во спонтаната комуникација изгледа дека многу повеќе се употребуваа затворените, односно оние на кои се одговара со фактички податок или да/не.

**ОИ 38**. Би сакал-а, во мојата татковина да живеат луѓе коишто припаѓаат само на една вера и нација.

**ОИ 78**. Како родител, настојувам (би настојувал) да ги заштитам своите деца од искуства во непознати ситуации.

*Отпор кон промени*

**ОИ 67**. Имам потреба нештата околу мене да престанат постојано да се менуваат.

**ОИ 81**. Не би сакал-а често да го менувам местото на живеење.

**4. Ритуализам и суеверие**

**ОИ 5**. Навиките се важен дел на мојот живот.

**ОИ 27**. Многу ја почитувам традицијата и обичаите.

**ОИ 45**. На настани како венчавки, раѓање деца или погреби, секогаш настојувам да го почитувам редот.

**ОИ 15**. Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа.

*Ориентација кон колективизам*

За разлика од претходните две димензии, за оваа постојат развиени инструменти, за кои различни анализи укажуваат на различни заклучоци во врска со тоа дали мерат иста варијабла или не. Нормата на којашто се потпира колективизмот е преференцијата на колективниот пред индивидуалниот идентитет. Ајтемите кои го сочинуваат овој тест, прилагодени се на Hofstede-овото сфаќање за биполарност на димензијата. Тие покриваат широк ранг на однесувања и прилагодени се на конкретното културно миље. Областите на однесување коишто други автори ги третираат како аспект на индивидуализмот (приватност, независност и единственост), спиени се во номолошката мрежа како "алоцентричност".

**1. Третирање на групата како интегрален дел на селфот**

**КО 8**. Пријателите на моите роднини се и мои пријатели.

**КО 44**. Имам чувство на блиска поврзаност со сите мои сонародници.

**КО 71**. Ако треба, би го жртвувал-а животот за да ја одбранам земјата од непријатели.

**КО 79**. Би се чувствувал-а гордо ако некој од моите родители или роднини добие големи пофалби или награди за придонес во заедницата.

**КО 99**. Споредени со другите, мојот народ е подобар по многу нешта.

**КО 85**. Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот долг, се чувствувам непријатно.

**КО88**. Се гордеам со тоа што сум припадник на мојот народ.

**КО 111**. Се интересирам за историјата на моите семејни претци.

**2. Одржување на групната хармонија**

**КО 7**. По многу важни прашања, моето мислење се совпаѓа со мислењето на членовите на моето семејство.

**КО 22**. За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството.

**КО 75**. Кога сум во група, ги прилагодувам моите потреби на потребите на групата.

**КО 87**. Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена.

**КО 106**. Непријатните работи ги кажувам индиректно, за да не го повредам соговорникот.

**КО 108**. Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам.

**КО 110**. Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен успех во професијата.

**КО 112**. Секогаш настојувам да бидам во хармонични односи со групата на којашто и припаѓам.

**3. Алоцентричност**

›**КО 31**. Попрво би се справувал-а со некој личен проблем сам-а, отколку да го дискутирам со други луѓе.

**КО 42**. Речиси никогаш немам потреба да бидам сам-а.

**КО 48**. Го живеам животот колку што е можно понезависно од другите луѓе.

**КО 93**. На избори, најчесто гласам за партија, а не за поединец[57].

›**КО 96**. Подобро работам сам-а отколку во група.

›**КО 100**. Тоа што мене ми се случува е само моја работа.

›**КО 107**. Ако групата ме успорува во работата, подоро е да работам сам-а.

›**КО 109.** Се обидувам да се издвојам по нешто од групата на којашто и припаѓам.

**4. Грижа за другите**

**КО 21**. Сите пари што ги заработувам (ќе ги заработам), се на располагање на целото семејство.

**КО 43**. Повеќе би сакал-а да живеам во мало место, каде луѓето меѓусебно се познават, отколку во голем град.

---

[57] По идеја на Софија Арнаудова

**КО 49**. Никогаш не би дозволил-а, кога моите родители ќе остарат, да живеат во старски дом наместо заедно со мене или моето семејство.

›**КО 66**. Можам да правам работи кои мене ме прават среќен-а, а унесреќуваат некого од моето семејство.

›**КО 98**. Се обидувам да го правам она што е најдобро за мене, без разлика како тоа може да се одрази на другите.

›**КО 104**. Најуспешни се оние организации каде секој се грижи само за своето добро.

›**КО105**. Најважната работа во мојот живот е да се усреќам себе си.

**5. Семејна врзаност**

**КО 37**. Децата треба да живеат со родителите додека не стапат во брак.

**КО 84**. Би помогнал-а, ако некој роднина ми каже дека му требаат пари.

**КО 90**. Се потпирам на помошта на моите роднини или пријатели ако се најдам во каква и да е невоља.

**КО 91**. Моите животни планови ги прилагодувам на потребите на семејството.

**КО 92**. Вратата на мојот дом е отворена за роднините и пријателите во секое време.

**КО 94**. Најчесто, изреката "Каков татко, таков син", се покажува како вистинита.

**КО 95**. Кога би имале семеен бизнис, без размислување би продолжил-а да го работам тоа што го започнале моите претци.

**КО 102**. Настојувам на родителите да им возвратам за грижата што сум ја добил од нив.

**КО 103**. Успесите и поразите на децата се истовремено успеси и порази на родителите.

## *Субјекти*

Примерокот на кој се проверувани метриските карактеристики на конструираните тестови, го сочинуваат 378 испитаници, студенти на трета година на 6 факултети, односно на 12 студиски групи на скопскиот Универзитет. Одлуката да се опфатат само студенти од трета година, и покрај реалната можност на тој начин да се намали хетерогеноста на примерокот, а со тоа директно да се оневозможи добивање на висок коефициент на релијабилност (Nunnaly, 1978), донесена е поради тоа што хомогеноста во поглед на студиската година овозможува контрола на релевантните варијабли поврзани со возраста. Изборот токму на таа студиска година се должи пред сѐ

на тоа што испитаниците се доволно возрасни за да може да се елиминира претпоставката дека наодите произлегуваат од некој развоен феномен во адолесценцијата, а од друга страна пак, не дошло до големо осипување (што би се случило ако истражувањето се спроведува во четврта година).

Испитувани се сите студенти коишто во моментот на истражувањето се затекнати на редовната настава[58]. Студиските групи се намерно избрани со цел да обезбедат хетерогеност по два критериуми: општествени наспроти технички научни дисциплини и полова застапеност[59]. Просечната возраст на испитаниците изнесува **22,0** години (SD=1,16; Xmin = 20, а Xmax = 31). Сите испитаници се етнички Македонци - оние коишто се изјасниле поинаку на листата за одговарање се изоставени од понатамошна анализа. Структурата на примерокот според студиската група и полот е прикажана на Табела 22.

Табела 22. Структура на примерокот студенти (според пол и студиска група)

| ***Факултет*** | ***Група/насока*** | ***машки*** | ***женски*** | ***вкупно*** |
|---|---|---|---|---|
| *Филозофски* | Психологија | 6 | 43 | *49* |
| | Филозофија | 6 | 6 | *12* |
| | Историја | 27 | 5 | *32* |
| *Филолошки* | Македонски јазик | 5 | 26 | *31* |
| | Англиски јазик | 4 | 34 | *38* |
| | Италијански јазик | 1 | 11 | *12* |
| *Земјоделски* | Ветерина | 34 | 8 | *42* |
| *Природно-математички* | Информатика | 13 | 4 | *17* |
| | Математика | 2 | 15 | *17* |
| | Биохемија | 7 | 14 | *21* |
| *Архитектонски* | Архитектура | 27 | 44 | *71* |
| *Електротехнички* | Компјутерска технологија | 24 | 12 | *36* |
| ***вкупно*** | | *156* | *222* | ***378*** |

58 Периодот во кој се прибираа податоците за истражувањето (крај на месец мај) овозможи масовно присуство на студентите, бидејќи во најголем број случаи коинцидираше со терминот кога сите студенти доаѓаа на часовите на кои наставниците со потписи го верификуваат редовното присуство на наставата.

59 Дистрибуцијата на полот, како што може да забележи од Табелата 22, не изнесува идеални 50 наспроти 50%, но сепак е во прифатлив сооднос: 59% од субјектите се од женски пол, наспроти 41% испитаници од машки пол.

## *Тек на испитувањето*

Прибирањето на податоци за емпириско утврдување на мерните карактеристики на тестовите се одвиваше во текот на месец мај 2005. Задавањето на инструментот е правено од самиот автор.

Упатството за работа беше проследено со информација за тоа дека истражувањето е доброволно и анонимно. Тестовите се пополнуваа за време на редовната настава. Времето потребно за одговарање на трите инструменти изнесуваше 25-30 минути.

На субјектите-студенти, со цел да се мотивираат за соработка (која од нив бара да вложат немал напор) им беше укажано на можноста да добијат повратна информација за сопствените резултати, доколку запишат идентификациска шифра. Од вкупниот број испитаници, само еден не прифати да учествува, а еден се откажа во текот на испитувањето.

## *Резултати*

### *Ајтем - анализа*

Иако тежината на ајтемите не е клучен критериум за селекција на ајтемите во тестовите коишто се наменети за утврдување на личносни карактеристики, таа е утврдена за секој ајтем како дел од анализата, особено затоа што во овој случај може да послужи и како почетна основа за утврдување на базичната (base rate) застапеност на одредени облици на однесување или размислување во популацијата (Aiken, 1996).

Дискриминативноста на ајтемите е проверувана со помош на утврдување на (1) $\phi$-коефициент (односно $\chi^2$) помеѓу постигнувањата на две екстремни групи, формирани според внатрешен критериум на постигнување (вкупниот скор на тестот), (2) коефициент на корелација помеѓу ајтемот и вкупниот скор и (3) анализа на карактеристичните криви на ајтеми (Додаток 15,16 и 17). При тоа, заради униформирање на бројот на испитаници[60] во двете екстремни групи за трите испитувани теста, земени се 90 испитаника (околу 25%) со највисоко и 90 со најниско постигнување на тестот.

Резултатите од анализата на ајтемите (индекс на тежина, корелација ајтем-скор и $\phi$-коефициент), сумарно се прикажани во Табелите 23-25. Потоа, за полесен увид, ајтемите (означени со нивниот реден број) се прикажани на дијаграм од кој може да се види нивната позиција во однос и на тежината и на дискриминативноста дефинирана како корелација помеѓу скорот на тестот и ајтемот (График 1-3). На Графиците е прикажана е позицијата на ајтемите во однос на тежината и дискриминативноста. Исцртаниот квадрант ја претставува зоната на отфрлање на ајтемите.

[60] Бројот на испитаници варира од тест до тест, поради исклучувањето од анализа на испитаниците со пропуштени одговори.

Табела 23. Резултати од ајтем-анализата на тестот *Ориентација кон разлики во моќ*

| Ајтем | p | r df=375 | φ | χ2 df=1 |
|---|---|---|---|---|
| ОМ 2. Доколку секој поединец не знае под кого е и над кого е во општеството, би настанал целосен хаос. | 0,68 | 0,31** | 0,38 | 25,60** |
| ›ОМ 3. И кога би имал-а многу пари, незамисливо би ми било да имам дома постојана послуга. | 0,36 | 0,20** | 0,26 | 12,30** |
| ОМ 4. Како родител не им попуштам (би им попуштал) лесно на децата, со цел да ги направам доволно истрајни за да успеат во животот. | 0,75 | 0,31** | 0,38 | 26,54** |
| ОМ 6. Би сакал-а нашата земја да има цврст водач кој умее сам да донесува правилни одлуки. | 0,87 | 0,37** | 0,44 | 35,66** |
| ОМ 10. Кога наставникот не би имал можност да ги казнува учениците, не би можело да се воспостави дисциплина во училницата. | 0,32 | 0,34** | 0,41 | 30,88** |
| ОМ 11. Кога бев дете, многу се трудев да бидам послушен-а. | 0,67 | 0,23** | 0,25 | 11,58** |
| ОМ 12. Не влегувам во расправии со авторитети. | 0,58 | 0,31** | 0,40 | 29,51** |
| ОМ 13. Кон луѓето се однесувам соодветно на нивниот општествен статус. | 0,41 | 0,35** | 0,46 | 38,43** |
| ОМ 14. Никогаш не би седел-а додека мојот претпоставен стои. | 0,55 | 0,34** | 0,40 | 29,03** |
| ОМ 16. Очекувам помладите да ме почитуваат. | 0,66 | 0,40** | 0,48 | 41,69** |
| ОМ 17. Тешко ми е да прифаќам наредби од лица помлади од мене. | 0,42 | 0,30** | 0,44 | 34,52** |
| ОМ 19. Тешко ми е да се спротиставувам на авторитети. | 0,41 | 0,35** | 0,52 | 42,25** |
| ›ОМ 18. Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник. | 0,72 | 0,27** | 0,33 | 20,32** |
| ОМ 20. Уверен-а сум дека парите се посилни од правдата. | 0,65 | 0,20** | 0,29 | 15,24** |
| ОМ 23. Кога би имал-а власт, би организирал-а посебни установи во кои заразените од СИДА би живееле издвоено од останатите луѓе. | 0,30 | 0,32** | 0,43 | 33,95** |
| ›ОМ 24. *Би сакал-а да работам во работна организација каде сите имаат подеднаква моќ за одлучување.* | *0,22* | *0,09* | *0,10* | *1,73* |
| ОМ 25. Не се спротиставувам на луѓето кои што се многу помоќни од мене, бидејки знам дека тоа би било залудно трошење енергија. | 0,49 | 0,32** | 0,47 | 39,28** |
| ОМ 28. Добар раководител е оној кој сам донесува одлуки. | 0,34 | 0,22** | 0,31 | 17,80** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ›ОМ 29. Се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе, како и пред мои врсници. | 0,78 | 0,19** | 0,20 | 7,70** |
| ОМ 30. Без оглед на сѐ, секогаш најмногу ги почитувам советите на моите родители. | 0,69 | 0,35** | 0,42 | 31,42** |
| ›ОМ 32. Би ми било крајно непријатно да имам повисока плата од колегите кои ја работат истата работа како и мојата. | 0,46 | 0,17** | 0,22 | 8,89** |
| ОМ 33. Не ми е тешко да направам разлика помеѓу вредни и ништожни групи луѓе. | 0,79 | 0,23** | 0,25 | 11,40** |
| ›ОМ 34. *Кога би бил-а на власт, најважно би ми било сите граѓани во земјата, без оглед на тоа на која група ѝ припаѓаат, да имаат еднакви можности.* | *0,10* | *0,03* | *0,02* | *0,53* |
| ›ОМ 35. Би ми било крајно непријатно да влезам во ординација без да чекам во редот со останатите пациенти, само затоа што лекарот ми е познаник. | 0,28 | 0,25** | 0,34 | 21,20** |
| ОМ 40. Ако морам да бирам, попрво би работел-а во полиција или војска отколку во банка или училиште. | 0,12 | 0,20** | 0,26 | 10,81** |
| ОМ 46. Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание. | 0,83 | 0,27** | 0,25 | 11,25** |
| ОМ 52. Како родител, барам (би барал-а) од своите деца напорно да работат, за да не ги разгалам. | 0,65 | 0,25** | 0,32 | 18,53** |
| *ОМ 53. Како родител, користам (би користел) ќотек како воспитна мерка.* | *0,11* | *0,18*** | *0,21* | *6,80** |
| ОМ 58. Би ми пречело (ми пречи) моите деца да учат во ист клас со хендикепирани деца. | 0,30 | 0,26** | 0,35 | 22,49** |
| ›ОМ 59. Кога би имал-а сопствена фирма, јас и останатите вработени би имале речиси иста плата. | 0,63 | 0,21** | 0,22 | 8,58** |
| ›ОМ 60. Би сакал-а да имам директор кој одлучува според советите и мислењата од останатите вработени, а не самостојно. | 0,14 | 0,14** | 0,18 | 6,09* |
| ОМ 61. Проблемот со демократското одлучување е во тоа што голем број луѓе немаат доволен интелектуален капацитет за носење добри проценки. | 0,75 | 0,26** | 0,28 | 13,75** |
| ОМ 69. Сосема е нормално некои луѓе да бидат водачи, а некои нивни следбеници. | 0,82 | 0,24** | 0,22 | 8,88** |
| ОМ 101. На непознати и повозрасни лица од мене, секогаш им се обраќам во учтива форма (со Вие). | 0,89 | 0,17** | 0,22 | 7,47** |

› Ајтемот е инверзен

* p<0,05 ** p<0,01

Табела 24. Резултати од ајтем-анализата на тестот *Ориентација кон извесност*

| Ајтем | p | r df=348 | ϕ | $\chi2$ df=1 |
|---|---|---|---|---|
| ›ОИ 1. Често си поставувам многу високи цели. | 0,37 | 0,21** | 0,30 | 16,63** |
| ОИ 5. Навиките се важен дел на мојот живот. | 0,60 | 0,30** | 0,40 | 29,12** |
| ›ОИ 9. Имам многу пријатели кои припаѓаат на друга нација или вера. | 0,50 | 0,19** | 0,26 | 11,87** |
| ОИ 15. Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа. | 0,48 | 0,32** | 0,37 | 24,22** |
| ОИ 26. Додека некому не му се стемни, на друг не му се разденува. | 0,43 | 0,45** | 0,52 | 49,24** |
| ОИ 27. Многу ја почитувам традицијата и обичаите. | 0,58 | 0,33** | 0,42 | 31,54** |
| ОИ 36. Би сакал-а да не морам да менувам работни места. | 0,72 | 0,35** | 0,41 | 29,91** |
| ОИ 38. Би сакал-а, во мојата татковина да живеат луѓе коишто припаѓаат само на една вера и нација. | 0,24 | 0,29** | 0,37 | 24,21** |
| *ОИ 39. Една нација не може да обезбеди благосостојба без да инвестира во создавање експерти.* | *0,83* | *0,04* | *0,04* | *0,35* |
| ОИ 41. Ме измачува помислата дека неможам да ги контролирам повеќето настани во мојот живот. | 0,49 | 0,23** | 0,23 | 9,80** |
| ОИ 45. На настани како венчавки, раѓање деца или погреби, секогаш настојувам да го почитувам редот. | 0,87 | 0,26** | 0,26 | 12,12** |
| ОИ 47. На работното место, повеќе би сакал-а да добивам директни наредби што да правам, отколку сам-а да смислувам што се бара од мене. | 0,47 | 0,38** | 0,48 | 41,21** |
| ОИ 50. Најчесто се дружам со луѓе коишто се слични на мене. | 0,63 | 0,30** | 0,34 | 21,27** |
| ОИ 51. Не би прекршил-а правило, дури и да сметам дека тоа е корисно за многумина. | 0,30 | 0,28** | 0,38 | 25,60** |
| ОИ 54. Не се нафаќам на работи за кои не сум сигурен-а дека можам да ги завршам. | 0,62 | 0,30** | 0,37 | 25,39** |
| ›ОИ 55. *Имам чувство дека мојот живот е подобар од животот на повеќето луѓе.* | *0,54* | *0,00* | *0,12* | *2,69* |
| ОИ 56. Се придржувам кон правилата, без оглед на тоа колку ми изгледаат исправни. | 0,54 | 0,31** | 0,56 | 55,8** |
| ОИ 57. Повеќе би сакал-а да работам сигурна работа со помала плата, отколку несигурна а за повеќе пари. | 0,67 | 0,27** | 0,49 | 43,45** |
| ОИ 62. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто. | 0,44 | 0,13** | 0,36 | 22,80** |
| ОИ 63. Уверен-а сум дека изреката "Човек на човека му е волк" ја одразува реалноста. | 0,75 | 0,26* | 0,37 | 24,21** |
| ОИ 64. Уверен-а сум дека постои една апсолутна вистина. | 0,43 | 0,27** | 0,50 | 45,05** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОИ 65. Повеќе сакам да добијам малку, отколку да ризикувам а, да не добијам ништо. | 0,64 | 0,32** | 0,56 | 56,25** |
| ОИ 67. Имам потреба нештата околу мене да престанат постојано да се менуваат. | 0,39 | 0,30** | 0,58 | 61,17** |
| *ОИ 68. Како родител, отворено ги покажувам (би ги покажувал-а) моите чувства пред децата, без разлика дали се тие позитивни или негативни.* | *0,61* | *0,07* | *0,15* | *3,97** |
| ОИ 70. Се трудам да немам многу високи очекувања, за да не се разочарам ако не ми се исполнат. | 0,54 | 0,44** | 0,54 | 53,36** |
| ОИ 72. Многу ми пречат луѓе кои по секоја цена настојуваат да бидат различни од останатите луѓе во средината. | 0,61 | 0,36** | 0,42 | 32,54** |
| ОИ 73. За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе. | 0,84 | 0,28** | 0,33 | 20,00** |
| ОИ 74. Се согласувам со изреката "Кој високо лета, ниско паѓа". | 0,85 | 0,31** | 0,41 | 29,96** |
| ОИ 76. Многу ме нервира кога луѓето на јавни места зборуваат на дијалект. | 0,28 | 0,22** | 0,16 | 4,74* |
| ОИ 77. Повеќе сакам да добијам јасно упатство како нешто да сработам, отколку сам-а да смислувам како би било најдобро да се заврши работата. | 0,45 | 0,43** | 0,51 | 47,23** |
| ОИ 78. Како родител, настојувам (би настојувал) да ги заштитам своите деца од искуства во непознати ситуации. | 0,65 | 0,40** | 0,52 | 48,98** |
| ОИ 80. Во дискусија, секогаш точно знам што е вистина а што не е. | 0,51 | 0,22** | 0,20 | 7,21* |
| ОИ 81. Не би сакал-а често да го менувам местото на живеење. | 0,67 | 0,32** | 0,39 | 28,32** |
| ОИ 82. Би сакал-а да живеам предвидлив живот. | 0,42 | 0,38** | 0,50 | 45,68** |
| ОИ 83. Повеќе сакам кога некој ме прашува конкретни нешта, отколку кога имам слобода да одговарам опширно. | 0,54 | 0,34** | 0,48 | 41,71** |
| ОИ 86. Од првиот ден на животот, човекот е сам на овој свет. | 0,34 | 0,21** | 0,16 | 4,82* |
| ОИ 89. Повеќе сакам (би сакал) да работам во фиксно работно време, отколку сам-а да одлучувам колку време да работам. | 0,51 | 0,47** | 0,60 | 64,83** |
| ОИ 97. Ме вознемируваат постојаните промени во општеството. | 0,64 | 0,28** | 0,41 | 34,42** |

› Ајтемот е инверзен

** p<0,01 *p<0,05

Табела 25. Резултати од анализата на ајтеми на тестот *Ориентација кон колективизам*

| Ајтем | p | r df =371 | ϕ | χ2 df=1 |
|---|---|---|---|---|
| KO 7. По многу важни прашања, моето мислење се совпаѓа со мислењето на членовите на моето семејство. | 0,63 | 0,39** | 0,48 | 41,23** |
| KO 8. Пријателите на моите роднини се и мои пријатели. | 0,41 | 0,36** | 0,46 | 37,73** |
| KO 21. Сите пари што ги заработувам (ќе ги заработам), се на располагање на целото семејство. | 0,77 | 0,31** | 0,41 | 30,35** |
| KO 22. За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството. | 0,65 | 0,21** | 0,25 | 11,57** |
| ›KO 31. Попрво би се справувал-а со некој личен проблем сам-а, отколку да го дискутирам со други луѓе. | 0,48 | 0,18** | 0,24 | 10,76** |
| KO 37 Децата треба да живеат со родителите додека не стапат во брак. | 0,30 | 0,32** | 0,41 | 31,42** |
| KO 42. Речиси никогаш немам потреба да бидам сам-а. | 0,29 | 0,36 ** | 0,47 | 39,05** |
| KO 43. Повеќе би сакал-а да живеам во мало место, каде луѓето меѓусебно се познават, отколку во голем град. | 0,33 | 0,28** | 0,40 | 27,32** |
| KO 44. Имам чувство на блиска поврзаност со сите мои сонародници. | 0,50 | 0,41** | 0,51 | 47,04** |
| ›KO 48. *Го живеам животот колку што е можно понезависно од другите луѓе.* | 0,24 | 0,10* | *0,09* | *1,60* |
| KO 49. Никогаш не би дозволил-а, кога моите родители ќе остарат, да живеат во старски дом наместо заедно со мене или моето семејтво. | 0,80 | 0,23** | 0,30 | 16,80** |
| ›KO 66. Можам да правам работи кои мене ме прават среќен-а, а унесреќуваат некого од моето семејство. | 0,80 | 0,28** | 0,33 | 19,10** |
| KO 71. Ако треба, би го жртвувал-а животот за да ја одбранам земјата од непријатели. | 0,55 | 0,35** | 0,47 | 40,17** |
| KO 75. Кога сум во група, ги прилагодувам моите потреби на потребите на групата. | 0,88 | 0,30** | 0,29 | 15,73** |
| KO 79. Би се чувствувал-а гордо ако некој од моите родители или роднини добие големи пофалби или награди за придонес во заедницата. | 0,90 | 0,21** | 0,18 | 5,62* |
| KO 84. Би помогнал-а, ако некој мој роднина ми каже дека му требаат пари. | 0,90 | 0,16** | 0,16 | 4,37* |
| KO 85. Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот долг, се чувствувам непријатно. | 0,24 | 0,26** | 0,29 | 15,23** |
| KO 87. Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена. | 0,48 | 0,30** | 0,37 | 22,86** |
| KO 88. Се гордеам што сум припадник на мојот народ. | 0,77 | 0,46** | 0,55 | 55,98** |
| KO 90. Се потпирам на помошта на моите роднини или пријатели ако се најдам во каква и да е невоља. | 0,75 | 0,33** | 0,44 | 34,77** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КО 91. Моите животни планови ги прилагодувам на потребите на семејството. | 0,52 | 0,38** | 0,53 | 51,60** |
| КО 92. Вратата на мојот дом е отворена за роднините и пријателите во секое време. | 0,90 | 0,25** | 0,27 | 12,59** |
| КО 93. На избори, најчесто гласам за партија, а не за поединец. | 0,37 | 0,30** | 0,42 | 32,97** |
| КО 94. Најчесто, изреката "Каков татко, таков син", се покажува како вистинита. | 0,47 | 0,25** | 0,27 | 12,96** |
| КО 95. Кога би имале семеен бизнис, без размислување би продолжил-а да го работам тоа што го започнале моите претци. | 0,46 | 0,30** | 0,37 | 24,71** |
| ›КО 96. Подобро работам сам-а отколку во група. | 0,55 | 0,24** | 0,32 | 18,96** |
| КО 98. Се обидувам да го правам она што е најдобро за мене, без разлика како тоа може да се одрази на другите. | 0,60 | 0,29** | 0,41 | 30,88** |
| КО 99. Споредeн со другите, мојот народ е подобар по многу нешта. | 0,49 | 0,25** | 0,34 | 21,36** |
| ›КО 100. Тоа што мене ми се случува е само моја работа. | 0,37 | 0,18** | 0,24 | 10,48** |
| КО 102. Настојувам на родителите да им возвратам за грижата што сум ја добил-а од нив. | 0,93 | 0,23** | 0,26 | 12,29** |
| КО 103. Успесите и поразите на децата се истовремено успеси и порази на родителите. | 0,78 | 0,22** | 0,33 | 19,74** |
| ›КО 104. *Најуспешни се оние организации каде секој се грижи само за своето добро.* | 0,82 | 0,12* | *0,14* | *3,47* |
| ›КО 105. Најважната работа во мојот живот е да се усреќам себе си. | 0,62 | 0,19** | 0,25 | 10,84** |
| КО106. Непријатните работи ги кажувам индиректно, за да не го повредам соговорникот. | 0,70 | 0,17** | 0,19 | 6,51* |
| ›КО 107. Ако групата ме успорува во работата, подоро е да работам сам-а. | 0,27 | 0,20** | 0,28 | 14,13** |
| КО 108. Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам. | 0,40 | 0,25** | 0,32 | 18,14** |
| ›КО 109. Се обидувам да се издвојам по нешто од групата на којашто и припаѓам. | 0,42 | 0,19** | 0,27 | 12,96** |
| КО 110. Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен успех во професијата. | 0,28 | 0,19** | 0,29 | 15,23** |
| КО 111. Се интересирам за историјата на моите семејни претци. | 0,74 | 0,29** | 0,39 | 26,94** |
| КО 112. Секогаш настојувам да бидам во хармонични односи со групата на којашто и припаѓам. | 0,89 | 0,34** | 0,40 | 28,41** |

› Ајтемот е инверзен

** $p<0,01$* $p<0,05$




График 1. Дискриминативност и тежина на ајтемите од тестот *Ориен̄тација кон разлики во моќ*




График 2. Дискриминативност и тежина на ајтемите од тестот *Ориен̄тација кон извеснос̄т*




График 3. Дискриминативност и тежина на ајтемите од тестот *Ориен̄тација кон колек̄тивизам*

Од резултатите прикажани во табелите, може да се види дека во однос на двата метода за утврдување дискриминативност на ајтемите, следниве ајтеми треба да се исфрлат (или ревидираат) од конечната верзија на тестовите:

*ОМ 24. Би сакал-а да работам во работна организација каде сите имат подеднаква моќ за одлучување.*

*ОМ 34. Кога би бил-а на власт, најважно би ми било сите граѓани во земјата, без оглед на тоа на која група и припаѓаат, да имаат еднакви можности.*

*ОИ 39. Една нација не може да обезбеди благосостојба без да инвестира во создавање експерти.*

*ОИ 55. Имам чувство дека мојот живот е подобар од животот на повеќето луѓе.*

Уште два ајтеми од тестот *Ориентација кон колективизам* заслужуваат посебно внимание, бидејки корелираат со вкупниот скор на тестот, но постапката со екстремни групи ги одредува како недискриминативни. Тоа се ајтемите:

*КО 48. Го живеам животот колку што е можно понезависно од другите луѓе.*

*КО 104. Најуспешни се оние организации каде секој се грижи само за своето добро.*

Бидејки методот на користење екстремни групи е прилично робустен (Kaplan & Saccuzzo, 1989), како дополнение за увид во дискриминативноста на ајтемите се користени карактеристичните криви на ајтемите (Baker, 2001) коишто даваат увид во дискриминативната моќ на ајтемот долж континуумот на постигнување претставен со скорот на испаниците на тестот. Карактеристичните криви за сите ајтеми се прикажани во Додаток 15, 16 и 17.

Според карактеристичната крива, за ајтемот бр. 24 (Би сакал-а да работам во работна организација каде сите имат подеднаква моќ за одлучување) може да се каже дека "страда" од намалена дискриминативност само за горните групи, но тенденцијата процентот на испитаници кои даваат потврден одговор на тврдењето да расте, со растењето на вкупниот скор на тестот, е сепак сочувана. Недискриминативноста на ајтемот несомнено се должи (График А15-16, Додаток 15) на многу малата разлика во одговорите на двете екстремни групи. Ако се земе предвид дека општо земено, на ајтемот

одговараат потврдно релативно мал број испитаници (p=0,22), проблемот може да се лоцира во самата содржина на ајтемот. Имено, за оваа популација, работењето во организација каде сите имаат подеднаква моќ за одлучување, најверојатно прави силни асоцијации на самоуправните организации, што го прават изборот на афирмативен одговор прилично социјално непожелен. Од друга страна, постои и простор за размислување како испитаниците, кои во најголем процент студираат и немаат работно искуство, го замислуваат овој тип на организации. Во секој случај, овој ајтем во постоечката верзија е непожелен за крајната верзија на тестот[61].

Уште појасно, социјалната пожелност како проблематичен фактор се јавува во случајот на ајтем бр. 34 (Кога би бил-а на власт, најважно би ми било сите граѓани во земјата, без оглед на тоа на која група ѝ припаѓаат, да имаат еднакви можности), чија карактеристична крива укажува на проблеми со моќта на дискриминирање долж сите категории на скорови (График А15-23 во Додаток 15). Овој ајтем исто така не може да биде прифатен во конечната верзија на тестот.

Карактеристичната крива на ајтемот бр. 39 (Една нација не може да обезбеди благосостојба без да инвестира во создавање експерти) упатува кон заклучокот дека не постои ни најмала поврзаност помеѓу постигнувањето на тестот и постигнувањето на овој ајтем, ниту пак може да се зборува за разлики помеѓу екстремните групи (График А16-9 во Додаток 16). Овој ајтем не може да се прифати во конечната верзија на тестот, а анализата на одговорите не сугерира ниту можност за негово подобрување. Многу е можно дека наодот на Hofstede за поврзаност помеѓу ориентацијата кон извесност и уважувањето на експертското знаење да важи исклучиво на еколошко ниво (на што упатува и индексот на тежина на ајтемот).

Ајтемот бр. 55 (Имам чувство дека мојот живот е подобар од животот на повеќето луѓе) има карактеристична крива врз основа на којашто неможе лесно да се обезбеди реформулација која ќе даде можност за подобра дискриминативност (График А16-16 во Додаток16). Дистрибуцијата на

[61] Кога би се разгледувала можноста за реформулирање на овој ајтем, важен чекор бо претставувало добивањето информации од респондентите за нивното разбирање на тоа што за нив значи "организација кадешто сите имаат подеднаква моќ на одлучување".

афирмативни одговори е речиси еднаква во двете групи (Табела А13-16, Додаток 13), а не постои никаква поврзаност помеѓу одговорите на ајтемот и вкупниот скор на тестот. Овие карактеристики го прават ајтемот неупотреблив за мерење на варијаблата. Слично како и за претходниот ајтем, може да се претпостави дека линеарната врска меѓу субјективно чувство на добросостојба - ниска ориентација кон извесност е типична за еколошко а не за индивидуално ниво.

Анализата на кривите за ајтемите бр. 48 (Го живеам животот колку што е можно понезависно од другите луѓе) и бр. 104 (Најуспешни се оние организации каде секој се грижи само за своето добро), прикажани во Додаток 17, сугерира дека е многу тешко со промена на формулацијата на ајтемот да се постигне подобра дискриминативност. Ако се погледне Графикот А17-10 (за ајтем бр. 48), се гледа дека највисоко постигнување имаат групите со највисок и најнизок скор на тестот. Тоа би значело дека тенденција за независност имаат и оние чиј вкупен скор индицира висок колективизам. Згора на тоа, не постои тенденција ни за добра дискриминативност во средните групи. Од друга страна, ајтемот бр. 104 (График А17-32, Додаток 17) е помалку успешен во дискриминирање на средните групи, но постои тенденција со растење на вкупниот скор да расте и бројот на испитаници коишто даваат афирмативен одговор на тврдењето. Многу е веројатно дека причината за малата разлика помеѓу екстремните групи да лежи од една страна во тежината на ајтемот (p=0,82), но и во апстрактната формулација на ајтемот, особено за конкретната група испитаници[62].

Сумата од информации што може да се добијат врз основа на карактеристичните криви на останатите ајтеми во поглед на нивната дискриминативност, прикажани се со цел да се добијат што е можно повеќе податоци за природата на мерените концепти.

---

[62] За да се подобри дискриминативноста на овој ајтем, неопходно е да се направи помалку привлечен за испитаниците коишто ја поседуваат варијаблата во помал степен. Во таа смисла, "грижењето само за свое добро" би можел да се конкретизира како невпуштање во проблемите на другите вработени, отсуство на фамилијарност со останатите вработени и слично.

Табела 26. Приказ на дискриминативноста на ајтемите врз основа на нивните карактеристични криви: *Ориентација конразлики во моќ*

| Состојба | Ајтем (реден број) |
|---|---|
| Добра дискриминативност за сите групи | 2, 3, 4, 6, 10, 11, 12, 13, 14, 17, 18, 19, 20, 23, 28, 29, 32, 33, 35, 46, 52, 53, 58, 59, 60, 61, 69, 101 |
| Намалена дискриминативност за групите со средни скорови | / |
| Намалена дискриминативност на групите со ниски скорови | 25, 40 |
| Намалена дискриминативност на групите со високи скорови | 16, 30 |
| Намалена дискриминативност за двете екстремни групи | / |

Табела 27. Приказ на дискриминативноста на ајтемите врз основа на нивните карактеристични криви: *Ориентација кон извесност*

| Состојба | Ајтем (реден број) |
|---|---|
| Добра дискриминативност за сите групи | 5, 9, 15, 26, 38, 47, 50, 51, 56, 57, 63, 65, 67, 70,72, 73, 74,77, 78, 80, 81, 82, 83, 86, 97 |
| Намалена дискриминативност за групите со средни скорови | 27, 62 |
| Намалена дискриминативност на групите со ниски скорови | 89 |
| Намалена дискриминативност на групите со високи скорови | 41, 36, 45, 64, 76, |
| Намалена дискриминативност за двете екстремни групи | 1, 54 |

Табела 28. Приказ на дискриминативноста на ајтемите врз основа на нивните карактеристични криви: *Ориентација кон колективизам*

| Состојба | Ајтем (реден број) |
|---|---|
| Добра дискриминативност за сите групи | 8, 21, 22, 31, 37, 43, 44, 49, 66, 71, 75, 79, 84, 85, 88, 90, 91, 93, 94, 95, 98, 100, 102, 103, 104, 106, 111, 112 |
| Намалена дискриминативност за групите со средни скорови | 96, 99, 107, 109 |
| Намалена дискриминативност на групите со ниски скорови | 7, 105 |
| Намалена дискриминативност на групите со високи скорови | 87, 92, 108, 110 |
| Намалена дискриминативност за двете екстремни групи | / |

Најнакрај, уште неколку ајтеми ќе бидат изземени од конечните верзии на тестовите, и тоа врз основа на нивниот индекс на тежина. Тоа се ајтемите на коишто со потврден или одречен одговор одговараат само многу мал број испитаници. Triandis (2002) сугерира дека овие ајтеми би можеле да послужат како base-line показатели, односно како индикатори на тоа кои се културно најстабилните форми на прифатливо односно неприфатливо однесување во врска со нормата од која се генерира димензијата. Во таа смисла, овие ајтеми во тестот може да служат како филтер ајтеми, но во конечната дискриминација помеѓу испитаниците не придонесуваат многу. Ајтем анализата како такви ајтеми ги детектира следниве:

*КО 79. Би се чувствувал-а гордо ако некој од моите родители или роднини добие големи пофалби или награди за придонес во заедницата.*

*КО 84. Би помогнал-а, ако некој мој роднина ми каже дека му требаат пари.*

*КО 102. Настојувам на родителите да им возвратам за грижата што сум ја добил-а од нив.*

*ОМ 101. На непознати и повозрасни лица од мене, секогаш им се обраќам во учтива форма (со Вие).*

*ОМ 53. Како родител, користам (би користел) ќотек како воспитна мерка.*

## *Дискриминативност на тестовите*

*Ориентација кон разлики во моќ*

Дистрибуцијата на скорови на верзијата на тестот *Ориентација кон моќ* (30 ајтеми), добиена по исфрлањето на ајтемите со непожелни метриски карактеристики, прикажана е на График 4. Под графикот се изнесени податоци кои го опишуваат совпаѓањето т.е. отстапувањето на добиената дистрибуција од нормалната. Резултатите упатуваат на тоа дека постои занемарлива тенденција за намалена дискриминација на високите скорови во однос на ниските (благ негативен скјунес). Сепак, статистичките показатели [$\chi^2 = 22{,}78$ (df=14; p>0,05)]; Dmax = 0,09; p<0,01] дозволуваат тестот да се третира како дискриминативен.




График 4. Дистрибуција на скоровите на тестот *Ориентација кон разлики во моќ*

| | |
|---|---|
| N=364 | Dmax = 0,09; p<0,01 |
| M=17,49 | $\chi^2 = 22{,}78$ (df=14; p>0,05) |
| SD=3,84 | Sk = -0,31 |
| Min X =6 | Ku =-0,04 |
| Max X= 27 | |

*Ориентација кон известост*

На прочистената верзија на овој тест (35 ајтеми), најизразеното отстапување е во средниот дел на скалата: постои тенденција за намалена концентрација на скорови околу аритметичката средина во споредба со нормалната дистрибуција (Ku=-0,44). Но, анализата на дискриминативноста на тестот *Ориентација кон известост* укажува на тоа дека тестот не отстапува статистички значајно од нормалната дистрибуција, односно дека е дискриминативен [$\chi^2 = 26,63$ (df=19; p>0,05); Dmax = 0,07; p<0,01].




График 5. Дистрибуција на скоровите на тестот *Ориентација кон известост*

| | |
|---|---|
| N=353 | Dmax = 0,07; p<0,10 |
| M=19,11 | $\chi^2 = 26,63$ (df=19; p>0,05) |
| SD=5,30 | Sk = -0,17 |
| Min X =4 | Ku =-0,44 |
| Max X= 31 | |

*Ориентација кон колективизам*

Дистрибуцијата на резултатите од тестот *Ориентација кон колективизам,* којшто во верзијата без дискриминативните ајтеми содржи вкупно 34 ајтеми, прикажана е графички (График 6). Веднаш потоа се соопштени соодветните показатели на совпаѓање со нормалната дистрибуција.

Статистичките тестови упатуваат на тоа дека дистрибуцијата не отстапува статистички значајно од нормалната крива [$\chi^2 = 20,60$ (df=16; p>0,05);

Dmax = 0,07; p<0,05] што значи дека тестот задоволлува во поглед на дискриминативноста, иако постои тенденција за помала осетливост во разликите за повисоките скорови.




График 6. Дистрибуција на скоровите на тестот *Ориентација кон колективизам*

N=372
M=18,51;
SD=4,56
Min X =3
Max X= 31

Dmax = 0,08; p<0,05
$\chi^2$ = 20,60 (df=16; p>0,05)
Sk = -0,34
Ku = -0,17

## *Релијабилност на тестовите*

Релијабилноста на тестовите е проверувана со помош на (1) методот на интеркорелација на ставки, (2) методот на поделба на тестот на два дела и (3) тест-ретест методот. Кога е користен методот на интеркорелација на ставки, поради дихотомната природа на ајтемите, калкулирана е хомогеноста врз основа на тетрахорична наместо линеарна корелација.

Од практични причини, временската стабилност беше проверувана со ретестирање само на испитаниците-студенти на Институтот за психологија[63]. Временскиот период помеѓу двете тестирања изнесува шест месеци. Осипувањето на испитаниците, иако до извесен степен беше очекувано поради тоа што двата наврати на тестирање се во две различни студиски години, е прилично големо: од вкупно 57 субјекти во првото тестирање, во второто останале само 32.

### *Ориентација кон разлики во моќ*

Анализата на интеркорелацијата на стаквите на тестот *Ориентација кон моќ* ги даде следниве резултати: ***K-R*** коефициентот изнесува r= ***0,74***, а врз основа на *Guttman-овиот* образец (split-half техника), утврден е коефициент на релијабилност *r=* ***0,75*** (корелацијата помеѓу првата и ворната половина изнесува r=0,59).

Стандардната грешка на мерење, која укажува на границите во кои може да варираат поединечните скорови изнесува **1,96**. Тест-ретест коефициентот на релијабилност изнесува r= **0,76**.

Од добиените резултати може да се заклучи дека тестот *Ориентација кон разлики во моќ* има задоволителна внатрешна хомогеност и временска стабилност.

---

[63] За да се обезбеди идентификација на испитаниците, а истовремено да не се загрози анонимноста, од испитаниците се бараше да внесуваат шифра. Можноста од заборавање на шифрата е надмината на тој начин што по инструкција на тестаторот, сите испитаници како шифра ги користеа броевите од датумот на раѓање.

*Ориентација кон извесност*

Тестот *Ориентација кон извесност* има одлична внатрешна конзистентност[64]: ***K-R*** коефециентот изнесува r = ***0,83,*** а коефициентот на ралијабилност утврден врз основа на ***Guttman-овата*** формула е ***r=0,84*** (корелацијата помеѓу првата и вората половина изнесува r=0,73).

Стандардната грешка на мерење е **2,12**, а тест-ретест коефициентот на релијабилност изнесува r=**0,88.**

И во поглед на внатрешната конзистентност на ставките, и во поглед на временската стабилност, наодите за овој тест укажуваат дека тој може да се користи како релијабилен инструмент.

*Ориентација кон колективизам*

Проверката на релијабилноста на тестот *Ориентација кон колективизам* покажа дека ***K-R*** коефециентот изнесува *r* = ***0,79,*** а коефициентот на релијабилност утврден врз основа на ***Guttman-овата*** формула е *r* = ***0,80*** (корелацијата помеѓу првата и втората половина изнесува r=0,74).

Стандардната грешка на мерење е **2,10**. Тест-ретест коефициентот на релијабилност изнесува r=**0,80.**

Врз основа на резултатите, може да се заклучи дека тестот има задоволителна внатрешна конзистентност и временски е стабилен.

[64] Бидејки тестот брои 35 ајтеми, а поделбата е направена врз основа на пар-непар методот, еден од ајтемите е изоставен при формирањето на деловите на тестот.

## *Валидност на тестовите*

### *Интерна структура на тестовите*

Податоците за интерната структура на тестот ретко се соопштуваат како доказ за валидноста на тестот (Bukvić, 1980), особено ако се работи за мерење на варијабли со сложена композиција. Сепак, во првите фази на истражување на концептите, увидот во корелациите помеѓу ставките може да пружи корисни информации за тоа дали воопшто може да се тврди дека ставките мерат иста варијабла. Доколку анализата покаже дека ставките се во меѓусебна корелација, тогаш постои солидна основа за докажување на неговата конструкт-валидност. Ако пак некои ставки статистички значајно негативно корелираат со останатите, сериозно се доведува во прашање претпоставката дека тие мерат иста варијабла со останатите ставки. Но, ситуацијата во којашто тестот не е внатрешно хомоген, не е доказ дека тој не поседува конструкт валидност (Fajgelj, 2003).

Поради комплексноста на мерените варијабли од аспект на разнородноста на сферите на манифестирање коишто можат да бидат независни една од друга (на пример, некој може да се однесува колективистички кога е во прашање семејството, но не и во однос на други групи), анализата на интерната структура е направена на делови од тестот кои се репрезенти на претпоставените компоненти. Така организираните интеркорелации се прикажани во Табелите 29-43. Корелациите статистички значајни на ниви 0,01 се означени со две, а тие на ниво 0,05, со една ѕвездичка.

#### *Ориентација кон разлики во моќ*

Во Табела 29 се внесени меѓусебните корелации на ајтемите коишто се дефинирани врз основа на индикаторот наречен *Почитување авторитети*. Ниту еден ајтем не е во негативна корелација со останатите, но ајтемите 29 и 17 изгледаат како да не припаѓаат на оваа компонента, бидејќи корелираат само со еден ајтем од групата. Проценето грубо, околу половината од меѓусебните корелации не се статистички значајни. Многу слична е

ситуацијата и во случајот со компонентите *Легитимност на употреба на сила и моќ за постигнување цели* и *Хиерархија и водство* кадешто ајтемите 18 односно 60 и 61 се однесуваат како да не припаѓаат на компонентите (Табели 30 и 31)[65], или затоашто не се во корелација со останатите или затоашто значајно негативно корелираат со некои од ајтемите. Но , општо земено, меѓусебните корелации на ајтемите кај компонентите *Нееднаквост*, *Хиерархија и водство* и *Инхерентност на разликите* сугерираат добра внатрешна хомогеност на компонентите (Табели 31, 32 и 33).

Увидот во поврзаност помеѓу компонентите (Табела 34) од кои е составен тестот укажува на можноста ставовите / однесувањата од компонентата наречена *Еднаквост* да не произлегуваат од ист извор со останатите, бидејќи корелираат само со една друга компонента. Понатамошната проверка на валидноста на конструктот, со помош на факторска анализа на ајтемите, како и факторска анализа на сродни инструменти, би требало понатаму да го рассветлат ова прашање.

Табела 29. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Почитување авторитети* од тестот *Ориентација кон моќ* (најмало N=376)

| | **OM11** | **OM12** | **OM14** | **OM16** | **OM17** | **OM19** | **OM25** | **OM29** | **OM30** | **OM46** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **OM11** | | **0,22**** | 0,08 | **0,14**** | 0,07 | **0,20**** | 0,01 | 0,04 | **0,24**** | 0,09 |
| **OM12** | **0,22**** | | **0,15**** | 0,07 | **0,10*** | **0,46**** | 0,28 | 0,06 | **0,15**** | **0,10*** |
| **OM14** | 0,08 | **0,15**** | | **0,12**** | 0,07 | **0,18**** | **0,11*** | **0,19**** | **0,14**** | 0,09 |
| **OM16** | **0,14**** | 0,07 | **0,12**** | | 0,02 | 0,03 | 0,01 | 0,02 | **0,20**** | **0,17**** |
| **OM17** | 0,07 | **0,10*** | 0,07 | 0,02 | | 0,02 | 0,07 | 0,03 | 0,09 | 0,01 |
| **OM19** | **0,20**** | **0,46**** | **0,18**** | 0,03 | 0,02 | | **0,29**** | 0,03 | **0,21**** | 0,05 |
| **OM25** | 0,01 | **0,28**** | **0,11*** | 0,01 | 0,07 | **0,29**** | | 0,00 | 0,05 | 0,01 |
| **OM29** | 0,04 | 0,06 | **0,19**** | 0,02 | 0,03 | 0,03 | 0,00 | | 0,07 | -0,01 |
| **OM30** | **0,24**** | **0,15**** | **0,14**** | **0,20**** | 0,09 | 0,21 | 0,05 | 0,07 | | **0,26**** |
| **OM46** | 0,09 | **0,10*** | 0,09 | **0,17**** | 0,01 | 0,05 | 0,01 | -0,01 | **0,26**** | |

[65] Причините за релативно ниската поврзаност на ајтемите во теориски заснованите компоненти може да се бара во два потенцијални извори: а) проблематично дефинирани ајтеми од добар теориски модел б) несоодветен теориски модел.

Табела 30. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Легитимност на употреба на сила* од тестот *Ориентација кон разлики во моќ* (најмало N=375)

| | OM4 | OM10 | OM18 | OM40 | OM52 |
|---|---|---|---|---|---|
| **OM4** | | **0,11*** | 0,08 | -0,01 | **0,21**** |
| **OM10** | **0,11*** | | -0,01 | **0,10*** | **0,16**** |
| **OM18** | 0,08 | -0,01 | | -0,05 | -0,04 |
| **OM40** | -0,01 | **0,10*** | -0,05 | | -0,07 |
| **OM52** | **0,21**** | **0,16**** | -0,04 | -0,07 | |

Табела 31. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Хиерархија и водство* од тестот *Ориентација кон разлики во моќ* (најмало N=372)

| | OM2 | OM6 | OM28 | OM60 | OM61 | OM69 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **OM2** | | **0,11** | 0,07 | 0,00 | 0,09 | **0,15**** |
| **OM6** | **0,11*** | | **0,18**** | 0,00 | **0,15**** | **0,17**** |
| **OM28** | 0,07 | **0,18**** | | **0,18**** | 0,08 | **0,10*** |
| **OM60** | 0,00 | 0,00 | **0,18**** | | **-0,14**** | 0,00 |
| **OM61** | 0,09 | **0,15**** | 0,08 | **-0,14**** | | **0,13**** |
| **OM69** | **0,15**** | **0,17**** | **0,10*** | 0,00 | **0,13** | |

Табела 32. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Еднаквост* од тестот *Ориентација кон разлики во моќ* (најмало N=374)

| | OM3 | OM20 | OM32 | OM35 | OM59 |
|---|---|---|---|---|---|
| **OM3** | | -0,02 | **0,16**** | **0,15**** | **0,16**** |
| **OM20** | -0,02 | | 0,05 | **0,16**** | **0,18**** |
| **OM32** | **0,16**** | 0,05 | | **0,21**** | **0,20**** |
| **OM35** | **0,15**** | **0,16**** | **0,21**** | | **0,14**** |
| **OM59** | **0,16**** | **0,18**** | **0,20**** | **0,14**** | |

Табела 33. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Инхарентност на разлики помеѓу луѓето* од тестот *Ориентација кон разлики во моќ* (најмало N=377)

| | OM13 | OM23 | OM33 | OM58 |
|---|---|---|---|---|
| **OM13** | | **0,13**** | **0,11*** | **0,17**** |
| **OM23** | **0,13**** | | 0,07 | **0,22**** |
| **OM33** | **0,11*** | 0,07 | | **0,10*** |
| **OM58** | **0,17**** | **0,22**** | **0,10*** | |

Табела 34. Матрица на корелации помеѓу компонентите на тестот *Ориентација кон разлики во моќ*

| | **КОМ1** | **КОМ2** | **КОМ3** | **КОМ4** | **КОМ5** |
|---|---|---|---|---|---|
| **КОМ1** | | **0,27**** | **0,19**** | -0,09 | **0,46**** |
| **КОМ2** | **0,27**** | | **0,12**** | **0,11*** | **0,66**** |
| **КОМ3** | **0,19**** | **0,12**** | | 0,07 | 0,09 |
| **КОМ4** | -0,09 | **0,11*** | 0,07 | | 0,00 |
| **КОМ5** | **0,46**** | **0,66**** | 0,09 | 0,00 | |

КОМ1= *Почитување авторитети*
КОМ2= *Легитимност на употреба на сила*
КОМ3= *Хиерархија и водство*
КОМ4= *Еднаквост*
КОМ5= *Инхарентност на разлики помеѓу луѓето*

*Ориентација кон извесност*

Со оглед на тоа дека не е утврдена ниту една негативна корелација помеѓу ајтемите во рамките на деловите што произлегуваат од ист индикатор, како и високите корелации меѓу скоровите на истите тие делови, постои основа да се тврди дека ајтемите што го сочинуваат овој тест мерат иста варијабла (Табели 35-38).

Табела 35. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Потреба за предвидливост на исходи и извесност* од тестот *Ориентација кон извесност* (најмало N=372)

| | **ОИ1** | **ОИ36** | **ОИ51** | **ОИ54** | **ОИ56** | **ОИ57** | **ОИ65** | **ОИ70** | **ОИ74** | **ОИ82** | **ОИ89** | **ОИ97** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОИ1** | | 0,00 | -0,01 | **0,10*** | 0,01 | **0,15**** | **0,12**** | **0,27**** | 0,02 | 0,09 | **0,12**** | 0,03 |
| **ОИ36** | 0,00 | | 0,00 | **0,13**** | **0,13**** | **0,22**** | **0,18**** | **0,21**** | **0,13**** | **0,18**** | **0,17**** | **0,11*** |
| **ОИ51** | 0,00 | 0,00 | | **0,15**** | **0,25**** | **0,17**** | 0,07 | **0,17**** | 0,09 | **0,14**** | **0,15**** | 0,07 |
| **ОИ54** | **0,10*** | **0,13**** | **0,15**** | | **0,16**** | **0,18**** | **0,15**** | **0,16**** | 0,09 | -0,04 | **0,12**** | -0,01 |
| **ОИ56** | 0,01 | **0,13**** | **0,25**** | **0,16**** | | **0,24**** | **0,26**** | **0,16**** | **0,14**** | **0,14**** | 0,09 | 0,04 |
| **ОИ57** | **0,15**** | **0,22**** | **0,17**** | **0,18**** | **0,24**** | | **0,31**** | **0,19**** | **0,15**** | **0,22**** | **0,30**** | **0,13**** |
| **ОИ65** | **0,12**** | **0,18**** | 0,07 | **0,15**** | **0,26**** | **0,31**** | | **0,26**** | **0,21**** | 0,09 | **0,22**** | **0,12**** |
| **ОИ70** | **0,27**** | **0,21**** | **0,17**** | **0,16**** | **0,16**** | **0,19**** | **0,26**** | | **0,20**** | **0,21**** | **0,17**** | 0,09 |
| **ОИ74** | 0,02 | **0,13**** | 0,09 | 0,09 | **0,14**** | **0,15**** | **0,21**** | **0,20**** | | 0,07 | **0,23**** | 0,09 |
| **ОИ82** | 0,09 | **0,18**** | **0,14**** | -0,04 | **0,14**** | **0,22**** | 0,09 | **0,21**** | 0,07 | | **0,16**** | 0,09 |
| **ОИ89** | **0,12**** | **0,17**** | **0,15**** | **0,12**** | 0,09 | **0,30**** | **0,22**** | **0,17**** | **0,23**** | **0,16** | | **0,14**** |
| **ОИ97** | 0,03 | **0,11*** | 0,07 | -0,01 | 0,04 | **0,13**** | **0,12**** | 0,09 | 0,09 | 0,09 | **0,14**** | |

Табела 36. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата *Потреба за јасен контекст* од тестот *Ориентација кон извесност* (најмало N=375)

| | **ОИ47** | **ОИ64** | **ОИ76** | **ОИ77** | **ОИ78** | **ОИ80** | **ОИ83** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОИ47** | | 0,09 | **0,19**** | **0,47**** | **0,18**** | -0,02 | **0,19**** |
| **ОИ64** | 0,09 | | 0,04 | **0,14**** | **0,25**** | **0,15**** | **0,20**** |
| **ОИ76** | **0,19**** | 0,04 | | 0,06 | 0,02 | **0,17**** | 0,04 |
| **ОИ77** | **0,47**** | **0,14**** | 0,06 | | **0,20**** | **0,10*** | **0,17**** |
| **ОИ78** | **0,18**** | **0,25**** | 0,02 | **0,20**** | | 0,07 | **0,17**** |
| **ОИ80** | -0,02 | **0,15**** | **0,17**** | **0,10*** | 0,07 | | **0,11*** |
| **ОИ83** | **0,19**** | **0,20**** | 0,04 | **0,17**** | **0,17**** | **0,11*** | |

Табела 37. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата од тестот *Страв од непознато и промени; недоверба* од тестот *Ориентација кон извесност* (најмало N=369)

| | **ОИ9** | **ОИ26** | **ОИ38** | **ОИ41** | **ОИ50** | **ОИ67** | **ОИ72** | **ОИ63** | **ОИ73** | **ОИ81** | **ОИ82** | **ОИ97** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОИ9** | | 0,09 | **0,19**** | 0,06 | -0,01 | 0,02 | 0,07 | 0,09 | -0,03 | **0,11*** | 0,04 | 0,09 |
| **ОИ26** | 0,09 | | **0,15**** | **0,13**** | 0,08 | **0,10*** | 0,08 | **0,26**** | **0,12**** | **0,10*** | **0,15**** | 0,08 |
| **ОИ38** | **0,19**** | **0,15**** | | 0,02 | -0,04 | **0,14**** | **0,15**** | **0,10*** | 0,09 | -0,01 | **0,18**** | **0,11*** |
| **ОИ41** | 0,06 | **0,13**** | 0,02 | | **0,10*** | **0,14**** | 0,04 | **0,11*** | 0,06 | 0,05 | 0,03 | **0,14**** |
| **ОИ50** | -0,01 | 0,08 | -0,04 | **0,10*** | | 0,03 | 0,07 | 0,05 | **0,10*** | 0,04 | 0,09 | 0,06 |
| **ОИ67** | 0,02 | **0,10*** | **0,14**** | **0,14**** | 0,03 | | **0,16**** | 0,08 | 0,05 | **0,10*** | **0,32**** | **0,20**** |
| **ОИ72** | 0,07 | 0,08 | **0,15**** | 0,04 | 0,07 | **0,16**** | | 0,07 | 0,04 | **0,10*** | **0,13**** | **0,17**** |
| **ОИ63** | 0,09 | **0,26**** | **0,10*** | **0,13**** | 0,05 | 0,08 | 0,07 | | 0,03 | 0,08 | **0,10*** | **0,10*** |
| **ОИ73** | -0,03 | **0,12**** | 0,09 | 0,06 | **0,10*** | 0,05 | 0,04 | 0,03 | | **0,10*** | 0,05 | **0,10*** |
| **ОИ81** | **0,11*** | **0,10*** | -0,01 | 0,05 | 0,04 | **0,10*** | **0,10*** | 0,08 | **0,10*** | | **0,12**** | **0,22**** |
| **ОИ82** | 0,04 | **0,15**** | **0,18**** | 0,03 | 0,09 | **0,32**** | **0,13**** | **0,10*** | 0,05 | **0,12**** | | 0,09 |
| **ОИ97** | 0,09 | 0,08 | **0,11*** | **0,14**** | 0,06 | **0,20**** | **0,17**** | **0,10*** | **0,10*** | **0,22**** | 0,09 | |

Табела 38. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентата од тестот *Ритуализам* од тестот *Ориентација кон извесност* (најмало N=375)

| | **ОИ5** | **ОИ15** | **ОИ27** | **ОИ45** |
|---|---|---|---|---|
| **ОИ5** | | **0,11*** | **0,49**** | **0,17**** |
| **ОИ15** | **0,11*** | | **0,15**** | **0,11*** |
| **ОИ27** | **0,49**** | **0,15**** | | **0,19**** |
| **ОИ45** | **0,17**** | **0,11** | **0,19**** | |

За да се утврди дали компонентите може да се однесуваат на ист концепт, проверени се корелациите помеѓу скоровите добиени на секој од односните делови на тестот. Од Табела 39 се гледа дека сите делови на тестот се меѓусебно поврзани. Особено изразени корелации се утврдени помеѓу компонентите *Страв од непознато и промени* и *Потреба за ред и*

*предвидливост* (r=0,81; df = 353), како и *Страв од непознато и промени* и *Ритуализам* (r=0,42; df = 353).

Табела 39. Матрица на интеркорелации помеѓу компонентите на тестот *Ориентација кон извесност*

| | **КОМ1** | **КОМ2** | **КОМ3** | **КОМ4** |
|---|---|---|---|---|
| **КОМ1** | | **0,29**** | **0,81**** | **0,42**** |
| **КОМ2** | **0,29**** | | **0,20**** | **0,28**** |
| **КОМ3** | **0,81**** | **0,20**** | | **0,27**** |
| **КОМ4** | **0,42**** | **0,28**** | **0,27**** | |

КОМ1= *Потреба за предвидливост на исходи*
КОМ2= *Потреба за јасен контекст*
КОМ3= *Страв од непознато и промени*
КОМ4= *Ритуализам*

*Ориентација кон колективизам*

Интеркорелациите на ајтемите од петте компоненти на тестот *Ориентација кон колективизам* се прикажани на Табелите 40 - 44. За сите компоненти може да се каже дека имаат прифатлива внатрешна конзистентност, бидејќи барем половината од вкупните интеркорелации се статистички значајни. Забележана е една значајна негативна корелација кај компонентата *Одржување на групната хармонија*, чиј извор ќе биде понатаму одреден со помош на експлораторна факторска анализа.

Табела 40. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентанта *Третирање на групата како интегрален дел на селфот* од тестот *Ориентација кон колективизам* (најмало N=376)

| | **КО8** | **КО44** | **КО71** | **КО85** | **КО88** | **КО99** | **КО111** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КО8** | | **0,23**** | **0,14**** | **0,10*** | **0,17**** | 0,01 | **0,10*** |
| **КО44** | **0,23**** | | **0,26**** | 0,08 | **0,19**** | **0,14**** | **0,10*** |
| **КО71** | **0,14**** | **0,26**** | | **0,12**** | **0,24**** | **0,11*** | **0,25**** |
| **КО85** | **0,10*** | 0,08 | **0,12**** | | -0,02 | 0,07 | -0,05 |
| **КО88** | **0,17**** | **0,19**** | **0,24**** | -0,02 | | **0,10*** | **0,30**** |
| **КО99** | 0,01 | **0,14**** | **0,11*** | 0,07 | **0,10*** | | -0,02 |
| **КО111** | **0,10*** | **0,10*** | **0,25**** | -0,05 | **0,30**** | -0,02 | |

Табела 41. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентанта *Одржување на групната хармонија* од тестот *Ориентација кон колективизам* (најмало N=376)

| | **КО7** | **КО22** | **КО75** | **КО87** | **КО106** | **КО108** | **КО110** | **КО112** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КО7** | | **0,12**** | 0,05 | **0,13**** | -0,01 | 0,00 | -0,02 | **0,14*** |
| **КО22** | **0,12**** | | -0,04 | **0,22**** | 0,04 | 0,02 | 0,03 | **0,10*** |
| **КО75** | 0,05 | -0,04 | | 0,05 | 0,07 | **0,13**** | **-0,11*** | **0,24**** |
| **КО87** | **0,13**** | **0,22**** | 0,05 | | 0,04 | **0,11*** | 0,06 | 0,09 |
| **КО106** | -0,01 | 0,04 | 0,07 | 0,04 | | 0,08 | -0,04 | **0,16**** |
| **КО108** | 0,00 | 0,02 | **0,13**** | **0,11*** | 0,08 | | **0,19**** | **0,12**** |
| **КО110** | -0,02 | 0,03 | **-0,11*** | 0,06 | -0,04 | **0,19**** | | 0,00 |
| **КО112** | **0,14**** | **0,10*** | **0,24**** | 0,09 | **0,16**** | **0,12**** | 0,00 | |

Табела 42. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентанта *Семеен традиционализам* од тестот *Ориентација кон колективизам* (најмало N=376)

| | **КО91** | **КО93** | **КО94** | **КО95** | **КО103** | **КО37** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КО91** | | **0,18**** | **0,16**** | **0,17**** | **0,13**** | **0,21**** |
| **КО93** | **0,18**** | | 0,09 | **0,20**** | **0,16**** | **0,10*** |
| **КО94** | **0,16**** | 0,09 | | **0,14**** | **0,10*** | **0,16**** |
| **КО95** | **0,17*** | **0,20**** | **0,14**** | | 0,07 | **0,14**** |
| **КО103** | **0,13**** | **0,16**** | **0,10*** | 0,07 | | 0,03 |
| **КО37** | **0,21**** | **0,10*** | **0,16**** | **0,14**** | 0,03 | |

Табела 43. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентанта *Алоцентричност* од тестот *Ориентација кон колективизам* (најмало N=377)

| | **КО31** | **КО42** | **КО96** | **КО100** | **КО107** | **КО109** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КО31** | | 0,03 | **0,16**** | **0,26**** | **0,10*** | **0,10*** |
| **КО42** | 0,03 | | **0,13**** | **0,10*** | **0,18**** | 0,04 |
| **КО96** | **0,16**** | **0,13**** | | **0,13**** | **0,29**** | 0,08 |
| **КО100** | **0,26**** | **0,10*** | **0,13**** | | 0,06 | 0,09 |
| **КО107** | **0,10*** | **0,18**** | **0,29**** | 0,06 | | 0,07 |
| **КО109** | **0,10*** | 0,04 | 0,08 | 0,09 | 0,07 | |

Табела 44. Матрица на корелации помеѓу ајтемите на компонентанта *Грижа за другите* од тестот *Ориентација кон колективизам* (најмало N=377)

| | **КО21** | **КО49** | **КО66** | **КО98** | **КО105** |
|---|---|---|---|---|---|
| **КО21** | | **0,17**** | 0,06 | -0,02 | **0,18*** |
| **КО49** | **0,17**** | | **0,15*** | -0,03 | **0,11*** |
| **КО66** | 0,06 | **0,15**** | | **0,20**** | **0,16**** |
| **КО98** | -0,02 | -0,03 | **0,20**** | | **0,15**** |
| **КО105** | **0,18**** | **0,11*** | **0,16**** | **0,15**** | |

Табела 45. Матрица на интеркорелации помеѓу компонентите на тестот *Ориентација кон колективизам*

| | КОМ1 | КОМ2 | КОМ3 | КОМ4 | КОМ5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **КОМ1** | | **0,30**** | **0,17**** | **0,16**** | **0,36**** |
| **КОМ2** | **0,30**** | | 0,08 | **0,30**** | **0,31**** |
| **КОМ3** | **0,17**** | 0,08 | | 0,09 | 0,05 |
| **КОМ4** | **0,16**** | **0,19**** | 0,09 | | **0,16**** |
| **КОМ5** | **0,36**** | **0,31**** | 0,05 | **0,16**** | |

КОМ1= *Групата како интегрален дел на селфот*
КОМ2= *Одржување на групната хармонија*
КОМ3= *Семеен традиционализам*
КОМ4= *Алоцентричност*
КОМ5= *Грижа за другите*

Матрицата на корелации помеѓу постигнувањата на одделните делови на тестот (Табела 45) дава информации за тоа дека компонентата *Семеен традиционализам* е најмалку поврзана со останатите делови на тестот, додека најмногу поврзаност постои помеѓу компонентите *Грижа за другите* и *Третирање на групата како интегрален дел на селфот.*

## *Проверка на моделот: експлораторна факторска анализа на ајтемите*

За да се споредат теориски дефинираните модели на однесувањето коишто ги мерат тестовите, со емпириски добиените наоди, направена е факторска анализа на ставките. Бидејки тие се дихотомни[66], а со тоа се нарушува една од важните претпоставки на факторската анализа (нормална дистрибуција), постапката е направена на тој начин што наместо со сирови скорови, анализата е изведена преку матрица на интеркорелации (Hair et al, 1998). Бидејќи и овој "статистички лек" не е доволно моќен за да го надмине

[66] За анализа на бинарни податоци, се користи тн. Boolean-ова факторска анализа којашто не е достапна во комерцијалните статистижки пакети за анализа на податоците. Во досегашните студии (Rhee et al, 1996; Hardin et al, 2004; Kim et al, 1999) најчесто се користени методот на главни компоненти и максимална веројатност за екстракција на факторите. Во овој случај, методот на главни компоненти е избран како најпожелен поради општата фамилијарност, aVarimax ортогоналната ротација беше избрана како поповолна од косата ротација, поради полесна интерпретација на факторите.

проблемот на бинарна дистрибиураност на резултатите (што пак се одразува на конечната слика којашто се добива од анализата - пред сé на комуналитетите и процентот на објаснета варијанса), на целата постапка треба да се гледа само како на обид да се направи споредба помеѓу теоријата и реалноста.

За полесно да се направи споредбата меѓу моделот и емпириските податоци, претставени се ротираните матрици на факторски склоп со факторските засистувања (Табели 46, 53 и 59) и направена е споредба на добиените фактори со теориски дефинираните компоненти (Табели 47-51, 54-57 и 60-64). Користена е екстракција на фактори со помош на методот на главни компоненти и Varimax ротација. Критериумот за селекција на бројот на фактори е направен врз основа на scree-плотовите. За сите тестови, овој критериум значеше истовремено дека секој од факторите е со латентен корен поголем од 1,5. Бидејќи се работи за факторка анализа, којашто е само апроксимација на адекватниот модел, не се прикажани останатите статистички информации во врска со анализата. Постапката е направена за секој од тестовите поодделно.

Критериумите за задржување на ајтемите во конечната верзија на тестот врз основа на експлораторната факторска анализа, се оние коишто вообичаено се среќаваат во процедурите на конструкција на тестови:

а) се исфрлаат ајтемите со негативни факторски оптоварувања и оние коишто имаат многу ниски факторски оптоварувања и /или не може да се најде концепциско објаснување за нивната припадност на конкретниот факор;

б) се задржуваат оние фактори на коишто има најмалку три ајтеми со доволно високо факторско заситување, и

в) земајќи го предвид бројот на испитаници во примерокот, за доволно високо факторско оптоварување се смета она коешто достигнало вредност од 0,30 (Hair et al, 1998).

*Ориентација кон разлики во моќ*

Со факторската анализа на ајтемите на тестот *Ориентација кон разлики во моќ*, екстрахирани се шест фактори наместо петте претспоставени

со теорискиот модел. Од групата ајтеми изведени од индикаторот *Легитимност на употреба на сила* за постигнување цели, со факторска анализа се оддели како посебен фактор субгрупата која најмногу сугерира дека се однесува на на *семејна хиерархија* (фактор 2). Распоредот на заситувањата на поединечните ајтеми со одделните фактори укажува на тоа дека постои прилично мало совпаѓање помеѓу тоа како е дефиниран моделот, со тоа како емпириски се групираат ајтемите (Табела 46). Совпаѓањето е најголемо токму на компонентата *Еданквост,* која пак покажува најмали корелации со останатите компоненети на тестот.

Факторската анализа покажа и дека дури 4 ајтеми имаат негативни заситувања на три фактори, што индицира дека мерат нешто спротивно од обединувачкиот фактор. Иако ајтем -анализата не укажа на потреба за нивно исклучување од конечната верзија на тестот, упатно е тие да не се користат. Од конечната верзија исто така ќе бидат иземени и ајтемите бр. 17 (Тешко ми е да прифаќам наредби од лица помлади од мене.) и бр. 18 (Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник), бидејќи е многу тешко да се обезбеди логичко објаснување за нивната локација во факторската матрица.

Ајтемите бр. 4 (Како родител, барам од своите деца напорно да работат за да не ги разгалам) и бр. 52 (Како родител не им попуштам лесно на децата, со цел да ги направам доволно истрајни да успеат во животот) од факторот 2, идентификуван како *семејна хиерархија,* не може да се прифатат во конечната верзија поради тоа што само два ајтеми лоцирани на факторот логички припаѓаат таму. Третиот со високо заситување, бр. 46, (Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание) освен тоа што мора да се исфрли по логиката на негативно заситување на друг фактор, не се однесува на хиерархиските односи во семејството.

Табела 46. Факторски заситувања на тестот *Ориенѿација кон разлики во моќ*

| ајтеми | Ф1 | Ф2 | Ф3 | Ф4 | Ф5 | Ф6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОМ 19. Тешко ми е да се спротиставувам на авторитети. | 0,745 | | | | | |
| ОМ 12. Не влегувам во расправии со авторитети. | 0,713 | | | | | |
| ОМ 25. Не се спротиставувам на луѓето кои што се многу помоќни од мене, бидејки знам дека... | 0,603 | | | | | |
| ОМ 52. Како родител, барам (би барал-а) од своите деца напорно да работат... | | 0,601 | | | | |
| ›ОМ 60. Би сакал-а да имам директор кој одлучува според советите и мисленњата од останатите вработени... | | -0,531 | | | 0,438 | |
| ОМ 4. Како родител не им попуштам (би им попуштал) лесно на децата, со цел да ги направам доволно истрајни... | | 0,517 | | | | |
| ОМ 46. Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание. | | 0,409 | -0,320 | | | |
| ОМ17. Тешко ми е да прифаќам наредби од лица помлади од мене. | | 0,390 | | | | |
| ›ОМ 59. Кога би имал-а сопствена фирма, јас и останатите вработени би имале речиси иста плата. | | | 0,586 | | | |
| ›ОМ 35. Би ми било крајно непријатно да влезам во ординација без да чекам во редот со останатите пациенти... | | | 0,571 | | | |
| ›ОМ 32. Би ми било крајно непријатно да имам повисока плата од колегите кои ја работат истата работа како и мојата. | | | 0,488 | | | |
| ОМ 20. Уверен-а сум дека парите се посилни од правдата. | | | 0,471 | | | |
| ОМ 11. Кога бев дете, многу се трудев да бидам послушен-а. | | | -0,384 | | | |
| ОМ 3. И кога би имал многу пари, незамисливо би ми било да имам . . | | | 0,357 | | 0,356 | |
| ОМ 69. Сосема е нормално некои луѓе да бидат водачи, а некои нивни следбеници. | | | | 0,603 | | |
| ›ОМ 18. Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник. | | | | 0,482 | | |
| ОМ 6. Би сакал-а нашата земја да има цврст водач кој умее сам да донесува правилни одлуки. | | | | 0,468 | | |
| ОМ 2. Доколку секој поединец не знае под кого е и над кого е во општеството, би настанал целосен хаос. | | | | 0,439 | | |
| ОМ 61. Проблемот со демократското од-лучување е во тоа што голем број луѓе не-маат доволен интелектуален ... | | 0,345 | | 0,414 | | |
| ОМ 14. Никогаш не би седел-а додека мојот претпоставен стои. | 0,350 | | | 0,357 | | |
| ОМ 28. Добар раководител е оној кој сам донесува одлуки. | | | | 0,339 | | |
| ОМ 16. Очекувам помладите да ме почитуваат. | | | | | 0,575 | |
| ОМ 40. Ако морам да бирам, попрво би работел-а во полиција или војска отколку во банка или училиште. | | | | | 0,493 | |
| ОМ 30. Без оглед на сé, секогаш најмногу ги почитувам советите на моите родители. | 0,306 | | | | 0,381 | |
| ОМ 10. Кога наставникот не би имал можност да ги казнува учениците, не би можело да се воспостави дисциплина... | | 0,335 | | | 0,355 | |
| ОМ 58. Би ми пречело (ми пречи) моите деца да учат во ист клас со хендикепирани деца. | | | | | | 0,599 |
| ОМ 23. Кога би имал-а власт, би организирал-а посебни установи во кои заразените од СИДА ... | | | | | | 0,504 |
| ›ОМ 29. Се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе, како и пред мои врсници. | | | | | | -0,460 |
| ОМ 13. Кон луѓето се однесувам соодветно на нивниот општествен статус. | | | | | | 0,424 |
| ОМ 33. Не ми е тешко да направам разлика помеѓу вредни и ништожни групи луѓе. | | 0,312 | | | | 0,372 |

* ајтеми со негативни заситувања о ајтеми што не може да се објаснат во рамки на факторот

Табела 47. *Почитување авторитети* - Фактор 1

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОМ 12**. Не влегувам во расправии со авторитети. |
| **ОМ 14**. Никогаш не би седел-а додека мојот претпоставен стои. |
| **ОМ 19**. Тешко ми е да се спротиставувам на авторитети. |
| **ОМ 25**. Не се спротиставувам на луѓето кои што се многу помоќни од мене, бидејќи знам дека тоа би било залудно трошење енергија. |
| **ОМ 30.** Без оглед на се, најмногу ги почитувам советите на моите родители. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **ОМ 11**. Кога бев дете, многу се трудев да бидам послушен-а. |
| **ОМ 17**. Тешко ми е да прифаќам наредби од лица помлади од мене. |
| **ОМ 16**. Очекувам помладите да ме почитуваат. |
| **›ОМ 29.** Се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе, како и пред мои врсници. |
| **ОМ 46.** Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| //// |

Табела 48. *Еднаквост* - Фактор 3[67]

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **›ОМ 3**. И кога би имал-а многу пари, незамисливо би ми било да имам дома постојана послуга. |
| **›ОМ 20**. Уверен-а сум дека парите се посилни од правдата. |
| **ОМ 32**. Би ми било крајно непријатно да имам повисока плата од колегите кои ја работат истата работа како и мојата. |
| **›ОМ 35**. Би ми било крајно непријатно да влезам во ординација без да чекам во редот со останатите пациенти, само затоа што лекарот ми е познаник. |
| **›ОМ 59**. Кога би имал-а сопствена фирма, јас и останатите вработени би имале речиси иста плата. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| //// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| ***ОМ 11**. Кога бев дете, многу се трудев да бидам послушен-а.* |
| **ОМ 13**. Кон луѓето се однесувам соодветно на нивниот општествен статус. |
| **ОМ 46**. *Покажувам посебна почит кон луѓето коишто добиле некакво признание.* |

[67] Факторот 2-*Семјна хиерархија* не е прикажан бидејќи само два ајтеми се поклопуваат со теорискиот модел и тие нема да бидат земени во конечната верзија на тестот.

Табела 49. *Хиерархија и водсшво*- Фактор 4

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОМ 2.** Доколку секој поединец не знае под кого и над кого е во општеството, би настанал целосен хаос. |
| **ОМ 6**. Би сакал-а нашата земја да има цврст водач кој умее сам да донесува правилни одлуки. |
| **ОМ 28**. Добар раководител е оној којшто сам донесува одлуки. |
| **ОМ 61**. Проблемот со демократското одлучување е во тоа што голем број луѓе немаат доволен интелектуален капацитет за носење добри проценки. |
| **ОМ69.** Сосема е нормално некои луѓе да бидат водачи, а некои нивни следбеници. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **›ОМ 60**. Би сакал-а да имам директор кој одлучува според советите и мислењата од останатите вработени, а не самостојно. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **›ОМ 18**. Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник. |
| **ОМ 14**. Никогаш не би седел-а додека мојот претпоставен стои. |

Табела 51. *Леīиѿимносѿ на уѿоѿреба на сила и моќ за ѿосѿиīнување цели* - Фактор 5

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОМ 40**. Ако морам да бирам, попрво би работел-а во полиција или војска отколку во банка или училиште. |
| **ОМ 10**. Кога наставникот не би имал можност да ги казнува учениците, не би можело да се воспостави дисциплина во училницата. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **›ОМ 18**. Повеќе би сакал-а да работам како работник во фабрика отколку како шалтерски работник. |
| **ОМ 4**. Како родител, не им попуштам (би им попуштал) лесно на децата, со цел да ги направам доволно истрајни за да успеат во животот |
| **ОМ 52**. Како родител, барам (би барал) од своите деца напорно да работат, за да не ги разгалам. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **ОМ 16**. Очекувам помладите да ме почитуваат. |
| **ОМ 30**. Без оглед на се, секогаш најмногу ги почитувам советите на моите родители. |

Табела 50. Инхерентност на разликите - Фактор 6

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОМ 13**. Кон луѓето се однесувам соодветно на нивниот општествен статус. |
| **ОМ 23.** Кога би имал-а власт, би организирал-а посебни установи во кои заразените од СИДА би живееле издвоено од останатите луѓе. |
| **ОМ 33**. Не ми е тешко да направам разлика помеѓу вредни и ништожни групи луѓе. |
| **ОМ 58**. Би ми пречело моите деца да учат во ист клас со хендикепирани деца. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| //// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| ***›ОМ 29.*** *Се однесувам на исѿ начин во ѿрисусѿво на ѿосѿари луѓе, како и ѿред мои врсници.* |

За секој од деловите на тестот којшто формира фактор, утврден е коефициент на релијабилност. Добиени се следниве резултати: за факторот *Почитување авторитети* KR= 0,77; *Еднаквост* KR=0,60; *Хиерархија и водство* KR=0,58; *Легитимност на употреба на сила* KR=0,57 и *Инхерентност на разлики* KR=0,57. Релативно високите коефициенти на релијабилност на деловите укажуваат на тоа дека секој од нив може да се третира како субскала.

Исто така, проверени се и корелациите помеѓу факторски дефинираните делови. Резултатите (Табела 52) даваат слика слична на онаа кога беа проверувани корелациите помеѓу теориски дефинираните компоненти на тестот: ајтемите коишто се однесуваат на ставот (поточно однесувањето) кон еднаквоста меѓу луѓето, не се поврзани со останатите. Во овој случај, факторот *Еднаквост* е поврзан само со факторот *Легитимност на употреба на сила.* Од таа причина, иако донекаде ја редуцираат интерната конзистентност, овие ајтеми сепак ќе останат во конечната верзија на тестот.

Табела 52. Матрица на корелации помеѓу постигнувањата на одделните фактори

| | **ФАКТОР1** | **ФАКТОР3** | **ФАКТОР4** | **ФАКТОР5** | **ФАКТОР6** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКТОР1** | | -0,050 | **0,152**** | **0,124**** | **0,137**** |
| **ФАКТОР3** | -0,050 | | 0,011 | **0,118**** | 0,043 |
| **ФАКТОР4** | **0,152**** | 0,011 | | **0,169**** | **0,165**** |
| **ФАКТОР5** | **0,124**** | **0,118**** | **0,169**** | | **0,195**** |
| **ФАКТОР6** | **0,137**** | 0,043 | **0,165**** | **0,195**** | |

Фактор1=Почитување авторитети
Фактор3=Еднаквост
Фактор4=Хиерархија и водство
Фактор5=Легитимност на употреба на сила
Фактор6=Инхерентност на разликите

Откако од конечната верзија се исфрлени ајтемите коишто факторската анализа ги третира како проблематични, релијабилноста на тестот незначително се намалува (KR=0,71). Истото се случува и со дискриминативноста $\chi^2$=28,71 (df=13); p<0,01; Dmax = 0,10 p<0,01] (График 7). Анализата на разликата меѓу добиените и теориски очекуваните фреквенции (Табела А20-1 во Додаток 20) укажува дека пореметувањето се должи на неколку кумулирани поголеми отстапувања и тоа главно на позитивниот дел на скалата. Најголемата дискрепанца се јавува околу самата аритметичка

средина заради поголемата кумулација на скорови од очекуваната. Сепак, тестот е дискриминативен на поблагото статистичко ниво - состојба која најверојатно би се подобрила во услови на похетероген примерок (што ќе обезбеди и екстермни скорови, особено на горниот дел на скалата) Скјунесот изнесува -0,34, а куртозисот -0,16. Добиената аритметичка средина изнесува M= 12,90; SD=3,26 , Mdn = 13, минималниот емпириски добиен скор е 3, а максималниот е 21.




График 7. Дистрибуција на скорови на тестот *Ориентација кон разлики во моќ* (24 ајтеми)

*Ориентација кон извесност*

Матрицата на факторскиот склоп за тестот *Ориентација кон извесност* е дадена на Табела 53. Се забележува дека ајтемот бр. 62 (Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто) има негативно оптоварување на факторот *Ритуализам*, а згора на тоа највисокото позитивно оптоварување е на факторот на кој не е теориски предвидено тоа да се случи. Поради тоа, не е пожелно да биде дел од конечната верзија на тестот. Ајтемите бр. 15 (Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа), 86 (Од првиот ден на

животот, човекот е сам на овој свет) и 50 (Најчесто се дружам со луѓе слични на мене) имаат многу мали факторски оптоварувања и тоа на фактор на којшто не се очекува, па затоа исто така ќе бидат исклучени од конечната верзија.

За разлика од нив, ајтемот бр. 73 (За да бидат безбедни, своите деца ги советувам никогаш да не веруваат на непознати луѓе), којшто исто така корелира со фактор со којшто не е теориски предвидено, ќе биде задржан бидејќи може да биде протолкуван и низ призма на потреба за предвидливи исходи. Слична е ситуацијата и со ајтемот бр. 26 (Додека некому не му се стемни, на друг не му се разденува) којшто е високо заситен со два фактора; со еден со којшто е предвидено (фактор 3) и со еден (фактор 2) за којшто може да се тврди дека има смисол да корелира. Имено, освен како недоверба во луѓето, тврдењето дека додека "некому не му се стемни на друг не му се разденува" може да биде толкувано и во светлото на потреба за црно-бело, недвосмислено гледање на работите.

На Табелите 54 - 57 може лесно да се направи споредба помеѓу совпаѓањето на емпириски добиените наоди со теорискиот модел.

За секој од факторите е утврден коефициентот на релијабилност. Добиени се следниве резултати: *Извесност на последици, предиктибилност: потреба за стабилност, придржување кон правила, контрола на неуспех* α= 0,80; *Потреба за јасен контекст*, KR=0,67; *Страв од непознато и од промени: недоверба во луѓето, преференција на слични луѓе,* KR=0,72; *Ритуализам* KR= 0,76. Корелациите помеѓу постигнувањата на одделните фактори се прикажани во Табела 58. Сите корелации се статистички значајни, што укажува на висока внатрешна кохерентност на тестот.

Табела 58. Матрица на корелации помеѓу постигнувањата на одделните фактори

| | ФАКТОР1 | ФАКТОР2 | ФАКТОР3 | ФАКТОР4 |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКТОР1** | | 0,272** | 0,310** | 0,236** |
| **ФАКТОР2** | 0,272** | | 0,275** | 0,123** |
| **ФАКТОР3** | 0,310** | 0,275** | | 0,123** |
| **ФАКТОР4** | 0,236** | 0,123** | 0,123** | |

Фактор1= *Извесност на последици, предиктибилност*
Фактор2= *Потреба за јасен контекст*
Фактор3= *Страв од непознато и од промени*
Фактор4= *Ритуализам*

Табела 53. Факторски заситувања на тестот *Ориентација кон извесност*

| ајтеми | Ф1 | Ф2 | Ф3 | Ф4 |
|---|---|---|---|---|
| ОИ 57. Повеќе би сакал-а да работам сигурна работа со помала плата, отколку несигурна а за повеќе пари. | 0,616 | | | |
| ОИ 70. Се трудам да немам многу високи очекувања, за да не се разочарам ако не ми се исполнат. | 0,581 | | | |
| ОИ 65. Повеќе сакам да добијам малку, отколку да ризикувам а, да не добијам ништо. | 0,572 | | | |
| ОИ 54. Не се нафаќам на работи за кои не сум сигурен-а дека можам да ги завршам. | 0,453 | | | |
| ОИ 89. Повеќе сакам (би сакал) да работам во фиксно работно време, отколку сам-а да одлучувам колку време да работам. | 0,451 | | | |
| ОИ 56. Се придржувам кон правилата, без оглед на тоа колку ми изгледаат исправни. | 0,439 | | | |
| ОИ 74. Се согласувам со изреката "Кој високо лета... | 0,412 | | | |
| ОИ 51. Не би прекршил-а правило, дури и да сметам дека тоа е корисно за многумина. | 0,401 | | | |
| •ОИ 1. Често си поставувам многу високи цели. | 0,388 | | | |
| ОИ 36. Би сакал-а да не морам да менувам работни места. | 0,385 | | | |
| ОИ 73. За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе. | 0,300 | | | |
| ОИ 47. На работното место, повеќе би сакал-а да добивам директни наредби што да правам, отколку сам-а да... | | 0,534 | | |
| ОИ 77. Повеќе сакам да добијам јасно упатство како нешто да сработам, отколку сам-а да смислувам како би било. .. | | 0,503 | | |
| ОИ 76. Многу ме нервира кога луѓето на јавни места зборуваат на дијалект. | | 0,492 | | |
| ОИ 83. Повеќе сакам кога некој ме прашува конкретни нешта, отколку кога имам слобода да одговарам опширно. | | 0,459 | | |
| ОИ 80. Во дискусија, секогаш точно знам што е вистина а што не е. | | 0,455 | | |
| ОИ 64. Уверен-а сум дека постои една апсолутна вистина. | | 0,404 | | |
| ОИ 26. Додека некому не му се стемни, на друг не му се разденува. | | 0,398 | 0,314 | |
| ОИ 78. Како родител, настојувам (би настојувал) да ги заштитам своите деца од искуства во непознати ситуации. | | 0,386 | | |
| ОИ 15. Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа. | | *0,262* | | |
| ОИ 86. Од првиот ден на животот, човекот е сам на овој свет. | | *0,241* | | |
| ОИ 50. Најчесто се дружам со луѓе коишто се слични на мене. | | *0,200* | | |
| ОИ 97. Ме вознемируваат постојаните промени во општеството. | | | 0,537 | |
| ОИ 41. Ме измачува помислата дека неможам да ги контролирам повеќето настани во мојот живот. | | | 0,533 | |
| ОИ 67. Имам потреба нештата околу мене да престанат постојано да се менуваат. | | | 0,482 | |
| ОИ 81. Не би сакал-а да го менувам местото на живеење... | 0,339 | | 0,400 | |
| ОИ 62. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто. | | | 0,384 | -,356 |
| •ОИ 9. Имам многу пријатели кои припаѓаат на друга нација или вера. | | | 0,375 | |
| ОИ 38. Би сакал-а, во мојата татковина да живеат луѓе коишто припаѓаат само на една вера и нација. | | | 0,364 | |
| ОИ 63. Уверен-а сум дека изреката "Човек на човека му е волк" ја одразува реалноста. | | | 0,363 | |
| ОИ 72. Многу ми пречат луѓе кои по секоја цена настојуваат да бидат различни од останатите луѓе во средината. | | | 0,328 | |
| ОИ 82. Би сакал-а да живеам предвидлив живот. | | | 0,325 | |
| ОИ 5. Навиките се важен дел на мојот живот. | | | | 0,711 |
| ОИ 27. Многу ја почитувам традицијата и обичаите. | | | | 0,676 |
| ОИ 45. На настани како венчавки, раѓање деца или погреби, секогаш настојувам да го почитувам редот. | | | | 0,405 |

• ајтеми со негативни заситувања   o ајтеми што не може да се објаснат во рамки на факторот

Табела 54. *Извесност на последици, предиктибилност: потреба за стабилност, придржување кон правила, контрола на неуспех* - Фактор 1

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОИ 57**. Повеќе би сакал-а да работам сигурна работа со помала плата, отколку несигурна а за повеќе пари. |
| **ОИ 36**. Би сакал-а да не морам да менувам работни места. |
| **ОИ 89**. Повеќе сакам (би сакал) да работам во фиксно работно време, отколку сам-а да одлучувам колку време да работам. |
| **ОИ 51**. Не би прекршил-а правило, дури и да сметам дека тоа е корисно за многумина. |
| **ОИ56**. Се придржувам кон правилата, без оглед на тоа колку ми изгледаат исправни. |
| **ОИ 65**. Повеќе сакам да добијам малку, отколку да ризикувам а, да не добијам ништо. |
| **ОИ 1**. Често си поставувам многу високи цели. |
| **ОИ 54**. Не се нафаќам на работи за кои не сум сигурен-а дека можам да ги завршам. |
| **ОИ 70**. Се трудам да немам многу високи очекувања, за да не се разочарам ако не ми се исполнат. |
| **ОИ 74**. Се согласувам со изреката "Кој високо лета, ниско паѓа". |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **ОИ 62**. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **ОИ 73**. За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе. |

Табела 55. *Потреба за јасен контекст* - Фактор 2

| Ајтеми коишто се совпаѓаат |
|---|
| **ОИ 47**. На работното место, повеќе би сакал-а да добивам директни наредби што да правам, отколку сам-а да смислувам што се бара од мене. |
| **ОИ 77**. Повеќе сакам да добијам јасно упатство како нешто да сработам, отколку сам-а да смислувам како би било најдобро да се заврши работата. |
| **ОИ 83**. Повеќе сакам кога некој ме прашува конкретни нешта, отколку кога имам слобода да одговарам опширно. |
| **ОИ 64**. Уверен-а сум дека постои една апсолутна вистина. |
| **ОИ 80**. Во дискусија, секогаш точно знам што е вистина а што не е. |
| **ОИ 78**. Како родител, настојувам (би настојувал) да ги заштитам своите деца од искуства во непознати ситуации. |
| **ОИ 76**. Многу ме нервира кога луѓе на јавни места зборуваат на дијалект. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| ////// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** (или со многу ниски заситувања) |
| **ОИ 15**. Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа. |
| **ОИ 50**. Најчесто се дружам со луѓе коишто се слични на мене. |
| **ОИ 86**. Од првиот ден наживотот, човекот е сам на овој свет. |

Табела 56. *Страв од непознато и од промени: недоверба во луѓето, преференција на слични луѓе*- Фактор 3

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **ОИ 82**. Би сакал-а да живеам предвидлив живот. |
| **ОИ 97**. Ме вознемируваат постојаните промени во општеството. |
| **ОИ 26**. Додека некому не му се стемни, на друг не му се разденува. |
| **ОИ 41**. Ме измачува помислата дека неможам да ги контролирам повеќето настани во мојот живот. |
| **ОИ 63**. Уверен-а сум дека изреката "Човек на човека му е волк" ја одразува реалноста. |
| ›**ОИ 9**. Имам многу пријатели кои припаѓаат на друга нација или вера. |
| **ОИ 72**. Многу ми пречат луѓе кои по секоја цена настојуваат да бидат различни од останатите луѓе во средината. |
| **ОИ 38**. Би сакал-а, во мојата татковина да живеат луѓе коишто припаѓаат само на една вера и нација. |
| **ОИ 81**. Не би сакал-а често да го менувам местото на живеење. |
| **ОИ 67**. Имам потреба нештата околу мене да престанат постојано да се менуваат. |
| **ОИ 82**. Би сакал-а да живеам предвидлив живот. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| *ОИ 62. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто.* |
| **Го има теориски но не во факторот** |
| **ОИ 73**. За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе. |
| **ОИ 50**. Најчесто се дружам со луѓе коишто се слични на мене. |

Табела 57. *Ритуализам* - Фактор 4

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **ОИ 5**. Навиките се важен дел на мојот живот. |
| **ОИ 27**. Многу ја почитувам традицијата и обичаите. |
| **ОИ 45**. На настани како венчавки, раѓање деца или погреби, секогаш настојувам да го почитувам редот. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **ОИ 62**. Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто. |
| **Ги има теориски, но не во факторот** |
| **ОИ 15**. Верувам дека некои предмети, броеви или постапки ми носат среќа. |

Откако ќе се отстранат несоодветните ајтеми регистрирани со факторската анализа, коефициентот на релијабилност незначително се зголемува (KR = 0,84 наместо 0,83), а дистрибуцијата добива облик нешто посличен на нормалната [$\chi^2$ = 18,64 (df=18); p>0,05); Dmax = 0,04; p<0,20]. Скјунесот изнесува -0,16, а куртозисот -0,44. На Табела 3 во Додаток 20 се претставени добиените и очекуваните фреквенции. Аритметичката средина е M=17,23; Mdn=17; SD = 4,92, минималниот добиен скор е 3 а максималниот 28. Новодобиената дистрибуција на тестот, е прикажана на График 8.




График 8. Дистрибуција на скорови на тестот *Ориентација кон известност* (31 ајтем)

*Ориентација кон колективизам*

По истата постапка како и за претходните тестови, проверувана е соодветноста на претпоставеното групирање на ајтемите со емпириското. Резултатите од експлораторната факторска анализа прикажани се на Табела 59, од која што се гледа дека ајтемот бр. 110 (Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен успех во професијата) е негативно заситен со факторот 5. Според досегашната логика на отстранување на ајтемите од конечната верзија, освен тој ајтем, отстранети ќе бидат и ајтемите бр. 85 (Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот

долг, се чувствувам непријатно), 99 (Спореден со другите, мојот народ е подобар по многу нешта), 108 (Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам.) и 43 (Повеќе би сакал-а да живеам во мало место, каде луѓето меѓусебно се познават, отколку во голем град), поради неможноста да се најде адекватно објаснување зошто се групираат во дадените фактори, како и релативно ниските оптоварувања.

Оние ајтеми за коишто во номолошката мрежа е претпоставено дека припаѓаат на една група, а според емпириската анализа се нашле во друга, но соодветна, се задржани. За ајтемот бр. 42 (Речиси никогаш немам потреба да бидам сам), може да се претпостави дека е дел и на семејната врзаност т.е. групирање, па затоа и покрај тоа што корелира со два фактора, се задржува. Тоа се однесува и на ајтемот бр. 66 (Можам да правам работи кои ме прават среќен-а, а унесреќуваат некого од моето семејство), бидејќи на него може да се гледа и како на манифестација на однесување коешто освен со грижата за другите, има врска со одржувањето на групната хармонија. Исто така, на ајтемите бр. 87 (Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена) и бр. 22 ( За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството), може да се гледа и како на однесување мотивирано од грижата за другите, па затоа ќе бидат задржани во конечната верзија на тестот.

Релијабилноста на деловите дефинирани со факторската анализа се: *Семеен традиционализам*, KR=0,65; *Групен селф*, KR =0,71; *Грижа за другите* KR = 0,65; *Алоцентричност* KR =0,58 и *Грижа за групната хармонија* KR =0,59. Релативно високите коефициенти на релијабилност на деловите укажуваат на тоа дека секој од нив може да биде користен и како субтест.

Корелациите на постигнувањата на одделните фактори покажуваат дека најмалку поврзани со останатите делови на тестот се ставките групирани во факторот *Алоцентичност*. Тие се во корелација само со факторот *Третирање на групата како интегрален дел на селфот* (Табела 58).

Табела 58. Матрица на корелации помеѓу постигнувањата на одделните фактори

| | ФАКТОР1 | ФАКТОР2 | ФАКТОР3 | ФАКТОР4 | ФАКТОР5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКТОР1** | | **0,256**** | **0,168**** | 0,035 | **0,109*** |
| **ФАКТОР2** | **0,256**** | | **0,227**** | **0,112*** | **0,108*** |
| **ФАКТОР3** | **0,168**** | **0,227**** | | 0,049 | **0,152**** |
| **ФАКТОР4** | 0,035 | **0,112*** | 0,049 | | 0,038 |
| **ФАКТОР5** | **0,109*** | **0,108*** | **0,152**** | 0,038 | |

Фактор1= *Семејна врзаност*
Фактор2= *Третирање на групата како интегрален дел на селфот*
Фактор3= *Должност и грижа за другите*
Фактор4= *Алоцентричност*
Фактор5= *Одржување на групната хармонија*

Табела 59 . Факторски заситувања на тестот *Ориентација кон колективизам*

| ајтеми | Ф1 | Ф2 | Ф3 | Ф4 | Ф5 |
|---|---|---|---|---|---|
| КО 95. Кога би имале семеен бизнис, без размислување би продолжил-а да го работам тоа што го започнале моите... | 0,543 | | | | |
| КО 93. На избори, најчесто гласам за партија, а не за ... | 0,511 | | | | |
| ›КО37. Децата треба да живеат со родителите додека не стапат во брак. | 0,464 | | | | |
| КО 91. Моите животни планови ги прилагодувам на потребите на семејството. | 0,462 | | | | |
| КО 85. Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот долг, се чувствувам непријатно. | 0,410 | | | | |
| КО 94. Најчесто, изреката "Каков татко, таков син", се покажува како вистинита. | 0,375 | | | | |
| КО 99. Споредени со другите, мојот народ е подобар... | 0,344 | | | | |
| КО 108. Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам. | 0,302 | | | | |
| КО 103. Успесите и поразите на децата се истовремено успеси и порази на родителите. | 0,302 | | | | |
| КО 43. Повеќе би сакал-а да живеам во мало место, каде луѓето меѓусебно се познават, отколку во голем град. | 0,300 | | | | |
| КО 111. Се интересирам за историјата на моите семејни ... | | 0,638 | | | |
| КО 88. Се гордеам што сум припадник на мојот народ. | | 0,577 | | | |
| КО 71. Ако треба, би го жртвувал-а животот за да ја одбранам земјата од непријатели. | | 0,571 | | | |
| КО 44. Имам чувство на блиска поврзаност со сите мои сонародници. | | 0,435 | | | |
| КО 8. Пријателите на моите роднини се и мои пријатели. | | 0,358 | | | |
| ›КО 105. Најважната работа во мојот живот е да се усреќам себе си. | | | 0,484 | | |
| КО 22. За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството. | | | 0,452 | | |
| ›КО 66. Можам да правам работи кои мене ме прават среќен-а, а унесреќуваат некого од моето семејство. | | | 0,440 | | 0,341 |
| КО 98. Се обидувам да го правам она што е најдобро за мене, без разлика како тоа може да се одрази на другите. | | | 0,435 | 0,324 | |
| КО 49. Никогаш не би дозволил-а, кога моите родители ќе остарат, да живеат во старски дом наместо заедно со... | | | 0,424 | | |
| КО 21. Сите пари што ги заработувам (ќе ги заработам), се на располагање на целото семејство. | | | 0,420 | | |
| КО 7. По многу важни прашања, моето мислење се совпаѓа со мислењето на членовите на моето семејство. | | | 0,417 | | |
| КО 87. Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена. | | | 0,305 | | |
| ›КО 96. Подобро работам сам-а отколку во група. | | | | 0,554 | |
| ›КО 107. Ако групата ме успорува во работата, подоро е да работам сам-а. | | | | 0,524 | |
| ›КО 100. Тоа што мене ми се случува е само моја работа. | | | | 0,522 | |
| КО 31. Попрво би се справувал-а со некој личен проблем сам-а, отколку да го дискутирам со други луѓе. | | | | 0,463 | |
| ›КО 109. Се обидувам да се издвојам по нешто од групата на којашто и припаѓам. | | | | 0,395 | |
| КО 42. Речиси никогаш немам потреба да бидам сам-а. | 0,312 | | | 0,315 | |
| КО 112. Секогаш настојувам да бидам во хармонични ... | | 0,315 | | | 0,543 |
| КО 75. Кога сум во група, ги прилагодувам моите потреби.. | | | | | 0,524 |
| КО 106. Непријатните работи ги кажувам индиректно, за да не го повредам соговорникот . | | | | | 0,477 |
| КО 90. Се потпирам на помошта на моите роднини или пријатели ако се најдам во каква И да е невоља. | | 0,342 | | | 0,457 |
| КО 110. Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен... | | | | | -0,350 |

* ајтеми со негативни заситувања o ајтеми што не може да се објаснат во рамки на факторот

Табела 60. *Семеен традиционализам* - Фактор 1

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **КО 37**. Децата треба да живеат со родителите додека не стапат во брак. |
| **КО 91**. Моите животни планови ги прилагодувам на потребите на семејството. |
| **КО 93**. На избори, најчесто гласам за партија, а не за поединец. |
| **КО 94**. Најчесто, изреката "Каков татко, таков син", се покажува како вистинита. |
| **КО 95.** Кога би имале семеен бизнис, без размислување би продолжил-а да го работам тоа што го започнале моите претци. |
| **КО 103**. Успесите и поразите на децата се истовремено успеси и порази на родителите. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| //////// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **КО 43**. Повеќе би сакал-а да живеам во мало место, каде луѓето меѓусебно се познават, отколку во голем град. |
| **КО 85**. Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот долг, се чувствувам непријатно. |
| **КО 99**. Спореден со другите, мојот народ е подобар по многу нешта. |

Табела 61. *Третирање на групата како интегрален дел на селфот, примордијализам* - Фактор 2

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **КО 8**. Пријателите на моите роднини се И мои пријатели. |
| **КО 44**. Имам чувство на блиска поврзаност со сите мои сонародници. |
| **КО 71**. Ако треба, би го жртвувал-а животот за да ја одбранам земјата од непријатели. |
| **КО 88**. Се гордеам со тоа што сум припадник на мојот народ. |
| **КО 111**. Се интересирам за историјата на моите семејни претци. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **КО 85**. Кога секој од друштвото на маса во кафеана сам си го плаќа својот долг. . . |
| **КО 99**. Спореден со другите, мојот народ е подобар по многу нешта. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **КО 90**. Се потпирам на помошта на моите роднини или пријатели ако се најдам во каква и да е невоља. |

Табела 62. *Должност и грижа за другите* - Фактор 3

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **КО 21**. Сите пари што ги заработувам (ќе ги заработам), се на располагање на целото семејство. |
| **КО 49**. Никогаш не би дозволил-а, кога моите родители ќе остарат, да живеат во старски дом наместо заедно со мене или моето семејтво. |
| **›КО 66**. Можам да правам работи кои мене ме прават среќен-а, а унесреќуваат .. . |
| **›КО 98**. Се обидувам да го правам она што е најдобро за мене, без разлика како тоа може да се одрази на другите. |
| **›КО105**. Најважната работа во мојот живот е да се усреќам себе си. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| ///// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| **КО 22**. За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството. |
| **КО 87**. Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена. |

Табела 63. *Алоцен̄тричнос̄т* - Фактор 4

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **КО 42**. Речиси никогаш немам потреба да бидам сам-а. |
| ›**КО 31**. Попрво би се справувал-а со некој личен проблем сам-а, отколку да го дискутирам со други луѓе. |
| ›**КО 96**. Подобро работам сам-а отколку во група. |
| ›**КО 100**. Тоа што мене ми се случува е само моја работа. |
| ›**КО 107**. Ако групата ме успорува во работата, подоро е да работам сам-а. |
| ›**КО 109.** Се обидувам да се издвојам по нешто од групата на којашто и припаѓам. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| //// |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| //// |

Табела 64. *Одржување на ḡруп̄ната̄ хармонија* - Фактор 5

| **Ајтеми коишто се совпаѓаат** |
|---|
| **КО 7**. По многу важни прашања, моето мислење се совпаѓа со мислењето на членовите на моето семејство. |
| **КО 75**. Кога сум во група, ги прилагодувам моите потреби на потребите на групата. |
| **КО 106**. Непријатните работи ги кажувам индиректно, за да не го повредам соговорникот. |
| ***КО 110**. Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен успех во професијата** |
| **КО 112**. Секогаш настојувам да бидам во хармонични односи со групата на којашто и припаѓам. |
| **Ги има теориски, но не и во факторот** |
| **КО 22**. За мир во куќата, често се откажувам од нешта што не се прифатливи за некои членови на семејството. |
| **КО 87**. Конфликтите во семејството ги избегнувам по секоја цена. |
| **КО 108**. Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам. |
| **Ги има во факторот но не и теориски** |
| ›**КО 66**. Можам да правам работи кои мене ме прават среќен-а, а унесреќуваат некого од моето семејство. |

*негативно заситен

Откако ќе се отстранат непожелните ајтеми, коефициентот на релијабилност (интеркорелации меѓу ставките) се намалува на KR=0,77, а split-half релијабилноста изнесува 0,79. Ова е разбирливо бидејќи значително се намалува и самата должина на тестот (Traub, 1994). Дискриминативноста на тестот останува добра [$\chi^2 = 22,74$ (df=14; p>0,05); Dmax = 0,08; p<0,05]. Скјунесот на дистрибуцијата изнесува -0,29, а куртозисот -0,25. Деталните информации за дискриминативноста се прикажани во Табела 2 во Додаток 20. Аритметичката средина изнесува M=15,58; Mdn=16; SD=3,75. Максималниот добиен скор е 24, а минималниот 3.




График 9. Дистрибуција на скорови на тестот *Ориентација кон колективизам* (28 ајтеми)

## *Разлики помеѓу специфични групи*

Еден од широко употребуваните начини за докажување на конструкт-валидност е проверка на хипотези за разлики помеѓу групи за кои се претпоставува дека би требало да се разликуваат во поглед на мерената варијабла. Бидејќи една од слабостите на овој метод (Bukvić, 1982) е преголемата осетливост на t-тестот во услови кога примероците се големи (N>100), во оваа студија се правени споредби само меѓу помали групи.

Друга потешкотија во врска со утврдување на разлики помеѓу групи кај коишто се очекува тие да се појават, е наоѓањето на испитаници коишто се изедначени според важните демографски варијабли, осетливи на притисокот на културните вредности - возраст, образование, социо-економска класа и место на живеење (урбани наспроти рурални области).

### *Ориентација кон моќ*

Многу студии укажуваат на тоа дека изборот на професија е поврзан со одредени карактеристики на личноста (Николоски, 1996; Millan et al, 2005). Во таа смисла, може да се претпостави дека барањата на професијата во однос на толеранција на еднаквост наспроти нееднаквост во статусите ќе привлече или одбие поединци кои во различен степен ја интроектирале вредноста *еднаквост помеѓу луѓето*, односно се разликуваат во степенот на ориентација кон разлики во моќта. Може да се каже дека училишниот контекст, особено во наши услови, претставува модел на вертикално поставени односи на наставниците кон учениците. Истражувањата на национален примерок, покажуваат дека само мал број ученици, особено во погорните одделенија, имаат храброст да го искажат своето мислење пред наставниците, а уште помалку ако тоа е спротиставено на мислењето на наставникот (Егуменовска, 2002). Оттука може да се претпостави дека тој контекст ќе биде атрактивен за лица со повисока ориентација кон моќ. Од друга страна, доминантната хуманистичка ориентација во обуката на идни психолози, чии базична вредности се прифаќање на единственоста на луѓето, статусната хоризонталност на психологот во однос на клиентите и слично, најверојатно

наоѓа свој одраз во вредносните системи на студентите попсихологија. Оттука се претпостави дека:

**H1$_a$:** *Студентите - идни психолози имаат помалку изразена ориентација кон моќ од студентите - идни наставници.*

За тестирање на хипотезата користени се резултатите од тестот *Ориентација кон моќ* од студентите од трета година коишто студираат психологија од Филозофскиот факултет од Скопје (N= **49**; 43 женски, 6 машки) и студентите од трета година од Педагошкиот факултет во Скопје коишто се подготвуваат за идни наставници (N = **45**; 40 женски; 5 машки). Двете групи се еднакви во однос на возраста ($M_{пси}$=22,28; $M_{пед}$=21,8; t=1,90 (df=92); p>0,05)[68]. Сите испитаници се етнички Македонци. Применет е t-тест на независни примероци. Исто така, со помош на Levene-овиот тест е утврдена и хомогеноста на варијансите, за да се провери дали е можно директно да се примени тестот на разлики помеѓу аритметичките средини. Резултатите од анализата се прикажани во Табела 66. Оттука се гледа дека постои статистички значајна разлика во степенот на поседување на варијаблата (t=3,12(89); p<0,01)), што значи дека хипотезата може да се прифати.

Табела 66. Разлики помеѓу студентите на психологија и студентите за одделенска настава тестот Ориентација кон моќ (t-тест и Levene- тест)

| Мпси (N=49) | Мпед (N=43) | SDпси | SDпед | t | df | p | Levene - тест | p -(Levene) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11,90 | 13,97 | 3,45 | 2,82 | 3,12 | 89 | <0,01 | 2,371 | 0,13 |

*Ориентација кон известост*

Ако се следи логиката дека може да се претпостават разлики помеѓу луѓето коишто бираат различни професии, тогаш може и да се претпостави дека изборот на студирање егзактни дисциплини или дисциплини коишто нудат

[68] Прибирањето на податоците на двете групи се одвиваше во месец мај 2005.

поголема систематичност ќе бидат поатрактивни за оние ориентирани кон известност, додека пак тие со помалку нагласена потреба за известност може да преферираат дисциплини каде доаѓа до израз креативноста и релативноста на вистините. Оттука, беше претпоставено дека:

***Н2а:*** *Кај студентите по архитектура во помал степен е изразена ориентацијата кон известност во споредба со студентите по математика.*

***Н2б:*** *Кај студентите по филозофија во помал степен е изразена ориентацијата кон известност во споредба со студентите по математика.*

Резултатите од проверката на хипотезите се прикажани во Табелите 67 и 68.

Табела 67. Разлики помеѓу студентите по архитектура и студентите по математика на тестот *Ориентација кон известност* (t-тест и Levene- тест)

| **Марх (N=69)** | **Ммат (N=17)** | **SDмат** | **SDарх** | **t** | **df** | **p** | **Levene - тест** | **p - (Levene)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15,48 | 18,17 | 5,11 | 4,56 | -2,17 | 84 | < 0,05 | 0,90 | 0,76 |

Табела 68. Разлики помеѓу студентите по филозофија и студентите по математика на тестот *Ориентација кон известност* (t-тест и Levene- тест)

| **Мфил (N=12)** | **Ммат (N=17)** | **SDмат** | **SDфил** | **t** | **df** | **p** | **Levene - тест** | **p - (Levene)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14,73 | 18,17 | 5,11 | 4,24 | -2,06 | 27 | < 0,05 | 0,12 | 0,73 |

Од прикажаните наоди произлегува дека хипотезата **Н2а** може да се прифати, бидејќи постои статистички значајна разлика помеѓу просечните постигнувања на групата студенти кои студираат математика и оние кои студираат архитектура [$t\ (84) = -2,13$; $p<0,05$]. Истиот заклучок важи и за разликите во изразеноста на ориентацијата кон известност меѓу студентите кои студираат математика и оние кои студират филозофија. Врз основа на статистичките показатели, [$t\ (27) = -2,06$; $p<0,05$]. хипотезата **Н2б** се прифаќа.

Бидејќи се работи за особина којашто се претпоставува дека е сензитивна на влијанието на неколку демографски фактори (возраст, социјална класа, степен на образование и вид на образование), при понатамошното утврдување на разлики помеѓу екстремни групи мора да се

води сметка за изедначеноста на групите според овие варијабли. Неколку од клучните компарации коишто може да се направат, а се извлечени од теоријата на Hofstede, се помеѓу: а) приврзаници на лево и десно ориентирани идеологии, б) припадници на различни конфесионални групи и в) луѓе со изразен интерен наспроти изразен екстерен локус на контрола.

*Ориентација кон колективизам*

Иако теориски може да се претпоставаат неколку парови на групи различни според степенот на ориентираност кон колективизам (рурални наспроти урбани области, низок социо-економски слој наспроти висок, висок наспроти низок степен на образование и сл.), заради потешкотиите во обезбедувањето изедначени групи во ова истражување е проверена само разликата помеѓу различни возрасни групи. Тенденцијата повозрасните лица да имаат повисок скор на тестовите коишто мерат колективизам, особено во поиндивидуалистичките средини, веќе е емпириски потврдена (Westerhof et al., 2000). Обидот да се добијат што е можно послични групи е направен такашто се тестирани студенти коишто студираат историја и наставници по историја. Со тоа е постигнато да се контролира видот на образование, но не и другите релевантни варијабли. Хипотезата гласи:

***H3a:*** *Кај наставниците по историја во поголем степен е изразена ориентацијата кон колективизам отколку кај студентите по историја.*

Наодите од проверката на хипотезата ***H3a*** се прикажани во Табела 69. Тие укажуват на тоа дека групите се разликуваат во изразеноста на димензијата [t (32)=-2,22; p<0,05].

Табела 69. Разлики помеѓу студенти по историја и наставници по историја на *Ориентација кон колективизам* (t-тест и Levene- тест)

| **Мнаст (N=11)** | **Мстуд (N=23)** | **SDнаст** | **SDстуд** | **t** | **df** | **p** | **Levene - тест** | **p - (Levene)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22,73 | 19,65 | 3,65 | 4,76 | -2,22 | 32 | <0,05 | 1,70 | 0,29 |

Понатамошното проверување на валидноста[69] на инструментот од аспект на можноста да прави разлики во поглед на групите за кои се претпоставува дека ќе се разликуваат се тестирање на колективистичката ориентација меѓу: а) групи со различен степен на образование б) групи со различен економски статус в) припадници на различни здруженија наспроти луѓе кои не се вклучуваат во такви формации г) луѓе со изразена национална врзаност наспроти оние со незначителна национална врзаност.

---

[69] За сите три димензии, според теоријата, не би требало да постојат разлики помеѓу половите. Емпириската проверка потврди дека машките и женските не се разликуваат во поглед на ориентација кон разлики во моќ [t (357)=1,07; p>0,05], ориентација кон извесност, [t (357)=1,07; p>0,05] и ориентација кон колективизам [t (370)=0,88; p>0,05].

## *Врски на тестовите со постоечки инструменти*

Најнакрај, конструкт валидноста на тестовите е проверувана со помош на класичен модел на факторска анализа којшто подразбира утврдување на претпоставени заеднички фактори на новите тестови и тестови чијашто валидност е веќе потврдувана во претходни наврати. За таа цел, направена е селекција од 13 теста, при што освен нивната достапност и теориски претпоставената поврзаност, се водеше сметка и за нивниот обем. Затоа, секогаш кога постоеше можност да се избере помеѓу покуса и подолга верзија на еден тест или пак тестови коишто се различни, а наменети за мерење на иста варијабла, се бираше опцијата со помал број ајтеми или пак со поедноставни барања во врска со одговарањето. Сите инструменти (освен MAS и SP-3 за кои веќе постои адекватен превод) се преведени од англиски јазик и адаптирани од страна на авторот. Преводот е ревидиран од страна на билингвален преведувач. Избрани се следниве тестови:

**SDO - Social Dominance Orentation (Pratto, 1994)** – *Скала на социјална доминација* која е наменета за мерење на степенот на преференција на нееднаквост помеѓу социјални групи. Скорот е мерка на индивидуалниот *став*, а се добива од одговорите на 7-степена скала на 14[70] балансирани ајтеми. Најнизок можен скор е 13, а највисок е 91. Авторката известува дека скорот е независен од цртата доминантност (r=0,03; r=-0,01), екстроверзија (r=-0,03) и невротицизам (r=0,10). Во конзистентна висока корелација, скорот на скалата е со опозиција кон правата на хомосексуалците, етничките малцинства и еколошки програми, односно со поддржување на национал-шовинизам, десно-ориентирани партии и политика на ригидни законски режими (Solomon & Brem, 2002). Во неколку испитувани култури, мажите добиваат повисоки скорови на скалата од жените. Според објавените податоци, скалата е администрирана на најмалку 13 различни примероци (вкупно 1952 субјекти). Релијабилноста на скалата изнесува α=0,83 (Pratto et al., 1994).

[70] За потребите на ова истражување, од оригиналната верзија е исфрлен еден ајтем, поради неможноста да се преведе адекватно, а да не биде идентичен на друг ајтем од скалата.

Оваа скала мери идентичен конструкт како и тестот *Ориентација кон разлики во моќ*, со тоа што ајтемите се однесуваат многу повеќе кон ставот отколку кон однесувањето.

**VP - Equitarianism (Bales & Couch, 1969)** - *Еднаквост* е дел од скалата наречена профил на вредности (Values Profile) која дава поединечни мерки за 4 различни вредносни ориентации. Оваа субскала има 10 ајтеми (на коишто се одговара на 6-степена скала), но голема предност е тоа што е вложен огромен напор да се обезбеди широко покривање на мерениот домен на вредности. Можните скорови се движат од 10 до 60. Освен што скалата има привидна (face) валидност, досега не се соопштени податоци коишто ја докажуваат валидноста на инструментот. Авторите не даваат податоци ниту која е релијабилноста на скалата (Robinson et al., 1998).

Очекуваната врска со тестот *Ориентација кон моќ* е слична како кај SDO скалата: двете скали мерат ист конструкт, но оваа е повеќе фокусирана на вредносната компонента.

**RWA - Right-Wing Authoritarianism (Altemyer, 1981)** – *Скалата на десно-ориентирана авторитарност* се смета за досега најдобро изведената мерка од првобитната дефиниција на семејството TAP (The authoritarian personality) мерки. Интерпретацијата на скоровите гласи: испитаниците со висок скор поддржуваат фашистички идеи, наспроти испитаниците со низок скор коишто поддржуваат демократски идеи. Скалата е 6-степена и балансирана. Највисокиот можен скор на оваа верзија е 132, а најнизок 22. Zwillenberg (според Robinson et al., 1991) наоѓа дека релијабилноста на скалата се движи од $\alpha$=0,77 до $\alpha$=0,95. Скорот добиен од овој инструмент високо корелира со останатите F-скали, скалата на догматизам на Rokeach, скалата на покорност кон авторитети, но и со казнувачки однос кон маргинализирани групи и предрасудноста.

Се очекува мерките на RWA скалата да бидат поврзани и со ориентацијата кон моќ (поради врската меѓу ориентацијата кон демократија и позитивниот став кон еднаквоста меѓу луѓето) но и со ориентацијата кон извесност (бидејќи е во корелација со авторитарноста и предрасудноста).

**Counterbalanced F - Scale (Lee & War, 1969)** – *Контрабалансираната F скала* е една од скалите коишто се конструирани по моделот на California F скалата на Adorno и соработниците, како одговор на критиката дека поради природата на ајтемите, голем дел од варијансата отпаѓа на ставот во одговарање а не на варијаблата што треба да се мери. Релијабилноста на инструментот (split half) изнесува r=0,84. Скалата е шест-степена, па најнизок можен скор е 20, а највисок 120.

Бидејќи по дефиниција оваа варијабла вклучува во себе нетолеранција кон неодреденост (ambiguity), третирана е пред сé како мерка на тој концепт. Освен тоа, и во досегашните студии на ориентација кон неизвесност, овој инструмент е користен како најприближна мерка на концептот. Се очекува дека тестот *Ориентација кон извесност* и F-контрабалансираната скала имаат значително висок степен на заедничка варијанса.

**Tolerance of Ambiguity Scale, (Whetten & Cameron, 2002)** – *Скалата на толеранција на неодреденост* е наменета за мерење на индивидуалната толеранција на ситуации или стимулуси коишто можат да бидат интерпретирани на неколку различни начини. Популарно, авторите ја опишуваат оваа особина како способност да се толерира дека нештата не се црни или бели, туку сиви. Ниската толеранција на неодреденост е поврзана (односно е компонента) со таканаречениот авторитарен синдром. Интерната конзистентност на скалата е $\alpha$=0,75 а покрива широк домен на манифестација на особината. Користена е како средство за селекција на менаџери и следење на успешноста на спроведувани обуки за успешен менаџмент.

**Doubt About Trustworthiness of People (Scheussler, 1982)** – *Доверливост на луѓето* од Scheussler е еден од многуте инструменти коишто го мерат овој концепт. Избран е поради неговата висока внатрешна конзистентност (r=0,80) наспроти релативно малиот број на ајтеми. Инаку, ајтемите се селектирани со помош на факторска анализа од поголем стартен број . Го мери уверувањето дека другите луѓе се генерално чесни и искрени и дека заслужуваат доверба. Скоровите се движат помеѓу 0 и 8. Авторот наоѓа негативна поврзаност

помеѓу високиот скор на скалата со возраста, степенот на образование и економскиот статус (според Robinson et al., 1991).

Со оглед на тоа дека довербата во луѓето е една компонента на варијаблата ориентација кон извесност, се очекува дека оваа варијабла, како и следната, ќе бидат заситени со заеднички фактор.

**SP-3 – Skala poverenja u ljude (Hrnjica, 1982)** – *Скала на доверба во луѓето* претставува скратена верзија на оригиналниот инвентар на Hrnjica (1982) којшто дава проценка за индивидуалната општа проценка на довербата, подготвеноста да се побара помош, предрасуди кон другите и сл. Ајтемите се балансирани. Користена е верзија со дихотомен формат на одговарање - највисок скор е 20, а најнизок 0. Долгата верзија на скалата (42 ајтеми) има висока релијабилност (r=0,89), а за хомогеноста на скратената верзија нема податоци.

**MAS – Taylor Manifest Anxiety Scale (Taylor, 1953)** – *Taylor-оваūа скала на манифесūна анксиозносū* е една од најпознатите и најстарите скали за мерење анксиозност. Настанала како една од бројните скали деривирани од MMPI, и тоа со проценка на 5 независни експерти. Емпириската верификација ја потврдува внатрешната конзистентност на скалата (од r =0,83 до 0,92). Ајтемите бараат дихотомно одговарање (точно - неточно) а скорот може да се движи од 0 до 50. Пред сé се однесува на психосоматските симптоми кои укажуваат на релативно трајна анксиозност.

**STAI – State-Trait Anxiety Inventory (Spielberg, 1983)** – *Сосūојба-црūа инвенūар на анксиозносū* во најголема мерка дава информации за социјалната анксиозност. Инвентарот се состои од вкупно 40 ајтеми, по 20 како мерка на цртата и моменталната состојба. На испитаниците им беа задавани само ајтемите кои се однесуваат на релативно трајната диспозиција. Скорот може да се движи од 20 до 80 бидејќи се одговара на четиристепена скала. Релијабилноста на скалата на различни примероци се движи од α =0,85 до 0,95 (Spielberg, 1983). Инвентарот е еден од најупотребуваните во клиничката

пракса. Проверките укажуваат на тоа дека постои висока корелација помеѓу STAI и MAS, иако овие два теста мерат различни аспекти на анксиозност.

Бидејки концептуално ориентацијата кон извесност се дефинира како продукт на анксиозноста, се очекува висок степен на заедничка варијанса помеѓу скоровите добиени на тестовите наменети за мерење анксиозност и скоровите добиени на тестот *Ориентација кон извесност.*

**Yamagutchi 10 –Item Collectivism Scale (Yamagutchi, 1994)** – *Скалата на колективизам на Yamagutchi* содржи 10 ајтеми и високо корелира со останатите инструменти коишто го мерат конструктот колективизам. Високиот скор укажува пред сé на преференнција на групна наместо самостојна работа, како и на тенденција за одржување на групна хармонија. Највисок можен скор е 77 а најнизок 10. Интерната конзистентност е α=0,68. Валидноста на инструментот е докажувана преку утврдување разлики помеѓу групи од различни културни милјеа и преку високите корелации со останатите инструменти наменети за мерење на истата варијабла (Oyserman et al., 2002).

**IICS - Independent-Interdependant Construal of Self (Singelis, 1991)** – *Скалата на независност/ меѓузависност во конструирањето на селфот* е една од најпознатите скали со кои се мери еден аспект на концептот индивидуализам-колективизам: индивидуалното чувство за себе си во релација со другите. Скалата на Singelis дава две мерки: независност во градењето на селфот, т.е индивидуализам, чија внатрешна конзистентност изнесува α=0,73 и меѓузависност во градење на селфот, со релијабилност α=0,69 (Oyserman et al., 2002). Bontempo (1993; според Oyserman et al, 2002) прави истражувања на похетероген примерок и уште еднаш потврдува по пат на факторска анализа дека скалата се состои од две субскали (едната мери индивидуализам а другата колективизам). Тој соопштува пониска релијабилност на субскалите: на првата субскала α = 0,66, а на втората, α=0,56.

Во ова истражување, на испитаниците им се задавани само ајтемите што се однесуваат на втората мерка. Авторот тврди дека луѓето со меѓузависно конструиран селф се гледаат себе си како нераскинлив дел од социјалниот контекст наместо како посебна индивидуа, па границите на сопствениот

идентитет им се флексибилни и надвор од физичкиот интегритет на сопственото тело (според Markus & Kitayama, 1991). Највисок можен скор на скалата е 105, а најнизок е 15. Досегашните истражувања укажуваат на тоа дека скорот на оваа скала високо корелира со останатите инструменти наменети за мерење на варијаблата, особено со оние коишто го третираат конструктот колективизам - индивидуализам како две униполарни варијабли (Oyserman et al. 2002).

Се очекува двете скали наменети за мерење за колективистичка ориентација (алоцентризам) да се најдат на ист фактор во факторската матрица со новоконструираниот тест чија валидност се утврдува.

**Conformity Scale (Mehrabian, 2005)** – оваа *скала на конформизам* дава мерка на степенот до кој кај респондентот постои "желба да се идентификува со другите, да ги следи, да се препушти на другите и да избегнува негативни интеракции, како и генерално, да биде следбеник наместо лидер во смисла на идеи, вредности и однесување" (Mehrabian, 2005, стр. 2). Оригиналната скала има 9 степени, но заради поедноставување на форматот, зададени се само 7. Така, максималниот скор е 77 а минималниот 7. Релијабилноста изнесува $\alpha=0,77$, а тест-ретест коефициентот (по еден месец) е 0,73. Авторот наоѓа позитивна корелација помеѓу скоровите добиени на овој тест и субмисивноста, срамежливоста и осаменоста. Во функција на потврдување на дискриминантна валидност, тој соопштува дека корелација не постои помеѓу конформизмот од една страна, и хедонизмот и алертноста од друга (Mehrabian, 2005).

**Eysenck Conformity Scale (Eysenck, 1956)** - *Eysenck-овата скала на конформизам* употребена во оваа студија е адаптирана од страна на Ковачевиќ и Марковиќ[71] во 1966 (според Hrnjica, 1982). Во оваа верзија се задржани само ставките кои се однесуваат на тн. секундарна сугестибилност, односно подложност на социјален притисок. Со факторска анализа од овој инструмент

[71] Споменатата верзија е изменета за потребите на ова истражување со мала интервенција во еден ајтем, којашто повеќе одговара на современите услови на живеење. Наместо "*ако преку радио за нешто веќе се зборува*" стои "*ако преку медиумите за нешто веќе се зборува.*"

издвоени се три фактори: општ конформизам, конформизам во однос на социјалните норми и конформизам во однос на авторитети. Најнизок можен скор е 20, а највисок 100. Внатрешната конзистентност на скалата е r=0,88.

Се очекува конформизмот и колективизмот (поради потребата за одржување на групна хармонија и прилагодувањето на селфот според групните норми и очекувања), да имаат заедничка варијанса.

**Испитаници**

За спроведување на факторската анализа беа испитани 164 субјекти (131 студент од втора и трета година на Институтот за психологија и 33 студенти од Институтот за историја на Филозофскиот факуктет; од нив 40 од машки и 124 од женски пол). Освен што примерокот го задоволува само минималниот број неопходен за адекватно спроведување на факторска анализа (10 испитаници на секоја вклучена варијабла), тој има и друг очигледен недостаток: мала хетерогеност во однос на возраста и образованието. Ваквите карактеристики на примерокот се должат исклучиво на фактот дека беше невозможно да се обезбеди доволна мотивација за соработка на толку обемен материјал кај поширок круг испитаници.

**Тек на испитувањето**

Тестовите беа задавани анонимно, на доброволна основа, за време на редовната настава и тоа во еден наврат. Редоследот на тестовите е вариран со рандомизација, заради избегнување на ефекти на редослед. Тестирањето траеше околу 90 минути. На сите испитаници им беше овозможено, доколку сакаат, да добијат увид во своите резултати.

**Резултати од факторската анализа**

Основните дескриптивни статистички наоди од сите тестови се прикажани во Табела 70. Освен *Доверливосӣ на луѓеӣо*, кај којшто е добиен изразен позитивен скјунес, и *Taylor-оваӣа скала на манифесӣна анксиозносӣ*, каде

скјунесот е негативен, сите добиени дистрибуции не отстапуваат статистички значајно од нормалната. Оваа карактеристика, како и големиот процент на статистички значајни интеркорелации (Табела 71), ги прави употребените тестови подобни за понатамошна обработка со помош на факторска анализа (Hair et al, 1998).

За да се провери адекватноста на секој од поодделните тестови за факторска анализа и адекватноста на примерокот, користени се Bartlett-овиот тест на сферичност ($\chi^2$=808,43; df=105, p<0,01) и анти-имиџ матрица, со чија помош се одредува дали секој од тестовите ја достигнува критичната вредност на *Kaiser Meyer Olkin* тестот, која изнесува 0,71 (Табела 72). Наодите упатуваат на тоа дека тестот *Анксиознос̄ш (STAI)* има КМО вредност далеку од потребната. Иако некои автори сметаат дека исклучувањето на тестовите што не ја достигнуваат КМО вредноста не е неопходно, туку дека е важно колкав е процентот на тестови што не го задоволуваат овој критериум, во конкретниот случај е користена препораката на Hair et al. (1998) и резултатите од овој тест се исклучени од понатамошна анализа.

Извлекувањето на фактори од останатите 15 варијабли е направено со помош на методот на **главни компоненти** и **коса ротација** (δ=0). Првичното решение на факторската структура (Табела 73) нуди 4 фактори со латентни корени над 1. И според овој критериум, и според scree-плотот (График 10), најоптимално решение би било четири-факторското. Тие објаснуваат вкупно околу 62% од варијансата. Факторската матрица добиена по ротацијата, е прикажана во Табела 74. Во неа, со поцрнети бројки се означени заситувањата над 0,425, бидејќи според бројот на вклучени испитаници, само тие заситувања може да сметаат за релевантни (Hair et al, 1998).

Табела 70. Дескриптивни наоди и отстапувања од нормалната дистрибуција од варијаблите вклучени во факторската анализа

| *Тест* | *Xmin* | *Xmax* | *M* | *SD* | $\chi^2$ *(p)* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ориентација кон социјална доминација** | 16 | 65 | 40,99 | 10,82 | 9,66 (>,05) |
| **Еднаквост** | 28 | 68 | 49,87 | 8,92 | 14,11 (>,05) |
| **Колективизам (Yamagutchi)** | 18 | 70 | 52,85 | 9,01 | 7,09 (>,05) |
| **Колективизам (Singelis)** | 40 | 100 | 75,04 | 11,01 | 7,97 (>,05) |
| **Анксиозност (Spielberg)** | 25 | 67 | 40,65 | 9,31 | 27,63 (>,01) |
| **Контрабалансирана F скала** | 49 | 98 | 70,54 | 8,32 | 4,79 (>, 05) |
| **Скала на толеранција на неодреденост** | 41 | 78 | 62,65 | 6,61 | 13,12 (>,05) |
| **Скала на конформизам (Mehrabian)** | 19 | 55 | 33,60 | 7,10 | 8,48 (>,05) |
| **Скала на конформизам (Eysenck)** | 35 | 100 | 70,06 | 15,37 | 9,96 (>,05) |
| **Десно-ориентирана авторитарност** | 29 | 98 | 75,57 | 10,84 | 8,17 (>,05) |
| **Ориентација кон разлики во моќ** | 2 | 22 | 10,84 | 3,36 | 19,12 (>,01) |
| **Ориентација кон избегнување неизвесност** | 3 | 26 | 15,09 | 5,05 | 12,17 (>,05) |
| **Ориентација кон колективизам** | 8 | 24 | 15,77 | 3,92 | 16,96 (>,05) |
| **Скала на манифестна анксиозност (Taylor)** | 3 | 45 | 19,43 | 8,68 | 31,77 (<,01) |
| **Доверба во луѓе (Hrnjica)** | 1 | 19 | 8,93 | 4,28 | 15,36 (>,05) |
| **Доверливост на луѓето (Scheussler)** | 0 | 7 | 2,28 | 1,53 | 106 (<0,01) |

Табела 71. Матрица на корелации помеѓу тестовите вклучени во факторската анализа*

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | | **-0,30**** | **-0,19**** | **-0,16**** | 0,04 | -0,04 | 0,00 | 0,09 | 0,02 | **0,19**** | **0,29**** | **0,14**** | 0,00 | 0,08 | **-0,24**** | -0,05 |
| **2** | **-0,30**** | | **0,33**** | **0,40**** | 0,09 | 0,08 | -0,02 | -0,10 | **0,21**** | **-0,15**** | **0,12*** | **0,22*** | **0,15**** | **0,16**** | -0,10 | **-0,20**** |
| **3** | **-0,19**** | **0,33**** | | **0,54**** | **-0,12*** | 0,00 | 0,02 | 0,03 | 0,12 | -0,04 | **-0,17**** | 0,07 | **0,32**** | -0,06 | **0,19**** | 0,03 |
| **4** | **-0,16**** | **0,40**** | **0,54**** | | 0,06 | **0,18**** | 0,06 | **0,16**** | **0,39**** | 0,10 | **0,13*** | **0,27**** | **0,50**** | **0,16**** | 0,01 | **-0,13*** |
| **5** | 0,04 | 0,09 | **-0,12*** | 0,06 | | 0,10 | 0,09 | **0,12*** | 0,06 | 0,07 | **0,18**** | **0,26**** | -0,02 | **0,73**** | **-0,33**** | **-0,19**** |
| **6** | -0,04 | 0,08 | 0,00 | **0,18**** | 0,10 | | **0,40**** | **0,19**** | **0,39**** | **0,35**** | **0,26**** | **0,44**** | **0,33**** | 0,08 | 0,01 | -0,08 |
| **7** | 0,03 | -0,02 | 0,02 | 0,06 | 0,09 | **0,40**** | | **0,28**** | **0,41**** | **0,30**** | **0,20**** | **0,34**** | **0,15**** | **0,18**** | -0,10 | -0,05 |
| **8** | 0,09 | -0,10 | 0,03 | **0,16**** | **0,12*** | **0,19**** | **0,28**** | | **0,37**** | **0,22**** | **0,15**** | **0,24**** | **0,39**** | 0,10 | 0,02 | 0,02 |
| **9** | 0,02 | **0,21**** | **0,12*** | **0,39**** | 0,06 | **0,39**** | **0,41**** | **0,37**** | | **0,46**** | **0,46**** | **0,63**** | **0,56**** | **0,27**** | -0,07 | **-0,22**** |
| **10** | **0,19**** | -0,15 | -0,04 | 0,10 | 0,07 | **0,35**** | **0,30**** | **0,22**** | **0,46**** | | **0,38**** | **0,46**** | **0,27**** | 0,15 | **-0,15**** | **-0,17**** |
| **11** | **0,29**** | **0,12*** | **-0,17**** | **0,13*** | **0,18**** | **0,26**** | **0,21**** | **0,15**** | **0,46**** | **0,38**** | | **0,49**** | **0,23**** | **0,25**** | **-0,29**** | **-0,26**** |
| **12** | **0,14**** | **0,22**** | 0,07 | **0,27**** | **0,26**** | **0,44**** | **0,34**** | **0,24**** | **0,63**** | **0,46**** | **0,49**** | | **0,45**** | **0,49**** | **-0,38**** | **-0,35**** |
| **13** | 0,00 | 0,15 | **0,32**** | **0,50**** | -0,02 | **0,33**** | **0,15**** | **0,39**** | **0,56**** | **0,27**** | **0,23**** | **0,45**** | | 0,09 | **0,12*** | -0,04 |
| **14** | 0,08 | **0,16**** | -0,06 | **0,16**** | **0,73**** | 0,08 | **0,18**** | 0,10 | **0,27**** | **0,15**** | **0,25**** | **0,49**** | 0,09 | | **-0,44**** | **-0,29**** |
| **15** | **-0,24**** | -0,10 | **0,19**** | 0,02 | **-0,33**** | 0,01 | -0,10 | 0,02 | -0,07 | **-0,15**** | **-0,29**** | **-0,38**** | **0,12*** | **-0,44**** | | **0,62**** |
| **16** | -0,05 | **-0,20**** | 0,03 | **-0,13*** | **-0,19**** | -0,08 | -0,05 | 0,02 | **-0,22**** | **-0,17**** | **-0,26**** | **-0,35**** | -0,04 | **-0,29**** | **0,61**** | |

*** p<0,05**
****p<0,01**

1. Ориентација кон социјална доминација
2. Еднаквост
3. Колективизам (Yamagutchi)
4. Колективизам (Singelis)
5. Анксиозност (Spielberg)
6. Контрабалансирана F -скала
7. Скала на толеранција кон неодреденост
8. Скала на конформизам (Mehrabian)
9. Скала на конформизам (Eysenck)
10. Десно-ориентирана авторитарност
11. Ориентација кон разлики во моќ
12. Ориентација кон избегнување неизвесност
13. Ориентација кон колективизам
14. Манифестна анксиозност
15. Доверба во луѓе (Hrnjica)
16. Доверливост на луѓето (Scheussler)

Табела 72. Анти-имиџ корелациска матрица и мерки на адекватност на примерокот на тестовите

| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **0,771*** | 0,303 | -0,15 | 0,242 | 0,09 | 0,013 | 0,064 | -0,12 | -0,03 | -0,03 | -0,17 | -0,01 | -0,06 | -0,02 | 0,258 | -0,08 |
| **2** | 0,303 | **0,743*** | -0,18 | -0,10 | -0,06 | -0,06 | 0,08 | 0,14 | -0,17 | 0,278 | 0,013 | -0,13 | 0,036 | 0,036 | 0,107 | 0,047 |
| **3** | -0,15 | -0,18 | **0,743*** | -0,49 | 0,101 | 0,129 | -0,12 | 0,07 | 0,22 | -0,08 | 0,192 | -0,12 | -0,13 | -0,06 | -0,21 | 0,072 |
| **4** | 0,242 | -0,10 | -0,49 | **0,712*** | -0,01 | -0,07 | 0,10 | -0,11 | -0,21 | 0,002 | -0,06 | 0,123 | -0,25 | -0,02 | 0,103 | 0,033 |
| **5** | 0,09 | -0,06 | 0,101 | -0,01 | **0,591*** | -0,02 | -0,01 | -0,14 | 0,188 | -0,06 | -0,09 | 0,059 | 0,008 | -0,71 | -0,01 | 0,002 |
| **6** | 0,013 | -0,06 | 0,129 | -0,07 | -0,02 | **0,797*** | -0,28 | -0,00 | 0,049 | -0,13 | -0,02 | -0,26 | -0,09 | 0,096 | -0,15 | 0,047 |
| **7** | 0,064 | 0,081 | -0,12 | 0,10 | -0,01 | -0,28 | **0,734*** | -0,17 | -0,27 | -0,04 | 0,019 | -0,01 | 0,152 | -0,02 | 0,118 | -0,11 |
| **8** | -0,12 | 0,140 | 0,07 | -0,11 | -0,14 | -0,00 | -0,17 | **0,789*** | -0,15 | 0,01 | 0,071 | 0,015 | -0,22 | 0,061 | 0,004 | -0,06 |
| **9** | -0,03 | -0,17 | 0,22 | -0,21 | 0,188 | 0,049 | -0,27 | -0,15 | **0,776*** | -0,22 | -0,19 | -0,25 | -0,24 | -0,16 | -0,23 | 0,156 |
| **10** | -0,03 | 0,278 | -0,08 | 0,002 | -0,06 | -0,13 | -0,04 | 0,01 | -0,22 | **0,839*** | -0,11 | -0,17 | 0,032 | 0,085 | 0,030 | 0,031 |
| **11** | -0,17 | 0,013 | 0,192 | -0,06 | -0,09 | -0,02 | 0,019 | 0,071 | -0,19 | -0,11 | **0,868*** | -0,18 | -0,02 | 0,057 | 0,057 | 0,034 |
| **12** | -0,01 | -0,13 | -0,12 | 0,123 | 0,059 | -0,26 | -0,01 | 0,015 | -0,25 | -0,17 | -0,18 | **0,833*** | -0,23 | -0,26 | 0,25 | 0,014 |
| **13** | -0,06 | 0,036 | -0,13 | -0,25 | 0,008 | -0,09 | 0,152 | -0,22 | -0,24 | 0,032 | -0,02 | -0,23 | **0,822*** | 0,041 | -0,14 | -0,04 |
| **14** | -0,02 | 0,036 | -0,06 | -0,02 | -0,71 | 0,096 | -0,02 | 0,061 | -0,16 | 0,085 | 0,057 | -0,26 | 0,041 | **0,709*** | 0,182 | -0,03 |
| **15** | 0,258 | 0,107 | -0,21 | 0,103 | -0,01 | -0,15 | 0,118 | 0,004 | -0,23 | 0,03 | 0,057 | 0,25 | -0,14 | 0,182 | **0,701*** | -0,53 |
| **16** | -0,08 | 0,047 | 0,072 | 0,033 | 0,002 | 0,047 | -0,11 | -0,06 | 0,156 | 0,031 | 0,034 | 0,014 | -0,04 | -0,03 | -0,53 | **0,707*** |

*мерки на адекватност на примерокот (sampling adequacy) – *Keiser Mayer Olkin* тест *= 0,71*

1. Ориентација кон социјална доминација
2. Еднаквост
3. Колективизам (Yamagutchi)
4. Колективизам (Singelis)
5. Анксиозност (Spielberg)
6. Контрабалансирана F -скала
7. Скала на толеранција кон неодреденост
8. Скала на конформизам (Mehrabian)
9. Скала на конформизам (Eysenck)
10. Десно-ориентирана авторитарност
11. Ориентација кон разлики во моќ
12. Ориентација кон избегнување неизвесност
13. Ориентација кон колективизам
14. Манифестна анксиозност
15. Доверба во луѓе (Hrnjica)
16. Доверливост на луѓето (Scheussler)

Табела 73. Комуналитет, почетни eigen-вредности и процент на објаснета варијанса

| Вари јабли | Комуналитет | Компо ненти | Eigen - вредности | Процент од објаснета варијанса | Кумулативен % на објаснета варијанса |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0,6543 | **1** | **4,08** | **27,20** | **27,20** |
| 2 | 0,6610 | **2** | **2,30** | **15,37** | **42,57** |
| 3 | 0,6212 | **3** | **1,81** | **12,09** | **54,66** |
| 4 | 0,7262 | **4** | **1,08** | **7,203** | **61,87** |
| 6 | 0,6110 | 5 | 0,88 | 5,89 | 67,76 |
| 7 | 0,5800 | 6 | 0,75 | 4,99 | 72,75 |
| 8 | 0,5059 | 7 | 0,73 | 4,89 | 77,63 |
| 9 | 0,7065 | 8 | 0,63 | 4,24 | 81,88 |
| 10 | 0,5017 | 9 | 0,59 | 3,91 | 85,79 |
| 11 | 0,5040 | 10 | 0,48 | 3,23 | 89,02 |
| 12 | 0,7366 | 11 | 0,44 | 2,96 | 91,98 |
| 13 | 0,7073 | 12 | 0,37 | 2,49 | 94,48 |
| 14 | 0,5563 | 13 | 0,33 | 2,24 | 96,72 |
| 15 | 0,7658 | 14 | 0,28 | 1,83 | 98,55 |
| 16 | 0,6095 | 15 | 0,22 | 1,44 | 100 |

1. Ориентација кон социјална доминација
2. Еднаквост
3. Колективизам (Yamagutchi)
4. Колективизам (Singelis)
6. Контрабалансирана F -скала
7. Скала на толеранција кон неодреденост
8. Скала на конформизам (Mehrabian)
9. Скала на конформизам (Eysenck)
10. Десно-ориентирана авторитарност
11. Ориентација кон разлики во моќ
12. Ориент. кон избегнување неизвесност
13. Ориентација кон колективизам
14. Манифестна анксиозност
15. Доверба во луѓе (Hrnjica)
16. Доверливост на луѓето (Scheussler)

Табела 74. Матрица на факторски склоп

| Тест | Фактор 1 | Фактор 2 | Фактор 3 | Фактор 4 |
|---|---|---|---|---|
| Контрабалансирана F скала | **0,8083** | -0,0030 | 0,0251 | -0,1271 |
| Избегнување неодреденост | **0,8040** | -0,1590 | -0,0165 | -0,1014 |
| Конформизам (Eysenck) | **0,5185** | 0,4154 | -0,1750 | 0,1810 |
| Десно-ориентирана авторитарност | **0,4621** | 0,0227 | -0,1152 | 0,3880 |
| Колективизам (Singelis) | -0,0580 | **0,8476** | -0,1036 | -0,0515 |
| Колективизам (Yamagutchi) | -0,1870 | **0,7678** | 0,1334 | -0,1785 |
| **Ориентација кон колективизам** | 0,1969 | **0,7095** | 0,1082 | 0,3011 |
| Доверба во луѓето | 0,1016 | 0,1968 | **0,8659** | -0,0713 |
| Доверливост на луѓето | 0,0468 | -0,027 | **0,7883** | 0,0689 |
| Манифестна анксиозност | 0,1079 | 0,0331 | **-0,641** | 0,0174 |
| **Ориентација кон избегнување неизвесност** | **0,4332** | 0,2581 | **-0,512** | 0,1455 |
| Ориентација кон социјална доминација | -0,2900 | -0,099 | -0,1528 | **0,7912** |
| Еднаквост | -0,0150 | **0,4886** | -0,3193 | **-0,567** |
| **Ориентација кон разлики во моќ** | 0,1855 | 0,0734 | -0,3650 | **0,4660** |
| Конформизам (Mehrabian) | 0,2850 | 0,2609 | 0,1783 | 0,4168 |




График 10. Плот на латентните корени

Табела 75. Матрица на факторска структура

| Тест | Фактор 1 | Фактор 2 | Фактор 3 | Фактор 4 |
|---|---|---|---|---|
| Контрабалансирана F скала | **0,7713** | | | |
| Избегнување неодреденост | **0,7414** | | | |
| Конформизам (Eysenck) | **0,6973** | **0,5561** | | |
| Десно-ориентирана авторитарност | **0,5853** | | | |
| Колективизам (Singelis) | | **0,8433** | | |
| **Ориентација кон колективизам** | | **0,7426** | | |
| Колективизам (Yamagutchi) | | **0,7136** | | |
| Доверба во луѓето | | | **0,8399** | |
| Доверливост на луѓето | | | **0,7752** | |
| Манифестна анксиозност | | | **-0,6640** | |
| **Ориентација кон избегнување неизвесност** | **0,6199** | | **-0,6220** | |
| Ориентација кон социјална доминација | | | | **0,7369** |
| Еднаквост | | **0,5250** | | **-0,547** |
| **Ориентација кон разлики во моќ** | | | **-0,4540** | **0,5516** |
| Конформизам (Mehrabian) | | | | **0,4635** |

Табела 76. Корелации помеѓу факторите

| | ФАКТОР 1 | ФАКТОР 2 | ФАКТОР 3 | ФАКТОР 4 |
|---|---|---|---|---|
| ФАКТОР 1 | - | | | |
| ФАКТОР 2 | 0,25** | - | | |
| ФАКТОР 3 | -0,17** | -0,09 | - | |
| ФАК 4 | 0,25** | -0,02 | -0,11 | - |

Проверката на можноста наодите да се генерализираат е направена со помош на делење на примерокот на два дела (компјутерско рандом делење). Факторската матрица, во која се прикажани само заситувањата над 0,500 добиена на поделениот примерок (N=82) е прикажана во Табела 77. Вкупната објаснета варијанса со четирите фактори во овој случај е 63%.

Табела 77. Реплицирана матрица на факторски склоп (N=82)

| **Тестови (варијабли)** | **Фактор 1** | **Фактор 2** | **Фактор 3** | **Фактор 4** |
|---|---|---|---|---|
| Контрабалансирана F скала | 0,770 | | | |
| Избегнување неодреденост | 0,753 | | | |
| Конформизам (Eysenck) | 0,720 | | | |
| Избегнување неизвесност | 0,686 | | -0,514 | |
| Ориентација кон моќ | 0,595 | | | 0,568 |
| Десно-ориентирана авторитарност | 0,590 | | | |
| Колективизам (Singelis) | | 0,814 | | |
| Колективизам (Yamagutchi) | | 0,684 | | |
| Ориентација кон колективизам | | 0,666 | | |
| Еднаквост | | 0,617 | | 0,570 |
| Доверба во луѓето | | | 0,841 | |
| Доверливост на луѓето | | | 0,797 | |
| Манифестна анксиозност | | | -0,700 | |
| Конформизам (Mehrabian) | | | | 0,700 |
| Ориентација кон социјална доминација | | | | 0,655 |

Од наодите може да се види дека се реплицира речиси идентично факторско решение: највисокото заситување на првиот фактор е кај варијаблата авторитарност, а другите високи заситувања се распоредени на сличен начин: кај Eysenck-овиот тест на конформизам, избегнување неодреденост, избегнување неизвесност и десно-ориентирана *авторитарност*. Во овој случај, високо заситување со првиот фактор има и варијаблата ориентација кон моќ, но со тоа не се губи смислата односно можноста за идентична интерпретација на факторот.

На вториот фактор се групирани истите варијабли. Единствено варијаблата еднаквост покажува релативно висока корелација со факторот (што не беше случај во оригиналниот примерок), но тоа повторно не ја пореметува интерпретацијата на факторот. Третиот фактор е реплика на истите заситувања, само без учество на заситувањето од тестот Ориентација кон моќ. Со четвртиот фактор, во овој случај корелираат истите варијабли и

една дополнителна: конформизам (Mehrabian). Иако овој фактор највеќе отстапува од првобитното решение, особено затоа што варијаблата ориентација кон моќ има најниско заситување, генерално може да се каже дека факторската структура не е производ на конкретниот примерок и дека може да се генерализира.

**Интерпретација на факторите во функција на докажување конструкт-валидност на тестовите**

Ако се анализира факторскиот склоп добиен од целиот примерок (Табела 74), во функција на обезбедување докази за тоа дека тестовите го мерат тоа што го мерат, најјасна ситуација постои во однос на тестот *Ориентација кон колективизам.* Ова се должи на фактот што можат да се обезбедат веќе постоечки тестови кои мерат многу сличен конструкт. Со вториот фактор, кој без остаток може да се интерпретира како КОЛЕКТИВИЗАМ, најмногу е заситен тестот *колективизам* на Singelis, потоа *колективизам* на Yamagutchi и *ориентација кон колективизам.* Иако се очекуваше со високи заситувања на овој фактор да се најдат двата теста кои ја мерат варијаблата конформизам, добиените резултатите покажуваат дека таква тенденција постои само за тестот *конформизам* од Eysenck. Заситување на овој тест со факторот колективизам е присутно, но сепак подоминантно е заситувањето со првиот фактор. Отсуството на тестот на Mehrabian на овој фактор може да се разбере како резултат на тоа што тој повеќе е ориентиран кон мерење на *социјална субмисивност*, за разлика од Eysenck-овиот тест кој е ориентиран повеќе кон идентификација на подложноста на *покорност кон авторитети.* Ова дотолку повеќе може да се смета за валидно објаснување, доколку се анализира четвртиот фактор.

На четвртиот фактор, највисоко се заситени тестовите *Ориентација кон социјална доминација, Еднаквост* и *Ориентација кон моќ.* Тестот на Mehrabian, во матрицата на факторскиот склоп се наоѓа групиран со овие тестови. Ваквото групирање ја потврдува оправданоста тестот *Ориентација кон моќ* да се третира како мерка на прифаќање (оправдување) на социјалната нееднаквост. Факторот лесно може да се интерпретира како СОЦИЈАЛНА ХИЕРАРХИЈА. Дополнителна потврда на ова тврдење е дека тестот *Десно-*

*ориентирана авторитарност*, за којшто беше предвидено дека може да се најде на ист фактор со овие тестови, има второ по големина заситување токму на овој фактор. Фактот што тој сепак првенствено припаѓа на првиот фактор, веројатно се должи на тоа дека тестот во поголема мера е мерка на авторитарност, отколку на став кон нееднаквоста. На тоа укажуваат податоците за поврзаноста на оваа варијабла со други мерки: таа, освен што укажува на "ориентација кон прифаќање на воспоставениот ред и авторитет" високо корелира со сите варијации на тестовите што мерат авторитарност, догматизам, субмисивност и казнувачки однос кон маргинализирани групи (Robinson et al, 1991, стр. 552).

Тестот *Ориентација кон извесност* доминантно е заситен со третиот фактор. Заедничката варијанса на овој тест со двата теста коишто го одредуваат степенот на доверба во луѓето и манифестната анксиозност беше очекувана, но интерпретацијата на значењето на факторот не е така лесна како во двата претходни случаја. Сепак, може да се каже дека заедничката варијанса помеѓу скоровите на овие тестови доаѓа од ПРЕТПАЗЛИВОСТ, односно доживување на другите како извор на потенцијални проблеми и потреба за заштита. И анксиозноста и недовербата во луѓето, заедно со ориентиранста кон извесност се генерирани од потреба за сигурност и заштита.

Најнакрај, првиот фактор, со којшто тестот *Ориентација кон извесност* исто така има значајно заситување, се издвојува како фактор со којшто пред сé се заситени тестовите што се однесуваат на потреба за недвосмислесност и јасна структура. Заситувањето на тестот *Десно-ориентирана авторитарност* со овој фактор може да се објасни низ призмата на неговата врска со авторитарноста и ксенофобичноста. Најмалку сроден со овие тестови е Eysenck-овиот тест на конформизам, чиешто присуство на овој фактор говори дека заедничката варијанса најверојатно е предизвикана од ПОСЛУШНОСТ, односно покорност на авторитети.

Важен факт кога се интерпретира овој фактор е и тоа што тој корелира со сите останати, кои пак меѓусебно се независни (Табела 76). Поврзаноста помеѓу послушноста и прифаќањето на хиерархија е повеќе од јасна: за да се

обезбеди постоење на хиерархиска структура, неопходна е послушност и покорност. Послушноста и конформирањето е во основа и на обезбедување реализација на главната норма на колективистичкото однесување: давање предност на групните интереси пред личните и градење на личен идентитет преку групниот. Факторот претпазливост корелира со послушноста (негативниот предзнак прозлегува оттаму што името на факторот е дадено во афирмативна форма) затоа што прилагодувањето на барањата на средината ги редуцира ризиците за експонирање на повреди во социјалниот свет. Претпазливоста, колективизмот и прифаќањето на социјалната хиерархија може да се сметаат за релативно независни конструкти, односно конструкти чии варијации се предизвикани од три различни извори.

## *Дискусија*

Валидациските постапки сугерираат дека трите теста може да се третираат како инструменти наменети за мерење на односните димензии.

Во метриска смисла и од теориски аспект, како најпроблематичен се покажа тестот *Ориентација кон разлики во моќ* наменет за утврдување на **разликите помеѓу индивидуите во однос на степенот до кој ја прифаќаат нееднаквоста меѓу социјалните групи и поединци и се однесуваат во согласност со тоа.**

Најпрво, иако има прифатлива внатрешна хомогеност (r=0,71), во споредба со другите два теста е помалку релијабилен. Истата констатација се однесува и на дискриминативноста. Иако може да се тврди дека зголемувањето на бројот на ајтеми значително ќе ја подобри оваа состојба (со додавање на 16 ајтеми се достигнува r=0,80), останува впечатокот дека постои прилично големо несовпаѓање помеѓу теорискиот модел и емпириските наоди.

Факторската анализа ги групира ставките такашто некои од факторите е навистина тешко да се интерпретираат без остаток. Особено тешка за интерпретација е појавата на ајтеми со негативни заситувања. На пример, со вториот фактор се заситени две ставки произлезени од индикаторот *дисциплина*, и една ставка за којашто не може да се најде логично објаснување зошто е заситена со тој фактор (*Покажувам посебна почит за луѓето коишто*

*добиле некакво признание*). Ако се разгледаат сите четири ајтеми заситени со вториот фактор заедно, би можело да се претпостави дека заедничкиот извор на варијанса лежи во семејната хиерархија или во стремењето кон социјално прифатливи форми на признание, но во тој случај, станува сериозно проблематично толкувањето на негативното заситување на четвртиот ајтем *(Би сакал-а да имам директор којшто одлучува според советите и мислењата на останатите вработени, а не самостојно)*. Тогаш, би требало да се замисли дека стремењето кон напредување е во врска со потребата да се биде воден од автократски раководител на работното место.

Факторот интерпретиран како *уверување во инхерентноста на разликите меѓу луѓето*, на сличен начин е "контаминиран" од негативниот предзнак на заситувањето на ајтемот *Се однесувам на ист начин во присуство на постари луѓе, како и пред мои врсници*. Конструиран да идентификува разлики во однесувањето сообразно на статусот, ајтемот и би можел да биде заситен со овој фактор, но не негативно.

На факторот *Еднаквост*, кој речиси идеално се поклопува со предвидениот модел, негативно заситување има ајтемот *Кога бев дете, се трудев да бидам послушен-а*. Иако зачудува тоа што се покажа дека ајтемот е најмногу заситен со овој фактор, може да се претпостави дека третирањето на луѓето како инхерентно еднакви е поврзано со отфрлање на авторитети и покорување. Она што се јавува како проблем во однос на целиот тест, е фактот дека оваа група ајтеми, воопшто не корелираат со ниту една друга освен со ајтемите врзани за факторот *Легитимност на употреба на сила*.

Од друга страна, скоровите на целиот тест имаат заедничка варијанса со инструменти наменети за мерење на слични варијабли. Проблемот со слабата врзаност за теорискиот модел може да се должи на следните причини:

а) Ставките се извлекувани врз основа на последиците од изразеноста на димензијата на еколошко ниво. Можно е да постои несогласување помеѓу тоа како една иста норма се манифестира во антрополошка смисла и на индивидуално ниво.

б) Бидејќи ставот кон еднаквоста помеѓу луѓето долго време беше една од најважните идеолошки платформи врз којашто се градеа односите во оваа социјална средина, можно е, поради силната социјална пожелност на

вредноста за еднаквост, да постои несогласување помеѓу ставот кон еднаквоста и однесувањето[72].

Тестот *Ориентација кон известност*, наменет за утврдување на **индивидуалните ралики во толеранцијата на неизвесни ситуации и контексти,** во споредба со останатите два има највисока внатрешна конзистентнот (r=0,84), најдобра дискриминативност, и речиси идеално совпаѓање со теориски развиената номотетска мрежа. Сите делови на тестот високо корелираат меѓусебе.

Појавата на еден ајтем (*Се обесхрабрувам кога нема да успеам во нешто*) со позитивно заситување на еден фактор а негативно на друг, може да се објасни на следниот начин: ајтемот укажува на однесување поврзано со песимизам, но, во исто време, може да се спекулира дека обесхрабреноста опаѓа, односно е во негативна корелација, тогаш кога кај индивидуата е поизразено ритуалистичкото однесување.

Анализата на ајтемите го детектира и следново: чувството на лична благосостојба не е во врска со степенот на изразеност на ориентацијата кон известност (Табела 21). Бидејќи неколку истражувања ја потврдуваат поврзаноста помеѓу избегнување неизвесност како културна одлика и степенот на чувство на благосостојба на луѓето (Veenhoven, 1993; Diener & Diener 1995, Suh, 2000), може да се тврди дека најверојатно, на индивидуално ниво овие две појави не се во врска. Сличното тврдење важи и за уверувањето за важноста на експертизата. Иако ајтемот *Една нација не може да обезбеди благосостојба без да инвестира во создавање експерти* е еден од најпотврдуваните (p=0,83), на индивидуално ниво не се покажа постоење врска помеѓу придавањето важност на експертизата и степенот на ориентација кон известност.

Ако се разгледаат индексите на тежина на ајтемите, може да се констатира дека, барем во овој примерок од однесувања произлезени од

[72] На пример, интересно е да се забележи дека иако имаат ист извор на варирање, скоровите на тестот *Ориентација кон моќ*, фокусиран на однесувањето, и *Еднаквост*, фокусиран на нормативниот дел на ставот, многу малку корелираат (Табела 71).

индикаторите на ориентација кон извесност, не се наоѓаат однесувања коишто може да се третираат како многу широко прифатени манифестации на нормата дека извесноста е пожелен модус на социјална интеракција. Сепак, најмногу афирмативни одговори има на ајтемите: *На настани како венчавки, раѓање деца или погреби, секогаш настојувам да го почитувам редот (p=0,87), Се согласувам со изреката "Кој високо лета, ниско паѓа"(p=0,85)* и *За да бидат безбедни, своите деца ги советувам (би ги советувал-а) никогаш да не веруваат на непознати луѓе (p=0,84).*

Тестот *Ориентација кон колективизам*, наменет за мерење на **разликите помеѓу индивидуите во придавање на важноста на колективната кохезивност**, е задоволително хомоген (r= 0,79) и дискриминативен. Факторската анализа на ајтемите покажа дека постои релативно добро совпаѓање помеѓу теориски предвидените групирања на ајтемите и емпириски добиените заситувања со факторите. Единствениот ајтем со негативно факторско заситување (*Во име на добрите односи со луѓето од мојата заедница, би се откажал-а од остварување на особен успех во професијата*) е групиран на факторот *Одржување на групната хармонија.* Засега, тешко е да се најде логично објаснување како овој ајтем е негативно заситен од факторот, освен ако не се претпостави дека луѓето загрижени за одржување хармонични групни односи, имаат тенденција како многу важен во исто време да го перцепираат сопствениот професионален успех.

Друга работа којашто паѓа во очи е големиот број на ајтеми заситени со првиот фактор, коишто тешко можат да се објаснат како дел на ист извор на варијанса. Решението тие едноставно да се исфрлат од конечната верзија е психометриски оправдано, но останува проблемот на изнаоѓање објаснување за нивното лоцирање на ист фактор. Ова особено се однесува на ајтемите *Спореден со другите, мојот народ е подобар по многу нешта* (кој би требало да биде заситен со факторот *Примордијализам*) и *Не би се спротиставувал-а отворено на групата на којашто и припаѓам* (за кој се претпоставуваше дека ќе биде заситен со факторот *Одржување на групната хармонија).* Сега за сега, може да се претпостави дека овие однесувања т.е уверувања, се дел од социјализаторските практики за одржување семејна врзаност.

Корелациите помеѓу постигнувањата на факторите прилично убедливо сугерираат дека *алоцентричноста* не е само една компонента на колективистичката ориентација, туку дека би требало да се издвои како посебна личносна димензија. Ова јасно се гледа оттаму што овој фактор е поврзан исклучиво со факторот *Третирање на групата како интегрален дел на селфот* а не и со останатите два. Тоа би значело дека поединецот, независно од тоа дали има идоцентричен или алоцентричен селф, во одредени контексти може да се однесува колективистички. Не е исклучено, на идидивидуално ниво, да постојат различни степени на изразеност на колективистичката ориентација во различните домени во коишто се реализира нормата на колективистичкото однесување (семејно окружување, работна средина, етничка група).

Што се однесува до детекцијата на широко прифатени однесувања, токму кај оваа ориентација, тие се мнозинство. Ајтемите: *Настојувам на родителите да им возвратам за грижата што сум ја добил-а од нив* (p=0,93), *Би се чувствувал-а гордо ако некој од моите родители или роднини добие големи пофалби или награди за придонес во заедницата* (p=0,90), *Би помогнал-а, ако некој мој роднина ми каже дека му требаат пари* (p=0,90) и *Вратата на мојот дом е отворена за роднините и пријателите во секое време* (p=0,90), поради индексот на тежина, може да се третираат како base-line однесувања поврзани со нормата за заедништво наспроти индивидуалност. Ова дотолку повеќе може да се третира како веројатно, доколку се земе предвид околноста дека примерокот е извлечен од популација кај којашто поради возраста и образованието теориски би се очекувал низок степен на колективизам; според тоа, масовното бирање на некој одговор значи дека нормативниот притисок е огромен. Преваленцијата на многу"лесни" ајтеми од овој домен, наспроти отсуството на такви ајтеми извлечени од индикаторот *алооцентричност* (највисокоиот процент на афирмативни одговори кај инверзните ајтеми произлезени од индикаторот алоцентричност изнесува p=0,55, а останатите гравитираат околу p=0,30 ± 0,10), може индиректно да укажува на важноста на колективистичката норма во средината. Но, треба и да се води сметка дека сите припаѓаат само на еден сегмент на колективистичко однесување (семејно заедништво) - факт којшто прилично ја поддржува идејата на некои автори дека е многу тешко да

се обезбедат факти за тоа дека колективизмот како димензија на културите ги засега прилично еднакво сите домени на групирање (Fiske, 2002).

## *Ограничувања и недостатоци*

Од аспект на примерокот на кој е задаван прототипот на тестот, може да се каже дека задоволителниот број на студенти и хетерогеноста во однос на студиските групи, не го надминува недостатокот на хетерогеност во однос на потенцијалните релевантни карактеристики кои би обезбедиле поголема варијабилност на резултатите. Но, бидејќи од практична гледна точка ова беше најдобро можно решение, а последиците се рефлектираат најмногу врз коефициентот на релијабилност (Traub, 1994), на целата ситуација може да се гледа на тој начин што ќе се смета дека добиените коефициенти на внатрешна конзистентност укажуваат на долната граница - односно дека со похетероген примерок, би биле повисоки.

Поголем хендикеп претставуваше дихотомниот формат на ставките којшто го отежна увидот во нивното групирање во фактори и поадекватна проверка на теорискиот модел. Но, овој проблем лесно може да се надмине со степенување на алтернативите и задавање на тестовите на друг примерок.

Најнакрај, од гледна точка на заокружување на истражувањето и обезбедување дополнителни информации за двете нивоа на анализа, можеби најголем недостаток на студијата е тоа што не е направен обид за изработка на инструмент за популацијата - етнички Албанци.

## *Можности за употреба на инструментите за персонална ориентација во однос на културните димензи*

Едно потенцијално поле на употреба на овие инструменти, во коешто и досега се користат, е сферата на професионална ориентација. Со оглед на тоа дека организациите варираат во поглед на фаворизирање на нормите коишто се во основа на овие три димензии, може да се претпостави дека прилагодувањето во конкретна работна средина е во релација со степенот на

интернализација на тие вредности. Така, работењето во средина какви што се повеќето невладини организации на пример, би било поуспешно доколку поединецот има ниско изразена ориентација кон извесност и разлики во моќ, а низок колективизам. Сосема обратен профил би бил погоден за институции со високо структуриран работен контекст, ригидна хиерархија и потреба од тимска работа (на пример војска или полиција).

Друга сфера во којашто инструментите за персонална ориенатција може да бидат употребени, е областа на испитување на конвергенција-дивергенција на двете нивоа на анализа. На пример, една студија со понов датум (Jetten et al., 2002), покажува дека во индивидуалистичките култури (САД) индивидуалистите се тие коишто посилно се идентификуваат со нивната етничка група, за разлика од луѓето во колективистичките култури (Индонезија) кадешто високата идентификација со сопствената етничка група е поврзана со повисок персонален колективизам. Сличен наод (Кениг, 2003), иако не со користење на инструментот креиран во оваа студија, е добиен и во Македонија - колективистичката персонална ориентација е поврзана со повисока емпатиска идентификација со сопствената етничка група.

Во областа на културната психологија, тие може да бидат од вредност за истражувањата поврзани со проблеми од областа релација личност -култура (усвојување културни норми, степен на конформирање со културата и последици од (не)конформирањето, акултурација и сл.). На истата линија, овие инструменти може да помогнат во откривање на сложените обрасци на трансмисија на културните димензии (Phalet & Schönpflug, 2001; Rudy & Grusec, 2001).

Најнакрај, иако допрва треба да се обезбедат емпириски докази, може да се претпостави дека инструментите може да се користат за споредување на субкултури (на изедначени примероци) во однос на трите димензии, како поадекватна замена за Hofstede-овите VSM прашалници, за кои тој однапред се оградува дека можат да мерат такви разлики. Се разбира, претходно е неопходно да се направи анализа за функционалноста на инструментите за споредување субкултури или две култури преку анализа на метриската еквивалентност (Bond, 2002).

Најнакрај, истражувањето на културата ниту започнало, ниту пак треба да заврши со напорите да се обезбедат квантитативни мерки на кое и да е ниво на анализа. Во крајна линија, за работата на научниците, секогаш важи прочуената изрека на Emerson дека ***секој ѕид е нова врата***.

# ДОДАТОЦИ



# ДОДАТОК 1:

Индекс-скорови и рангови за димензиите на култура на земјите и регионите

Табела А1-1. Индекс-скорови на димензиите на култура на земјите од IBM студијата

| | РМ | | ИН | | И/К | | М/Ф | | До/Ко | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земја/регион** | Индекс | Ранг | Индекс | Ранг | Индекс | Ранг | Индекс | Ранг | Индекс | Ранг |
| Арапски земји | 80 | 7 | 68 | 27 | 38 | 26-27 | 53 | 23 | | |
| Аргентина | 49 | 35-36 | 86 | 10-15 | 46 | 22-23 | 56 | 20-21 | | |
| Австралија | 36 | 41 | 51 | 37 | 90 | 2 | 61 | 16 | 31 | 22-24 |
| Австрија | 11 | 53 | 70 | 24-25 | 55 | 18 | 79 | 2 | 31 | 22-24 |
| Белгија | 65 | 20 | 94 | 5-6 | 75 | 8 | 54 | 22 | 36 | 18 |
| Бразил | 69 | 14 | 76 | 21-22 | 38 | 26-27 | 49 | 27 | 65 | 6 |
| Велика Британија | 35 | 42-44 | 35 | 47-48 | 89 | 3 | 66 | 9-10 | 25 | 28-29 |
| Венецуела | 81 | 5-6 | 76 | 21-22 | 12 | 50 | 73 | 3 | | |
| Германија | 35 | 42-44 | 65 | 29 | 67 | 15 | 66 | 9-10 | 31 | 22-24 |
| Грција | 60 | 27-28 | 112 | 1 | 35 | 30 | 57 | 18-19 | | |
| Гватемала | 95 | 2-3 | 101 | 3 | 6 | 53 | 37 | 43 | | |
| Данска | 18 | 51 | 23 | 51 | 74 | 9 | 16 | 50 | 46 | 10 |
| Еквадор | 78 | 8-9 | 67 | 78 | 8 | 52 | 63 | 13-14 | | |
| Западна Африка | 77 | 10-11 | 54 | 34 | 20 | 39-41 | 46 | 30-31 | 16 | 33 |
| Индија | 77 | 10-11 | 40 | 45 | 48 | 21 | 56 | 20-21 | 61 | 7 |
| Индонезија | 78 | 8-9 | 48 | 41-42 | 14 | 47-48 | 46 | 30-31 | | |
| Иран | 58 | 29-30 | 59 | 31-32 | 41 | 24 | 43 | 35-36 | | |
| Ирска | 28 | 49 | 35 | 47-48 | 70 | 12 | 68 | 7-8 | 43 | 13 |
| Источна Африка | 64 | 21-23 | 52 | 36 | 27 | 33-35 | 41 | 39 | 25 | 28-29 |
| Италија | 50 | 34 | 75 | 23 | 76 | 7 | 70 | 4-5 | | |
| Израел | 13 | 52 | 81 | 19 | 54 | 19 | 47 | 29 | 34 | 28-29 |
| Јамајка | 45 | 37 | 13 | 52 | 39 | 25 | 68 | 7-8 | | |
| Јапонија | 54 | 33 | 92 | 7 | 46 | 22-23 | 95 | 1 | 80 | 4 |
| Јужна Африка | 49 | 35-36 | 49 | 39-40 | 65 | 16 | 63 | 13-14 | | |
| Јужна Кореја | 60 | 27-28 | 85 | 16-17 | 18 | 43 | 39 | 41 | 75 | 5 |
| Југославија | 76 | 12 | 88 | 8 | 27 | 33-35 | 21 | 48-49 | | |
| Канада | 39 | 39 | 48 | 41-42 | 80 | 4-5 | 52 | 24 | 23 | 30 |
| Колумбија | 67 | 17 | 80 | 20 | 13 | 49 | 64 | 11-12 | | |
| Коста Рика | 35 | 42-44 | 86 | 10-15 | 15 | 46 | 21 | 48-49 | | |
| Малезија | 104 | 1 | 36 | 46 | 26 | 36 | 50 | 25-26 | | |
| Мексико | 81 | 5-6 | 82 | 18 | 30 | 32 | 69 | 6 | | |
| Норвешка | 31 | 47-48 | 50 | 38 | 69 | 13 | 8 | 52 | 44 | 11-12 |
| Нов Зеланд | 22 | 50 | 49 | 39-40 | 79 | 6 | 58 | 17 | 30 | 25-26 |
| Пакистан | 55 | 32 | 70 | 24-25 | 14 | 47-48 | 50 | 25-26 | 0 | 34 |
| Панама | 95 | 2-3 | 86 | 10-15 | 11 | 51 | 44 | 34 | | |
| Перу | 64 | 21-23 | 89 | 9 | 16 | 45 | 42 | 37-38 | | |
| Португалија | 63 | 24-25 | 104 | 2 | 27 | 33-35 | 31 | 45 | 30 | 25-26 |
| САД | 40 | 38 | 46 | 43 | 91 | 1 | 62 | 15 | 29 | 27 |
| Салвадор | 66 | 18-19 | 94 | 5-6 | 19 | 42 | 40 | 40 | | |
| Сингапур | 74 | 13 | 8 | 53 | 20 | 39-41 | 48 | 28 | 48 | 9 |
| Тајланд | 64 | 21-23 | 64 | 30 | 20 | 39-41 | 34 | 44 | 56 | 8 |
| Тајван | 58 | 29-30 | 69 | 26 | 17 | 44 | 45 | 32-33 | 87 | 3 |
| Уругвај | 61 | 26 | 100 | 4 | 36 | 29 | 38 | 42 | | |
| Турција | 66 | 18-19 | 85 | 16-17 | 37 | 28 | 45 | 32-33 | | |
| Филипини | 94 | 4 | 44 | 44 | 32 | 31 | 64 | 11-12 | 19 | 31-32 |
| Финска | 33 | 46 | 69 | 31-32 | 63 | 17 | 26 | 47 | 41 | 14 |
| Франција | 68 | 15-16 | 86 | 10-15 | 71 | 10-11 | 43 | 35-36 | 39 | 17 |
| Холандија | 38 | 40 | 53 | 35 | 80 | 4-5 | 14 | 51 | 44 | 11-12 |
| Хонг Конг | 68 | 15-16 | 29 | 49-50 | 25 | 37 | 57 | 18-19 | 96 | 2 |
| Чиле | 63 | 24-25 | 86 | 10-15 | 23 | 38 | 28 | 46 | | |
| Шпанија | 57 | 31 | 86 | 10-15 | 51 | 20 | 42 | 37-38 | 19 | 31-32 |
| Швајцарија | 34 | 45 | 58 | 33 | 68 | 14 | 70 | 4-5 | 40 | 15-16 |
| Шведска | 31 | 47-48 | 29 | 49-50 | 71 | 10-11 | 5 | 53 | 33 | 20 |

РМ - разики во моќ
ИН - избегнување неизвесност
И/К - индивидуализам-колективизам
М/Ф - маскулиност-фемининост
ДО/КО - долгорочна-краткорочна ориентација

Табела А1-2. Индекс-скорови на димензиите на култура на повеќејазичните земји и земји надвор од IBM-студијата (според говорно подрачје)

| | РМ | ИН | И/К | М/Ф | К/ДО |
|---|---|---|---|---|---|
| | Индекс | Индекс | Индекс | Индекс | Индекс |
| **Земја и подрачје** | | | | | |
| | | | | | |
| *Белгија* тотал | 65 | 94 | 75 | 54 | |
| Холандско говорно подрачје | 61 | 97 | 78 | 43 | |
| Француско говорно подрачје | 67 | 93 | 72 | 60 | |
| | | | | | |
| *Швајцарија* тотал | 34 | 58 | 68 | 70 | |
| Германско говорно подрачје | 26 | 56 | 69 | 72 | |
| Француско говорно подрачје | 70 | 70 | 64 | 58 | |
| | | | | | |
| *Југославија* тотал | 76 | 88 | 27 | 21 | |
| Хрватска[а] | 73 | 80 | 33 | 40 | |
| Србија[а] | 86 | 92 | 25 | 43 | |
| Словенија[а] | 71 | 88 | 27 | 19 | |
| | | | | | |
| *Канада* тотал | 39 | 48 | 80 | 52 | 23 |
| Француско говорно подрачје[б] | 54 | 60 | 73 | 45 | 30 |
| | | | | | |
| *Австралија* тотал | 36 | 51 | 90 | 61 | 31 |
| Абориџини[в] | 80 | 128 | 89 | 22 | -10 |
| | | | | | |
| Полска[г] | 68 | 93 | 60 | 64 | 32 |
| Албанија[г] | 90 | 78 | 20 | 80 | |

а. Изведено врз основа на повторна анлиза на податоците од студијата во 1993
б. Изведено врз основа на интерпретација на скорови на Rokeach-евата скала на вредности од страна на Hofstede
в. Базирано на опсервациите на д-р. Ray Simonsen од Универзитетот Викторија (лична преписка со Hofstede, 1998)
г. проценето надвор од IBM студијата

РМ - разики во моќ
ИН - избегнување неизвесност
И/К - индивидуализам-колективизам
М/Ф - маскулиност-фемининост
ДО/КО - долгорочна-краткорочна ориентација

# ДОДАТОК 2:

Графици на кластери на културите според димензиите на култура




График А2-1. Позиција на културите во однос на димензиите *избегнување неизвесност* и *маскулиност/феминност*

*Легенда*

АВС=Австралија
БЕЛ=Белгија
БРА=Бразил
ВБ=Велика Британија
ВЕН=Венецуела
ДАН=Данска
ГЕР=Германија
ГРЦ=Грција
ГВА=Гватемала
ЕКВ=Еквадор
ЗАФ=Западна Африка
ИАФ=Источна Африка
ИНД=Индија
ИНДО=Индонезија
ИРН=Иран
ИРС=Ирска
ИТА=Италија
ИЗР=Израел
ЈАФ=Јужна Арика
ЈАМ=Јамајка
ЈАП=Јапонија
КАН=Канада
КОЛ=Колумбија
КОР=Кореа
КОС=Костарика
МЕКС=Мексико
НОР=Норвешка
НЗ=Нов Зеланд
ПАК=Пакистан
ПЕР=Перу
САД= Соединети Америк. држави
САЛ=Салвадор
СИН=Сингапур
СЛО=Словенија
СРБ=Србија
ТАЈВ=Тајван
ТЈЛ=Тајланд
ТУР=Турција
УРУ=Уругвај
ФИЛ=Филипини
ФИН=Финска
ФРА=Франција
ХК=Хонг Конг
Хол=Холандија
ХРВ=Хрватска
ЧИЛ=Чиле
ШПА=Шпанија
ШВА=Швајцарија
ШВЕ=Шведска




График А2-2. Позиција на културите во однос на димензиите *разлики во моќ* и *индивидуализам/колекшивизам*

*Лeгенда*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АВС=Австралија | ЗАФ=Западна Африка | ЈАП=Јапонија | САД= Соединети | ФИЛ=Филипини |
| БЕЛ=Белгија | ИАФ=Источна Африка | КАН=Канада | Америк. држави | ФИН=Финска |
| БРА=Бразил | ИНД=Индија | КОЛ=Колумбија | САЛ=Салвадор | ФРА=Франција |
| ВБ=Велика Британија | ИНДО=Индонезија | КОР=Кореа | СИН=Сингапур | ХК=Хонг Конг |
| ВЕН=Венецуела | ИРН=Иран | КОС=Костарика | СЛО=Словенија | Хол=Холандија |
| ДАН=Данска | ИРС=Ирска | МЕКС=Мексико | СРБ=Србија | ХРВ=Хрватска |
| ГЕР=Германија | ИТА=Италија | НОР=Норвешка | ТАЈВ=Тајван | ЧИЛ=Чиле |
| ГРЦ=Грција | ИЗР=Израел | НЗ=Нов Зеланд | ТЈЛ=Тајланд | ШПА=Шпанија |
| ГВА=Гватемала | ЈАФ=Јужна Арика | ПАК=Пакистан | ТУР=Турција | ШВА=Швајцарија |
| ЕКВ=Еквадор | ЈАМ=Јамајка | ПЕР=Перу | УРУ=Уругвај | ШВЕ=Шведска |

# **ДОДАТОК 3:**

Прашалник за вредности на работното место - *The Values Survey Module (VSM 94)* – верзија на македонски јазик

*VSM 94*

Овој прашалник се состои од 25 прашања на кои се одговара со заокружување на одговорот којшто најдобро го одразува Вашето мислење во врска со некои аспекти на работата и односите на работното место. Ве молиме искрено да одговорите на СИТЕ прашања. Истражувањето е **анонимно.**

***Без оглед на тоа што во моментов работите, замислете си дека имате работно место кое совршено Ви одговара. Размислете, колку би Ви биле важни наведените околности, доколку избирате за Вас совршено работно место, и заокружете по еден од понудените одговори за СЕКОЕ прашање.***

**1.Да имате доволно време за себе и за своето семејство**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**2. Да имате добри физички услови за работа (проветрување, осветлување, соодветен простор за работа)**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**3. Да сте во добри работни односи со лицето кое Ви е непосредно претпоставено (шефот)**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**4. Да имате сигурно вработување**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**5. Да работите со луѓе кои соработуваат добро меѓу себе**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**6. Шефот да Ве консултира при донесување на важни одлуки**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**7. Да имате можност за (у)напредување**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**8. Работата да Ви биде интересна и да нуди предизвик**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

***Со заокружување на соодветниот број, означете колку Ви се важни следниве нешта во однос на Вашиот личен живот:***

**9. Лична сигурност и стабилност**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**10. Заштеда**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**11. Истрајност**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**12. Почитување на традицијата**

| од најголема важност | многу важно | умерено важно | малку важно | воопшто неважно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

*13. Колку често се чувствувате нервозни и напнати во врска со работата?*

1. никогаш 2. прилично ретко 3. понекогаш 4. најчесто 5. секогаш

*14. Колку често, според Вашето искуство, вработените се плашат да изразат несогласување со своите претпоставени?*

1. многу ретко 2. ретко 3. понекогаш 4. често 5. многу често

*До кој степен се согласувате со следниве тврдења?*

**15. На повеќето луѓе може да им се верува.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**16. Директорот може да биде успешен дури и ако нема прецизни одговори за голем број прашања кои вработените може да му ги поставаат за работата.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**17. Треба да се избегнува структурирање на организацијата на тој начин што некои од вработените ќе имаат по два шефа.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**18. Натпреварувањето помеѓу вработените често повеќе штети отколку што користи.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**19. Правилата кои владеат во работаната организација не треба да се прекршуваат дури и тогаш кога вработениот мисли дека е тоа во најдобар интерес на фирмата.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**20. Кога луѓето не успеваат во животот, тоа е најчесто е поради нивни сопствени недостатоци.**

| потполно се согласувам | се согласувам | не сум сигурен-а | не се согласувам | воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

---

## *Лични податоци (за статистички цели)*

21. **Пол** (заокружете) 1. машки 2. женски

22. **Возраст**

1. помалку од 20 г.
2. 20-24 г.
3. 25-29 г.
4. 30-34 г.
5. 35-39 г.
6. 40-49 г.
7. 50-59 г.
8. 60 или повеќе г.

23. **Години на формално образование кое сте го завршиле почнувајќи од основното образование** (на пример, ако сте завршиле основно образование (8 години), средно (4 години) и вишо школо (2 години), тогаш го заокружувате одговорот под реден број 5).

1. 10 или помалку од 10 години
2. 11 години
3. 12 години
4. 13 години
5. 14 години
6. 15 години
7. 16 години
8. 17 години
9. 18 или повеќе години

**24. Доколку работите (или некогаш сте работеле), кое е Вашето работно место?**

1. неплатена работа (овде спаѓаат и редовни студенти)
2. неквалификуван или полуквалификуван работник
3. административен работник или секретар без стручно образование
4. занаетчија, техничар, информатичар, медицинска сестра, уметник или сл. со стручно образование
5. вработен со академски степен кој немал раководна функција
6. шеф на еден или повеќе вработени кои не се раководители
7. претпоставен на еден или повеќе раководители

**25. Националност: ____________________ моментално работно место__________**

# ДОДАТОК 4:

Прашалник за вредности на работносто место - *The Values Survey Module (VSM 94)* – верзија на албански јазик

## VSM - 94

Ky pyetësorë përmban 25 pyetje përgjigjet e të cilave jepen me rrethim të përgjigjes e cila më së miri shpreh mendimin Tuaj në lidhje me disa aspekte të punës dhe marrëdhënieve në vendin e punës. Sinqerisht Ju lusim të përgjigjeni në të GJITHË pyetjet. Pyetësori është **anonim**.

**Pa marrë parasysh punën që keni tani, po qe se jeni i punësuar, mendoni për një punë që <u>Ju përshtatet në mënyrë ideale</u>. Në zgjedhjen e një pune të tillë, sa do të ishte e rëndësishme për Ju që... (Ju lutem, rrethoni vetëm njërën nga përgjigjet e mundshme):**

**1. Të keni kohë të mjaftueshme për vete ose për familjen**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**2. Të keni kushte të mira pune (ajrim e ndriçim të duhur, hapësirë adekuate të punës etj.)**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**3. Të keni marrëdhënie të mira pune me përgjegjësin Tuaj**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**4. Ta keni të sigurt vendin e punës**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**5. Të keni bashkëpunim të mirë me kolegët**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**6. Përgjegjësi të ju konsultojë në sjelljen e vendimeve të rëndësishme**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**7. Të keni mundësi për të përparuar në punë**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**8. Të jetë puna tërheqëse dhe sfiduese për Ju**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**Sa janë të rëndësishme në jetën Tuaj private secila nga gjërat në vijim? (Ju lutem, rrethoni vetëm njërën nga përgjigjet e mundshme):**

**9. Siguri dhe stabilitet personal**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**10. Kursim**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**11. Këmbëngulësi**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**12. Respekt ndaj traditës**

| tejet e rëndësishme | shumë e rëndësishme | mesatarisht e rëndësishme | pak e rëndësishme | aspak e rëndësishme |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**13. Sa shpesh ndodh që në punë të ndiheni i nervozuar ose i tendosur?**

1. asnjëherë
2. rrallëherë
3. ndonjëherë
4. shpeshherë
5. çdoherë

**14. Sa shpesh ndodh, sipas përvojës Suaj, që të punësuarit të frikësohen t'i shprehin mospajtimet e veta me udhëheqësit e tyre?**

1. shumë rrallë
2. rrallëherë
3. ndonjëherë
4. shpeshherë
5. shumë shpesh

**Deri në ç'masë pajtoheni ose nuk pajtoheni me pohimet e mëposhtme? (Ju lutem, rrethoni vetëm njërën nga përgjigjet e mundshme):**

**15. Shumicës së njerëzve mund t'u besohet**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**16. Dikush mund të jetë udhëheqës i mirë edhe nëse nuk ka përgjigje të saktë për shumë nga pyetjet që mund t'i bëjnë të punësuarit rreth punës së tyre**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**17. Duhet shmangur me çdo kusht situatat kur të punësuarit kanë nga dy udhëheqës**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**18. Fryma garuese mes të punësuarve zakonisht sjell më shumë dëm se dobi**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**19. Rregullat e kompanisë ose të organizatës nuk duhet të shkilen, madje, as kur të punësuarit mendojnë se kjo është për të mirën e kompanisë**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**20. Kur njerëzit nuk kanë sukses në jetë, kjo ndodh shpesh për shkak të mangësive të tyre**

| pajtohem plotësisht | pajtohem | nuk jam i/e sigurt | nuk pajtohem | nuk pajtohem fare |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

***Disa të dhëna personale (për nevoja statistikore):***

**21. Gjinia:** 1. mashkull 2. femër

**22. Mosha:**

1. Nën 20 vjeç
2. 20 – 24 vjeç
3. 25 – 29 vjeç
4. 30 – 34 vjeç
5. 35 – 39 vjeç
6. 40 – 49 vjeç
7. 50 – 59 vjeç
8. Mbi 60 vjeç

**23. Sa vjet shkollim formal keni kryer duke filluar nga shkolla fillore** (për shembull nëse keni të kryer filloren (8 vjet), të mesmen (4 vjet) dhe shkollën e lartë (2 vjet), atëherë e rrethoni përgjigjen me numrin rendor 5.)?

1. 10 vjet ose më pak
2. 11 vjet
3. 12 vjet
4. 13 vjet
5. 14 vjet
6. 15 vjet
7. 16 vjet
8. 17 vjet
9. 18 vjet ose më shumë

